# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

## НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

**2021 - 2026**




ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# 2021 – 2026




Штип,

Април, 2021

**Нарачател:**

**Центар за развој на Источен плански регион**

ул. „Ванчо Прке“ бр. 119, 2 кат, 2000 Штип

Т: +389 32 386 408, +389 32 386 409

E: eastregion@eastregion.mk

www.eastregion.mk

„Оваа публикација е подготвена со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа. Содржината на оваа публикација не ги одразува погледите и ставовите на горенаведените институции“

Содржина

1. ВОВЕД ..... 5
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА ..... 6
3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 12
3.1 Местоположба ..... 12
3.2 Клима и хидрографски карактеристики ..... 14
3.3 Природни ресурси и карактеристики ..... 15
3.4 Степен на развиеност на Источниот плански регион ..... 17
4. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ ..... 19
5. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 26
5.1 Макроекономски показатели ..... 26
5.2 Структура на претпријатијата ..... 36
5.3 Надворешно – трговско работење ..... 39
6. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА ..... 45
7. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ОБРАЗОВАНИЕ ..... 48
7.1 Социјална заштита ..... 48
7.2 Образование ..... 54
8. ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА ..... 60
8.1 Анализа на патниот сообраќај и инфраструктура ..... 60
8.2 Анализа на состојбите во комуналната инфраструктура ..... 74
8.3 Просторно и урбанистичко планирање ..... 77
9. ТУРИЗАМ И КУЛТУРА ..... 81
9.1 Туристичка понуда на регионот ..... 81
9.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата ..... 83
10. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ..... 94
10.1 Земјоделство ..... 94
10.2 Особености на земјоделскиот сектор во Источниот плански регион ..... 102
10.3 Сточарство ..... 105
10.4 Рурален развој ..... 108
11. ЖИВОТНА СРЕДИНА ..... 116
11.1 Природни ресурси и значење на животната средина ..... 116
11.2 Шуми ..... 116
11.3 Заштитени подрачја ..... 119
11.4 Цврст отпад ..... 121
11.5 Водни ресурси ..... 124
11.6 Квалитет на воздух ..... 126

11.7 Климатски промени ..... 126
11.8 Минерални суровини ..... 127
12. ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ..... 131
13. PESTLE АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 133
13.1 PESTLE анализа на надворешно опкружување во Источниот плански регион ..... 134
14. SWOT АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 137
14.1 Генерална SWOT анализа на Источниот регион ..... 138
14.2 SWOT Анализа на секторот Економија и инфраструктура во Источниот плански регион ..... 140
14.3 SWOT Анализа на секторот Социјала, образование и здравство во Источниот плански регион ..... 142
14.4 SWOT Анализа на секторот Земјоделство и рурален развој во Источниот плански регион ..... 144
14.5 SWOT Анализа на секторот Животна средина во Источниот плански регион ..... 146
14.6 SWOT Анализа на секторот Туризам во Источниот плански регион ..... 148
15. ВИЗИЈА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ..... 149
16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ – ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ ..... 150
16.1 Стратешка Цел 1 - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот ..... 150
16.2 Стратешка цел 2 – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги ..... 161
16.3 Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси ..... 169
16.4 Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини ..... 179
16.5 Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација ..... 186
17. ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ..... 193
18. ПРИЛОЗИ ..... 197
ПРИЛОГ 1- СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ ..... 198
ПРИЛОГ 2 - ПЛАН НА АКТИВНОСТИ 2021 - 2026 ..... 212

# 1. ВОВЕД

Со Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр. 63/2007, бр. 187/2013, бр. 43/2014, бр. 215/2015 и бр. 64/2018) е дефинирана основната рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата и се пропишуваат планските документи за нејзина реализација.

Законот го дефинира рамномерниот регионален развој како процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби заради намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони.

Со членот 5 од Законот се пропишува воспоставување плански региони во Република Северна Македонија, како функционално територијални единици за потребите на планирањето на развојот и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на развојот.

Планските региони се совпаѓаат со статистичките региони определени со номенклатурата на територијални единици за статистика НТЕС 3 (Службен весник на РМ бр. 158/2007), со цел да се обезбеди статистичка основа за планирањето на развојот на регионите.

Според номенклатурата на територијални единици во Република Северна Македонија има 8 плански региони: Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион. Согласно законската рамка, планските региони претставуваат основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 - 2031.

Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони. Регионалниот развој се темели врз неговата комплексност и повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот. Од таа причина, успешното спроведување на политиката за рамномерен регионален развој е директно зависна од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на политиката на регионалниот развој со секторските политики и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции. Во таа смисла, регионалниот развој претпоставува континуирана финансиска поддршка од страна на државата и, истовремено, висок степен на координација помеѓу министерствата, засегнатите страни на регионално и локално ниво и меѓународните организации за развојна соработка.

Поради горенаведеното третите по ред Програми за развој на сите 8 плански региони се изготвени истовремено и за ист временски период (2021 - 2026), и тоа во период за време/ после процесот на новата Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031. Подготовката и содржината на Програмите се изработени целосно во согласност со рамката и содржината на Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, донесен од страна на Министерството за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.102 од 13.08.2009).

Процесот на изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021 - 2026 година е поддржан од страна на Министерството за локална самоуправа преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“, кој се спроведува со поддршка на швајцарската Агенција за развој и соработка во МК (СДЦ).

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Процесот на изготвувањето на Програмата, Центарот за развој на Источниот плански регион (ЦРИПР) го спроведе во тесна координација со Министерството за локална самоуправа (МЛС) и учество на сите засегнати страни од Источниот регион. Согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на Источниот плански регион го координира процесот на изработка и спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.

Програмата ги дефинира целите и приоритетите на развојот на Источниот плански регион за периодот од 2021 до 2026 година.

Во процесот на изработка на новата Програма земени се во предвид резултатите од Завршната евалуација на Стратегијата за регионален развој 2009 - 2019 и на програмите за развој на планските региони изработена од Европскиот центар за мир и развој (ЕЦМР), Универзитет за мир основан од Обединетите Нации од мај, 2020 година. Исто така, обезбедена е и целосна координација и согласност со новата Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021 – 2031, која се изработи во периодот јуни - октомври, а се усвои во април, 2021 година.

Имено, новата Стратегија за регионален развој 2021 - 2031 му послужи како основа на Источниот плански регион да ги усогласи приоритетите во приоритетните сектори во процесот на изработка на Програмата за периодот од 2021 до 2026 година.

Програмата е усогласена со одржливите развојни цели на ОН, како и со програмите за локален економски развој на општините во соодветниот регион, а исто така и со изработените секторски анализи.

При изработката на Акцискиот План на Програмата се водеше сметка за родово одговорното буџетирање и при тоа беше направена и координација со експертот за родово одговорното буџетирање од UN women.

Почитувањето и унапредувањето на родовата еднаквост како основно човеково право кое им овозможува на жените и мажите да го реализираат својот потенцијал врз основа на обезбедувањето на еднаков пристап до ресурси и обезбедување на еднакви можности и права за учество во општествените процеси, носи големи придобивки за севкупниот развој на заедниците, општествата и државите.

Имајќи го предвид овој факт, начелата и принципите за еднаквите можности на жените и мажите кои се дефинирани во меѓународните конвенции и повелби, се интегрирани како посебни и хоризонтални мерки во стратешките документи на Организацијата на Обединетите нации, Советот на Европа и Европската Унија. Во нашата земја, тие се дефинирани со Уставот1 како највисок правен акт во државата и се интегрирани во националното законодавство, а исто така се дефинирани и во меѓународните договори коишто се ратификувани од нашата земја.

Исклучителна важност за унапредување на родовата еднаквост на глобално ниво носат Целите за одржлив развој од Агендата 2030 на ООН, особено цел 5 која се залага за постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња. Република Северна Македонија како земја членка на Организацијата на обединетите нации и на Советот на Европа, но и земја кандидат за членство во Европската Унија, при креирањето на

[1] Устав на Република Северна Македонија, член 9, одука бр.08-184/1, 2019, (https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf)

националните политики ги инкорпорира обврските и принципите дефинирани со меѓународните договори и стратегии. Имајќи ги предвид надлежностите на институциите на национално, регионално и локално ниво, родовата перспектива е неопходно да се вклучи и во регионалните и локалните стратешки планови и програми.

Основен закон со кој се регулираат прашањата за еднаквите можности на жените и мажите и механизмите за имплементација на родовата еднаквост во нашата земја е Законот за еднакви можности на жените и мажите[2]. Овој закон се применува во јавниот и приватниот сектор, во сите области од општественото живеење, а помеѓу другите субјекти кои ги воспоставуваат еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, како што се органите на законодавната, судската и извршната власт, органи и организации во јавниот и приватниот сектор, важна улога имаат единиците на локалната самоуправа. Во рамки на своите надлежности, единиците на локалната самоуправа се должни да го почитуваат принципот на еднакви можности и да ги промовираат и унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите преку преземање на основни и посебни мерки и изработка на годишен план во кој се утврдуваат основните и посебните мерки. Исто така, тие имаат обврска принципот на родова еднаквост да го инкорпорираат во своите стратешки планови и буџети, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми и да известуваат за истото во рамките на своите годишни извештаи.

Согласно одредбите од Законот за еднакви можности, во рамки на единиците на локалната самоуправа функционираат комисии за еднакви можности на жените и мажите и од редот на вработените се назначуваат координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска при носењето на развојните планови и други акти и одлуки да ги земат предвид предлозите дадени од комисијата и координаторите. Законот за еднакви можности го определува вклучувањето на родовите перспективи во главните текови како интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите, а и исто така ја дефинира обврската единиците на локалната самоуправа сите статистички податоци кои ги прибираат и обработуваат да ги прикажуваат според полова припадност и да ги доставуваат до Државниот завод за статистика.

Имајќи го предвид погоре кажаното, јасна е потребата од интегрирање на родово-сензитивни мерки во сите регионални и локални стратешки документи, вклучително и во Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026.

Во процесот на подготовка на Програмата за развој на Источниот плански регион се водеше сметка истата да се направи на транспарентен начин и со учество на сите засегнати страни. Процесот на подготовка на Програмата се спроведе во периодот 1 октомври - 15 декември 2020, а истиот беше прилично динамичен, комплексен и исполнет со одредени предизвици. Претходно беше извршена анализа на заклучоците и препораките во гореспоменатата завршна евалуација за спроведувањето на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015 - 2019. Во извештајот се дава следниот заклучок: Програмата на Источниот регион 2015 - 2019 не била доследна во развивање на глобална стратегија на државата, туку повеќе била свртена кон локалните приоритети. При тоа е потенцирано дека не се адресирани следните цели во Стратегијата за регионален развој 2009 - 2019 што се сметаат како важни: 2.1 Демографска ревитализација и рамномерно разместување на население во

[2] Закон за еднакви можности на жените и мажите, Сл. весник на РМ бр. 201/2015 (пречистен текст), (може да се најде на овој линк: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/11/Zakon-za-ednakvi-mozhnosti-na-zhenite-i-mazhite-16-11-2015-prechisten-tekst.pdf)

регионите; 2.2 Изградба на плански и функционални структури и интегрирање на урбаните и руралните простори; 2.5 Поддршка на подрачјата со специфични потреби; и 2.7 Подигнување на капацитетот за планирање и реализација на развој на регионот.

Експертскиот тим ги разгледа и зема во предвид наодите, заклучоците и препораките дадени во документот. Во делот за Источниот плански регион меѓу другото се дава следната препорака: Програмата за развој на Источниот регион треба повеќе да се усогласи со стратешките цели и да ги вклучи приоритетните цели, наведени погоре.[3]

Во претходната Програма 2015 - 2019 беа дефинирани следните Среднорочни цели:

- Среднорочна цел 1 – Економски развиен регион, пошироко препознаен како атрактивен за инвестирање
- Среднорочна цел 2 – Современо и квалитетно образование, здравство и социјални дејности во регионот
- Среднорочна цел 3 – Сочувана и унапредена животна средина
- Среднорочна цел 4 – Создадени услови за организирано и поврзано искористување на капацитетите за земјоделски и рурален развој
- Среднорочна цел 5 - Источниот регион е туристичка дестинација позната по разновидната понуда на селективните видови на туризам.

Соодветно во Програмата 2015 - 2019 беа дефинирани 6 стратешки цели, 15 приоритети и 38 мерки.

Методологијата за изготвување на новата Програма за развој на Источниот плански регион 2021 - 2026 (како и на сите останати програми во другите плански региони), треба да го втемели на здрава основа односот со релевантните засегнати страни во регионот на транспарентен и сеопфатен начин преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на нејзино спроведување. Самиот процес на изготвување на Програмата и вклученоста на засегнатите страни треба да послужат како основа за зајакнување на реалната функција на ЦРИПР, односно нивната координативна улога во спроведувањето на програмите, промоција на развојните можности на планскиот регион и обезбедување на стручна и техничка поддршка на засегнатите страни на регионално ниво (јавен, приватен и граѓански сектор).

Програмата за развој на Источен плански регион 2021 - 2026 ја изработи експертски тим составен од надворешни експерти и од лица вработени во Центарот за развој на Источен плански регион. Експертскиот тим имаше краткорочна мисија да му помогне на ЦРИПР да го олесни и модерира процесот на подготовка на Програмата за развој на Источниот плански регион. Тимот на експерти беше избран од страна на ЦРИПР во координација со проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“. Заради поголема сопственост на документот вработените во Центарот за развој на Источен плански регион беа директно вклучени во изработка на секторските студии, како и во спроведување на двете работилници за стратешко планирање со засегнатите страни.

Процесот на подготовка на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 - 2026, започна со подготвителни активности и организирање на воведна средба која се одржа виртуелно на платформата ZOOM на 13 октомври 2020 година, со учество на 24 претставници (од кои 15 мажи и 9 жени) на засегнатите страни од Источниот плански регион (општини, јавни институции, приватен и граѓански сектор). Цел на воведната средба беше

[3] Завршната евалуација на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 и на Програмите за развој на планските региони изработена од Европскиот центар за мир и развој (ЕЦМР), Универзитет за мир основан од Обединетите Нации од мај, 2020 година.

запознавање на учесниците со процесот и методологијата за изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026. На Воведната средба за изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021 - 2026, учесниците имаа можност да се запознаат со процесот на изработка на новата Програма, да разменат идеи и искуства од спроведување на претходната Програма 2015 - 2019, како и да дадат свои видувања за можниот придонес.

Учесниците ги донесоа следниве заклучоци во однос на спроведување на претходната програма 2015 - 2019: Претходната Програма 2015 - 2019 се изработи по принципот од горе – надолу, но и од долу - нагоре со голема вклученост на засегнатите страни; Центарот беше директно одговорен за спроведување на одредени регионални проекти; Пример за успешни проекти: (а) Поставување на агро-метеоролошки станици; (б) Реконструкција на ски лифтови на Пониква; (в) Адаптација на старечки дом Берово и (г) Здрави деца сигурна иднина – проект за деца со посебни потреби. Беше истакнато дека повеќето од учесниците имаат искуство со стратешко планирање кое треба да се искористи во процесот; Среднорочните цели во новата Програма, како и приоритетите и мерките треба да бидат поконкретни, бидејќи во претходната Програма имало потешкотии да се пронајде релевантност за одредени регионални проекти; Одредени приоритети може да бидат групирани во погенерални среднорочни цели, додека приоритетите и мерките треба да бидат поконкретни; Средства за спроведување треба да се бараат и надвор од државата преку подготовка на проектни предлози.

На средбата беа дадени насоките и правците за реализација на целиот процес, како и очекувањата од новата Програма за развој на Источниот плански регион. Првичната констатација и очекувања беа истата да биде реална и изводлива, а не листа на желби. При дефинирање на целите, приоритетите и мерките треба да се земе во предвид и правната рамка и одговорностите што произлегуваат од истата. Исто така беше даден предлог да се размисли да се даде поголем фокус на некоја цел (примарна цел) која ќе биде тежиште на развојот.

Учесниците дадоа и конкретни предлози за новата Програма: Процесот да резултира со солидна изработена и реална Програма која на сите ќе ни послужи за да ја подобриме ситуацијата во регионот; Истата треба да направи баланс помеѓу потребите и можностите; Да се предвидат повеќе регионални проекти наместо локални; Програмата треба да придонесе за рамномерен развој согласно европските трендови; Општините треба активно да учествуваат во процесот на изработка на Програмата 2021 - 2026 и да ги искомуницираат своите приоритети; Доколку се планира поголемо искористување на ЕУ и останати надворешни извори на финансирање, треба да се земат во предвид и нивните стратешки цели и приоритети; Гасификацијата да се внесе во приоритетите и мерките, при што би можела да биде внесено во економски развој; Да се зајакне отпорноста на заедницата на локално/регионално ниво; Да се внесе нешто ново, да се следат трендовите, на пр. мобилност, социјална инклузија, базична инфраструктура, итн.; Мерки за поврзување на образованието со стручното образование; Треба да се посвети поголемо внимание на зајакнување на човечките ресурси во регионот и посебно за подготовка на апликации и спроведување на проекти; Треба да зајакнат капацитетите за спроведување на мерките за јавно задравје и сл. Истовремено беше напоменато дека процесот треба да се координира со процесот на поднесување на Проектите за финансирање преку Програмата на Бирото за регионален развој за 2021 година.

На самиот почеток и во текот на процесот на изготвување на Програмата беа дефинирани принципите по кои истата ќе биде реализирана, и тоа:

- Следење на законската рамка
- Транспарентност
- Навремено пријавување и учество на сите засегнатите страни (општини, ЈКП, јавни институции, граѓански и приватен сектор)
- Активно учество на засегнатите страни преку идентификување и споделување на стратешки документи како инпут во анализата на состојбата, давање на идеи и сугестии на самите работилници, како и давање на коментари и забелешки на нацрт документите / Финалната конференција, при што секој придонес е важен.

Во целиот процес горенаведените принципи беа запазени преку:

1. Отворен пристап во работата (јавност)
2. Понудено учество на сите засегнати страни
3. Можност за целосна вклученост во процесот
4. Усогласување и координација и
5. Давање заеднички предлози и постигнување на заеднички заклучоци.

Реализацијата на активностите и координацијата се одвиваше со забрзана динамика, а со цел да се добијат посакуваните резултати според предвидениот работен план со кој Програмата требаше да се изработи и прифати до крајот на 2020 година. Првично беше направено иницијално идентификување на приоритетните сектори што треба да се анализираат. Таквото групирање беше направено со цел да се изработат фокусирани секторски анализи кои треба да дадат јасна слика за моменталната состојба во регионот.

После воведната средба беа предвидени и реализирани 2 еднодневни работилници за стратешко планирање. До првата работилница, експертскиот тим направи анализа на постојни документи (Општински стратегии за ЛЕР, Секторски стратегии, други релевантни анализи и студии, и сл.) и изработи анализи за следните секторите:

1. Сектор Економија и инвестиции;
2. Сектор Туризам и култура;
3. Сектор Социјална политика и образование;
4. Сектор Транспорт и инфраструктура;
5. Сектор Земјоделство и рурален развој и
6. Сектор Животна средина.

Имајќи ја во предвид состојбата со Ковид-19 беше изработен и онлајн прашалник преку кој се обезбедија дополнителни информации за подготовка на секторски анализи, како и за изработка на SWOT и PESTLE анализите.

Првата работилница за изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026 се одржа со физичко присуство во Хотел Изгрев - Штип, на 28/10/2020 година. На првата работилницата учествуваа 23 учесници (од кои 8 мажи и 15 жени). На Првата регионална работилница беа претставени клучните наоди од секторските анализи. Исто така беа дефинирани областите во кои ќе врши спроведување на мерките и активностите: Економија, Земјоделство и рурален развој, Образование, социјала и здравство, Заштита на животната средина и Туризам. Преку работа во групи, учесниците изработија SWOT анализи за овие области. Учесниците ја дефинираа визијата за регионот во 2026 година.

Поради состојбата со пандемијата, втората работилница за изработка на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 беше одржана виртуелно на платформата ZOOM на 19/11/2020 година. На втората работилницата учествуваа 23 учесници (од кои 11 мажи и 12 жени). На работилницата учествуваа експерти за родово одговорно буџетирање

од UN women, кои дадоа соодветни насоки за изработка на Програмата. Дневниот ред на втората работилница вклучи презентацијата на консолидираните SWOT анализи со дополнувањата од страна на експертскиот тим и предлозите дадени преку онлајн прашалникот, а беше презентирана и Визијата 2026. На Втората регионална работилница преку работа во групи беа утврдени Стратешките цели, Приоритети и Мерки. Исто така, учесниците преку групна работа изработија и нацрт Акциски план (со потребните ресурси) за спроведување на Програмата. После работилницата беше консолидиран инпутот од втората работилница и беше подготвена работна верзија на Програмата.

Финалната конференција за јавна презентација на нацрт програмата на Источниот плански регион беше одржана виртуелно на платформата ZOOM на 03/12/2020 година со присуство на 43 учесници (од кои 17 мажи и 26 жени). На оваа конференција, после презентација на нацрт верзијата на Програмата, сите засегнати страни имаа можност на интерактивен начин да дадат дополнителни забелешки и дополнувања во однос на стратешките цели, приоритетите и мерките дефинирани во Програмата. Дел од дадените забелешки беа вметнати во финалната верзија на документот. После финалната конференција следеше интензивен процес на усогласување на коментарите на засегнатите страни, како и забелешките и коментарите од страна на ЦРИПР, со што беше успешно финализирана Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026.


# 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## 3.1 Местоположба

Источниот плански регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница и тоа речиси 82% од неговата територија. Регионот на сливното подрачје на реката Брегалница кој го зафаќа крајниот источен дел од Република Северна Македонија лежи во централниот дел на Балканскиот Полуостров. Се протега помеѓу 41°27'14.56" и 42°9'18.90" СГШ и помеѓу 21°48'28.50" и 23°2'3.27" ИГД. Растојанието помеѓу северната точка и јужната точка изнесува 78,058 km, а растојанието запад-исток изнесува 104,805 km. Сливното подрачје на реката Брегалница претставува многу значаен географски сегмент кој има клучна улога во севкупниот економски мозаик во овој дел од државата. Истата во најголема мера се преклопува со Источниот плански регион кој е еден од осумте статистички региони во државата.

Источниот плански регион од источната страна се граничи со Република Бугарија, а комуникацијата со соседната држава се остварува преку граничниот премин „Делчево“ во општина Делчево. На север се граничи со Североисточниот плански регион, на запад со Вардарскиот плански регион, а на југ со Југоисточниот плански регион. Источниот плански регион се карактеризира со мошне динамична релјефна структура, во која се застапени рамнински делови како дел од Овче Поле, Ежово Поле, котлините по реката Брегалница, котлината Пијанец, Малешевската котлина, Виничко-Кочанска котлина, Беровско – Пехчевско Поле, потоа падински делови кои се состојат од поројни наноси, конуси, покриени со делувијални почви брановидно-ридести кои зафаќаат големи површини и кои се доминанти во земјоделското производство, како и планински делови кои зафаќаат 56% од површината на регионот. Во регионот има 10 планини: од кои 2 планини целосно му припаѓаат на регионот: Голак со Обозна и Бејаз Тепе, а 8 планини кои припаѓаат делумно: Осоговски Планини, Влаина, Малешевски Планини, Плачковица, Огражден, Готен, Манговица и Серта. Највисок врв е Руен на Осоговските Планини со височина од 2252 m.

*Слика бр. 1 Релјефна карта на Источниот регион*



Хетерогеноста на подрачјето на Источниот плански регион овозможува поврзување со соседните региони во земјата и прекуграничните региони преку превои каде денес водат магистрални патишта. Во поглед на поврзаноста направен е голем исчекор и напредок со изградбата на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, кој беше пуштен во употреба на 06.07.2019 година со карактеристики на капитален проект, клучен за поврзување на источниот дел од државата со останатите делови.

Источниот плански регион преку магистралниот пат А-3, делница Велес - Штип - Кочани - Делчево - граница со Р. Бугарија се поврзува со Коридорот 10 и со Република Бугарија („Делчево“ кај Делчево). Регионалниот пат Р-1205 кој минува низ Пробиштип и Кратово, претставува главна врска на регионот со Коридорот 8 (делница Куманово - Крива Паланка), односно со Североисточниот плански регион и со граничните премини Табановце и Деве Баир. Преку магистралниот пат А-4, делница Штип - Радовиш - Струмица - граница со Р. Бугарија се поврзува со Југоисточниот плански регион и со Република Бугарија (преку граничниот премин „Ново Село“ кај Ново Село).

Железничката мрежа е слабо развиена во овој регион, тука минува железничката линија Велес - Кочани која ги поврзува само општинските центри Штип, Облешево и Кочани. Другите општински центри не се поврзани со железничка линија.

Источниот плански регион е поврзан со Република Бугарија и преку локалните гранични премини „Црна Скала“ (Делчево), „Ајдучки кладенец“ (Пехчево) и „Клепало“ (Берово), но кои поради недостаток на квалитетна инфраструктура не се користат за моторен сообраќај.

*Слика бр. 2. Источен плански регион*




Според податоците за 2019 година, во регионот живее 8,37% од вкупното население во Република Северна Македонија. Регионот има вкупна површина од 3537,3 km², односно 13,8% од вкупната површина на државата, со густина на населеност од 49,1 жители на km², што го прави шести регион во државата по густина на население. За споредба просечната густина на население во земјата изнесува 80,75 жители/km².

Вкупно 11 општини го сочинуваат Источниот плански регион: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменца, Пехчево, Пробиштип, Чешиново - Облешево и Штип.

Од 11-те општини, осум имаат карактер на урбани средини и тоа: Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Каменица, Делчево, Пехчево и Берово, а три општини се рурални општини: Зрновци, Карбинци и Чешиново - Облешево. Во поглед на урбанизираноста, Источниот регион има вкупно 219 населени места, од кои 211 се карактеризирани како рурални населби - населби, каде живее само 32,7% од вкупното население од регионот.

*Табела бр. 1. Споредбени податоци за вкупниот број население во Источниот плански регион и во општините, 2002 и 2019*

| Општина | Население (Попис 2002) | Население (2019)[4] | Површина[5] (km²) | Густина (жит./ km²) | Населени места[6] |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 13.941 | 12.493 | 598,53 | 20,9 | 9 |
| Виница | 19.938 | 19.207 | 432,65 | 44,4 | 17 |
| Делчево | 17.505 | 15.722 | 422,40 | 37,2 | 22 |
| Зрновци - рурална општина | 3.264 | 2.920 | 55,82 | 52,3 | 3 |
| Карбинци - рурална општина | 4.012 | 3.904 | 229,08 | 17,0 | 29 |
| Кочани | 38.092 | 37.389 | 357,73 | 104,5 | 28 |
| Македонска Каменца | 8.110 | 7.335 | 192,90 | 38,0 | 9 |
| Пехчево | 5.517 | 4.722 | 208,20 | 22,7 | 7 |
| Пробиштип | 16.193 | 14.771 | 325,59 | 45,4 | 36 |
| Чешиново - Облешево - рурална општина | 7.490 | 6.651 | 132,34 | 50,3 | 14 |
| Штип | 47.796 | 48.690 | 582,04 | 83,7 | 44 |
| **ВКУПНО** | **181.858** | **173.804** | **3537,29** | **49,1** | **219** |


*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза, Агенција за катастар на недвижности – АКН ГИС*

## 3.2 Клима и хидрографски карактеристики

Климата во Источниот плански регион е аридна, односно подрачјето во поголемиот дел е аридно-сушна. Карактеристика на овој вид на клима се долгите и сушни лета со честа појава на високи температури кои се движат до +41°C и благи и влажни зими со ретка појава на екстремно ниски температури кои се спуштаат и до -22°C. Ова е последица на судирот на влијанието на медитеранската и континенталната клима. Во делот на Малешевијата преовладува континентална клима. Просечните годишни количини на врнежи изнесува 543,7 mm, и се движи од 473,3 mm во Штип, 509,1 мм во областа на Кочанско Поле, па сé до 628,7 mm во Малешевијата. Врнежите се нерамномерно распределени, како по време така и по количини. Максимумот на врнежи е во месеците април-мај, а минимумот е во летните месеци јули-август. Просечната средна годишна температура во рамничарскиот дел е 12.9°C , додека во Малешевијата е 8.7°C. Снегот се јавува од декември до март. Маглата ретко се појавува во овој регион, освен во делот на Малешевијата, каде просечно годишно има од 3 до 5 магливи денови. Климатските услови во овој регион се поволни за развој на земјоделството, а особено за производството на ориз.

[4] Државен завод за статистика – Проценка на 31.12. 2019 година
[5] Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија
[6] Државен завод за статистика

*Слика бр. 3. Карта со типови на клими во Република Северна Македонија* [7]




Реките во Република Северна Македонија припаѓаат на 3 слива – Егејски (реките Вардар и Струмица), Јадрански (Црн Дрим) и Црноморски (Биначка Морава), со вкупна површина од 25.713 km$^2$.

Источниот плански регион ги опфаќа горниот и средниот дел од долините на Брегалница (со нејзините притоки), Турија (притока на Струмица), Дворишка Река и Лебница (притока на Струма во Бугарија). Долината, односно поречието на Брегалница се апсолутно доминантни во областа во поглед на површината што ја зафаќаат. Поради одредени релјефно-пејсажни особености, целата област со Истибањска Клисура е поделена на Горна Брегалница (спротиводно од клисурата) и Долна Брегалница (низводно од неа). Низводно по долината на Брегалница, на просторот на Источниот плански регион се редат 5 средни по големина котлини, и тоа: Беровска (Малешевска), Делчевска (Пијанечка), Кочанска, Овчеполска и Лакавичка.

Брегалница по должина е најголема притока на Вардар. Извира под врвот Ченгино Кале на Малешевските Планини на надморска височина од 1720 m, а во Вардар се влива меѓу селата Ногаевци и Уљанци, на надморска височина од 137 m. Средниот проток при утоката изнесува 28 m/s (максимални протоци 640 m/s, а при минимални коритото е суво). Има вкупна должина од 225 km, сливна површина од 4315,886 km$^2$ и релативен среден пад од 7‰. Вкупната десна страна на сливното подрачје изнесува 2468 km$^2$ или 57,4% од целиот слив. Вкупната десна страна на сливното подрачје изнесува 1832 km$^2$ или 42,6% од целиот слив.

## 3.3 Природни ресурси и карактеристики

Природните ресурси на Источниот плански регион претставуваат земјоделското земјиште, минералните суровини и шумите, додека водите се со скромни резерви.

[7] http://www.igeografija.mk/

Земјоделското земјиште зазема површина од 188.337 ha или 14,9% од вкупните површини во Република Северна Македонија. Пасиштата се простираат на 110.932 ha, односно заземаат 58.9% од земјоделското земјиште во регионот или 14,9% од вкупните површини под пасишта во земјата. Поволните педоклиматски услови овозможуваат намена на ораничните површини за житни (‘рж, јачмен и овес) и градинарски растенија (компир, лук и грав), а особено е карактеристична за овој плански регион застапеноста на оризовите ниви, кои го даваат скоро целото производство на ориз во земјата. Пасиштата овозможуваат развој на сточарството и регионот има значително учество во вкупниот број на кози, свињи и овци на државно ниво. Од овошјата најзастапени се вишни, сливи и круши. Површините под шуми и шумско земјиште во Источниот плански регион (просек 2010-2018) заземаат 148.568 ha (15,01% од вкупната површина под шуми во земјата) или 42,00% од вкупната територија на регионот.

Од досега истражените рудни појави со посебно економско значење се издвојуваат олово-цинковите руди во наоѓалиштата Саса, Злетово, Добрево, Плавица и Кадица. Од неметалните оруднувања значајни се појавите на кварц во лежиштето „Лакавица“ кај Штип, мермерот во „Варена Глава“ (Штип), глина (Виница и Пехчево), базалт и кајанит во лежиштето „Ежово Брдо“ кај Штип, јаглен во наоѓалиштето „Звегор - Стамер“ во северо-источниот дел Делчевско - Пехчевско - Беровскиот басен, со вкупни резерви од околу 20 x $10^6$ t и наоѓалиштето „Стар Истевник - Панчарево“ со вкупни геолошки резерви од околу 29 x $10^6$ t, архитектонско градежен камен кај с. Лесново, „Шопур“ и „Пилав Тепе“ кај Радовиш.

Во Источниот плански регион од посебно значење се термалните води во Кочанско Поле (Истибања), со издашност 2-10 l/s и температура на водата 60-70°C; и Штипско (Кежовица и Л`џи) како и термоминералните извори во с. Долни Подлог – Кочанско, геотермалниот систем „Геотерма“ – Кочани со резерви од 57.000.000 $m^3$ вода со температура од 70°C.

Од водите главен ресурс на регионот претставува реката Брегалница. Од овој воден ресурс постојат можности за користење на 220 милиони $m^3$/година. Досега се подигнати две високи брани на акумулациите „Калиманци“ и „Кочанско Езеро“ кои главно служат за наводнување на Кочанско Поле и Овче Поле.

Хидросистем „Злетовица” кој е повеќенаменски систем за водостопанство и водоснабдување. Истиот се спроведува во 3 фази. Фаза I – водоснабдување од проектот Хидросистем „Злетовица” заврши со изградба во 2010 година каде во склоп на овој проект се изградени браната „Кнежево” со придружните објекти како централен објект и два зафати со доводни цевковод за водоснабдување на општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Лозово и Карбинци. Тиролскиот Зафат 1 е за водоснабдување на Пробиштип со Злетово, кој се наоѓа на надморска височина од 776,00 m со пресметан истек од 120 $m^3$/s со преливен праг со височина од 4 m и слапиште од 10 m. Тиролскиот Зафат 3 е за водоснабдување на Штип, Свети Николе, Карбинци и Лозово како и за наводнување на долна зона (1.500 ha) земјоделска површина во атарот на општина Пробиштип и се наоѓа на надморска височина од 496,10 m со пресметан истек од 127 $m^3$/s со преливен праг со височина од 3,5 m и слапиште од 10 m. Во овој момент се изготвува потребната техничка документација за изградба на идните две фази во склоп на хидросистемот и тоа Фаза II-наводнување и Фаза III-енергетика. Согласно физибилити студијата за Фаза II-наводнување се предвидува наводнување на површини во општините Пробиштип со 3.552 ha и Кратово со 957 ha, за што се потребни 19 милиони $m^3$ вода и Фаза III-енергетика во која се предвидува изградба на 6 мали хидроцентрали со капацитет од 9.90 MW и со годишно производство на електрична енергија од 49,5 GWh.

## 3.4 Степен на развиеност на Источниот плански регион

За подобро креирање на стратегии за развој на планските региони, и споредба на развиеноста помеѓу регионите, во декември 2008 година е донесена Одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Северна Македонија[8], која што е изменета со одлука во јуни 2013 година[9]. Според оваа Одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс.[10] Доколку индексот изнесува 100, нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот развој на Република Северна Македонија. Индекс поголем од 100 означува повисоко, а индекс помал од 100 означува пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на Република Северна Македонија. Во следната табела е прикажан развојниот индекс на регионите за периодот од 2018 до 2023 година.

*Табела бр. 2. Класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година (Индексот на Република Северна Македонија = 100)*

| Плански регион | Според развојниот индекс | Според економско-социјалниот индекс | Според демографскиот индекс |
|---|---|---|---|
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89.7 |

*Извор: Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, Службен весник на РСМ, бр.234 од 20.12.2018 година*

Според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, Источниот регион има степен на развиеност 96,1 со што се наоѓа на трето место после Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Економско-социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 136,4 (втор после Скопскиот регион), додека демографскиот индекс е помал од националниот просек, истиот е најмал во споредба со останатите региони и изнесува 65,5.

Според Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за претходниот период од 2013 до 2017 година (Службен весник на РМ бр.88 од 18.12.2013 година), се забележуваат истите параметри за степенот на развиеноста на планските региони како и во тековниот период (2018-2023) и како што се горенаведени за секој од регионите поединечно според развојниот индекс, економско-социјалниот индекс и демографскиот индекс.

8 Одлука за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, Службен весник на РМ бр. 162 од 25.12.2008 година

9 Одлука за изменување на Одлуката за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, Службен весник на РМ бр. 88 од 20.06.2013 година

10 При определувањето на економско-социјалниот индекс како индикатори се користат: бруто-домашниот производ по жител, буџетските приходи по жител, растот на додадената вредност на нефинансискиот сектор и стапката на невработеност, додека демографскиот индекс се определува врз основа на природниот прираст на населението, коефициентот на стареење, салдото на миграции на 1000 жители и завршени студенти на 1000 жители. (Службен весник на РМ бр. 162/08)

Во однос на претходната класификација 2008 - 2013 каде има промена, забележливо е дека е намален развојниот индекс на регионот (од 97,1 на 96,1) и демографскиот индекс (од 72,4 на 65,5), но е зголемена вредноста на економско-социјалниот индекс (од 129,5 на 136,4).

## 4. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ

Во табелата подолу се претставени показатели кои служат за позиционирање и споредување на Источниот плански регион со останатите плански региони во однос на неколку демографски карактеристики.

Во споредбената анализа најнапред се прикажани општите показатели за сите осум плански региони во Република Северна Македонија вклучувајќи го и бројот на општини и населени места во секој регион поединечно. Основните демографски показатели се однесуваат на: вкупното население според последниот попис спроведен во државата во 2002 година и проценката на населението во 2019 година[11], густината на населеност, вкупниот број на живеалишта и просечниот број на членови по живеалиште.

*Табела бр. 3. Споредбена анализа на демографски индикатори на Источниот плански регион со другите региони*

| Индикатори | Источен Регион | Скопски регион | Југоисточен Регион | Пелагониски регион | Вардарски Регион | Југозападен регион | Полошки Регион | Североисточен Регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на општини | 11 | 17 | 10 | 9 | 9 | 13 | 9 | 6 |
| Број на населени места | 219 | 156 | 190 | 343 | 216 | 287 | 186 | 195 |
| Вкупно население, Попис 2002 (Вк. 2.022.547) | 181.858 | 578.144 | 171.416 | 238.136 | 154.535 | 221.546 | 304.125 | 172.787 |
| Процена на населението, 2019 (Вк. 2.076.255) | 173.804 | 633.273 | 172.824 | 226.837 | 151.492 | 219.180 | 322.872 | 175.973 |
| Густина на населеност, 2019 | 49.1 | 349,5 | 63,1 | 48.1 | 37.5 | 65,6 | 133,6 | 76,2 |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 72.248 | 188.394 | 59.499 | 93.976 | 61.367 | 84.627 | 78.544 | 59.488 |
| Просечен бр. на членови на домаќинството, Попис 2002 | 3,1 | 3,5 | 3,4 | 3,3 | 3,2 | 3,8 | 4,4 | 3,7 |

*Извор: Државен Завод за Статистика, Попис 2002 година и Регионите во Република Северна Македонија 2020*

Во споредбената анализа најнапред се прикажани општите индикатори за осумте плански региони во Република Северна Македонија вклучувајќи го бројот на општини и населени

[11] Државен Завод за Статистика – Проценка на население на 31.12.2019 година

места во секој регион поединечно, и основните демографски индикатори: вкупното население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и проценката на населението во 2019 година, густината на населеност, вкупниот број на живеалишта и просечниот број на членови по живеалиште.

Населението во регионот е еден од најретко населените региони со средна густина од 49,1 жители на km² и 72.248 живеалишта[12]. Просечниот број на членови на домаќинство е 3,1 што е најниско од сите региони.

Може да се забележи дека вкупното население во Источниот регион бележи намалување од 176.877 во 2015 година на 173.804 во 2019 година, што е намалување од 1,74%. Во истиот период, учеството на населението во Источниот регион во вкупното население на државата се намалило од 8,54% на 8,37%. Ако се спореди бројот на население во 2019 година во однос на 2002 година кога е направен последниот попис, Источниот регион бележи намалување 4,43%. Во истиот период вкупното население во државата бележи пораст од 2,65%.

*Табела бр. 4. Демографски индикатори на Источниот плански регион по пол и години (31.12), 2015 – 2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно население – МК** | **2.071.278** | **2.073.702** | **2.075.301** | **2.077.132** | **2.076.255** |
| **Вкупно население – Источен регион** | **176.877** | **176.262** | **175.616** | **174.877** | **173.804** |
| **Мажи** | 89.448 | 89.080 | 88.740 | 88.348 | 87.830 |
| **Жени** | 87.429 | 87.182 | 86.876 | 86.529 | 85.974 |
| **Густина на население жители/km²** | 50,0 | 49,8 | 49,7 | 49,4 | 49,1 |
| **Учество на Источниот регион во вкупното население (%)** | **8,54%** | **8,50%** | **8,46%** | **8,42%** | **8,37%** |

*Извор: Државен Завод за Статистика, макстат датабаза*

Од табелата погоре може да се забележи дека густината на населението се намалила од 50 жители/km² во 2015 година на 49,1 жители/km² во 2019 година. Во вкупниот број на население во 2019 година поголем е бројот на машко население (50,53%) во однос на женско (49,47%), но не можеме да кажеме дека тоа преовладува бидејќи постои мала разлика меѓу машко - женско население како што е прикажано во Табела бр. 4. Најголемо учество во вкупното население има популацијата на возраст од 15-65 години, што може да се заклучи од табелата подолу.[13]

Како важен податок треба да се напомене намалување на бројот на население, при што стапката на фертилитет се намалува и значително е помала од просекот на државно ниво. Процентот на население до 14 години е под државниот просек, и истиот се намалува, додека населението на возраст од 65 години и постари се зголемува, и стапката е поголема од просекот на државно ниво. Ова означува дека населението во регионот старее.

[12] Статистички годишник на РСМ, густината на населението според Пописот 2002 година.
[13] Државен Завод за Статистика

*Табела бр. 5. Споредбена анализа на демографски индикатори и социјални параметри на Источниот плански регион со државниот просек, 2015 - 2019*

| Индикатори | Просек на национално ниво | | | | | Просек на ниво на Источен регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Население на возраст 0-14 (%) | 16,7 | 16,6 | 16,5 | 16,4 | 16,3 | 14,3 | 14,1 | 14,0 | 13,8 | 13,6 |
| Население на возраст 65+ (%) | 12,8 | 13,1 | 13,5 | 13,9 | 14,3 | 14,5 | 15,0 | 15,5 | 16,1 | 16,8 |
| Коефициент на старосна зависност | 42,0 | 42,3 | 42,8 | 43,4 | 44,0 | 40,4 | 41,1 | 41,9 | 42,8 | 43,7 |
| Живородени (000) | 11,1 | 11,1 | 10,5 | 10,3 | 9,6 | 9,0 | 8,8 | 8,3 | 7,9 | 7,1 |
| Умрени (000) | 9,9 | 9,9 | 9,8 | 9,5 | 9,8 | 10,6 | 11,1 | 11,0 | 10,9 | 11,4 |
| Бракови (000) | 6,9 | 6,4 | 6,6 | 6,5 | 6,7 | 6,2 | 5,3 | 6,3 | 5,5 | 5,9 |
| Разводи (000) | 1,1 | 1,0 | 1,0 | 0,8 | 1,0 | 1,2 | 1,2 | 1,3 | 1,3 | 1,2 |
| Стапка на смртност на доенчиња | 8,6 | 11,9 | 9,2 | 5,7 | 5,6 | 7,5 | 7,1 | 2,8 | 7,2 | 4,8 |
| Вкупна стапка на фертилитет | 1,49 | 1,50 | 1,43 | 1,42 | 1,34 | 1,29 | 1,27 | 1,22 | 1,18 | 1,08 |
| Просечна возраст на население | 38,5 | 38,7 | 39,0 | 39,2 | 39,2 | 40,6 | 40,9 | 41,3 | 41,6 | 41,9 |
| Просечна возраст на умрени | 72,7 | 72,4 | 73,1 | 73,3 | 73,7 | 72,7 | 72,6 | 72,9 | 72,9 | 73,6 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Коефициентот на старосна зависност има тренд на зголемување во анализираните години и е скоро идентичен со државниот просек.

Стапката на живородени деца (на 1000 жители) исто така има негативен тренд и континуирано се намалува од 9,0 на 7,1 (2015 во однос на 2019 година) и е далеку под просекот на државно ниво. Бројот на умрени (на 1000 жители) исто така се зголемува е поголем од просекот на државно ниво.

Бројот на склучени бракови (на 1000 жители) е помал од просекот на државно ниво, додека бројот на разводи (на 1000 жители) е поголем од просекот.

Стапката на смртност кај доенчињата варира и е генерално под националниот просек освен во 2015 година кога изнесува 7,5 наспроти 8,6 и во 2018 година кога изнесува 7,2 наспроти 5,7 на државно ниво.

Просечна возраст на населението (41,9) се зголемува и е поголема од просекот на државно ниво (39,2). Просечна возраст на умрени малку се зголемила но е под државниот просек. Коефициент на стареење пресметан како учество на старото население над 60 години во вкупната популација е релативно добар показател за утврдување на староста на населението. Во 2019 година коефициентот на старост има највисока вредност од 24,1% во Источен плански регион.

Од друга страна механички одлив на регистрирани лица кои го напуштиле регионот е незначителен, со што не придонесува за намалување на бројот на население во значајна мера во регионот. Уште повеќе бројот на доселени лица е поголем од оние што се отселиле.

Состојбата со надворешните миграции[14] е таква што бројот на доселено население варира, но бројот на доселеното население е поголемо од бројот на отселеното население во целиот анализиран период 2015-2019 година. Конкретните факти за надворешните и внатрешните миграции се дадени во Табелите 6а, 6б и 7.

*Табела бр. 6а. Демографски податоци за Источниот плански регион 2015-2019 година за механички прилив/одлив на население (доселено/отселено надвор од регионот - надворешни миграции)*

| Надворешни миграции | Вкупно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Доселено население од други држави | 272 | 135 | 127 | 151 | 245 |
| Отселено население во други држави | 47 | 27 | 35 | 44 | 155 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Источниот регион во однос на внатрешните миграции[15] бележи тренд на повеќе отселено население отколку доселено во сите разгледувани години. Инаку бројот на лица кои се доселиле или отселиле внатре во регионот е скоро константен со мали варијации по години.

*Табела бр. 6б. Демографски податоци за Источниот плански регион 2015-2019 година за механички прилив/одлив на население (доселено/ отселено внатре во регионот - внатрешни миграции)*

| Внатрешни миграции | Вкупно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Доселено население | 252 | 260 | 269 | 258 | 227 |
| Отселено население | 484 | 466 | 411 | 446 | 428 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Карактеристика за севкупните миграции е дека бројот на отселено и доселено население во анализираниот период е доста низок и незначително влијае на структурата на населението во регионот. Вкупно, бројот на отселено население е континуирано поголемо од бројот на доселено население (заедно надворешни и внатрешни миграции) и истиот изнесува (-7) во 2015 година односно (-111) во 2019 година. Сепак генерална констатација е дека достапните податоци не ја одразуваат реалната слика на доселени и отселени лица во/од Источниот регион.

*Табела бр. 7. Миграциони движења во Република Северна Македонија по региони, 2015-2019*

| Надворешни миграции: доселени од други држави и отселени од државата по региони | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно доселени/отселени | | | | |
| | | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| | Р. С. Македонија | 3876/1016 | 2764/630 | 2626/424 | 2926/377 | 3147/799 |
| | Вардарски | 118/13 | 105/7 | 89/26 | 103/10 | 88/25 |

[14] Надворешните миграции ги опфаќаат движењата на населението надвор од регионот.
[15] Внатрешните миграции ги опфаќаат движењата на населението во рамките на регионот и промена на адресата на живеење.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Источен | 272/47 | 135/27 | 127/35 | 151/44 | 245/155 |
| | Југозападен | 512/455 | 253/128 | 207/55 | 244/22 | 220/75 |
| | Југоисточен | 276/84 | 154/10 | 168/23 | 179/14 | 163/221 |
| | Пелагониски | 297/23 | 347/21 | 279/23 | 448/36 | 299/35 |
| | Полошки | 456/312 | 362/276 | 351/121 | 490/146 | 687/198 |
| | Североисточен | 172/9 | 105/181 | 67/11 | 139/10 | 136/13 |
| | Скопски | 1773/73 | 1303/143 | 1338/130 | 1172/95 | 1309/76 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 8а. Споредбени податоци за стапките на наталитет, морталитет, природен прираст и бракови во Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, 2015-2017*

| | 2015 | | | | | 2016 | | | | | 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Склучени бракови | Разведени бракови | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Склучени бракови | Разведени бракови | Наталитет | Морталитет | Природен Прираст | Склучени бракови | Разведени бракови |
| Р. С. Македонија | 11,1 | 9,9 | 1,3 | 6,9 | 1,1 | 11,1 | 9,9 | 1,2 | 6,4 | 1,1 | 10,5 | 9,8 | 0,7 | 6,6 | 1 |
| Вардарски | 10,7 | 11,8 | -1,1 | 6,8 | 1,2 | 10,7 | 11,6 | -0,9 | 6 | 1,2 | 10,4 | 11 | -0,6 | 5,9 | 1,1 |
| Источен | 9 | 10,6 | -1,6 | 6,2 | 1,2 | 8,8 | 11,1 | -2,3 | 5,3 | 1,2 | 8,3 | 11 | -2,8 | 6,3 | 1,3 |
| Југозападен | 9,8 | 9 | 0,8 | 7,4 | 0,9 | 9,8 | 9,1 | 0,7 | 6,5 | 0,9 | 9 | 9,1 | -0,2 | 7 | 1,2 |
| Југоисточен | 11 | 10,7 | 0,3 | 7,3 | 1,2 | 10,5 | 10,2 | 0,3 | 6,6 | 1,2 | 9,8 | 10,6 | -0,8 | 6,3 | 1,1 |
| Пелагониски | 10 | 13,1 | -3,1 | 6 | 0,9 | 9,6 | 12,6 | -3 | 5,5 | 0,9 | 9,3 | 13,3 | -4 | 5,5 | 1 |
| Полошки | 11,1 | 7,4 | 3,7 | 8,1 | 1,3 | 10,4 | 7,5 | 2,9 | 8 | 1,3 | 10,3 | 7,5 | 2,8 | 9 | 1 |
| Североисточен | 10,6 | 9,9 | 0,8 | 6,5 | 0,6 | 10,5 | 9,4 | 1,1 | 6,5 | 0,6 | 10,5 | 9,3 | 1,2 | 6,1 | 0,5 |
| Скопски | 13 | 9,4 | 3,6 | 6,5 | 1,1 | 13,6 | 9,6 | 4 | 6,1 | 1,1 | 12,4 | 9,2 | 3,2 | 6,2 | 0,8 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела 8б. Споредбени податоци за стапките на наталитет, морталитет, природен прираст и бракови во Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, 2018-2019*

| | 2018 | | | | | 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Склучени бракови | Разведени бракови | Наталитет | Морталитет | Природен прираст | Склучени бракови | Разведени бракови |
| Р. С. Македонија | 10,3 | 9,5 | 0,8 | 6,5 | 0,8 | 9,6 | 9,8 | -0,3 | 6,7 | 1 |
| Вардарски | 9,7 | 10,5 | -0,8 | 5,7 | 0,9 | 9 | 11,4 | -2,5 | 6,4 | 0,9 |
| Источен | 7,9 | 10,9 | -3 | 5,5 | 1,3 | 7,1 | 11,4 | -4,2 | 5,9 | 1,2 |
| Југозападен | 8,5 | 8,8 | -0,3 | 6,8 | 0,6 | 7,9 | 9,1 | -1,3 | 7,3 | 1 |
| Југоисточен | 9,8 | 10,1 | -0,3 | 6,1 | 1 | 8,5 | 10,2 | -1,6 | 6,3 | 1,3 |
| Пелагониски | 8,6 | 12,8 | -4,2 | 5,6 | 0,9 | 8,1 | 12,8 | -4,7 | 5,5 | 0,9 |
| Полошки | 9,9 | 7,3 | 2,6 | 8,5 | 1 | 9,4 | 7,1 | 2,3 | 8,4 | 1 |
| Североисточен | 9,7 | 9,2 | 0,5 | 6,3 | 0,5 | 9,1 | 9,5 | -0,4 | 6,8 | 0,1 |
| Скопски | 12,7 | 8,9 | 3,8 | 6,3 | 0,5 | 12 | 9,7 | 2,3 | 6,3 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Податоците во табелите 8а и 8б во целост го покажуваат трендот на намалување на популацијата во Источниот плански регион. Стапката на наталитет се намалила од 9 во 2015

на 7,1 во 2019 година, додека стапката на морталитет се зголемила од 10,6 во 2015 на 11,4 во 2019 година. И двете стапки се под односно над државниот просек соодветно. Како последица на ова, природниот прираст уште повеќе се намалува од -1,6 во 2015 на -4,2 во 2019 година. Според овој индикатор, Источниот регион е претпоследен (ранг-7) и само Пелагонискиот регион има поголем негативен прираст од -4,7. Бројот на склучени бракови се намалил од 6,2 во 2015 на 5,9 во 2019 година, додека бројот на разведени бракови останал ист односно 1,2.

Природниот прираст на населението како разлика помеѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица, како и бројот на склучени и разведени бракови за анализираниот период (2015 во однос на 2019 година) го покажува трендот на депопулација и стареење на регионот. Ваквата состојба реално во иднина ќе влијае во динамиката на економскиот и целокупниот развој на регионот. Ако трендот се задржи, истиот дополнително ќе ја услови потребата од зголемување на човечките и финансиските ресурси од социјалната и здравствената сфера, што би претставувало дополнително оптоварување на институциите и реалниот сектор.

## ОСНОВНИ ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

Како значајни параметри кои ја отсликуваат демографската состојба во Источниот регион, треба да се напоменат:

- Источниот регион е еден од најретко населените региони со средна густина од 49,1 жители на km² и 72.248 живеалишта. Просечниот број на членови на домаќинство е 3,1 што е најниско од сите региони.
- Вкупното население во Источниот регион бележи намалување од 176.877 во 2016 година на 173.804 во 2019 година, што е намалување од 1,74%. Во истиот период, учеството на населението во Источниот регион во вкупното население на државата се намалило од 8,54% на 8,37%. Ако се спореди бројот на население во 2019 година во однос на 2002 година кога е направен последниот попис, Источниот регион бележи намалување во вкупното население од 4,43%.
- Процентот на населението 0-14 години од 13,6% е значително помало од државниот просек од 16,3% (2019 година).
- Процент на население на возраст поголема од 65 години со 16,8% е значително поголемо од државниот просек кој изнесува 14,3% (2019 година).
- Коефициент на старосна зависност на Источниот регион е 43,7% и е помал од државниот просек кој изнесува 44% (2019 година).
- Просечна старост на населението изнесува 41,9 години (2019 година).
- Во 2019 година коефициентот на старост на Источниот плански регион има највисока вредност од 24,1% во споредба со другите региони.
- Стапка на смртност на доенчиња е (4,8%) и е под државниот просек од 5,6% (2019 година).
- Стапката на тотален фертилитет во регионот изнесува 1,08 и далеку помала од просекот на државно ниво кој изнесува 1,34 (2019 година).
- Стапката на склучени бракови е 5,9 (на илјада) и е помала од државниот просек (2019 година). Висока стапка на разведени бракови од 1,2 (на илјада) (2019 година).

- Вредност на развојниот индекс на Источниот плански регион изнесува 96,1, односно 3,9 индексни поени под просекот на државата, се наоѓа на трето место по развиеност Скопски и Југоисточен плански регион. Загрижува демографски индекс од 65,5 според кој Источниот регион се наоѓа на последно место од сите региони[16].

[16] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, Службен весник на РСМ, бр.234 од 20.12.2018 година.

# 5. ЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Источниот плански регион постигнува значајни резултати во економијата на Република Северна Македонија. Источниот регион има економско-социјален индекс од 136,4, односно 36,4 индексни поени над државниот просек и според истиот се наоѓа на второ место после Скопскиот регион. Во структурата на регионалната економија застапени се сите стопански сектори од кои најзначајни се: Рударството, Преработувачката индустрија, Трговијата, Дејности во врска со недвижен имот, Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита, земјоделство, и градежништво. Иако доминира индустријата исклучително динамичен раст имаат и услугите. Потенцијал за понатамошен развој има туризмот. Сепак, Источниот плански регион е исто така земјоделско подрачје кој располага со значителна земјоделска површина и добри климатски и почвени услови за земјоделско производство кои не се целосно искористени.

Во понатамошниот дел се прикажани трендовите на макроекономските показатели, структурата на претпријатијата и показателите за надворешно – трговското работење.

## 5.1 Макроекономски показатели

Бруто Домашниот Производ (БДП) е најчесто употребуван показател за утврдување на нивото на економскиот развој на регионите и државите. Во следната табела претставени се: вкупната висина на БДП на Република Северна Македонија и БДП на Источниот плански регион во милиони денари, како и процентот на учество на Источниот регион во вкупниот БДП на државата.

*Табела бр. 9. Бруто-домашен производ во Република Северна Македонија и во Источниот регион, 2015 – 2019*

| Година | БДП на Р. С. Македонија (во милиони денари) | БДП на Источниот регион (во милиони денари) | Учество во вкупниот БДП (%) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 558.954 | 44.934 | 8,0 |
| 2016 | 594.795 | 46.975 | 7,9 |
| 2017 | 618.106 | 51.090 | 8,3 |
| 2018 | 660.878 | 54.501 | 8,2 |
| 2019 | 689.425 | 55.970 | 8,1 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од Табелата бр. 3 и Табелата бр. 9 може да се забележи дека во 2019 година, 8,4% од вкупниот број на жители на Република Северна Македонија, создале 8,1% од БДП на државата. Понатаму, споредено со вкупниот БДП на државно ниво, во Источниот плански регион, во периодот од 2015 до 2019 година стапката на раст многу варира во однос на растот на националниот бруто домашен производ. Согласно на ова и уделот на БДП на Источниот регион варира од 8,0% во 2015 година до 8,3% во 2017 година, односно 8,1% во 2019 година. Кај учеството на БДП на Источниот регион може да се забележи благо опаѓање во периодот од 2017 – 2019 година. Износот на БДП во 2019 година е 55.970 милиони денари. Во 2019 година, БДП на државно ниво се зголемил за 4,14% во однос на претходната година, додека во Источниот плански регион во истиот период се зголемил за 2,62%. Според учеството на БДП, Источниот регион со 8,1% во 2019 година, е на петто место (ранг-5) после Скопскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Југозападниот регион.

Бруто домашниот производ по жител се добива кога вкупно пресметаниот бруто домашен производ на ниво на држава ќе се подели со вкупниот број на население во државата односно во регионот. Во следната табела е прикажан БДП по жител на ниво на Источен плански регион и на државно ниво.

*Табела бр. 10. Промена на БДП по жител во Република Северна Македонија и во Источниот регион, 2015 - 2019*

| Година | БДП по жител во Р. С. Македонија | БДП по жител во Источен регион | Индекс |
|---|---|---|---|
| 2015 | 269.996 | 253.656 | 93,9 |
| 2016 | 286.995 | 266.047 | 92,7 |
| 2017 | 297.954 | 290.385 | 97,4 |
| 2018 | 318.309 | 310.999 | 97,7 |
| 2019 | 331.982 | 321.038 | 96,7 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Вредноста на БДП по жител во Источен регион бележи континуиран раст во текот на периодот 2015 – 2019 година, исто како и на ниво на држава. Вредноста на БДП по жител во Источниот регион во 2019 година изнесува 321.038 денари и е најголем во разгледуваниот период. Поради различните стапки на раст на БДП по жител на Источниот регион и БДП по жител на ниво на држава индексот на БДП по жител на Источниот регион варира во текот на годините, но цело време е под вредноста на државно ниво (100). Па така вредноста на индексот изнесува 93,9 во 2015 година, 92,7 во 2016 година, и истиот се зголемува на 97,4 во 2017 односно 97,7 во 2018 година. Додека во 2019 година, овој индекс се намалува на 96,7.

Индексите на сите региони во Република Северна Македонија се прикажани во следната табела. Од табелата може да се заклучи дека според индексот на БДП по жител Источниот плански регион со 96,7% е рангиран на **петто место** после Скопскиот, Вардарскиот, Југоисточниот и Пелагонискиот регион кои единствени имаат индекс поголем од државниот просек.

*Табела бр. 11. Тренд на индексот на БДП по жител во периодот 2015 - 2019, во проценти (Република Северна Македонија = 100)*

| БДП по жител | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р. С. Македонија** | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| **Вардарски регион** | 108 | 105,3 | 103,5 | 104,6 | 109 |
| **Источен регион** | 93,9 | 92,7 | 97,5 | 97,7 | 96,7 |
| **Југозападен регион** | 78,9 | 77,4 | 80,2 | 78,8 | 78,1 |
| **Југоисточен регион** | 116,9 | 119,1 | 117,4 | 112,2 | 107,5 |
| **Пелагониски регион** | 96,6 | 98,4 | 97,0 | 101,7 | 103,5 |
| **Полошки регион** | 45,1 | 46,2 | 47,2 | 46,7 | 47,7 |
| **Североисточен регион** | 60,8 | 58,6 | 58,5 | 57,9 | 56,5 |
| **Скопски регион** | 143,3 | 143,4 | 141,8 | 142 | 141,8 |


*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Најголем период на раст се забележува од 2016 до 2018 година кога БДП по глава на жител во регионот пораснал за 44.952 денари или 14,45%. Во истиот период, БДП по жител на ниво

на држава пораснал за 9,83%. Индексите на сите региони се прикажани во Табела бр. 11 погоре.

На следниот Графикон бр. 1 се забележува трендот и динамиката на раст на вредноста на БДП по жител на Источниот регион земајќи ја во предмет временската димензија.


*Графикон бр. 1. Вредност на БДП по жител во Источен плански регион, 2015 - 2019*




*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

На Графикон бр. 2 се забележува индексот на раст на БДП по жител на Источниот регион, во споредба со останатите региони, во периодот *2015 - 2019* година.

*Графикон бр. 2. Индекс на БДП по жител по региони, 2015-2019*




*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во 2019 година, Источниот плански регион учествува со 8,1% во БДП на Република Северна Македонија. Во споредба со просечниот БДП по жител на Република Северна Македонија (индекс = 100), Источниот плански регион има индекс 96,7 и е на петто место (ранг-5) после Скопскиот плански регион, кој има индекс од 141,8, Вардарскиот со индекс 109, Југоисточниот со индекс 107,5, Пелагонискиот со индекс 103,5. Единствено овие 4 региони имаат индекс на БДП по жител поголем од државниот. Со оглед на тоа што овој показател ги покажува перформансите на економијата и економскиот развој, варирањето на БДП на

Источниот плански регион повикува за преземање на мерки за мобилизирање на економскиот сектор, имајќи во предвид дека тој е постојано под националниот БДП.

### 5.1.1. Бруто додадена вредност според секторот на дејноста

Бруто додадената вредност по основни цени е основна категорија на бруто-домашниот производ и како таков претставува значаен индикатор за утврдување на економските трендови во регионот. Бруто додадената вредност претставува бруто-приход од работењето на деловните субјекти по корегирањето со субвенциите и индиректните даноци. Приходите и расходите кои се сметаат за финансиски, се исклучени од додадената вредност. Во Табелата бр. 12а, табелата 12б и табелата бр.12в прикажана е бруто додадената вредност (БДВ) според секторот на дејноста и учеството на регионот во вкупната бруто додадена вредност на секторот.

*Табела бр. 12а. Бруто додадена вредност според секторот на дејноста во Источниот плански регион, во милиони денари, и удел на секторите по години, на регионално ниво, 2015 - 2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 39.263 | 100% | 40.721 | 100% | 44.281 | 100% | 47.330 | 100% | 48.564 | 100% |
| А[17] | 4.458 | 11,35 | 4.474 | 10,95 | 4.197 | 9,48 | 4.642 | 9,81 | 4.674 | 9,62 |
| Б, В, Г, Д [18] | 13.565 | 34,55 | 12.705 | 31,20 | 16.149 | 36,47 | 18.555 | 39,20 | 19.130 | 39,39 |
| Ѓ[19] | 4.058 | 10,34 | 3.013 | 9,97 | 3.731 | 8,43 | 3.057 | 6,46 | 2.887 | 5,94 |
| Е, Ж, З[20] | 5.776 | 14,71 | 7.337 | 18,02 | 6.845 | 15,46 | 7.237 | 15,29 | 7.783 | 16,03 |
| S[21] | 547 | 1,39 | 627 | 1,54 | 686 | 1,55 | 532 | 1,12 | 555 | 1,14 |
| И[22] | 211 | 0,54 | 235 | 0,58 | 274 | 0,62 | 584 | 1,23 | 300 | 0,62 |
| Ј[23] | 5.079 | 12,94 | 5.553 | 13,64 | 5.534 | 12,50 | 5.867 | 12,40 | 6.289 | 12,95 |
| К, Л[24] | 474 | 1,21 | 548 | 1,35 | 604 | 1,36 | 811 | 1,71 | 872 | 1,80 |
| Љ, М, Н[25] | 4.364 | 11,11 | 5.383 | 13,22 | 5.429 | 12,26 | 5.332 | 11,27 | 5.277 | 10,87 |
| Њ, О[26] | 730 | 1,86 | 847 | 2,08 | 831 | 1,88 | 713 | 1,51 | 798 | 1,64 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[17] А - Земјоделство, шумарство; рибарство
[18] Б, В, Г, Д - Рударство и вадење на камен; преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
[19] Ѓ - Градежништво
[20] Е, Ж, З - Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[21] S - Информации и комуникации
[22] И - Финансиски дејности и дејности на осигурување
[23] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[24] К, Л - Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности
[25] Љ, М, Н - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита
[26] Њ, О - Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности

*Табела бр. 12б. БДВ според секторот на дејноста во Источниот плански регион, во милиони денари, и удел на секторите по години, на регионално и национално ниво, 2015 - 2017*

| | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно И. Р: | Р.С.М. | Учество на И.Р. | Вкупно И. Р: | Р.С.М. | Учество на И.Р. | Вкупно И. Р: | Р.С.М. | Учество на И.Р. |
| **Вкупно** | **39.263** | **488.408** | **8,0%** | **40.721** | **515.601** | **7,9%** | **44.281** | **535.726** | **8,3%** |
| **А**[27] | 4.458 | 54.369 | **8,2%** | 4.474 | **54.559** | **8,2%** | 4.197 | **48.664** | **8,6%** |
| **Б, В, Г, Д**[28] | 13.565 | 94.027 | **14,4%** | 12.705 | **101.425** | **12,5%** | 16.149 | **109.870** | **14,7%** |
| **Ѓ**[29] | 4.058 | 39.687 | **10,2%** | 3.013 | **41.106** | **7,3%** | 3.731 | **40.076** | **9,3%** |
| **Е, Ж, З**[30] | 5.776 | 102.856 | **5,6%** | 7.337 | **113.050** | **6,5%** | 6.845 | **122.945** | **5,6%** |
| **S**[31] | 547 | 16.478 | **3,3%** | 627 | **18.165** | **3,5%** | 686 | **20.974** | **3,3%** |
| **И**[32] | 211 | 17.045 | **1,2%** | 235 | **17.582** | **1,3%** | 274 | **19.313** | **1,4%** |
| **Ј**[33] | 5.079 | 61.518 | **8,3%** | 5.553 | **59.635** | **9,3%** | 5.534 | **59.432** | **9,3%** |
| **К, Л**[34] | 474 | 18.012 | **2,6%** | 548 | **20.082** | **2,7%** | 604 | **22.054** | **2,7%** |
| **Љ, М, Н**[35] | 4.364 | 69.360 | **6,3%** | 5.383 | **73.676** | **7,3%** | 5.429 | **74.933** | **7,2%** |
| **Њ, О**[36] | 730 | 15.054 | **4,8%** | 847 | **16.320** | **5,2%** | 831 | **17.463** | **4,8%** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 12в. БДВ според секторот на дејноста во Источниот плански регион, во милиони денари, и удел на секторите по години, на регионално и национално ниво, 2018 - 2019*

| | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно И. Р: | Р.С.М. | Учество на И.Р. | Вкупно И. Р: | Р.С.М. | Учество на И.Р. |
| **Вкупно** | **47.330** | **573.922** | **8,2%** | **48.564** | **598.204** | 8,1% |
| **А** | 4.642 | **55.979** | **8,3%** | 4.674 | **55.477** | 8,4% |
| **Б, В, Г, Д** | 18.555 | **123.187** | **15,1%** | 19.130 | **123.854** | 15,4% |
| **Ѓ** | 3.057 | **35.757** | **8,5%** | 2.887 | **38.161** | 7,6% |
| **Е, Ж, З** | 7.237 | **131.737** | **5,5%** | 7.783 | **139.773** | 5,6% |
| **S** | 532 | **22.612** | **2,4%** | 555 | **25.520** | 2,2% |
| **И** | 584 | **19.276** | **3,0%** | 300 | **19.221** | 1,6% |
| **Ј** | 5.867 | **66.152** | **8,9%** | 6.289 | **68.399** | 9,2% |
| **К, Л** | 811 | **23.822** | **3,4%** | 872 | **25.953** | 3,4% |
| **Љ, М, Н** | 5.332 | **76.943** | **6,9%** | 5.277 | **82.027** | 6,4% |
| **Њ, О** | 713 | **18.458** | **3,9%** | 798 | **19.819** | 4,0% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[27] А - Земјоделство, шумарство; рибарство
[28] Б, В, Г, Д - Рударство и вадење на камен; преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
[29] Ѓ - Градежништво
[30] Е, Ж, З - Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање ;Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[31] S - Информации и комуникации
[32] И - Финансиски дејности и дејности на осигурување
[33] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[34] К, Л - Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности
[35] Љ, М, Н - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита
[36] Њ, О - Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности

Во 2019 година, во регионот најголемо учество во БДП има секторот Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината (во понатамошниот текст „Рударство, Преработувачка индустрија и останато“) со 19.130 милиони денари и сочинува 15,4% од овој сектор на државно ниво. Генерално на ниво на држава овој сектор во структурата на БДП на Република Северна Македонија учествува со 20,7% во 2019 година. Секторот „Рударство, Преработувачка индустрија и останато“ учествува со значителни 39,4% во БДП на Источниот регион. Истиот пораснал за 41% во однос на 2015 година.

Секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна“ учествува со значителни 16% во БДП на Источниот регион. Истиот пораснал за 34,8% во однос на 2015 година.

Секторите „Дејности во врска со недвижен имот“ и „Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита“ учествуваат со околу 13% односно 10,9% во БДП на Источниот регион. И двата сектора пораснале во однос на 2015 година, и тоа за 23,8% и 20,9% соодветно.

Може да се забележат осцилации во однос на бруто додадената вредност во Источниот плански регион од 2015 до 2019 во сите сектори, додека во еден важен сектор може да се забележи пад во 2019 во однос на 2015 година. Тој сектор е градежништвото со значителен пад од 28,86%. Сите други сектори бележат раст, при што најголем раст има во секторот „Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности“ од 84%, а најмал во секторот „Информации и комуникации“ со 1,5%.

Во 2019 година бруто додадената вредност на секторот Земјоделство, шумарство и рибарство има пораст од 4,85% во однос на 2015 година. Но неговото учество во БДВ на Источниот регион опаднала од 11,35% во 2015 година на 9,62% во 2019 година. Секторот Земјоделство, шумарство и водостопанство во Источниот регион учествува со 8,42% во додадената вредност на секторот на ниво на држава во 2019 година. Кај инвестициите во овој сектор може да се забележат намалување на вредноста на инвестиции во основни средства од 2015 до 2017 година и потоа раст од 2017 до 2019 година. При тоа нивото на инвестиции во 2019 година е поголемо за 3,4% во однос на 2015 година (Табела бр. 14б). Во секторот Земјоделство, шумарство и водостопанство се забележува ниско ниво на инвестиции во однос на вкупните инвестиции во Источниот регион со само 3,2% во 2019 година и голема волатилност. Имено инвестициите во овој сектор се намалуваат од 2015 година до 2017 година и потоа има голем скок во 2018 година и повторно намалување во 2019 година. При тоа нивото на инвестиции во 2019 година е поголемо за 12,9% во однос на 2015 година.

Во 2019 година, уделот на градежништвото во вкупниот БДП на регионот изнесува 5,94%, односно 7,6% во додадената вредност на секторот Градежништво на ниво на држава. Учеството на градежништвото во бруто додадената вредност на Источниот регион опаднала од 10,34% во 2015 на 5,94% во 2019 година. Иако се забележуваат осцилации во уделот на инвестициите во основни средства во овој сектор во вкупните инвестиции на ниво на држава се намалил од 12% во 2015 година на 10,8% во 2019 година (Табела бр. 14б).

Мора да се посвети внимание на активности за стопирање на падот во секторите Градежништво, како и да се поттикне понатамошен раст на секторите „Рударство, Преработувачка индустрија и останато“, „Трговија и останато“, како и во секторите „Дејности

во врска со недвижен имот“ и „Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита“ кои имаат значителен удел во регионалниот БДП. Исто така треба дополнително да се поттикне растот на секторот „Земјоделство, шумарство и водостопанство“.

### 5.1.2. Инвестиции во основни средства

Вкупната номинална вредност на инвестициите во основни средства, на ниво на Р.С. Македонија, бележи осцилации во текот на целиот анализиран период од 2015 – 2019 година. Може да се забележи пораст од 9,6% во 2019 во однос на 2015 година.

Во Источниот плански регион може да се забележат исто така осцилации, со тоа што номиналните вредности на инвестициите во основни средства се во пад во периодот од 2015 – 2017 година, за да понатаму се забележи раст во 2018 и 2019 година. Имено инвестициите во основни средства значително варираат и растот во 2019 година изнесува само 2,4% споредено со 2015 година. Најголема вредност инвестициите имаат во 2019 година од 13.386 милиони денари.

Учество на инвестициите во основни средства од регионот во вкупното ниво на инвестиции во основни средства е променливо и најголема вредност има во 2019 година кога изнесува 9,2%. Ова генерално укажува дека претпријатијата одреден процент од добивката ја вложуваат во набавка на нова технологија и севкупна модернизација. Претпријатијата од овој регион кои воглавно се сè уште предоминантно трудоинтензивни инвестираат во својата техничко – технолошка опременост. Фактот што инвестициите во основните средства сепак бележат раст во последните години, а истовремено и БДП се зголемува ја потврдуваат претходната констатација.

Гледано по региони, во вкупните инвестиции во основни средства во 2019 година најголемо учество има Скопскиот регион со 50,89%, потоа следи Југозападниот регион со 10,52%, а најмало учество во вкупните инвестиции во основни средства има Североисточниот регион со 4,57%. Источниот регион со учеството од 9,2% во вкупните инвестиции во основни средства и е трети регион (ранг-3) по Скопскиот и Југозападниот регион по вкупните инвестиции во основни средства на државно ниво.[37]

Во следната Табела бр. 13 е претставен износот на инвестиции во основни средства споредбено помеѓу Република Северна Македонија и Источниот плански регион од 2015 до 2019 година.

*Табела бр. 13. Инвестиции во основни средства во Република Северна Македонија и Источен регион, во милиони денари, 2015 – 2019*

| Година | Р. С. Македонија | Источен регион | Удел на Источниот регион (%) |
|---|---|---|---|
| **2015** | 133.254 | 13.075 | 9,81 |
| **2016** | 145.040 | 11.846 | 8,17 |
| **2017** | 139.018 | 9.710 | 6,98 |
| **2018** | 132.387 | 10.839 | 8,18 |
| **2019** | 146.078 | 13.386 | 9,16 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[37] Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза

Најголема номинална вредност на инвестиции во основни средства, во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во анализираниот период се реализирани во секторот „Градежништво“. Инвестициите во градежништвото учествуваат со дури 53,72% од вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Вредноста на инвестициите во овој сектор се зголемени за само 3,4% споредено со 2015 година. Втор сектор во кој најмногу е инвестирано во Источниот регион е „Рударство, преработувачка индустрија и останато“ кој учествува со 26,8% во вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Сепак, вредноста на инвестициите во овој сектор во 2019 година се намалени за околу 2,8% споредено со 2015 година. Трет сектор во кој најмногу е инвестирано е „Трговија и останато“ кој со 1.221 милиони денари учествува 9,1% во вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Вредноста на инвестициите во овој сектор се намалени за 17% споредено со 2015 година. Овие три сектори учествуваат со приближно 90% во вкупните инвестиции во основни средства на ниво на Источен регион.

Значителен раст на инвестициите има во секторите „Стручни, научни и технички дејности“; „Административни и помошни услужни дејности“ и „Информации и комуникации“, а помал раст се забележува во секторите „Градежништво“ и „Земјоделство“. Секторот „Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување“; „Образование“; „Дејности на здравствена и социјална заштита“ има значителен пад на инвестициите од 50%, додека секторите „Рударство, преработувачка индустрија и останато“ и „Трговија и останато“ бележат помал пад.

*Табела бр. 14а. Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во милиони денари, 2015 - 2019*

| | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **ВКУПНО** | **133.254** | **145.040** | **139.018** | **132.387** | **146.078** | **13.075** | **11.846** | **9.710** | **10.839** | **13.386** |
| А[38] | 3.923 | 3.419 | 2.909 | 3.798 | 4.067 | 379 | 271 | 239 | 787 | 428 |
| Б, В, Г, Д[39] | 30.672 | 30.246 | 30.531 | 31.233 | 33.175 | 3.692 | 2.569 | 2.524 | 3.142 | 3.587 |
| Ѓ[40] | 49.281 | 52.785 | 51.091 | 45.539 | 53.702 | 6.953 | 6.342 | 3.410 | 4.706 | 7.191 |
| Е, Ж, З[41] | 20.302 | 22.462 | 24.244 | 21.060 | 25.727 | 1.471 | 1.981 | 2.090 | 1.243 | 1.221 |
| S[42] | 4.989 | 6.191 | 7.233 | 7.482 | 8.069 | 44 | 39 | 0 | 132 | 160 |
| И[43] | 1.933 | 2.174 | 1.851 | 1.864 | 1.739 | 23 | 13 | 5 | 55 | 12 |
| Ј[44] | 2.566 | 1.779 | 1.675 | 2.290 | 874 | 0 | 0 | 0 | 88 | 372 |
| К, Л[45] | 2.272 | 2.451 | 4.172 | 3.541 | 3.196 | 2 | 2 | 0 | 1 | 164 |
| Љ, М, Н[46] | 14.721 | 16.565 | 10.045 | 11.627 | 12.154 | 503 | 621 | 257 | 686 | 252 |
| Њ, О[47] | 2.597 | 6.967 | 5.267 | 3.952 | 3.376 | 7 | 8 | 1.184 | 0 | 0 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[38] А - Земјоделство, шумарство; рибарство
[39] Б, В, Г, Д - Рударство и вадење на камен; преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
[40] Ѓ - Градежништво
[41] Е, Ж, З - Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[42] S - Информации и комуникации
[43] И - Финансиски дејности и дејности на осигурување
[44] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[45] К, Л - Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности
[46] Љ, М, Н - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита
[47] Њ, О - Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности

*Табела бр. 14б. Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста во Источниот плански регион во однос на Република Северна Македонија, во %, 2015 - 2019*

| | Учество на Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| ВКУПНО | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |
| А | 9,8% | 8,2% | 7,0% | 8,2% | 9,2% |
| Б, В, Г, Д | 9,7% | 7,9% | 8,2% | 20,7% | 10,5% |
| Ѓ | 12,0% | 8,5% | 8,3% | 10,1% | 10,8% |
| Е, Ж, З | 14,1% | 12,0% | 6,7% | 10,3% | 13,4% |
| S | 7,2% | 8,8% | 8,6% | 5,9% | 4,7% |
| И | 0,9% | 0,6% | 0,0% | 1,8% | 2,0% |
| Ј | 1,2% | 0,6% | 0,3% | 3,0% | 0,7% |
| К, Л | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 3,8% | 42,6% |
| Љ, М, Н | 0,1% | 0,1% | 0,0% | 0,0% | 5,1% |
| Њ, О | 3,4% | 3,7% | 2,6% | 5,9% | 2,1% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 14в. Инвестиции во основни средства според секторот на дејноста во Источниот плански регион, во милиони денари, и во %, 2015 - 2019*

| | Вредност на инвестициите во Источен плански регион (милиони денари) | | | | | Учество на инвестициите во Источен плански регион (%) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| ВКУПНО | 13.075 | 11.846 | 9.710 | 10.839 | 13.386 | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |
| А[48] | 379 | 271 | 239 | 787 | 428 | 2,9% | 2,3% | 2,5% | 7,3% | 3,2% |
| Б, В, Г, Д[49] | 3.692 | 2.569 | 2.524 | 3.142 | 3.587 | 28,2% | 21,7% | 26,0% | 29,0% | 26,8% |
| Ѓ[50] | 6.953 | 6.342 | 3.410 | 4.706 | 7.191 | 53,2% | 53,5% | 35,1% | 43,4% | 53,7% |
| Е, Ж, З[51] | 1.471 | 1.981 | 2.090 | 1.243 | 1.221 | 11,3% | 16,7% | 21,5% | 11,5% | 9,1% |
| S[52] | 44 | 39 | 0 | 132 | 160 | 0,3% | 0,3% | 0,0% | 1,2% | 1,2% |
| И[53] | 23 | 13 | 5 | 55 | 12 | 0,2% | 0,1% | 0,1% | 0,5% | 0,1% |
| Ј[54] | 0 | 0 | 0 | 88 | 372 | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,8% | 2,8% |
| К, Л[55] | 2 | 2 | 0 | 1 | 164 | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 0,0% | 1,2% |
| Љ, М, Н[56] | 503 | 621 | 257 | 686 | 252 | 3,8% | 5,2% | 2,6% | 6,3% | 1,9% |
| Њ, О[57] | 7 | 8 | 1.184 | 0 | 0 | 0,1% | 0,1% | 12,2% | 0,0% | 0,0% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[48] А - Земјоделство, шумарство; рибарство
[49] Б, В, Г, Д - Рударство и вадење на камен; преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
[50] Ѓ- Градежништво
[51] Е, Ж, З - Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли ;Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[52] S - Информации и комуникации
[53] И - Финансиски дејности и дејности на осигурување
[54] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[55] К, Л - Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности
[56] Љ, М, Н - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита
[57] Њ, О - Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности

На државно ниво во 2019 година најголем пораст на инвестициите во основни средства има во секторот „Информации и комуникации“ (61,7%) во однос на 2015 година. Потоа следат секторите „Стручни, научни и технички дејности и друго“ со 40,7% и „Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности“ со раст од 30% во однос на 2015 година.

Во Источниот плански регион, во периодот од 2015 до 2019 година инвестициите во секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство“ варираат, односно во периодот 2015 – 2017 година се забележува пад, за да повторно драстично се зголемат инвестициите во 2018 година. Растот во 2018 во однос на 2017 година е за повеќе од три пати. Во 2019 година повторно има значителен пад во однос на 2018 година. Сепак инвестициите во секторот во 2019 година бележат мал пораст во однос на 2015 година од 3,4%.

Во Источниот регион сè уште слабо се инвестира во основните средства во секторот „Информации и комуникации“ (во 2017 година воопшто нема евидентирано инвестиции во овој сектор). Во 2018 година се инвестирани 132 милиони денари, додека во 2019 година се инвестирани 160 милиони денари. Учеството на инвестициите во овој сектор во вкупните инвестиции во Источниот регион изнесуваат само 1,2%.

Во секторот „Стручни, научни и технички дејности и административни, помошни и услужни дејности“, во 2015 и 2016 година, се евидентирани само 2 милиони денари инвестиции во овој сектор, и нема инвестиции во 2017 година. Во 2018 година има 1 милион денари инвестиции, и значително зголемување во 2019 година на 164 милиони денари (учество во вкупните инвестиции на државно ниво од 42,6%). Инвестирањето во овој сектор е индикатор за напредувањето и развојот во технологијата и науката, кој влог честопати се посочува како движечка сила за развој на бројни претпријатија и држави кои инвестираат голем дел од своите буџети на истражување и развој. Сепак учеството на инвестициите во овој сектор во вкупните инвестиции во источниот регион изнесува само 1,2%. Изненадува фактот дека Источниот плански регион има мали инвестиции во основни средства во научните и технички дејности делумно заради тоа што во регионот се наоѓа Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Драстичен пад на инвестициите има и во секторот „Уметност, забава и рекреација“, од 1.184 милиони денари во 2017 година, додека во 2018 и 2019 година не се издвојуваат инвестиции за овој сектор.

Сумирано, во анализираниот период, во Источниот регион, иако бруто домашниот производ е зголемен, во 2019 година се забележува скоро исто ниво на вкупни инвестиции во основни средства споредено со 2015 година (мал раст од 2,4%). Најголеми инвестиции има во 3 сектори, кои учествуваат со вкупно 90% од вкупните инвестиции на регионално ниво: „Градежништво“, „Рударство, преработувачка индустрија и останато“ и „Трговија и останато“. Ова значи дека претпријатијата во Источниот регион сепак инвестираат дел од профитот во основни средства и подолгорочни инвестиции, но и дека е неопходно понатамошно охрабрување и поддршка на деловните субјекти за поголеми инвестиции во основни средства. Загрижува фактот дека во само 5 сектори има раст на инвестициите во разгледуваниот период: „Градежништво“, „Рударство, преработувачка индустрија и останато“, „Информации и комуникации“, „Дејности во врска со недвижен имот“ и „Стручни дејности и друго“, додека во сите други сектори нивото на инвестиции во основни средства е намалено ако се спореди 2019 во однос на 2015 година.

## 5.2 Структура на претпријатијата

За утврдување на структурата на претпријатијата во регионот се анализирани неколку индикатори како што се: вкупниот број на активни деловни субјекти, активни деловни субјекти на 1000 жители, активни деловни субјекти според број на вработени и активни деловни субјекти според секторот на кој припаѓаат.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти во 2019 година во Источниот регион изнесува 5.799 и претставува 7,64% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Република Северна Македонија кој изнесува 75.914. Ако го земеме во предвид бројот на жителите во регионот, може да се заклучи дека 8,4% од физичките лица и 7,64% од правните лица се со живеалиште односно седиште во Источниот плански регион. Бројот на активни деловни субјекти на 1000 жители во 2019 година е 33,37 и според овој индикатор Источниот регион е шести (ранг-6) во државата после Скопскиот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југоисточниот и Југозападниот плански регион (Табела бр. 15).

*Табела бр. 15. Број на активни деловни субјекти по региони, 2019*

| Индикатори | Источен Регион | Скопски регион | Југоисточен Регион | Пелагониски регион | Вардарски Регион | Југозападен регион | Полошки Регион | Североисточен Регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно население, Попис 2002 | 181.858 | 578.144 | 171.416 | 238.136 | 154.535 | 221.546 | 304.125 | 172.787 |
| Процена на населението, 2019 | 173.804 | 633.273 | 172.824 | 226.837 | 151.492 | 219.180 | 322.872 | 175.973 |
| Број на активни деловни субјекти, 2019 | 5.799 | 29.652 | 6.233 | 8.327 | 5.595 | 7.520 | 8.614 | 4.174 |
| Број на активни деловни субјекти на 1000 жители, 2019 | 33,37 | 46,82 | 36,07 | 36,71 | 36,93 | 34,31 | 26,68 | 23,72 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Република Северна Македонија ја прифати Европската класификација за претпријатијата според големина, базирајќи се на број на вработени, големина на обртот и вкупна вредност на деловната актива.[58]

[58]Според овие критериуми, претпријатијата, се класифицираат на микро, мали, средни и големи. Според бројот на вработени, микро претпријатија се оние до 10 вработени, мали до 50 вработени, средни до 250 вработени и големи над 250 вработени. Критериумот на обрт и деловна актива за Македонија се намалени па така на пример, во Македонија, мали претпријатија се оние со годишен обрт до 2 милиони евра за разлика од ЕУ, каде тој износ е 10 милиони евра).

*Табела бр. 16. Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени во Република Северна Македонија и Источниот регион, 2015 - 2019*

| Број на вработени | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Вкупно | 70.139 | 71.519 | 71.419 | 72.315 | 75.914 | 5.692 | 5.713 | 5.615 | 5.632 | 5.799 |
| 0 вработени или без податок | 7.329 | 8.057 | 7.888 | 8.221 | 7.565 | 459 | 495 | 475 | 501 | 428 |
| 1-9 | 56.261 | 56.725 | 56.658 | 57.184 | 61.265 | 4.579 | 4.559 | 4.475 | 4.479 | 4.701 |
| 10-49 | 4.979 | 5.141 | 5.255 | 5.271 | 5.448 | 448 | 457 | 464 | 459 | 480 |
| 50-249 | 1.339 | 1.363 | 1.382 | 1.399 | 1.404 | 184 | 179 | 180 | 173 | 172 |
| 250+ | 231 | 233 | 236 | 240 | 232 | 22 | 23 | 21 | 20 | 18 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Разгледувано според критериумот број на вработени од споменатата Европска класификација, речиси 81,1% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Источниот регион во 2019 година отпаѓа на микро деловните субјекти со 1-9 вработени.

Податоците од Табелата бр. 16 укажуваат дека во периодот од 2015 до 2019 година се забележува пораст на бројот на активни деловни субјекти како на национално ниво (6,14%), така и на ниво на Источниот плански регион но со различни стапки (1,9%, од 5.692 на 5.799). Микро претпријатија (1-9 вработен) има 4.701 (81,1%) и тие понатаму се двигател на економијата на регионот и потврда за претприемачкиот дух на неговите жители. Нивниот број има тренд на раст во периодот од 2015 до 2019 година, со мали падови во 2017 и 2018 година. Бројот на микро претпријатија пораснал за 2,5% од 4.579 во 2015 година на 4.701 во 2019 година. Понатаму, бројот на малите претпријатијата исто така пораснал за 6,6%, од 448 во 2015 на 480 во 2019 година. Бројот на претпријатијата без вработени, средните претпријатија и големите претпријатија се намалиле во разгледуваниот период. Најголем пад има кај големите претпријатија со повеќе од 250 вработени (18,1%) чиј број се намалил од 22 во 2015 на само 18 во 2019 година. Бројот на претпријатијата без вработени се намалил за 6,7%, додека кај бројот на средни претпријатија има намалување од 22 на 18.

Во 2008 година, со цел да се обезбеди споредливост на статистичките податоци на Република Северна Македонија на европско и светско ниво е донесена Национална класификација на дејностите НКД / Рев 2. (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 147/08).

*Табела бр. 17. Активни деловни субјекти според НКД 2 класификацијата по сектори во Република Северна Македонија и во Источниот регион, 2015-2019*

| Сектори | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Р.С. Македонија | Источен Регион | Р.С. Македонија | Источен Регион | Р.С. Македонија | Источен Регион | Р.С. Македонија | Источен Регион | Р.С. Македонија | Источен Регион |
| А[59] | 2.827 | 439 | 2.749 | 404 | 2.603 | 382 | 2.546 | 357 | 2.605 | 366 |
| Б[60] | 173 | 17 | 189 | 17 | 201 | 18 | 205 | 17 | 221 | 22 |
| В[61] | 7.639 | 859 | 7.967 | 914 | 7.885 | 892 | 8.033 | 875 | 8.362 | 899 |
| Г[62] | 160 | 12 | 165 | 12 | 172 | 11 | 186 | 11 | 224 | 13 |
| Д[63] | 288 | 32 | 271 | 33 | 255 | 30 | 250 | 29 | 260 | 35 |

[59] А - Земјоделство, шумарство и рибарство
[60] Б - Рударство и вадење на камен
[61] В - Преработувачка индустрија
[62] Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ѓ[64] | 4.429 | 229 | 4.747 | 259 | 4.814 | 249 | 4.938 | 257 | 5.270 | 260 |
| Е[65] | 23.843 | 1.934 | 23.716 | 1.885 | 23.337 | 1.836 | 22.950 | 1.789 | 23.140 | 1.793 |
| Ж[66] | 5.820 | 442 | 5.829 | 466 | 5.732 | 454 | 5.667 | 456 | 5.780 | 467 |
| З[67] | 4.535 | 357 | 4.627 | 351 | 4.559 | 345 | 4.597 | 358 | 4.777 | 364 |
| S[68] | 1.524 | 59 | 1.618 | 62 | 1.689 | 64 | 1.856 | 62 | 2.041 | 70 |
| И[69] | 416 | 13 | 440 | 14 | 427 | 11 | 448 | 13 | 470 | 14 |
| Ј[70] | 516 | 29 | 552 | 38 | 566 | 36 | 575 | 39 | 645 | 44 |
| К[71] | 6.261 | 399 | 6.618 | 408 | 6.948 | 433 | 7.261 | 448 | 7.636 | 454 |
| Л[72] | 1.553 | 57 | 1.650 | 56 | 1.698 | 59 | 1.752 | 58 | 1.962 | 71 |
| Љ[73] | 267 | 23 | 267 | 23 | 268 | 23 | 264 | 23 | 264 | 23 |
| М[74] | 1.098 | 89 | 1.149 | 94 | 1.184 | 95 | 1.222 | 93 | 1.289 | 101 |
| Н[75] | 3.313 | 287 | 3.298 | 287 | 3.319 | 284 | 3.357 | 287 | 3.241 | 272 |
| Њ[76] | 1.212 | 73 | 1.305 | 79 | 1.335 | 83 | 1.404 | 92 | 1.753 | 119 |
| О[77] | 4.265 | 342 | 4.362 | 312 | 4.427 | 310 | 4.804 | 368 | 5.974 | 412 |
| **ВКУПНО** | **70.139** | **5.692** | **71.519** | **5.714** | **71.419** | **5.615** | **72.315** | **5.632** | **75.914** | **5.799** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Најголем дел од активните деловни субјекти во Источниот плански регион во 2019 година работаат во секторот „Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ (1.793 или 30,9% од вкупниот број претпријатија во Источниот регион), потоа следуваат претпријатијата од „Преработувачка индустрија“ (899 или 15,5%) и претпријатијата од секторот „Транспорт и складирање“ (467 или 8,1%). Најмалку претпријатија делуваат во секторот „Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација“ (13) што е разбирливо, бидејќи овој сектор бара огромни инвестициони вложувања.

Вкупниот број на претпријатија во Источниот регион во 2019 година се зголемил за приближно 1,9% во однос на 2015 година. Во 2019 година во сите сектори освен во три се забележува зголемување на активните деловни субјекти во однос на 2015 година. Намалување на бројот на активни деловни субјекти има во следните сектори: „Земјоделство, шумарство и рибарство“ (16,63%), „Трговија“ (7,3%) и „Дејности на здравствена и социјална заштита“ каде има намалување од 5,2%.

Најголем пораст на активните деловни субјекти во 2019 во однос на 2015 година се забележува во секторите: „Уметност, забава и рекреација“ (63,1%), „Дејности во врска со недвижен имот“ (51,7%) и „Рударство и вадење камен“ со пораст од 29,4%. Сите овие сектори имаат мал удел во вкупниот број на претпријатија во Источниот регион (0 - 2% од вкупниот број на претпријатија). Загрижува падот на бројот на активни деловни субјекти во секторите „Трговија“ кој учествува со 30,9% во вкупниот број на претпријатија во Источниот регион и секторот „Земјоделство“ кој учествува со 6,3%.

Дополнително, статистиката покажува дека најголем број на активни деловни субјекти во 2019 година има во општина Штип 1.927, потоа следува општина Кочани со 1.385, Делчево со 529 и Виница со 522. Вкупниот број на активни деловни субјекти во овие 4 општини

[63] Д - Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината
[64] Ѓ - Градежништво
[65] Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли
[66] Ж - Транспорт и складирање
[67] З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[68] S - Информации и комуникации
[69] И - Финансиски дејност и дејности на осигурување
[70] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[71] К - Стручни, научни и технички дејности
[72] Л - Административни и помошни услужни дејности
[73] Љ - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување
[74] М - Образование
[75] Н - Дејности на здравствена и социјална заштита
[76] Њ - Уметност, забава и рекреација
[77] О - Други услужни дејности

сочинува 75% од вкупниот број во регионот. Најмалку активни деловни субјекти има во Зрновци и тоа 55. Ова е разбирливо со оглед на тоа што општините Штип, Кочани, Делчево и Виница имаат најголем број на жители, а општините Зрновци и Карбинци се најмали општини по број на население во Источниот плански регион.

Најголем дел од деловните субјекти во секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ во 2019 година се концентрирани во Штип (579) и Кочани (461). На територијата на општина Штип се лоцирани и најголемиот број на преработувачки капацитети (295) и најголем број во секторот „Стручни, научни и технички дејности“ (184). Најголемиот број на активните деловни субјекти во секторот „Рударство и вадење на камен“ се лоцирани во Пробиштип и Кочани (по 5).

## 5.3 Надворешно – трговско работење

Во периодот јануари – август 2020 година, според вкупниот обем на надворешнотрговската размена, Република Северна Македонија најмногу тргувала со Германија, Велика Британија, Србија, Грција и Кина.[78]

Според седиштето на деловните субјекти, во 2019 година најголем извоз во вредност од 3.958 милиони САД долари е регистриран во Скопскиот регион, а деловните субјекти од овој регион имаат остварено и најголем увоз во вредност од 6.410 милион САД долари. Најмал обем на надворешнотрговската размена е остварен од деловните субјекти со седиште во Североисточниот регион. Според статистичките податоци, учеството на Источниот плански регион во вкупниот извоз на државата се намалило од 12,2% во 2015 до 10,2% во 2019 година. Од 2015 до 2019 година уделот на извозот на Источниот плански регион во вкупниот извоз на државата варира и најголема вредност има во 2017 година од 12,0%. Учеството на извозот од Источниот регион во вкупниот извоз во 2019 година изнесува 10,2% и е трет (ранг-3) после Скопскиот регион (со учество 56,3%) и Вардарскиот регион (со учество 12,4%).

*Табела бр. 18. Извоз од Источниот регион, 2015 - 2019*

| Извоз | Источен регион (милиони САД долари) | Источен регион (%)[79] |
|---|---|---|
| **2015** | 460,7 | 12,2 |
| **2016** | 577,7 | 11,9 |
| **2017** | 682,1 | 12,0 |
| **2018** | 761,4 | 11,0 |
| **2019** | 732,9 | 10,2 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2020 и Пресметки на авторите*

Од Табелата бр. 18., може да се забележи дека вкупната вредност на извозот од Источниот регион бележи континуирано зголемување од 2015 година кога имал најмала вредност од 460,7 до 732,9 милиони САД долари во 2019 година. Вредноста на извозот во 2019 година бележи зголемување од 59,1% во однос на вредноста на извозот во 2015 година. Ова најверојатно се должи на зголемениот извоз на претпријатијата кои делуваат во ТИРЗ, пред сé зоната во Штип. Учеството на увозот во Источниот регион во вкупниот увоз во државата во 2019 година изнесува 6,1% што претставува намалување на учеството од 0,6% во однос на 2015 година кога изнесувал 6,7%. Најголемо учество Источниот регион постигнал во 2016 година со вредност од 6,9%. Најголем увоз остварува Скопскиот плански регион, односно

78 Државен завод за статистика, Стоковна размена со странство, јануари – август 2020 година
79 Република Северна Македонија = 100%

има учество од 68,9% во вкупниот увоз и според овој показател Источниот плански регион е повторно трети (ранг-3) после Скопскиот и Вардарскиот регион (7,9%).

*Табела бр. 19. Увоз во Источниот регион, 2015 - 2019*

| Увоз | Источен регион (милиони САД долари) | Источен регион (%)[80] |
|---|---|---|
| 2015 | 430,6 | 6,7 |
| 2016 | 471,5 | 6,9 |
| 2017 | 518 | 6,7 |
| 2018 | 561,6 | 6,2 |
| 2019 | 575,9 | 6,1 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2020 и Пресметки на авторите*

Деловните субјекти од Источниот плански регион, во 2019 година направиле увоз во вредност од 575,9 милиони САД долари, односно 6,1% од вкупниот увоз во државата. Од Табелата бр. 19, може да се забележи дека вкупната вредност на увозот од Источниот регион бележи континуирано зголемување од 2015 година кога имал најмала вредност од 430,6 до 575,9 милиони САД долари во 2019 година. Вредноста на увозот во 2019 година бележи зголемување од 33,7% во однос на вредноста на извозот во 2015 година. Ова најверојатно се должи исто така на зголемениот увоз на претпријатијата кои делуваат во ТИРЗ, пред се зоната во Штип.

Според ова, во 2019 година деловните субјекти од Источниот плански регион остварile суфицит во надворешно трговската размена во износ од 157 милиони САД долари. Деловните субјекти од Источниот регион во континуитет остваруваат суфицит во целиот разгледуван период. Најголем суфицит е остварен во 2018 година во износ од речиси 200 милиони долари.

Неопходно е поголемо вложување во основни средства во секторите: „Рударство, преработувачка индустрија и останато“, „Градежништво“, и „Земјоделство, шумарство и рибарство“, бидејќи овие сектори ќе влијаат позитивно врз извозот реализиран од Источниот плански регион. Со најновите состојби настанати со појавата на пандемијата резултирана од вирусот Ковид 19, потребно е исто така да се земаат во предвид регионалните и европските економски мерки и активности, и да се преземат како локални така и регионални конкретни краткорочни и долгорочни економски мерки и активности, со кои што ќе се помогне економскиот сектор за полесно соочување и надминување на последиците од оваа светска појава, која што зададе силен удар на светско ниво.

Во недостиг на податоци за вкупната вредност на директните домашни и странски инвестиции во државата и регионот, анализирани се трендовите во инвестициите во секторот градежништвото, како двигател на националната економија.

Бројот на издадени одобренија за градење се добива од надлежните субјекти според проектна документација која им е доставена од изведувачите. Подолу, во Табела бр. 20 е прикажан бројот на издадени одобренија за градење по региони во периодот од 2015 до 2019 година, и нивната проценета вредност. Во Источниот плански регион во 2019 година биле издадени 285 одобренија за градба, а нивната предвидена вредноста изнесува огромни 4.118.699.000 денари. Од табелата може да се забележи негативна тенденција кај Источниот регион. Бројот на издадени градежни дозволи се намалува во континуитет и бројот на издадени градежни дозволи 285 во 2019 година изнесува само 76% од бројот на издадени градежни дозволи во 2015 година. Според бројот на издадени градежни дозволи

[80] Република Северна Македонија = 100%

Источниот регион се наоѓа на шестото место во споредба со другите региони. Според проценетата вредност на издадените одобренија за градење Источниот регион се наоѓа на третото место после Скопскиот и Југоисточниот регион. Загрижува фактот дека вредноста на издадените одобренија за градење во Источниот регион во 2019 година изнесуваат само 79% од вредноста во 2015 година. Релативно високата вредност на издадените одобренија во однос на другите региони и природата на работите во градежништвото кои се реализираат во временски период подолг од една година, укажува на тоа дека овој сектор во Источниот регион најверојатно ќе остварува поповолни тенденции во наредниот временски период.

*Табела бр. 20. Број и вкупна предвидена вредност на издадени одобренија за градење во Република Северна Македонија и регионите, 2015 - 2019*

| Година | МК | Југоисточен Регион | Скопски Регион | Источен Регион | Пелагониски регион | Вардарски Регион | Југозападен регион | Полошки Регион | Североисточен Регион |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на издадени одобренија за градење** | | | | | | | | | |
| **2015** | **3143** | 282 | 947 | 376 | 319 | 280 | 319 | 473 | 147 |
| **2016** | **3377** | 326 | 1076 | 356 | 327 | 229 | 371 | 529 | 163 |
| **2017** | **3390** | 303 | 1039 | 375 | 312 | 236 | 385 | 581 | 159 |
| **2018** | **2800** | 325 | 787 | 323 | 176 | 229 | 356 | 478 | 126 |
| **2019** | **2946** | 347 | 804 | 285 | 303 | 256 | 361 | 470 | 120 |
| **Предвидена вредност на издадените одобренија за градење (илјади денари)** | | | | | | | | | |
| **2015** | **46260048** | 3446266 | 18970085 | 5234851 | 5424316 | 5169846 | 3535547 | 3061101 | 1418036 |
| **2016** | **51725596** | 8132716 | 25740421 | 2843957 | 3629079 | 3032311 | 3122308 | 3793913 | 1430891 |
| **2017** | **45368752** | 2913539 | 15263900 | 5861284 | 6173274 | 5720158 | 3883328 | 4529644 | 1023625 |
| **2018** | **44614683** | 2990571 | 18907026 | 4920940 | 1932296 | 1344771 | 3791513 | 4282531 | 6445035 |
| **2019** | **38617053** | 4820113 | 15409294 | 4118699 | 2751807 | 2504867 | 3799712 | 4042282 | 1170279 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОР ЕКОНОМИЈА

Како значајни параметри кои ја отсликуваат економската состојба во Источниот регион, треба да се напоменат:

- Источниот регион има степен на развиеност 96,1 со што се наоѓа на трето место после Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Економско-социјалниот индекс на регионот е поголем од националниот просек и изнесува 136,4 (втор после Скопскиот регион).
- Како значајни економски индикатори каде Источниот регион има подобра позиција во споредба со другите региони, треба да се напоменат:
    - Инвестиции во основни средства во сектор „Дејности во врска со недвижен имот“ (2019 година) - ранг 2
    - БДВ во индустрија (2019 година) - ранг 3
    - Извоз од регионот (2019 година) - ранг 3
    - Увоз во регионот (2019 година) - ранг 3
    - Вкупни инвестиции во основни средства (2019 година) - ранг 3

- Инвестиции во основни средства во земјоделство (2019 година) - ранг 3
- Инвестиции во основни средства во градежништво (2019 година) - ранг 3.

- Во 2019 година, БДП по жител во Источниот плански регион е 321.038 денари и е петти во споредба со останатите плански региони. Вредноста на БДП по жител во Источен регион бележи континуиран раст во текот на периодот 2015 – 2019 година, исто како и на ниво на држава. Најголем период на раст се забележува од 2016 до 2018 година кога БДП по глава на жител во регионот пораснал за 44.952 денари или 14,45%. Во истиот период, БДП по жител на ниво на држава пораснал за 9,83%.
- Според БДП по жител Источниот регион е со индекс 96,7 во 2019 година и се наоѓа на петто место. Поради различните стапки на раст на БДП по жител на Источниот регион и БДП по жител на ниво на држава индексот на БДП по жител на Источниот регион варира во текот на годините, но цело време е под вредноста на државно ниво (100). Па така вредноста на индексот изнесува 93,9 во 2015 година, 92,7 во 2016 година, и истиот се зголемува на 97,4 во 2017 односно 97,7 во 2018 година.
- Во 2019 година, во регионот најголемо учество во БДП има секторот „Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината“ со 19.130 милиони денари и сочинува 15,4% од овој сектор на државно ниво. Генерално на ниво на држава овој сектор во структурата на БДП на Република Северна Македонија учествува со 20,7% во 2019 година.
- Секторот „Рударство, Преработувачка индустрија и останато“ учествува со значителни 39,4% во БДП на Источниот регион во 2019 година. Истиот пораснал за 41% во однос на 2015 година.

- Секторот „Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна“ учествува со значителни 16% во БДП на Источниот регион. Истиот пораснал за 34,8% во однос на 2015 година.

- Секторите „Дејности во врска со недвижен имот“ и „Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита“ учествуваат со околу 13% односно 10,9% во БДП на Источниот регион. И двата сектора пораснале во однос на 2015 година, и тоа за 23,8% и 20,9% соодветно.

- Може да се забележат осцилации во однос на бруто додадената вредност во Источниот плански регион од 2015 до 2019 во сите сектори, додека во еден важен сектор може да се забележи пад во 2019 во однос на 2015 година. Тоа е секторот „Градежништво“ со значителен пад од 28,86%. Сите други сектори бележат раст, при што најголем раст има во секторот „Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности“ од 84%, а најмал во секторот „Информации и комуникации“ со 1,5%.

- Во 2019 година бруто додадената вредност на секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство“ има пораст од 4,85% во однос на 2015 година. Но неговото учество во БДВ на Источниот регион опаднала од 11,35% во 2015 година на 9,62% во 2019 година. Секторот „Земјоделство, шумарство и рибарство“ во Источниот регион учествува со 8,42% во додадената вредност на секторот на ниво на држава во 2019 година. Кај инвестициите во овој сектор може да се забележат намалување на вредноста на инвестиции во основни средства од 2015 до 2017 година и потоа раст од 2017 до 2019

година. При тоа нивото на инвестиции во 2019 година е поголемо за 3,4% во однос на 2015 година.

- Во 2019 година, уделот на градежништвото во вкупниот БДВ на регионот изнесува 5,94%, односно 7,6% во додадената вредност на секторот „Градежништво“ на ниво на држава. Иако се забележуваат осцилации во уделот на инвестициите во основни средства во овој сектор, во вкупните инвестиции на ниво на држава се намалил од 12% во 2015 година на 10,8% во 2019 година.
- Инвестициите во основни средства во Источниот регион значително варираат и растот е 9,6% во 2019 во однос на 2015 година.
- Источниот регион со учеството од 9,2% во вкупните инвестиции во основни средства и е трети регион (ранг-3) по Скопскиот и Југозападниот регион по вкупните инвестиции во основни средства на државно ниво.
- Инвестициите во градежништво учествуваат со дури 53,72% од вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Вредноста на инвестициите во овој сектор се зголемени за само 3,4% споредено со 2015 година. Друг сектор во кој најмногу е инвестирано е „Рударство, преработувачка индустрија и останато“ кој учествува со 26,8% во вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Сепак, вредноста на инвестициите во овој сектор се намалени за 23,2% споредено со 2015 година. Трет сектор во кој најмногу е инвестирано е „Трговија и останато“ кој со 1.221 милиони денари учествува 9,1% во вкупните инвестиции во основни средства во Источниот регион во 2019 година. Вредноста на инвестициите во овој сектор се намалени за 17% споредено со 2015 година. Овие три сектори учествуваат со приближно 90% во вкупните инвестиции во основни средства на ниво на Источен регион.
- Значителен раст на инвестициите во основни средства има во секторите „Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности“ и секторот „Информации и комуникации“, а помал раст се забележува во секторот „Градежништво“ и „Земјоделство“. Во сите други сектори нивото на инвестиции е намалено.
- Бројот на активни деловни субјекти во 2019 година во Источниот регион изнесува 5.799 и претставува 7,64% од вкупниот број на активни деловни субјекти во државата. Бројот на активни деловни субјекти на 1000 жители е 33,37 и според овој индикатор Источниот регион е шести во државата.
- Во 2018 година, во Источниот плански регион се регистрирани 440 нови претпријатија, а во истата година згаснати се 374 претпријатија.
- Најголем дел (81,1%) од вкупниот број на активни деловни субјекти во Источниот регион во 2019 година отпаѓа на микро деловните субјекти со 1-9 вработени. Нивниот број има тренд на раст во периодот од 2015 до 2019 година.
- Бројот на микро претпријатија пораснал за 2,5% од 4.579 во 2015 година на 4.701 во 2019 година.
- Бројот на малите претпријатијата исто така пораснал за 6,6%, од 448 во 2015 на 480 во 2019 година.
- Најголем дел од активните деловни субјекти во Источниот плански регион во 2019 година работаат во секторот „Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли“ (1.793 или 30,9% од вкупниот број претпријатија во Источниот регион),

потоа следуваат претпријатијата од „Преработувачката индустрија“ (899 или 15,5%) и претпријатијата од секторот „Транспорт и складирање“ (467 или 8,1%).

- Вкупниот број на активни деловни субјекти во 4 општини (Штип, Кочани, Делчево и Виница) сочинува 75% од вкупниот број во регионот.
- Учеството на извозот од Источниот регион во вкупниот извоз на државата во 2019 година изнесува 10,2% и е трет после Скопскиот регион (со учество 56,3%) и Вардарскиот регион (12,4%).
- Вкупната вредност на извозот од Источниот регион бележи континуирано зголемување од 2015 година кога имал најмала вредност од 460,7 до 732,9 милиони САД долари во 2019 година. Вредноста на извозот во 2019 година бележи зголемување од 59,1% во однос на вредноста на извозот во 2015 година. Ова најверојатно се должи на зголемениот извоз на претпријатијата кои делуваат во ТИРЗ, пред се зоната во Штип.
- Учеството на увозот во Источниот регион во вкупниот увоз во државата во 2019 година изнесува 6,1% што претставува намалување на учеството од 0,6% во однос на 2015 година кога изнесувал 6,7%. Најголемо учество Источниот регион постигнал во 2016 година со вредност од 6,9%.
- Учеството на извршените градежни работи во регионот во вкупно извршените градежни работи на државно ниво има варирање, но главната тенденција е зголемување. Во 2019 година регионот учествува со 12% од вкупните градежни активности во државата. Во општините Штип и Кочани се реализирани скоро 70% од вкупната вредноста на извршените градежни работи во 2019 година. Континуиран тренд на зголемување на вредноста на градежните работи се забележува во Делчево, Пробиштип и Чешиново - Облешево во разгледуваниот период.
- Во Источниот плански регион, во 2019 година бројот на изградени станови е само 134, или 0,77 на 1000 жители, со што регионот се позиционира на претпоследно (ранг-7) место во однос на останатите плански региони.
- Според видот на извршени градежни работи, од 2015 до 2019 година континуирано најголема е вредноста на изградената Транспортна инфраструктура, а потоа следат градежни работи за изградба на цевководи, водови и електрични водови.
- Сепак најмногу загрижува фактот дека вкупната вредност на извршените градежни работи според видот на објектите континуирано се намалува во разгледуваниот период, и вредноста во 2019 година изнесува само 73,8% од вредноста во 2015 година.
- Се забележува негативна тенденција кај Источниот регион во однос на бројот на издадени градежни дозволи кој се намалува во континуитет. Бројот на издадени градежни дозволи изнесува само 76% од бројот на издадени градежни дозволи во 2015 година. Според бројот на издадени градежни дозволи Источниот регион се наоѓа на шестото место во споредба со другите региони. Според проценетата вредност на издадените одобренија за градење Источниот регион се наоѓа на третото место после Скопскиот и Југоисточниот регион. Сепак вредноста на издадените одобренија за градење во Источниот регион во 2019 година изнесуваат само 79% од вредноста во 2015 година.

## 6. ПАЗАР НА РАБОТНА СИЛА

Показатели кои овозможуваат утврдување на состојбите на пазарот на трудот се стапката на активност, вработеност и невработеност[81]. Движењето на овие индикатори во периодот од 2015 до 2019 година, во Република Северна Македонија и во нејзините региони е презентирано во Табела 21.

*Табела бр. 21. Стапки на активност на населението на возраст на 15 години и повеќе по региони, 2015-2019*

| | Стапка на активност | | | | | Стапка на вработеност | | | | | Стапка на невработеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Р.С. Македонија** | **57** | **56.5** | **56.8** | **56.9** | **57.2** | **42.1** | **43.1** | **44.1** | **45.1** | **47.3** | **26.1** | **23.7** | **22.4** | **20.7** | **17.3** |
| Вардарски регион | 60.7 | 62.8 | 61.1 | 60.0 | 61.8 | 45.8 | 49.3 | 48.8 | 50.4 | 55.2 | 24.5 | 21.6 | 20.1 | 15.9 | 10.8 |
| **Источен регион** | **62.5** | **62.3** | **58.3** | **60.4** | **58.9** | **51.6** | **52.0** | **50.8** | **53.4** | **54.3** | **17.5** | **16.4** | **12.9** | **11.5** | **7.8** |
| Југозападен регион | 54.9 | 53.5 | 54.0 | 55.9 | 57.0 | 36.2 | 35.9 | 37.5 | 39.4 | 43.1 | 33.9 | 33 | 30.5 | 29.6 | 24.4 |
| Југоисточен регион | 68.4 | 66.5 | 67.8 | 67.5 | 67.6 | 56.9 | 57.1 | 59.7 | 60.2 | 63.3 | 16.7 | 14.1 | 12 | 10.9 | 6.3 |
| Пелагониски регион | 66.3 | 64.9 | 64.8 | 64.9 | 64.5 | 52.2 | 52.5 | 54.2 | 55 | 56 | 21.1 | 19 | 16.3 | 15.3 | 13.1 |
| Полошки регион | 47.1 | 47.2 | 49.5 | 50.5 | 51.9 | 33.2 | 33.7 | 35.1 | 35.8 | 37.1 | 29.6 | 26.4 | 29 | 29 | 28.5 |
| Североисточен регион | 54.0 | 55.4 | 53.1 | 52.5 | 55.2 | 30.6 | 32 | 34.1 | 33.7 | 37 | 43.2 | 42.2 | 35.7 | 35.9 | 33 |
| Скопски регион | 54.4 | 53.5 | 55.1 | 54.2 | 53.5 | 40.4 | 41.6 | 42.7 | 43.7 | 45.6 | 25.7 | 22.3 | 22.5 | 19.3 | 14.7 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во Источниот плански регион во периодот 2015 - 2019 година, стапката на активност и стапката на вработеност се поголеми од националниот просек, додека стапката на невработеноста е пониска.

Највисоката стапка на активно население односно најголем број на работоспособно население, во 2019 година, има Југоисточниот плански регион и изнесува 67,6%. Стапката на активност во Источниот регион има вредност од 58,9% во 2019 година и според овој показател регионот е четврти (ранг-4) после Југоисточниот, Пелагонискиот и Вардарскиот регион Вредноста на стапката на активност во Источниот регион е во границите од 58,3% до 62,5% во периодот 2015 - 2019 година.

Највисока стапка на вработеност помеѓу регионите во Републиката има повторно Југоисточниот плански регион, кој во 2019 година изнесува 63,3%, и е далеку над националниот просек кој изнесува 47,3%. Стапката на вработеност во Источниот регион има вредност од 54,3% во 2019 година и според овој показател регионот е повторно четврти (ранг-4) после Југоисточниот, Пелагонискиот и Вардарскиот регион. Вредноста на стапката на вработеност во Источниот регион е во границите од 50,8% до 54,3% во периодот 2015 - 2019 година.

[81] Стапката на активност е пресметана како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 до 79 години, додека стапката на вработеност односно стапката на невработеност се пресметани како учество на бројот на вработените/невработените во работоспособното население. (Регионите во Република Северна Македонија 2020, Државен завод за статистика, стр. 123).

Стапката на невработеноста односно учеството на невработените во вкупното активно население е најниска во Југоисточниот плански регион во текот на целиот анализиран период. Во 2019 година таа изнесува 6,3%, и е далеку под стапките на невработеност во другите региони, и далеку под националниот просек кој изнесува 17,3%. Стапката на вработеност во Источниот регион има вредност од 7,8% во 2019 година и според овој показател регионот е втор (ранг-2) после Југоисточниот регион. Вредноста на стапката на невработеност континуирано се намалува од 17,5% во 2015 година на 7,8% во 2019 година. Единствено Југоисточниот и Источниот регион имаат едноцифрени стапки на невработеност.

Од горенаведеното може да се заклучи дека Источниот регион има добра позиција во однос на другите региони во државата во однос на споменатите показатели.

Источниот плански регион е четврти во државата во однос на нивото на стапката на активност и вработеност, а втор според стапката на невработеност.

*Табела бр. 22. Просечно исплатена бруто и нето плата по вработен во Република Северна Македонија, по сектори според НКД 2 класификацијата, 2015 - 2019*

| Сектори | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата |
| А[82] | 22.983 | 15.821 | 24.520 | 16.873 | 25.551 | 17.547 | 27.785 | 19.015 | 30.538 | 20.066 |
| Б[83] | 38.064 | 25.761 | 38.824 | 26. 232 | 42.673 | 28.994 | 50.314 | 34.394 | 53.646 | 34. 507 |
| В[84] | 24.237 | 16.594 | 24.906 | 17.096 | 26.439 | 18.112 | 29.351 | 20.073 | 34.718 | 21.146 |
| Г[85] | 54.978 | 36.856 | 55.529 | 37.225 | 55.553 | 37.239 | 56.982 | 38.194 | 59.845 | 38.890 |
| Д[86] | 28.465 | 19.421 | 29.160 | 19.854 | 29.579 | 20.116 | 30.476 | 20.768 | 32.759 | 21.335 |
| Ѓ[87] | 28.173 | 19.306 | 31.070 | 21.205 | 30.439 | 20.795 | 32.256 | 22.008 | 37.582 | 23.393 |
| Е[88] | 29.150 | 20.024 | 29.609 | 20.313 | 30.966 | 21.273 | 32.918 | 22.706 | 36.778 | 22.997 |
| Ж[89] | 32.947 | 22.296 | 33.849 | 22.907 | 35.271 | 23.912 | 34.066 | 23.204 | 39.476 | 25.204 |
| З[90] | 21.963 | 15.096 | 22.479 | 15.423 | 23.435 | 16.070 | 25.830 | 17.775 | 29.480 | 18.317 |
| S[91] | 51.943 | 35.241 | 53.750 | 36.489 | 56.520 | 38.398 | 65.040 | 44.085 | 74.635 | 44.980 |
| И[92] | 59.130 | 35.241 | 58.933 | 39.701 | 59.988 | 40.350 | 61.489 | 41.409 | 65.102 | 42.205 |
| Ј[93] | 36.281 | 24.540 | 35.395 | 23.969 | 35.788 | 24.213 | 39.033 | 26.399 | 40.054 | 26.207 |
| К[94] | 42.259 | 29.102 | 41.866 | 28.891 | 42.574 | 29.235 | 41.833 | 28.495 | 48.929 | 29.221 |
| Л[95] | 22.241 | 15.330 | 23.966 | 16.535 | 24.296 | 16.732 | 26.018 | 17.907 | 29.703 | 18.963 |
| Љ[96] | 38.389 | 25.942 | 39.633 | 26.734 | 40.253 | 27.115 | 41.312 | 27.898 | 44.088 | 28.783 |
| М[97] | 32.730 | 22.180 | 32.770 | 22.190 | 32.917 | 22.308 | 34.570 | 23.447 | 37.995 | 24.589 |
| Н[98] | 36.102 | 24.586 | 36.129 | 24.571 | 36.763 | 25.008 | 39.440 | 26.885 | 44.624 | 29.415 |
| Њ[99] | 30.401 | 21.173 | 30.508 | 21.096 | 31.518 | 21.897 | 32.456 | 22.571 | 35.920 | 22.228 |
| О[100] | 38.466 | 26.129 | 38.658 | 26 128 | 40.241 | 27.227 | 42.078 | 28.399 | 46.754 | 29.007 |
| **Вкупно** | **32.173** | **21.906** | **32.822** | **22 342** | **33.688** | **22.928** | **35.625** | **24.276** | **39.932** | **25.213** |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

[82] А - Земјоделство, шумарство и рибарство
[83] Б - Рударство и вадење на камен
[84] В - Преработувачка индустрија
[85] Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
[86] Д - Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпадни дејности за санација на околината
[87] Ѓ - Градежништво
[88] Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли
[89] Ж - Транспорт и складирање
[90] З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
[91] S - Информации и комуникации
[92] И - Финансиски дејност и дејности на осигурување
[93] Ј - Дејности во врска со недвижен имот
[94] К - Стручни, научни и технички дејности
[95] Л - Административни и помошни услужни дејности
[96] Љ - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување
[97] М - Образование
[98] Н - Дејности на здравствена и социјална заштита
[99] Њ - Уметност, забава и рекреација
[100] О - Други услужни дејности

Сепак висината на исплатените плати не е во согласност со овие вредности. Просечно исплатена нето-плата по вработен во Источниот плански регион во 2019 година изнесува 20.617 денари, и е за околу 18,2% пониска од просечна исплатена нето - плата на државно ниво. Според исплатената бруто плата во 2018 година Источниот регион е рангиран како шести во однос на другите региони. Висината на просечната исплатена бруто и нето плата по вработен според секторот на дејноста во државата и во Источниот плански регион во 2019 година се прикажани во продолжение.

*Табела бр. 23. Просечно исплатена бруто и нето плата во Источниот регион, по сектори според НКД 2 класификацијата, 2015 – 2019*

| Сектори | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата | Просечно исплатена бруто плата | Просечно исплатена нето плата |
| А | 21.297 | 14.643 | 23.229 | 16.130 | 24.714 | 16.981 | 27.592 | 18.949 | 29.322 | 19.960 |
| Б | 43.483 | 29.162 | 44.291 | 29.715 | 47.741 | 32.091 | 50.231 | 33.747 | 54.503 | 36.409 |
| В | 19.281 | 13.244 | 20.222 | 13.954 | 22.202 | 15.294 | 24.608 | 16.903 | 26.378 | 17.966 |
| Г | - | - | - | - | - | - | - | - | 48.554 | 33.154 |
| Д | 24.545 | 16.832 | 25.077 | 17.151 | 25.555 | 17.459 | 26896 | 18.416 | 28.186 | 19.182 |
| Ѓ | 25.259 | 17.388 | 24.908 | 16.922 | 25.372 | 17.211 | 28.901 | 19.714 | 32.049 | 21.689 |
| Е | 20.918 | 14.398 | 21.214 | 14.591 | 22.467 | 15.444 | 26.134 | 17.927 | 28.684 | 19.515 |
| Ж | 23.426 | 16.119 | 24.378 | 16.711 | 24.847 | 16.980 | 25.844 | 17.732 | 28.271 | 19.208 |
| З | 19.322 | 13.320 | 21.408 | 14.678 | 21.672 | 14.867 | 23.142 | 15.931 | 26.712 | 18.197 |
| S | 31.587 | 21.478 | 33.010 | 22.396 | 34.271 | 23.252 | 34.087 | 23.135 | 36.759 | 24.774 |
| И | 44.941 | 30.251 | 46.156 | 31.086 | 46.093 | 31.011 | 47.337 | 31.861 | 47.728 | 31.761 |
| Ј | 38.950 | 26.331 | 26.067 | 17.855 | 26.647 | 18.254 | 38.352 | 25.920 | 39.493 | 26.526 |
| К | 29.543 | 20.168 | 30.343 | 20.706 | 30.736 | 21.013 | 28.495 | 19.524 | 30.998 | 21.066 |
| Л | 28.275 | 19.331 | 20.419 | 14.013 | 20.578 | 14.176 | 22.182 | 15.292 | 21.866 | 15.027 |
| Љ | 35.573 | 24.007 | 35.353 | 23.825 | 36.189 | 24.366 | 36.636 | 24.841 | 37.839 | 25.508 |
| М | 32.642 | 22.124 | 32.865 | 22.281 | 33.291 | 22.560 | 35.169 | 23.836 | 37.144 | 25.014 |
| Н | 30.758 | 20 626 | 31.099 | 20.814 | 31.953 | 21.393 | 35.117 | 23.817 | 39.058 | 26.273 |
| Њ | 27.875 | 9.040 | 27.896 | 19.091 | 28.101 | 19.182 | 28.565 | 19.514 | 33.278 | 22.506 |
| О | 23.829 | 16.333 | 25.945 | 17.737 | 28.304 | 19.298 | 28.578 | 19.511 | 31.321 | 21.214 |
| **Вкупно** | **23.848** | **16.278** | **24.423** | **16.701** | **25.843** | **17.653** | **28.432** | **19 426** | **30.407** | **20.617** |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Од табеларните прикази се забележува дека во Источниот плански регион просечната исплатена нето плата во 2019 година е зголемена во однос на 2015 година за 26,6%, додека зголемувањето на просечната нето плата на државно ниво изнесува 15,1%.

Највисока исплатена просечна бруто и нето плата во Источниот плански регион во 2019 година е во носечкиот сектор „Рударство и вадење на камен“ со 54.503 и 36.409 денари соодветно, а веднаш зад овој сектор се платите во секторот „Финансиски дејност и дејности на осигурување“ со бруто 47.728 и нето плата од 31.761 денари. Најниски нето плати во Источниот регион се исплатени во секторот „Административни и помошни услужни дејности“ (21.866 односно 15.027 денари).

# 7. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ОБРАЗОВАНИЕ

## 7.1 Социјална заштита

Во споредбената анализа се прикажани и показатели за следење на активност на населението во регионите утврдени преку стапката на активност, вработеност и невработеност. Стапката на активност е пресметана како учество на работната сила во работоспособното население на возраст од 15 до 79 години, додека стапката на вработеност односно стапката на невработеност се пресметани како учество на бројот на вработените/невработените од работоспособното население. Стапката на активност во Источниот регион во 2019 година изнесува 58,9% и според вредноста е четврти (ранг-4) после Југоисточниот, Пелагонискиот и Вардарскиот регион, и има поголема вредност од просекот на државно ниво (57,2). Според стапката на вработеност од 54,3% Источниот регион е повторно четврти (ранг-4) после Југоисточниот, Пелагонискиот и Вардарскиот регион и над националниот просек (47,3%), додека според стапката на невработеност од 7,8% е втори (ранг-2) после Југоисточниот регион и значително помал од националниот просек кој изнесува 17,3%. Исплатената бруто и нето плата не се меѓу повисоките во земјата (шести по ранг, а повисока плата имаат Скопскиот, Полошкиот, Пелагонискиот Југозападниот и Вардарскиот регион).

*Табела бр. 24а. Споредбена анализа на општи индикатори од социјалната сфера и пазарот на труд во Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, 2019*

| Индикатори | РСМ | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на активност, 2019 | 57,2 | 58,9 | 61,8 | 57,0 | 67,6 | 64,5 | 51,9 | 55,2 | 53,5 |
| Стапка на вработеност, 2019 | 47,3 | 54,3 | 55,2 | 43,1 | 63,3 | 56,0 | 37,1 | 37,0 | 45,6 |
| Стапка на невработеност, 2019 | 17,3 | 7,8 | 10,8 | 24,4 | 6,3 | 13,1 | 28,5 | 33,0 | 14,7 |
| Просечно исплатена бруто-плата по вработен, 2019 | 39.932 | 30.407 | 31.078 | 33.009 | 30.029 | 35.117 | 34.850 | 29.131 | 43.036 |
| Просечно исплатена нето-плата по вработен, 2019 | 25.213 | 20.617 | 21.052 | 22.298 | 20.358 | 23.675 | 23.528 | 19.761 | 28.872 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза и Регионите во Република Северна Македонија, 2019 и 2020*

Доколку се направи споредба на состојбата во 2019 година со претходниот период, поточно со 2015 година (Табела бр. 24б), може да се забележи дека стапката на активност се намалила од 62,5% на 58,9%, додека стапката на вработеност се зголемила од 51,6% на 54,3%, а големо намалување има кај стапката на невработеност од 17,5% на 7,8%.

*Табела бр. 24б. Споредбена анализа на општи индикатори од социјалната сфера и пазарот на труд во Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, 2015*

| Индикатори | РСМ | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на активност, 2015 | 57,0 | 62,5 | 60,7 | 54,9 | 68,4 | 66,3 | 47,1 | 54,0 | 54,4 |
| Стапка на вработеност, 2015 | 42,1 | 51,6 | 45,8 | 36,2 | 56,9 | 52,2 | 33,2 | 30,6 | 40,4 |
| Стапка на невработеност, 2015 | 26,1 | 17,5 | 45,8 | 33,9 | 16,7 | 21,1 | 29,6 | 43,2 | 25,7 |
| Просечно исплатена бруто-плата по вработен, 2015 | 32.173 | 23.848 | 25.457 | 28.930 | 24.829 | 29.794 | 30.276 | 24.665 | 38.003 |
| Просечно исплатена нето-плата по вработен, 2015 | 21.906 | 16.278 | 17.402 | 19.670 | 16.946 | 20.222 | 20.620 | 16.848 | 25.861 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза и Регионите во Република Северна Македонија, 2018*

*Табела бр. 25. Податоци за Источен плански регион во однос на пазарот на труд – број на работоспособно население, активност на населението, вработеност и невработеност, 2015 - 2019*

| Индикатор | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Работоспособно население | 147.425 | 147.024 | 146.503 | 146.164 | 145.744 |
| Стапка на активност | 62.5 | 62.3 | 58.3 | 60.4 | 58.9 |
| Стапка на вработеност | 51.6 | 52.0 | 50.8 | 53.4 | 54.3 |
| Стапка на невработеност | 17.5 | 16.4 | 12.9 | 11.5 | 7.8 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза и Регионите во Република Северна Македонија, 2018 и 2019*

Во разгледуваниот период 2015 - 2019 бројот на работоспособно население има негативен тренд и постепено се намалува. Бројот на работоспособно население во Источниот регион во 2019 се намалил за 1,2% во однос на 2015 година. Исто така стапката на активност континуирано се намалува. Стапка на активност бележи континуиран пораст, додека стапката на невработеност континуирано се намалува.

*Табела бр. 26. Споредбени податоци за стапката на активност на населението на возраст на 15 години и повеќе во Источниот плански регион со останатите региони и националниот просек, 2015-2019*

| | Стапка на активност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Република Северна Македонија | 57 | 56,5 | 56,8 | 56,9 | 57,2 |
| Источен регион | 62,5 | 62,3 | 58,3 | 60,4 | 58,9 |
| Вардарски регион | 60,7 | 62,8 | 61,1 | 60 | 61,8 |
| Југозападен регион | 54,9 | 53,5 | 54 | 55,9 | 57 |
| Југоисточен регион | 68,4 | 66,5 | 67,8 | 67,5 | 67,6 |
| Пелагониски регион | 66,3 | 64,9 | 64,8 | 64,9 | 64,5 |
| Полошки регион | 47,1 | 47,2 | 49,5 | 50,5 | 51,9 |
| Североисточен регион | 54 | 55,4 | 53,1 | 52,5 | 55,2 |
| Скопски регион | 54,4 | 53,5 | 55,1 | 54,2 | 53,5 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 27. Споредбени податоци за стапката на вработеност на населението на возраст на 15 години и повеќе во Источниот плански региони со останатите регион и националниот просек, 2015-2019*

| | Стапка на вработеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Република Северна Македонија | 42,1 | 43,1 | 44,1 | 45,1 | 47,3 |
| Источен регион | 51,6 | 52 | 50,8 | 53,4 | 54,3 |
| Вардарски регион | 45,8 | 49,3 | 48,8 | 50,4 | 55,2 |
| Југозападен регион | 36,2 | 35,9 | 37,5 | 39,4 | 43,1 |
| Југоисточен регион | 56,9 | 57,1 | 59,7 | 60,2 | 63,3 |
| Пелагониски регион | 52,2 | 52,5 | 54,2 | 55 | 56 |
| Полошки регион | 33,2 | 34,7 | 35,1 | 35,8 | 37,1 |
| Североисточен регион | 30,6 | 32 | 34,1 | 33,7 | 37 |
| Скопски регион | 40,4 | 41,6 | 42,7 | 43,7 | 45,6 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 28. Споредбени податоци за стапката на невработеност на населението на возраст на 15 години и повеќе во Источниот плански регион со останатите региони и националниот просек, 2015-2019*

| | Стапка на невработеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Република Северна Македонија | 26,1 | 23,7 | 22,4 | 20,7 | 17,3 |
| Источен регион | 17,5 | 16,4 | 12,9 | 11,5 | 7,8 |
| Вардарски регион | 24,5 | 21,6 | 20,1 | 15,9 | 10,8 |
| Југозападен регион | 33,9 | 33 | 30,5 | 29,6 | 24,4 |
| Југоисточен регион | 16,7 | 14,1 | 12 | 10,9 | 6,3 |
| Пелагониски регион | 21,1 | 19 | 16,3 | 15,3 | 13,1 |
| Полошки регион | 29,6 | 26,4 | 29 | 29 | 28,5 |
| Североисточен регион | 43,2 | 42,2 | 35,7 | 35,9 | 33 |
| Скопски регион | 25,7 | 22,3 | 22,5 | 19,3 | 14,7 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Според податоците од Државниот завод за статистика, во делот на социјална заштита, во 2018 година како и во 2017 година, најголем број домаќинства-корисници на социјална парична помош на возраст од 18+ (на 000 население) е забележан во Североисточниот регион (30,1 и 32,3 на 1000 население соодветно), а најмал во Источниот Регион (9.3 и 11,1 на 1000 население).

*Табела бр. 29а. Споредбени податоци на домаќинства-корисници на социјална парична помош на возраст од 18+ (на 000 население) во Источниот регион со останатите региони и на национално ниво, 2015-2018*[101]

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 17,0 | 17,6 | 15,8 | 14,1 |
| Источен регион | 14,1 | 14,7 | 11,1 | 9,3 |
| Вардарски регион | 20,2 | 19,5 | 14,6 | 12,3 |
| Југозападен регион | 36,6 | 36,1 | 13,6 | 12,0 |
| Југоисточен регион | 16,0 | 15,7 | 12,0 | 13,2 |
| Пелагониски регион | 10,0 | 12,7 | 18,5 | 16,5 |
| Полошки регион | 10,7 | 11,6 | 19,6 | 15,7 |
| Североисточен регион | 24,8 | 24,6 | 32,3 | 30,1 |
| Скопски регион | 13,3 | 12,3 | 11,6 | 10,8 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во 2016 година, најголем број на корисници на социјална парична помош на возраст од 18 години и повеќе е забележан во Југозападниот регион (36.1 на 1000 население), а најмал во Полошки регион (11.6 на 1000 население). Во 2015 година, најголем број на корисници на социјална парична помош на возраст од 18 години и повеќе е забележан во Југозападниот регион (36.6 на 000 население), а најмал во Пелагонискиот регион (10.0 на 000 население).

Според податоците во табелите, може да се забележи дека во Источниот плански регион бројот на корисници на социјална парична помош по различни основи се намалува. Во однос на домаќинства-корисници на социјална парична помош на возраст од 18+ (на 000 население), може да се забележи дека има намалување на корисници од 14,1% во 2015 на 9,3% во 2018 година. По основ на додаток за деца до 18-годишна возраст намалувањето е од 4,1% во 2015 година до 2,9% во 2018 година. По основ на посебен додаток за деца до 26-годишна возраст намалувањето е од 1,3 во 2015 година на 1,2 во 2018 година.

*Табела бр. 29б. Споредбени податоци на корисници на додаток за деца, до 18-годишна возраст (%) во Источниот регион со останатите региони и на национално ниво, 2015-2018*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 3,3 | 2,9 | 2,6 | 2,1 |
| Источен регион | 4,1 | 3,7 | 4,3 | 2,9 |
| Вардарски регион | 5,7 | 5,3 | 3,0 | 2,2 |
| Југозападен регион | 3,7 | 2,9 | 4,0 | 2,7 |
| Југоисточен регион | 4,6 | 4,7 | 1,5 | 1,2 |
| Пелагониски регион | 1,9 | 1,6 | 5,0 | 4,4 |
| Полошки регион | 2,5 | 1,8 | 1,8 | 1,2 |
| Североисточен регион | 2,2 | 2,1 | 2,7 | 2,0 |
| Скопски регион | 6,4 | 5,2 | 1,6 | 1,7 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

[101] За споредба на податоците во овој дел за социјалната заштита како базна година е користена 2015 во споредба со 2018, бидејќи податоците за 2019 година не се објавени.

*Табела бр. 29в. Споредбени податоци на корисници на посебен додаток, до 26-годишна возраст (%) во Источниот регион со останатите региони и на национално ниво, 2015-2018*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 1,0 | 1,0 | 1,1 | 1,1 |
| Источен регион | 1,3 | 1,3 | 1,2 | 1,2 |
| Вардарски регион | 1,4 | 1,4 | 1,4 | 1,3 |
| Југозападен регион | 1,0 | 1,0 | 1,0 | 1,1 |
| Југоисточен регион | 1,0 | 1,0 | 1,0 | 1,0 |
| Пелагониски регион | 1,1 | 1,1 | 1,5 | 1,6 |
| Полошки регион | 1,0 | 1,0 | 0,8 | 0,8 |
| Североисточен регион | 0,7 | 0,7 | 1,1 | 1,1 |
| Скопски регион | 1,2 | 1,2 | 1,1 | 1,1 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Трендот на зголемување на деца згрижени во установи за згрижување и воспитување во Источниот плански регион е во постојан пораст во сите анализирани години (2015 – 2018 година). Зголемувањето е од скоро 13% во анализираниот период и истото е поголемо во однос на зголемувањето на национално ниво (6,8%). Опфатот во Источниот регион се зголемил од 29,1% во 2015 година на 42,1% во 2018 година. Според овој индикатор, Источниот регион веќе во 2017 година го надминува и Скопскиот регион и во 2017 и 2018 година е прв регион (ранг-1) во однос на останатите региони за опфат на деца на возраст од 0 – 5 години во детски градинки/центри за ран детски развој. Опфатот на деца во Источниот регион е во континуитет над националниот опфат во анализираниот период. Овој статистички податок може да се поврзе со генералниот заклучок за зголемена стапка на вработеност и намалената стапка на невработеност што повлекува потреба од згрижување на децата во детските градинки. Исто така опфатот на деца треба да се поврзе и со потребата да им се овозможи на жените, и посебно на оние во руралните средини поголемо вклучување на пазарот на труд.

*Табела бр. 30а. Споредбени податоци на деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки/центри за ран детски развој (%) во Источниот регион со останатите региони и национално ниво, 2015-2018*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 19,5 | 23,6 | 23,1 | 26,3 |
| Источен | 29,1 | 32,4 | 34,5 | 42,1 |
| Вардарски | 15,0 | 20,7 | 32,3 | 36,0 |
| Југозападен | 12,9 | 17,8 | 13,7 | 18,1 |
| Југоисточен | 10,5 | 12,4 | 25,6 | 28,0 |
| Пелагониски | 27,6 | 32,3 | 19,0 | 22,3 |
| Полошки | 18,1 | 21,6 | 7,3 | 9,1 |
| Североисточен | 5,7 | 7,7 | 18,0 | 19,8 |
| Скопски | 29,0 | 33,9 | 30,1 | 33,1 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија,2018, 2019 и 2020*

Во периодот 2015 – 2017 година евидентен е трендот на зголемување на бројот на вработени во установи за згрижување и воспитување во Источниот плански регион. Според овој индикатор, Источниот регион е втор (ранг-2) после Скопскиот регион и бројот на

вработени во установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки изнесува 11,8% од вкупниот број на вработени на државно ниво. Бројот на вработени во овие установи во Источниот регион во 2017 година е идентичен со оној во 2015 година (556).

*Табела бр. 30б. Споредбени податоци на вработени во установи за згрижување и воспитување во Источен регион со останатите региони и национално ниво, 2015-2017*[102]

| | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 4.468 | 4.655 | 4.711 |
| **Источен** | 556 | 572 | 556 |
| **Вардарски** | 408 | 412 | 416 |
| **Југозападен** | 278 | 273 | 299 |
| **Југоисточен** | 367 | 391 | 397 |
| **Пелагониски** | 396 | 416 | 418 |
| **Полошки** | 211 | 233 | 240 |
| **Североисточен** | 249 | 258 | 268 |
| **Скопски** | 2.003 | 2.100 | 2.117 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во однос на установи за згрижување стари лица во Источниот плански регион, според достапните податоци од Државниот завод за статистика, евидентиран е број на корисници во јавна установа – дом за возрасни лица и тоа во 2016 година, и во годините претходно нема евидентирани корисници во јавна или приватна установа.

Ако се земе во предвид фактот дека Источниот плански регион „старее“, тогаш постоечките капацитети воопшто не ги задоволуваат потребите. Во регионот постои само една јавна институција со мал капацитет од 29 лица во Берово.

[102] Последни податоци достапни за 2017 година

## 7.2 Образование

Состојбите во образованието во Источниот регион се разгледуваат посебно за основното, средното и високото образование. Индикатори кои се разгледуваат се број на основни и средни училишта, наставници во основни и средни училишта, број на ученици по училиште, ученици во основно и средно образование по наставник, број на запишани ученици во основно и средно образование, и број на дипломирани студенти на 1000 жители.

*Табела бр. 32. Споредбена анализа на индикатори во сферата на основното образование на Источниот плански регион со другите региони (состојба на почеток на учебната 2019/20)*

| Индикатори | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на основни училишта | 89 | 79 | 125 | 117 | 175 | 147 | 90 | 159 |
| Наставници во основно образование | 1.467 | 1.221 | 2.137 | 1.683 | 2.089 | 3.117 | 1.651 | 4.856 |
| Запишани ученици во основно образование | 12.827 | 12.961 | 17.447 | 13.830 | 19.738 | 28.624 | 15.710 | 66.103 |
| Број на ученици по училиште | 144 | 164 | 140 | 118 | 113 | 195 | 174 | 416 |
| Ученици во основно образование по наставник | 9 | 11 | 8 | 8 | 9 | 9 | 9 | 14 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Бројот на основни училишта во учебната 2019/20 година во Источниот регион е 89 и претставува 9,1% од вкупниот број основни училишта во Република Северна Македонија и е претпоследен (7) во однос на другите региони. Само Вардарскиот регион има помалку основни училишта. Учеството на бројот на запишани ученици е доста низок како процент (6,85%), што е секако одраз на намалувањето на наталитетот и населението. Бројот на наставници изнесува 8% од вкупниот број на наставници во државата. Бројот на ученици по наставник е 9 и е во третата група на региони заедно со Југоисточен, Полошки и Североисточен во однос на другите региони, што значително може да влијае врз квалитетот на наставата. Бројот на ученици во основните училишта по училиште е релативно висок, и според овој индикатор Источниот регион се наоѓа на петтото место (ранг-5). Овие податоци само укажуваат на неповолниот тренд кој во подолг временски период би претставувал сериозен проблем во однос на староста на населението во регионот и неможноста за проста репродукција.

Ваквиот тренд може да предизвика дополнителни проблеми бидејќи се зголемува бројот на работоспособно население (15 – 65 години) што претставува дополнително оптоварување за реалниот сектор за создавање нови работни места. Како што веќе е споменато, се зголемува и бројот на старото население (над 65 години) што ќе создаде ситуација за дополнителна потреба од сместување и грижа на старите лица (квантитет на сместувачки капацитети и дополнителни услуги). Ова бара адаптирање на секторот образование на овие трендови, а исто така ако трендот продолжи ќе треба да се направи анализа за бројот на училишта и нивно евентуално намалување.

*Табела бр. 33. Анализа на индикатори во сферата на основното образование во Источниот плански регион (на почетокот на учебната 2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/19 година и 2019/20 година)*

| Индикатор | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на основни училишта | 92 | 92 | 91 | 91 | 89 |
| Наставници во основно образование (%) | 8,5 | 8,1 | 7,8 | 7,9 | 8,0 |
| Запишани ученици во основно образование (%) | 7,2 | 7,1 | 6,9 | 6,9 | 6,9 |
| Број на ученици по училиште | 146 | 148 | 145 | 144 | 144 |
| Ученици во основно образование по наставник | 9 | 9 | 9 | 9 | 9 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2020*

*Забелешка: Во податоците за запишани ученици во учебната 2016/2017 година, за првпат се вклучени и податоци за приватните основни училишта во Република Северна Македонија.*

Сите индикатори, освен индикаторот „Ученици во основно образование по наставник“ кој е константен, се намалиле во разгледуваниот период 2015/16 - 2019/20. Бројот на основни училишта се намалил од 92 на 89, процентот на наставници во основно образование се намалил од 8,5% на 8,0%, а исто така е намален и процентот на запишани ученици во основно образование од 7,2% на 6,5%. Бројот на ученици по училиште е прилично константен со мало намалување, бидејќи се намалил бројот на училишта, но и бројот на ученици. Овој тренд од една страна создава слика на соодветни услови на учениците и наставниците, меѓутоа во основа го одразува намалувањето на бројот на население и на младата популација во регионот.

*Табела бр. 34. Споредбена анализа на индикатори во сферата на средното образование на Источниот плански регион со другите региони на почеток на учебната 2019/20*

| Индикатори | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на средни училишта | 14 | 11 | 14 | 8 | 20 | 18 | 9 | 35 |
| Наставници во средно образование | 700 | 472 | 781 | 448 | 852 | 1.299 | 587 | 2.206 |
| Запишани ученици во средно образование | 5.283 | 4.340 | 6.573 | 4.484 | 7.830 | 10.687 | 6.291 | 24.492 |
| Број на ученици по училиште | 377 | 394 | 469 | 560 | 391 | 594 | 699 | 700 |
| Ученици во средно образование по наставник | 7 | 9 | 8 | 10 | 9 | 8 | 11 | 11 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Бројот на средни училишта во 2020 година во Источниот плански регион е 14 и претставува 10,9% од вкупниот број средни училишта во земјата и е на четврто место (ранг-4) заедно со Југозападниот регион. Бројот на наставници е 700 и според овој индикатор регионот е петти (ранг-5) со учество од 9,5% во вкупниот број на наставници во земјата. Бројот на запишани ученици е доста низок како процент (7,5%). Според број на ученици по училиште, регионот е последен (ранг-8) со 377 ученици по училиште. Бројот на ученици по наставник е 7 и според овој индикатор за квалитет на наставата, регионот е последен од сите региони. Сепак на

крајот, податоците во табелата го одразува трендот на намалување на бројот на население во Источниот регион, а со тоа и бројот на запишани ученици во средно образование.

*Табела бр. 35. Споредбена анализа на индикатори во сферата на средното образование во Источен плански регион со другите региони за учебната 2019/20*

| Индикатори | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на средни училишта (%) | 10,9% | 8,5% | 10,9% | 6,2% | 15,5% | 14,0% | 7,0% | 27,1% |
| Наставници во средно образование (%) | 9,5% | 6,4% | 10,6% | 6,1% | 11,6% | 17,7% | 8,0% | 30,0% |
| Запишани ученици во средно образование (%) | 7,5% | 6,2% | 9,4% | 6,4% | 11,2% | 15,3% | 9,0% | 35,0% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 36. Анализа на индикатори во сферата на средното образование во Источниот плански регион (учебна 2015/16 – 2019/20)*

| Индикатор | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на средни училишта | 13 | 14 | 14 | 14 | 14 |
| Наставници во средно образование (%) | 9,1 | 9,2 | 9,4 | 8,9 | 9,5 |
| Запишани ученици во средно образование (%) | 7,7 | 7,8 | 7,9 | 7,6 | 7,5 |
| Завршени ученици во средно образование (%) | 7,7 | 7,9 | 8,0 | 7,6 | - |
| Ученици во средно образование по наставник | 9 | 9 | 8 | 8 | 7 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 37а. Вкупен број запишани ученици во основно и средното образование во Источен плански регион (учебна 2015/16 – 2019/20)*

| Индикатор | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на запишани ученици во основно образование | 13.449 | 13.644 | 13.227 | 13.059 | 12.827 |
| Број на запишани ученици во средно образование | 6.197 | 5.939 | 5.653 | 5.462 | 5.283 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во однос на запишаните ученици во основно и средно образование Источниот регион го следи трендот на континуирано намалување на бројот на запишани ученици. Бројот на ученици што се запишале во основно училиште во учебната 2019/20 година е намален за 4,6% во однос на учебната 2015/16 година. Бројот на ученици што се запишале во средното училиште во учебната 2019/20 година е намален за значителни 14,7% во однос на учебната 2015/16 година.

Ваквиот тренд, според статистичките податоци е констатиран на ниво на цела држава, со исклучок на бројот на ученици во основното образование освен во Полошкиот (учебна 2016/17 и 2017/18 учебна година) и Скопскиот (континуирано зголемување во сите години). Како резултат бројот на ученици во основното образование на државно ниво се зголемил во 2019/20 година за 0,7% во однос на учебната 2015/16.

*Табела бр. 37б. Вкупен број запишани ученици во основно образование во Источен плански регион (учебна 2015/16 – 2019/20)*

| | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **МК** | **185 992** | **192 715** | **192 448** | **188 102** | **187 240** |
| Вардарски регион | 13 046 | 13 378 | 13 206 | 13 109 | 12 961 |
| Источен регион | 13 449 | 13 644 | 13 227 | 13 059 | 12 827 |
| Југозападен регион | 18 279 | 18 491 | 18 384 | 17 860 | 17 447 |
| Југоисточен регион | 13 793 | 14 432 | 14 152 | 13 937 | 13 830 |
| Пелагониски регион | 19 674 | 19 871 | 19 946 | 19 913 | 19 738 |
| Полошки регион | 29 632 | 31 831 | 32 097 | 28 982 | 28 624 |
| Североисточен | 16 536 | 16 409 | 16 134 | 15 860 | 15 710 |
| Скопски регион | 61 583 | 64 659 | 65 302 | 65 382 | 66 103 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 37в. Вкупен број запишани ученици во средното образование во Источен плански регион (учебна 2014/15 – 2019/20)*

| | 2015/2016 | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| **МК** | **80 295** | **76 394** | **71 458** | **71 650** | **69 980** |
| Вардарски регион | 5 350 | 4 856 | 4 684 | 4 483 | 4 340 |
| Источен регион | 6 197 | 5 939 | 5 653 | 5 462 | 5 283 |
| Југозападен регион | 7 785 | 7 035 | 6 621 | 6 789 | 6 573 |
| Југоисточен регион | 5 880 | 5 042 | 4 820 | 4 703 | 4 484 |
| Пелагониски регион | 8 756 | 8 112 | 8 052 | 7 933 | 7 830 |
| Полошки регион | 12 729 | 10 841 | 11 032 | 11 110 | 10 687 |
| Североисточен | 7 196 | 7 913 | 6 336 | 6 517 | 6 291 |
| Скопски регион | 26 402 | 26 656 | 24 260 | 24 653 | 24 492 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Тренд на намалување на бројот на ученици во средното образование има во сите региони без исклучок. Како резултат бројот на ученици во средното образование на државно ниво се намалил во 2019/20 година за 12,9% во однос на учебната 2015/16.

*Табела бр. 38а. Споредбена анализа на индикатори во сферата на високото образование на Источниот плански регион со другите региони за студентска година од 2019/20*

| Индикатори | Источен | Вардарски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на дипломирани студенти (На национално ниво 7.433) | 519 | 508 | 804 | 359 | 959 | 1.080 | 602 | 2.602 |
| Број на дипломирани студенти (%) | 6,9% | 6,8% | 10,8% | 4,8% | 12,9% | 14,5% | 8,0% | 35,0% |
| Број на дипломирани студенти на 000 население | 2,9 | 3,3 | 3,6 | 2,0 | 4,2 | 3,3 | 3,4 | 4,1 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 38б. Анализа на индикатори во сферата на високото образование на Источниот плански регион (учебна 2015/16 – 2019/20)*

| Индикатор | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на дипломирани студенти | 701 | 579 | 665 | 553 | 519 |
| Број на дипломирани студенти на 000 население | 4,0 | 3,3 | 3,8 | 3,2 | 2,9 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2019 и 2020*
*Забелешка: Бројот и процентот на дипломирани студенти е според местото на живеење.*

Според бројот на дипломирани студенти во учебната 2019/20 година, Источниот регион се наоѓа на седмото место (ранг-7) во споредба со другите региони. Бројот на дипломирани студенти изнесува 6,9% од вкупниот број на дипломирани студенти на државно ниво. Ако се разгледува трендот, бројот на дипломирани студенти покажува варирање и најголем бил во учебната 2016/17 година со вкупно 665 дипломирани студенти или 3,8 дипломирани студенти на 1000 жители. Сепак бројот на дипломирани студенти на 1000 жители во Источниот регион има надолен тренд и истиот се намалил од 4,0 во 2015/16 на 2,9 во 2019/20.

Секако малиот број на дипломирани студенти загрижува бидејќи од една страна сé поголема е потребата за развој на економија базирана на знаење и иновации, а од друга страна потенцијалот на регионот е ограничен. Ова негативно се одразува и на конкурентноста на фирмите и нивниот потенцијал за извоз. Исто така, релативно малиот број на дипломирани студенти изненадува имајќи во предвид дека во регионот се наоѓа Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Трендовите во образованието на населението во Источниот плански регион се неповолни пред сè како последица на неповолните демографските трендови. Сепак тоа не би требало да претставува пречка за развој на квалитетни човечки ресурси. Образовните институции кои се наоѓаат во регионот претставуваат важен предуслов за создавање квалитетни човечки ресурси, а како предизвик поставен и со оваа Програма е модернизација на образованието и развој на човечки ресурси според реалните потреби на пазарот.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОР ПАЗАР НА ТРУД, СОЦИЈАЛА И ОБРАЗОВАНИЕ

Како значајни параметри кои ја отсликуваат состојбата во Источниот регион, треба да се напоменат:

- Вкупното население во Источниот регион бележи намалување од 176.877 во 2015 година на 173.804 во 2019 година, што е намалување од 1,74%. Во истиот период, учеството на населението во Источниот регион во вкупното население на државата се намалило од 8,54% на 8,37%.
- Бројот на работоспособно население континуирано се намалува. Според стапката на активност на населението која изнесува 58.9% Источниот регион е четврти во однос на другите региони. Стапката на вработеност 54,3% е поголема националниот просек. Стапката на невработеност е втора најниска во државата и изнесува 7,8%. Податоците се однесуваат на 2019 година.
- Според бројот на основни училишта Источниот регион е претпоследен (7) во однос на другите региони.
- Источниот регион има ниска стапка на запишани ученици во основно (6,85%) и средно образование (7,5%).
- Бројот на основни училишта се намалил од 92 на 89, процентот на наставници во основно образование исто така се намалил од 8,5% на 8,0%, а исто така е намален и процентот на запишани ученици во основно образование од 7,2% на 6,5% во разгледуваниот период 2015/16 - 2019/20.
- Според број на ученици по средно училиште, регионот е последен со 377 ученици по училиште.

- Бројот на запишани ученици во основно и средно образование се намалил во периодот 2014/15 - 2019/20.
- Според бројот на дипломирани студенти (6,9%) во учебната 2019/20 година, Источниот регион се наоѓа на седмото место во споредба со другите региони. Бројот на дипломирани студенти на 1000 жители е низок и изнесува 2,9 дипломирани студенти на 1000 жители.
- Во Источниот плански регион бројот на корисници на социјална парична помош по различни основи се намалува. Во однос на домаќинства-корисници на социјална парична помош на возраст од 18+ (на 000 население), може да се забележи дека има намалување на корисници од 14,1% во 2015 на 9,3% во 2018 година. По основ на додаток за деца до 18-годишна возраст намалувањето е од 4,1% во 2015 година до 2,9% во 2018 година. По основ на посебен додаток за деца до 26-годишна возраст намалувањето е од 1,3 во 2015 година на 1,2 во 2018 година.
- Според бројот на деца во детски градинки/центри за ран детски развој, Источниот регион е прв со учество 42,1% од вкупниот број на згрижени деца на државно ниво.
- Според бројот на вработени во установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки Источниот регион е втор со 11,8% од вкупниот број на вработени на државно ниво.
- Ако се земе во предвид фактот дека Источниот плански регион „старее“, тогаш постоечките капацитети за згрижување на стари лица воопшто не ги задоволуваат потребите. Во регионот постои само една јавна институција со мал капацитет од 29 лица во Берово.
- Вредност на развојниот индекс на Источниот плански регион изнесува 96,1, односно 3,9 индексни поени под просекот на државата, се наоѓа на трето место по развиеност после Скопскиот и Југоисточниот плански регион. Источниот регион има економско-социјален индекс од 136,4, односно 36,4 индексни поени над државниот просек и според истиот се наоѓа на второ место. Загрижува демографски индекс од 65,5 според кој Источниот регион се наоѓа на последно место од сите региони[103].

[103] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година, Службен весник на РСМ, бр.234 од 20.12.2018 година


# 8. ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 8.1 Анализа на патниот сообраќај и инфраструктура

Секторот транспорт е еден од најбитните сегменти за економски развој на една држава, вклучувајќи ги и регионите. Овој сектор еднакво е значаен и за подигнување на животниот стандард на населението и целокупниот општествен развој, конкретно и за Источниот плански регион.

Вкупните државни патишта се поделени на: А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта), Р1 - Регионални патишта од прва категорија, и Р2 - Регионални патишта од втора категорија. Според податоците од Државниот завод за статистика, Северна Македонија се одликува со добро развиена патна мрежа во вкупна должина од 14.475 km, од кои 335 km се автопатишта од вкупно 897 km магистрални патишта, 3.790 km регионални, а 9.788 km се локални патишта. Главни оски на државната патна мрежа претставуваат двата Пан-европски коридори, Коридор VIII (исток - запад) и Коридор X (север - југ).

*Слика бр. 4. Патна инфраструктура - Источен плански регион (Прегледна карта на државни патишта – ЈП ДП)*




Во прегледот подолу се наведени сите патишта кои се наоѓаат во Источниот регион, како и табеларен преглед на сите патишта според новата категоризација.

*Табела бр. 39а. А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта) во Источен плански регион, 2019*

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во km |
|---|---|---|---|
| 1 | А3 | Крстосница Требеништа (врска со А2) - крстосница Подмоље - Охрид - Косел - Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Штип - Кочани - Делчево - Бугарија (ГП „Делчево“) и делница Битола (крстосница Кукуречани - Грција (ГП „Меџитлија“) | 120,7 |
| 2 | А4 | Граница со Р.Косово (ГП Блаце) –Крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица- граница со Р.Бугарија (ГП Ново Село) | 22,3 |
| | | **Вкупно А патишта** | **143,0** |

*Извор: Јавно Претпријатие Државни Патишта (ЈП ДП)*

*Табела бр. 39б. Р1 - Регионални патишта од прва категорија во Источен плански регион, 2019*

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во km |
|---|---|---|---|
| 1 | Р1204 | Куманово (врска со А2) - Свети Николе - ЖС „Овче Поле“ (врска со А3) - Кадрифаково - Штип - Софилари (врска со А4) | 21,6 |
| 2 | Р1205 | Врска со А2 - Кратово - Пробиштип - Крупиште (врска со А3) | 20,2 |
| 3 | Р1210 | Врска со А2 - Тораница - Саса - Македонска Каменица | 19,6 |
| 4 | Р1302 | Делчево (врска со А3)-Пехчево-Берово-Дабиле (врска со А4) | 84,0 |
| 5 | Р1304 | Превалец (врска со А3) - Виница - Митрашинци - Смојмирово (врска со Р1302) | 43,6 |
| 6 | Р1309 | Зрновци (спој со Р2334) - Кочани (врска со А3) - Пониква - Злетово - Лесново - Пробиштип (врска Р1205) | 42,8 |
| 7 | Р1310 | Радовиш (врска со А4) - Подареш - Владимирово - Берово (врска со Р1302) - Бугарија (ГП „Клепало“) | 17,6 |
| | | **Вкупно регионални патишта од прва категорија** | **249,4** |

*Извор: Јавно Претпријатие Државни Патишта (ЈП ДП)*

Следните регионални патишта од прва категорија не се изградени:

- Р 1309, делница Пониква - Злетово ( Пробиштип)
- Р 1310, делница Берово - Радовиш
- Р 1210, делница Македонска Каменица (Саса) - Тораница (Крива Паланка) ( преку Руен).

*Табела 39в. Р2 - Регионални патишта од втора категорија во Источен плански регион, 2019*

| Ред. бр. | Ознака | Релација | Должина во km |
|---|---|---|---|
| 1 | Р2334 | Штип (врска со Р1204) - Карбинци - Аргулица - Теранци - Зрновци - Виница (врска со Р1304) - Јакимово - Калиманци - врска со Р2345) | 63,9 |
| 2 | Р2336 | Куково - Мечкуевци; Петрушино - Зарапенци | 52,3 |
| 3 | Р2341 | Делчево (врска со А3) - Габрово - гр. со Бугарија | 3,4 |
| 4 | Р2342 | Тркање (врска со А3) - Соколарци - Пишица (врска со Р1205) | 13,0 |
| 5 | Р2343 | Делчево (врска со А3) - Голак | 10,8 |
| 6 | Р2346 | Тработивиште (врска со Р1302) - Разловци - Митрашинци (врска со Р1304) | 18,5 |
| 7 | Р2431 | Радовиш (врска со Р1310) - Плачковица - Аргулица (врска со Р2334) | 21,0 |
| | | **Вкупно регионални патишта од втора категорија** | **182,9** |

*Извор: Јавно Претпријатие Државни Патишта (ЈП ДП)*

Следните регионални патишта од втора категорија не се изградени:

- Р 2341, делница Габрово - Граница со Бугарија
- Р 2342, делница Пишица - Живанци
- Р 2346, делница Врска со Р1304 - Разловци - Тработивиште
- Р 2431, делница Прналија - Шипковица (Карбинци - Радовиш преку Плачковица).

Дел од регионалните патишта од втора категорија се со земјан коловоз и тоа:

- Р 2334, делница Аргулица - Бурчилево; Кучичино - Видовиште; Калиманци врска со 2345
- Р 2336, делница Куково - Мечкуевци; Петрушино - Зарапенци.

Состојбата на регионалните и локалните патишта вклучително и патната сообраќајна сигнализација генерално може да се констатира дека е на задоволително ниво. Направен е голем исчекор и напредок со изградбата на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, но сé уште се неопходни инвестиции за подобрување на локалната патната мрежа за економски цели, безбеден проток на луѓе, како и за подобар пристап до културно-историските и туристички локалитети.

Новоизградениот автопат Миладиновци – Свети Николе – Штип беше пуштен во употреба на 06.07.2019 година со карактеристики на капитален проект, клучен за поврзување на источниот дел од државата со останатите делови, безбеден автопат кој што овозможува кратење на патувањето за триесетина минути. Со автопатот се создадени услови за поефикасен и побрз транспорт на стоки и услуги што е важен предуслов за секоја економска активност, отворање на нови фабрики и нови вработувања и обезбедување на рамномерен економски развој.

Вкупната должина на автопатот Миладиновци-Штип, како дел од Коридор 8, изнесува 47 km, има ширина од 21,4 m со две возни ленти и лента за застанување и со разделен појас од 4 m помеѓу двата коловоза. Овој автопат има седум клучки, а вкупната инвестицијата е 177,3 милиони евра, обезбедени национални средства и кредитни средства од Народна Република Кина.

Како продолжение на ова автопатско решение се работи на изградба на нов експресен пат од Штип до Кочани, како и изградба на нов експресен пат од Штип до Радовиш. Во завршна фаза е изградбата на експресниот пат Штип-Крупиште, а започната е изградбата на втората фаза од експресниот пат, делницата Крупиште-Кочани.

Проектот за рехабилитација на обиколницата на Кочани е во вредност од 1,67 милиони евра и е доста значајна за овој дел на државата, затоа што продолжува кон граничниот премин со Бугарија.

Исто така, унапреден е пристапот кон граничните премини кон Бугарија, односно регионалните патни правци во делот на Берово и Делчево се веќе рехабилитирани, а завршени се реконструкциите на патните правци кај Пробиштип и Злетово. Покрај рехабилитацијата на регионалниот пат Берово – Виница, значајна за развој на туризмот во овој регион е рехабилитацијата на патот кон Пониква.

Согласно претходните табели должината на различни патишта во Источниот плански регион е како што следи: (1) А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта) изнесува вкупно 143 km, (2) регионални патишта од прва категорија се вкупно 249,4 km додека, (3) регионални патишта од втора категорија околу 182,9 km регионални патишта или вкупно 575,3 km.

*Табела бр. 40. Локална патна мрежа во Источен плански регион, во km, 2015-2019*

| Година | Должина на локални патишта во Р. С. Македонија (во km) | Должина на локални патишта во Источен регион (во km) | Процент од вкупната должина на локални патишта (во %) |
|---|---|---|---|
| **2015** | 9.570 | 1.186 | 12,39 |
| **2016** | 9.749 | 1.211 | 12,42 |
| **2017** | 9.733 | 1.232 | 12,65 |
| **2018** | 9.878 | 1.261 | 12,76 |
| **2019** | 9.788 | 1.211 | 12,37 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 41. Однос на целокупната патна инфраструктура во Источниот регион и на државно ниво, 2019*

| | Северна Македонија | Источен плански регион | Учество (%) |
|---|---|---|---|
| А патишта | 897 | 143 | 15,94% |
| Регионални патишта | 3.790 | 432,3 | 11,41% |
| Локални патишта | 9.788 | 1.211 | 12,37% |
| **Вкупно** | **14.475** | **1.786,3** | **12,34%** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од вкупно 14.475 km патна мрежа во државата, на територијата на Источен регион поминуваат 1786,3 km или 12,34% со што може да се заклучи дека регионот е задоволувачки патно поврзан.

Во 2019 година од локалните патишта 533 km или 45,9% отпаѓаат на асфалт и коцка, и макадам, што покажува само незначително зголемување на оваа локална патна мрежа во однос на 2015 година. Учеството на земјани и непробиени патишта изнесува 54,1% и потребно е и понатаму да се инвестира во подобрување на локалната патна мрежа.

Источниот плански регион од источната страна граничи со Република Бугарија. Комуникацијата со оваа соседна земја се одвива преку граничниот премин Делчево во Општина Делчево. Исто така, постојат планови за активирање на преминот Ајдучки Кладенец во Пехчево и Клепало во општина Берово.

*Табела бр. 42. Споредбени индикатори за локална патна инфраструктура на Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, 2019*

| | 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Асфалт и коцка | Макадам | Земјани | Непробиени |
| Република Северна Македонија | 9.788 | 5.383 | 850 | 2.578 | 977 |
| **Источен** | **1.211** | **533** | **23** | **397** | **258** |
| Вардарски | 1.041 | 438 | 76 | 475 | 52 |
| Југозападен | 1.416 | 879 | 146 | 266 | 125 |
| Југоисточен | 784 | 344 | 46 | 206 | 188 |
| Пелагониски | 1.195 | 697 | 10 | 420 | 68 |
| Полошки | 1.575 | 1.032 | 128 | 258 | 157 |
| Североисточен | 1.121 | 487 | 284 | 326 | 24 |
| Скопски | 1.445 | 973 | 137 | 230 | 105 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

*Табела бр. 43. Споредбени индикатори за локална патна мрежа на општините од Источниот плански регион со Република Северна Македонија, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **9.570** | **9.749** | **9.733** | **9.878** | **9.788** |
| Берово | 67 | 65 | 66 | 66 | 66 |
| Виница | 118 | 118 | 118 | 120 | 121 |
| Делчево | 145 | 146 | 146 | 146 | 146 |
| Зрновци | 67 | 120 | 121 | 121 | 67 |
| Карбинци | 107 | 108 | 108 | 108 | 108 |
| Кочани | 164 | 164 | 164 | 164 | 164 |
| Македонска Каменица | 113 | 113 | 125 | 152 | 152 |
| Пехчево | 105 | 106 | 113 | 113 | 116 |
| Пробиштип | 78 | 78 | 78 | 78 | 78 |
| Чешиново - Облешево | 72 | 42 | 42 | 42 | 42 |
| Штип | 150 | 151 | 151 | 151 | 151 |
| **ВКУПНО за Источен плански регион** | **1.186** | **1.211** | **1.232** | **1.261** | **1.211** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

Како генерален заклучок може да се констатира дека состојбата на локалната патната мрежа во регионот согласно состојбата во 2019 година е на задоволително ниво во однос на другите региони според должината. Во споредба со другите региони, во Источниот регион може да се забележи подобрување и зголемување на вкупната локална патна мрежа во 2019 година (1.211 km) во однос на 2015 година (1.186 km), и тоа е незначително зголемување од само 2,1%. Источниот плански регион учествува со 12,37% во вкупната локална патна мрежа на ниво на државата во 2019 година.

Во однос на опфатот на локална патна мрежа кај општините во Источниот плански регион може да се забележи дека кај општините Штип, Чешиново-Облешево, Кочани, Карбинци, Делчево и Берово, во анализираниот период од 2015 до 2019 година нема промена во

локалната патна мрежа. Во општините Пехчево, Македонска Каменица, Зрновци и Виница со одредени осцилации се забележуваат промени во локалната патна мрежа на општинско ниво.

Комуникациските врски се добри, меѓутоа состојбата на патиштата, вертикалната и хоризонталната сигнализација е во незавидна состојба особено на локалните и регионалните патишта.

Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа меѓу населените места, локалните патишта кои водат до природните, културните и туристичките локалитети. Туристичката сигнализацијата е делумно развиена и потребни се вложување напори и конкретни инвестиции за обезбедување на информации и знаци за туристичките дестинации во регионот. Исто така се потребни инвестиции во патната инфраструктура и до постоечките технолошки развојни индустриски зони (ТИРЗ) и општинските зони.

### 8.2.1. Превезен број патници преку патнички патен сообраќај

Од анализираниот период, бројот на регистрирани патници превезени со патниот патнички транспорт варира и најголемиот број на патници е превезен во 2015 година – 824 што претставува 11,37% од вкупно превезените патници во државата, додека најмалку во 2018 година – 633 или само 8.19%.

*Табела бр. 44. Споредбени податоци на индикатори за број на превезени патници во патниот патнички сообраќај за Источен плански регион со другите региони и на национално ниво, во илјади, 2015 – 2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 7.244 | 6.468 | 6.907 | 7.727 | 5.826 |
| **Источен** | **824** | **702** | **734** | **633** | **489** |
| **Вардарски** | 1.112 | 1.261 | 1.114 | 1.159 | 1.349 |
| **Југозападен** | 962 | 525 | 577 | 645 | 582 |
| **Југоисточен** | 733 | 713 | 741 | 492 | 342 |
| **Пелагониски** | 434 | 500 | 448 | 968 | 780 |
| **Полошки** | 705 | 551 | 611 | 763 | 306 |
| **Североисточен** | 613 | 487 | 775 | 745 | 472 |
| **Скопски** | 1.861 | 1.729 | 1.907 | 2.322 | 1.506 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

Во периодот од 2015 до 2019 година, може да се забележи дека бројот на превезени патници во Источниот плански регион континуирано се намалува и намалувањето е најмногу забележливо во 2019 во однос на 2018 година и тоа за 22.74%.

Според наведените податоци бројот на превезени патници во патниот меѓуградски превоз во Источниот плански регион незначително се зголемил од 2016 во 2017 година за 4,35%, за да во 2018 година овој број значително се намалил како во однос на 2017 и во однос на 2016 година. Бројот на превезени патници во патниот меѓуградски превоз во 2019 година значително се намалил во однос на 2015 за 40,65%. Во патниот меѓуградски превоз во 2019 година, најмногу превезени патници 25,8% се забележани во Скопскиот регион, а најмалку во Полошкиот регион 5,3%.

*Табела бр. 45. Споредбени податоци на индикатори за број на патнички автомобили во Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, на илјада жители, 2015–2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **МК** | 185.4 | 190.6 | 194.7 | 200 | 205.2 |
| **Источен** | 14.5 | 14.6 | 15.1 | 15.1 | 14.4 |
| **Вардарски** | 11.6 | 11.4 | 12.7 | 11.8 | 13 |
| **Југозападен** | 18.9 | 19.8 | 20.1 | 21.3 | 22.2 |
| **Југоисточен** | 13.6 | 14 | 14.3 | 14.8 | 15.4 |
| **Пелагониски** | 22.3 | 23.4 | 23.6 | 25.1 | 26.2 |
| **Полошки** | 18.8 | 19.5 | 18 | 17.9 | 19.5 |
| **Североисточен** | 13.4 | 13.8 | 14.2 | 14.8 | 15.5 |
| **Скопски** | 72.3 | 74.1 | 76.6 | 79.3 | 79 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Според податоците во анализираниот период, бројот на патнички автомобили на илјада жители во Источниот регион незначително варира со континуитет на слични бројки (14,4 на илјада жители во 2019 година). Во однос на другите региони Источниот е на претпоследно место, само пред Вардарскиот плански регион.

*Табела бр. 46. Преглед на регистрирани патни моторни и приклучни возила во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2019*

| **Република Северна Македонија** | |
|---|---|
| **Вкупно** | **495.636** |
| Мотоцикли | 11.987 |
| патнички автомобили | 426.045 |
| Автобуси | 3.144 |
| товарни автомобили | 38.048 |
| влечни возила | 5.610 |
| Трактори | 1.903 |
| работни возила | 619 |
| приклучни возила | 8.280 |
| **Источен регион** | |
| **Вкупно** | **35.554** |
| Мотоцикли | 1.383 |
| патнички автомобили | 29.894 |
| Автобуси | 313 |
| товарни автомобили | 2.341 |
| влечни возила | 544 |
| Трактори | 288 |
| работни возила | 61 |
| приклучни возила | 730 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Бројот на регистрирани патни моторни и приклучни возила во Источниот плански регион учествува со 7,17% на национално ниво.

*Табела бр. 47. Споредбени податоци на индикатори за број на превезени патници во такси превозот за Источниот плански регион со другите региони и на национално ниво, во илјади, 2015 – 2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 25.855 | 27.621 | 31.182 | 37.713 | 39.072 |
| **Источен** | **3.072** | **1.460** | **2.548** | **2.523** | **2.295** |
| **Вардарски** | 880 | 1.230 | 1.363 | 459 | 2.798 |
| **Југозападен** | 1.412 | 1.002 | 1.743 | 1.792 | 2.629 |
| **Југоисточен** | 5.584 | 6.120 | 5.900 | 12.663 | 4.858 |
| **Пелагониски** | 3.762 | 2.484 | 3.123 | 2.906 | 3.411 |
| **Полошки** | 1.736 | 1.667 | 741 | 1.246 | 1.818 |
| **Североисточен** | 1.208 | 2.782 | 6.986 | 6.983 | 6.522 |
| **Скопски** | 8.201 | 10.876 | 8.778 | 9.141 | 14.741 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од анализираниот период, бројот на регистрирани патници превезени со такси превоз во Источниот регион значително варира во текот на годините. Истиот бележи значително опаѓање во 2016 во однос на 2015 година и тоа за 52,4%. Ова е променето во 2017 година со повторно зголемување на бројот на превезени патници во такси превозот, односно во 2017 во однос на 2016 година изразено во проценти е 42,7%. Со осцилации овој број се задржува во текот на 2017, 2018 и 2019 година. Ако се спореди бројот на патници во такси превозот во Источниот регион во 2019 година, истиот се намалил за 25,3% во однос на 2015 година.

Во такси-превозот во 2019 година, најмногу патници (37,7%) се превезени во Скопскиот регион, а најмалку патници се превезени во Полошкиот регион (4,6%). Во Источниот плански регион превезени се 5,8% од вкупниот број на патници.

### 8.2.2. Анализа на железничкиот сообраќај и инфраструктура

Во следните табели се претставени споредбени податоци за железничкиот сообраќај на национално ниво и во Источниот период за периодот од 2015 до 2019 година.

*Табела бр. 48. Споредбени податоци за железничкиот сообраќај на државно ниво, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Должина на железничка пруга во km | 699.27 | 683.27 | 683.27 | 683.27 | 683.27 |
| Број на железнички станици | 124 | | | | |
| Број на локомотиви | 42 | | | | |
| Број на патнички вагони | 67 | | | | |
| Број на товарни вагони[104] | 1.161 | | | | |
| Превезени патници (во 000) | 1.013 | 660 | 495 | 549 | 575 |
| Превезена стока (во 000 t) | 917.393 | 904.522 | 879.691 | 952.392 | 1.016.546 |

*Извор: Државен завод за статистика, „Транспорт и други услуги 2015“ и макстат дата база*

*Табела бр. 49. Железничка мрежа на национално ниво, за Источниот плански регион и по региони, 2015-2019*

[104] За бројот на железнички станици, на локомотиви, патнички вагони и товарни вагони нема понови податоци.

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 699.27 | 683.27 | 683.27 | 683.27 | 683.27 |
| Источен | 55.35 | 55.35 | 55.35 | 55.35 | 55.35 |
| **Вардарски** | 212.89 | 212.89 | 212.89 | 212.89 | 212.89 |
| **Југозападен** | 25.75 | 25.75 | 25.75 | 25.75 | 25.75 |
| **Југоисточен** | 33.91 | 33.91 | 33.91 | 33.91 | 33.91 |
| **Пелагониски** | 114.49 | 98.49 | 98.49 | 98.49 | 98.49 |
| **Полошки** | 68.6 | 68.6 | 68.6 | 68.6 | 68.6 |
| **Североисточен** | 54.95 | 54.95 | 54.95 | 54.95 | 54.95 |
| **Скопски** | 133.33 | 133.33 | 133.33 | 133.33 | 133.33 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во однос на состојбата со железничката мрежа во Источниот плански регион, може да се забележи дека истата е непроменета во анализираниот период од 2015 до 2019 година и изнесува 55 km што претставува 8,1% од вкупната железничка мрежа на национално нив во 2019 година.

*Табела бр. 50. Број на превезени патници во национален железничкиот превоз во Источниот плански регион и на национално ниво, 2015-2019*


| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 1013 | 660 | 495 | 549 | 575 |
| **Источен** | **10** | **150** | **7** | **7** | **5** |
| **Вардарски** | 233 | 217 | 144 | 156 | 171 |
| **Југозападен** | 7 | 65 | 75 | 3 | 5 |
| **Југоисточен** | 437 | 5 | 13 | 16 | 21 |
| **Пелагониски** | 112 | 6 | 57 | 134 | 115 |
| **Полошки** | 5 | 11 | 3 | 3 | 6 |
| **Североисточен** | 8 | 4 | 3 | 5 | 6 |
| **Скопски** | 202 | 202 | 193 | 225 | 245 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Железничката инфраструктура во Источниот плански регион има вкупна должина од 55.35 km. Состојбата со железничкиот сообраќај во Источниот плански регион е симптоматична, и ако се земе генералната состојбата со железничката инфраструктура во Република Северна Македонија тогаш е неопходно подобрување и максимизирање на комуникациските врски и постоечките железнички линии. Освен со несоодветноста на железничките пруги, регионот се соочува и со лош возен парк.

Според деталните статистики на регионално ниво на цела територија на Република Северна Македонија се намалува драстично бројот на патници превезени со национален железнички превоз. При тоа падот во 2019 во однос на 2015 година изнесува 50%. Железничкиот транспорт во Источниот плански регион има големи варијации во разгледуваниот период, со драматично намалување на бројот на превезени патници после 2016 година. Трендот се однесува како за патничкиот, така и за товарниот превоз. Кај товарниот железнички сообраќај, според податоците од Државниот завод за статистика, во Штип во периодот 2015 до 2018 година расте прометот на стока, за да во 2019 година нема активност на натоварена и истоварена стока.

*Слика бр. 5. Железничка инфраструктура во Република Северна Македонија*




*Табела бр. 51. Вкупен промет на стока во железничкиот сообраќај – на национално ниво и во Источниот плански регион, во t, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 917.393 | 904.522 | 879.691 | 952.392 | 1.016.546 |
| **Источен** | 242 | 22.787 | 770 | 766 | 0 |
| **Вардарски** | 118.683 | 631.052 | 55.747 | 139.738 | 108.630 |
| **Југозападен** | 1.930 | 1.785 | 5.909 | 1.582 | 2.298 |
| **Југоисточен** | 13.480 | 25.820 | 23.128 | 13.623 | 2.676 |
| **Пелагониски** | 14.941 | 2.480 | 29.832 | 74.977 | 55.689 |
| **Полошки** | 43.581 | 466 | 1.675 | 2.088 | 2.722 |
| **Североисточен** | 45.591 | 80.290 | 51.967 | 48.971 | 36.386 |
| **Скопски** | 678.945 | 139.842 | 710.663 | 670.647 | 808.145 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во однос на железничкиот транспорт во Источниот плански регион, алармантно е намалувањето на превозот на патници и на превезени стоки во целиот анализиран период, со тоа што има години во кои што воопшто не е забележан промет на стоки во железничкиот сообраќај.

### 8.2.3. Анализа на енергетската инфраструктура во Источен плански регион и споредба со останатите региони

Во следните табели се дадени податоци за потрошувачка на електрична енергија и инсталирана моќност за производство на електрична енергија на државно ниво, во планските региони и посебно во Источниот регион.

*Табела бр. 52. Вкупна потрошувачка на електрична енергија во индустриските сектори (според НКД, рев. 2) на национално ниво, по региони и во Источниот плански регион, во GWh, 2015-2018*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 2.069 | 1.760 | 1.532 | 1.605 |
| Источен регион | 68 | 82 | 88 | 93 |
| Вардарски регион | 784 | 543 | 409 | 479 |
| Југозападен регион | 43 | 44 | 42 | 46 |
| Југоисточен регион | 161 | 165 | 171 | 172 |
| Пелагониски регион | 162 | 162 | 161 | 167 |
| Полошки регион | 405 | 256 | 45 | 46 |
| Североисточен регион | 21 | 26 | 27 | 23 |
| Скопски регион | 425 | 482 | 589 | 579 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018 и 2020*

Потрошувачката на електрична енергија во индустриските сектори во 2017 и 2018 година е најголема во Скопскиот регион, 589 GWh и 579 GWh соодветно, а потоа следи Вардарскиот регион, 409 GWh со 479 GWh. Потрошувачката на електрична енергија во индустриските сектори во Источниот регион во 2018 година е 93 GWh, или 5,8% учество на државно ниво и според овој индикатор регионот е петти.

*Табела бр. 53. Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија во Република Северна Македонија и по региони, во MW, 2016-2018*

| | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 2.033 | 2.045 | 2.049 |
| Источен регион | 25 | 27 | 27 |
| Вардарски регион | 346 | 349 | 352 |
| Југозападен регион | 270 | 272 | 272 |
| Југоисточен регион | 42 | 43 | 43 |
| Пелагониски регион | 721 | 724 | 724 |
| Полошки регион | 214 | 216 | 216 |
| Североисточен регион | 6 | 6 | 6 |
| Скопски регион | 408 | 408 | 408 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2019*

Во 2018 година, најголем вкупен инсталиран капацитет за производство на електрична енергија има во Пелагонискиот регион со вкупно инсталирана снага на сите капацитети од 724 MW. Вкупниот инсталиран капацитет за производство на електрична енергија во 2018 година во Источниот плански регион е незначителен и изнесува само 27 MW, со што регионот е на седмо место во однос на останатите осум плански региони.

Табела бр. 54. Вкупна инсталирана моќност за производство на електрична енергија од ОИЕ во Источен регион, 2020

| Општина | Тип на централа | Сопственик | Инсталирана моќност (MW) |
|---|---|---|---|
| Берово | | | |
| | мала хидро електрана | ДДС СОЛАР Доо Скопје | 0,4 |
| | мала хидро електрана | МИНКА ЕНЕРГОТЕК Доо Скопје | 0,172 |
| | мала хидро електрана | МИНКА ЕНЕРГОТЕК Доо Скопје | 0,252 |
| | мала хидро електрана | МИНКА ЕНЕРГОТЕК Доо Скопје | 0,684 |
| Виница | | | |
| | хидро електрана | МАЛИ ХИДРО ЕЛЕКТРАНИ Доо Скопје | 0,576 |
| | хидро електрана | ПЦЦ Хидро Дооел Скопје | 0,92 |
| Делчево | | | |
| | фотоволтаична електроцентрала | Гео Солар Доо Делчево | 0,04992 |
| | фотоволтаична електроцентрала | Геосолар Доо Делчево | 0,05472 |
| | фотоволтаична електроцентрала | Геосолар Доо Делчево | 0,05472 |
| | фотоволтаична електро централа | Фротирка ДОО Скопје | 0,35 |
| Зрновци | | | |
| | / | / | / |
| Карбинци | | | |
| | фотоволтаична електро централа | Еуро Солар доо Штип | 0,99922 |
| | фотоволтаична електро централа | Еси Солар доо Штип | 0,99922 |
| | фотоволтаична електро централа | ДППУ Варади Никола и др ДОО | 0,44979 |
| Кочани | | | |
| | фотоволтаична електроцентрала | ЕВР 92 Дооел Кочани | 0,049765 |
| | фотоволтаична електроцентрала | СОЛАРСАНС КМ Дооел Скопје | 0,04968 |
| | фотоволтаична електроцентрала | СОЛАРСАНС КМ Дооел Скопје | 0,04968 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ЕВР 92 Дооел Кочани | 0,0495 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ЕВР 92 Дооел Кочани | 0,0495 |
| Македонска Каменица | | | |
| | мала хидро електрана | Мали Хидро Електрани Доо Скопје | 1,2 |
| | сончева фотонапонска електро централа | Нине Солар Дооел Мак.Каменица | 0,1071 |
| Пехчево | | | |
| | фотоволтаична електроцентрала | Челзи Доо Скопје | 0,0499 |
| | фотоволтаична електроцентрала | Челзи Доо Скопје | 0,0499 |
| | мала хидро електрана | ДПЕЕ Вардар Хидро Доо Скопје | 0,918 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мала хидро електрана | ДПЕЕ Вардар Хидро Доо Скопје | 0,351 |
| Пробиштип | | | |
| | мала хидро електрана | Хидро Еко Инженеринг Дооел Скопје | 0,13 |
| | фотоволтаична електро централа | Агрострисовци Дооел с. Стрисовци о. Пробиштип | 0,03996 |
| | мала хидро електрана | ДТПУ ЕЛ ТЕ ХИДРО Дооел Скопје | 0,376 |
| | мала хидро електрана | ИМПГ Доо Скопје | 0,567 |
| Чешиново - Облешево | | | |
| | фотоволтаична електроцентрала | Хидро Еко Инженеринг Дооел Скопје | 0,04992 |
| | фотоволтаична електроцентрала | Ел пром трејд Доо Кочани | 0,0492 |
| Штип | | | |
| | фотоволтаична електроцентрала | ДПТУ МАВИС ДОО Штип | 0,25 |
| | фотоволтаична електроцентрала | ДП ТЕКОМА Доо Штип | 0,777 |
| | фотонапонска електро централа | Друштво за трговија, приозводство и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,266 |
| | фотонапонска електро централа | Друштво за трговија, приозводство и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,00398 |
| | фотонапонска електро централа | Друштво за трговија, приозводство и услуги ЛАРС ДООЕЛ Штип | 0,09315 |
| | фотоволтаична електро централа | ДПТУ ВИЕ Дооел Штип | 0,1745 |
| | фотоволтаична електро централа | ДПТ Стел Импекс ДООЕЛ Штип | 0,148885 |
| | | **ВКУПНО** | **11,81 MW** |

*Извор: Агенција за енергетика, http://www.ea.gov.mk/, 2020*


Како решение за големата енергетска зависност е искористувањето на обновливите извори на енергија (ветер, сонце и биомаса). Од искористувањето на обновливите извори на енергија веќе во функција се 37 постројки меѓу кои се повеќе мали хидроцентрали (12) со помал капацитет и поголем број мини централи со фото-волтаични колектори со помал инсталиран капацитет (25).

Вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија од ОИЕ во Источниот регион според регистарот на државната Агенција за енергетика изнесува 11,81 MW. Според тип на ОИЕ поделбата е: хидро енергија - 6,2 MW и остатокот од 5,61 MW отпаѓа на енергија на сонцето.

Подрачјето на Источниот регион има големи потенцијали за искористување на ОИЕ, како што се водата, сонцето, и биомасата.

Последните години е евидентен интересот за изградба на фотоволтаични централи и мали хидроцентрали, но евидентен е недостатокот на планирање на вакви централи во урбанистичко планските документации на општините и покрај пројавениот интерес од инвеститорите.

*Слика 6. Мапа на планирана гасификација на Република Северна Македонија*




*Извор: Годишен извештај за работата на Регулаторна комисија за енергетика, 2019*

Државата нема сопствени наоѓалишта на природен гас и поврзана е само со еден главен интерконективен гасовод со Република Бугарија, кој влегува во државата кај Деве Баир/Жидилово и се протега преку Крива Паланка, Кратово и Куманово до Скопје, во должина од 98,2 km. Целокупната количина на природен гас се увезува од Русија преку Меѓународниот коридор 8. Според плановите на Владата, се очекува изградба на повеќе делници меѓу која и делницата Штип - Радовиш - Струмица - Гевгелија. Актуелна е иницијативата за изградба на повеќе интерконективни водови со кои државата ќе може да се поврзе со соседните држави, при што се планирани интерконекции со Грција, Косово, Србија, Албанија и Бугарија. Најповолна перспектива има интерконекцијата со Грција, која претставува интерконективен вод за пренос на природен гас за поврзување на државата со Грција, кој влегува во државата во Југоисточниот регион, со што ќе се овозможи обезбедување на дополнителни количества на природен гас од друг извор на снабдување во Северна Македонија покрај постојниот со Бугарија, диверзификација, сигурност во снабдувањето и можност за намалување на увозната цена на природниот гас, бидејќи ќе се обезбеди достапност на природен гас од повеќе различни производители и снабдувачи. Реализацијата на проектот за кој е изготвена физибилити-студијата е во надлежност на Национални Енергетски Ресурси (НЕР).

Енергенсите кои се користат како греење се дрвата, поради нивната достапност и навика на населението, како и поради нивната цена која што претставува сé уште најевтин достапен ресурс. Пелетите (компресиран дрвен отпад) се исто така ресурс кој што сé почесто се користи од домаќинствата за загревање, а во најава има и субвенционирање на населението кое ќе се одлучи за овој енергетски ресурс.

### 8.2.4. Воздушен сообраќај

Во Источниот плански регион постои само еден спортски аеродром во близината на Штип и едно леталиште за стопанска авијација „Лакавица“ кои недоволно се користат. Спортскиот аеродром е оддалечен 4 km северо-западно од градот Штип. Наменет е за воздухопловно - спортски активности. Полетно - слетна патека: 14/32 со димензии 1000x100 m. Пистата е тревната и не е опремена со светлосна сигнализација за во ноќни услови. На овој аеродром можат да оперираат воздухоплови со максимална тежина до 5700 kg. Со постојниот меѓународен патнички аеродром во Скопје, дел од Источниот плански регион е добро покриен, и пристапот е значително олеснат со изградбата на автопатското решение Миладиновци – Свети Николе – Штип.

## 8.2 Анализа на состојбите во комуналната инфраструктура

Основен проблем при изготвувањето на оваа анализа беше недостатокот на релевантни и обработени информации. Поголем дел од податоците се од Пописот во 2002 година и од информации обезбедени од локалните самоуправи и Центарот за развој на Источен плански регион. Самите податоци не се систематизирани и класифицирани според однапред поставени параметри по кои се води евиденција и истите се различни во секоја од општините. Поради тоа, наведените информации треба да се земат со одредена резерва.

Должината на водоводната мрежа се наоѓа претежно во урбаните центри на општините. Според пописот од 2002 година, 94,4% од домаќинствата во Источниот регион биле снабдени со вода за пиење. Опфатеноста на населението во урбаните средини се движела од 90% до 100% (Штип, Виница). Во руралните области се движела од 10% до 80%. Во понаселените места во регионот, постои проблем со недостиг од вода. Овој проблем е резултат на неколку фактори како што се: висока просечна потрошувачка по жител, потоа застареност на системите за водоснабдување (50% се најчесто постари од 15 години), недоволен волумен на резервоарите, пречистителните станици и другите објекти.

Проблемот со обезбедување на доволни количини на вода за пиење во овој регион може да се реши со подобро искористување на вештачките езера кои се наоѓаат во овој регион, како и со реконструкција и санација на постојните системи за водоснабдување и акумулации, со што ќе се намалат загубите на вода. Изградба на нови, надградба и реконструкција на постоечките инсталации и објекти за водоснабдување и собирање и третман на отпадните води е тековен процес. Изградбата на повеќенаменскиот систем за водостопанство и водоснабдување Злетовица го реши проблемот со водоснабдување на повеќе општини. Хидросистемот „Злетовица” се спроведува во 3 фази. Фаза I – водоснабдување од проектот Хидросистем „Злетовица” заврши со изградба во 2010 година каде во склоп на овој проект се изградени браната „Кнежево” со придружните објекти како централен објект и два зафати со доводни цевководи за водоснабдување на општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Лозово и Карбинци. Тиролскиот Зафат 1 е за водоснабдување на Пробиштип со Злетово, кој се наоѓа на надморска височина од 776,00 m со пресметан истек од 120 $m^3/s$ со преливен праг со височина од 4 m и слапиште од 10 m. Тиролскиот Зафат 3 е за водоснабдување на Штип, Свети Николе, Карбинци и Лозово како и за наводнување на долна зона (1.500 ha) земјоделска површина во атарот на општина Пробиштип и се наоѓа на надморска височина од 496,10 m со пресметан истек од 127 $m^3/s$ со преливен праг со височина од 3,5 m и слапиште од 10 m. Во овој момент се изготвува потребната техничка документација за изградба на идните две фази во склоп на хидросистемот и тоа Фаза II-наводнување и Фаза III-енергетика. Согласно физибилити студијата за Фаза II-наводнување се предвидува

наводнување на површини во општините Пробиштип со 3.552 ha и Кратово со 957 ha, за што се потребни 19 милиони m³ вода и Фаза III-енергетика во која се предвидува изградба на 6 мали хидроцентрали со капацитет од 9.90 MW и со годишно производство на електрична енергија од 49,5 GWh.

Процентуално по општини во Берово 58% од населените места имаат организирано водоснабдување, во Виница 24%, Делчево 24%, Зрновци 33%, Карбинци 14%, Кочани 36%, Македонска каменица 10%, Пехчево 62%, Пробиштип 30%. Најлоша е состојбата во Општината Штип бидејќи само градот има обезбедено квалитетно водоснабдување преку филтерна станица, додека останатите 43 села се снабдуваат со вода од локални извори.[105]

Мрежата на отпадни води е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Опфатеноста на населението се движи од 80% до 100%, додека во руралните области, таа се движи од 0% (септички јами) до 80%. Некои рурални области немаат ниту соодветни системи ниту септички јами за отпадни води. Општата состојба на системите за одведување на отпадни води е релативно лоша, бидејќи системите се карактеризираат со истекување на отпадните води за време на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води. Од 2010 година во функција е пречистителната станица во Берово (14.000 ЕЖ) и главниот канализациски колектор. Проектот беше финансиран од Швајцарскиот државен секретаријат за економски прашања SECO, МЖСПП и Општина Берово. Другите компоненти на проектот вклучуваа подобрување на водоснабдувањето преку замена на главните водоводни цевки, реновирање на пречистителната станица за вода за пиење и изградбата на акумулацијата и институциското зајакнување на јавното комунално претпријатие „Услуга“ од Берово.[106]

Според Националната студија за води од 2016 година во Источниот плански регион има 6 пречистителни станици за отпадни води. Според мапирањето направено од страна на Здружението на ЈКП АДКОМ, во Источниот регион во 2019 година има 2 функционални пречистителни станици за третман на отпадни води, Берово и втората и најмодерна која е пуштена во работа во 2019 година во општина Кочани (65.000 ЕЖ). Штип очекува изградба на пречистителна станица (53.700 ЕЖ) која што би била изградена на реката Брегалница под бањата Кежовица со што би се опфатиле сите отпадни води од градот и од индустриските зони. На овој начин ќе се обезбеди начин за заштита на водите на реката Брегалница од загадување. Исто така, и Делчево (18.300 ЕЖ) очекува изнаоѓање на финансиски средства за изградба на пречистителна станица.

Во сливот на реката Брегалница нема природни езера. Изградени се вештачки езера – акумулации, кои што се наменети за водоснабдување на населението, за наводнување на обработливите површини, производство на енергија, за заштита од поплави и за обезбедување на биолошки минимум во водотеците. Во Источниот плански регион изградени се следниве акумулации: Калиманци, Беровско Езеро, Лошана, Петрешевац, Гратче и Пишица. Акумулацијата Калиманци се користи за наводнување на околу 28.000 ha земјоделско земјиште во Кочанско и Овче Поле.[107]

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2019 година во јавниот водовод биле зафатени и преземени 303.911 илјади m³ вода за снабдување, што е за 0.5% помалку

[105] Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Просторен план на Источниот плански регион за периодот 2013 – 2030 година, стр. 88-89
[106] Ibid., стр. 55
[107] Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Просторен план на Источниот плански регион за периодот 2013 – 2030 година, стр. 72

во однос на 2018 година. Од вкупно зафатеното количество на вода, најмногу е зафатено од изворските води или 64,7%, а најмалку од езера 1,0%.

Вкупното количество испорачана вода од јавен водовод во 2019 година било за 15,9% помалку во однос на претходната година. Според структурата на потрошувачка на вода, најголеми потрошувачи биле домаќинствата, кои потрошиле 68,2% од вкупната испорачана вода од јавен водовод. Вкупното количество на отпадни води во 2019 година изнесува 0,8% помалку во однос на 2018 година. Од вкупното количество на испуштени води во 2019 година, 67,5% биле непречистени, а 32,5% пречистени отпадни води.

*Табела бр. 55. Снабдување, користење и заштита на водите од загадување во индустријата и рударството во Источниот плански регион и во Р.С. Македонија, во илјада m³, 2015-2019*

| Сектор - Индустрија и рударство | Република Северна Македонија | Источен регион |
|---|---|---|
| | 2015 | |
| Снабдување со вода | 4.282.042 | 269.652 |
| Користени води за технолошки намени | 4.275.252 | 269.458 |
| Испуштање на непречистени води | 4.278.699 | 269.327 |
| Испуштање на пречистени води | 16.188 | 128 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 280.785 | 17.740 |
| | 2016 | |
| Снабдување со вода | 3.708.941 | 4.302 |
| Користени води за технолошки намени | 3.698.687 | 4.150 |
| Испуштање на непречистени води | 3.669.640 | 4.300 |
| Испуштање на пречистени води | 12.620 | 3.791 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 217.702 | 16.127 |
| | 2017 | |
| Снабдување со вода | 1.982.943 | 536 |
| Користени води за технолошки намени | 1.295.489 | 548 |
| Испуштање на непречистени води | 1.013.804 | 420 |
| Испуштање на пречистени води | 242.036 | 69 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 1.255.838 | 488 |
| | 2018 | |
| Снабдување со вода | 3.378.085 | 385.801 |
| Користени води за технолошки намени | 2.227.571 | 194.879 |
| Испуштање на непречистени води | 1.838.727 | 191.223 |
| Испуштање на пречистени води | 351.131 | 1.845 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 2.189.858 | 193.068 |
| | 2019 | |
| Снабдување со вода | 2.336.603 | 257.500 |
| Користени води за технолошки намени | 1.612.150 | 130.772 |
| Испуштање на непречистени води | 1.331.762 | 127.008 |
| Испуштање на пречистени води | 246.193 | 2.080 |
| Испуштање на отпадни води во индустријата и рударството | 1.577.955 | 129.087 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2019 и 2020*

Во 2019 година, најголемо количество вода односно 64,07% за технолошки намени е употребено во Скопскиот регион, а најмало во Североисточниот 0,02%. Во 2019 година, од вкупното количество употребена вода за технолошки намени, само 15,60% се прочистени.

Во Источниот плански регион во однос на користењето на вода за технолошки намени може да се забележи дека количеството вода од 2015 година до 2017 година драстично се намалува. Најголемо количество вода за технолошки намени во регионот се потрошени во 2018 година што претставува 11,42% од националните количества. Во 2019 година се забележува повторен пад во однос на 2018 година за 33,25%. Ако се споредат количествата на вода во 2019 година и 2015 година се забележува намалување од 4,5%.

Систем за управување со отпад главно се заснова на собирање и отстранување на отпад. Услугите за собирање, транспорт и отстранување ги обезбедуваат единаесет јавни комунални претпријатија. Депониите работат на контролирана основа, но тие не се во согласност со барањата на ЕУ. Исто така, според теренските истражувања, постојат седумдесет и една (71) неконтролирани депонии, особено во руралните области кои не се опфатени со системот за собирање на отпадот.[108]

Со Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион, предвидена е санација на постоечките диви депонии и воспоставување на интегриран систем за регионално управување со отпадот, селективно собирање на различни типови на отпад и воспоставување на инфраструктура за управување со посебните текови на отпад.

## 8.3 Просторно и урбанистичко планирање

Поголемиот дел од Источниот плански регион не е опфатен со просторно-планска документација и во контекст на просторното планирање ова е еден од најзначајните диспаритети во однос на другите региони.

*Табела бр. 56. Усвоени урбанистички планови по плански региони, 2014-2019*

| Плански региони | Усвоени планови | % на усвоени планови | ранг | Урбанизирана површина | % на урбанизирана површина | Ранг |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 43 | 19.91 | 5 | 3101.14 | 0.76 | 6 |
| Источен | 17 | 7.76 | 7 | 2348.67 | 0.66 | 7 |
| Југозападен | 49 | 17.07 | 6 | 3608.15 | 1.00 | 4 |
| Југоисточен | 14 | 7.45 | 8 | 1081.46 | 0.39 | 8 |
| Пелагониски | 93 | 27.11 | 3 | 4254.09 | 0.87 | 5 |
| Полошки | 67 | 36.02 | 2 | 5634.76 | 2.32 | 3 |
| Североисточен | 50 | 25.64 | 4 | 6060 | 2.62 | 2 |
| Скопски | 86 | 58.50 | 1 | 10064.12 | 5.55 | 1 |
| ВКУПНО | **419** | **23.53** | | **36152.39** | **1.42** | |

*Извор: Стратегија за рамномерен регионален развој 2021 - 2031*

Од табелата може да се заклучи дека учеството на бројот на усвоени урбанистички планови во Источниот регион во периодот 2014 - 2019 година е само 7,76%, и по овој индикатор регионот е рангиран како претпоследен (7). Во истиот период урбанизирана површина во Источниот регион изнесува 0,66% и според овој индикатор регионот е претпоследен (ранг-7)

[108] „Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратешка оцена на животната средина за Источниот и Североисточниот регион“, стр. 54

и далеку под државниот просек од 1,42%. Според ова може да се заклучи дека Источниот регион е еден од регионите кои најмногу потфрлаат во однос на урбанистичкото планирање.

Она што треба да се потенцира е дека Просторниот план на Источниот плански регион е во фаза на изработка на предлог план, и најверојатно ќе биде првиот донесен просторен план за еден плански регион.

Отсуството на актуелна урбанистичка планска документација придонесува за нерационално користење на градежното земјиште и неконтролирана пренамена на продуктивното земјоделско и шумско земјиште во непродуктивно, нерационална експлоатација на природните ресурси, загадување на почвата, водите и воздухот и последично загрозување на јавниот интерес.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОРОТ ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Како значајни параметри кои ја отсликуваат состојбата во секторот Транспорт и инфраструктура во Источниот плански регион, треба да се напоменат:

- Состојбата на регионалните и локалните патишта вклучително и патната сообраќајна сигнализација генерално може да се констатира дека е на задоволително ниво. Направен голем исчекор и напредок со изградбата на автопатот Миладиновци – Свети Николе – Штип, но сé уште се неопходни инвестиции за подобрување на локалната патната мрежа за економски цели, безбеден и проток на луѓе, како и за подобар пристап до културно-историските и туристички локалитети.
- Може да се забележи дека во анализираниот период бројот на превезени патници во Источниот плански регион континуирано се намалува и намалувањето е најголемо во 2019 во однос на 2018 година и тоа за 22.7%.
- Бројот на превезени патници во патниот меѓуградски превоз во Источниот плански регион се намалил во 2018 во однос на 2016 година за 9,8%.
- Во однос на состојбата со железничката мрежа во Источниот плански регион, може да се забележи дека истата е непроменета во анализираниот период од 2015 до 2019 година и изнесува 55 km што се 8.1% од вкупната железничка мрежа на национално нив во 2019 година. Состојбата со железничкиот сообраќај во Источниот плански регион е симптоматична, и ако се земе генералната состојбата со железничката инфраструктура во Република Северна Македонија тогаш е неопходно подобрување и максимизирање на комуникациските врски и постоечките железнички линии. Освен со несоодветноста на железничките пруги, регионот се соочува и со лош возен парк. Железничкиот транспорт во Источниот плански регион има големи варијации во разгледуваниот период, со драматично намалување на бројот на превезени патници.
- Како решение за големата енергетска зависност е искористувањето на обновливите извори на енергија (ветер, сонце и биомаса). Од искористувањето на обновливите извори на енергија веќе во функција се 37 постројки меѓу кои се повеќе мали хидроцентрали (12) со помал капацитет и поголем број мини централи со фото-волтаични колектори со помал инсталиран капацитет (25).
- Должината на водоводната мрежа се наоѓа претежно во урбаните центри на општините. Во понаселените места во регионот, постои проблем со недостиг од вода. Проблемот со обезбедување на доволни количини на вода за пиење во овој регион

може да се реши со подобро искористување на вештачките езера кои се наоѓаат во овој регион, како и со реконструкција и санација на постојните системи за водоснабдување и акумулации, со што ќе се намалат загубите на вода. Изградба на нови, надградба и реконструкција на постоечките инсталации и објекти за водоснабдување и собирање и третман на отпадните води е тековен процес. Се очекува повеќенаменскиот систем за водостопанство и водоснабдување Злетовица да го реши проблемот со водоснабдување за општините Пробиштип, Штип и Карбинци.

- Процентуално по општини во Берово 58% од населените места имаат организирано водоснабдување, во Виница 24%, Делчево 24%, Зрновци 33%, Карбинци 14%, Кочани 36%, Македонска каменица 10%, Пехчево 62%, Пробиштип 30%. Најлоша е состојбата во Општината Штип бидејќи само градот има обезбедено квалитетно водоснабдување преку филтерна станица, додека останатите 43 села се снабдуваат со вода од локални извори.
- Мрежата на канализации за отпадни води е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Опфатеноста на населението се движи од 80% до 100%, додека во руралните области, таа се движи од 0% (септички јами) до 80%. Некои рурални области немаат ниту соодветни системи ниту септички јами за отпадни води. Општата состојба на системите за одведување на отпадни води е релативно лоша, бидејќи системите се карактеризираат со истекување на отпадните води за време на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води.
- Според Националната студија за води од 2016 година во Источниот плански регион има 6 пречистителни станици за отпадни води. Според мапирањето направено од страна на Здружението на ЈКП АДКОМ, во Источниот регион во 2019 година има 2 функционални пречистителни станици за третман на отпадни води, Берово и втората и најмодерна која е пуштена во работа во 2019 година во општина Кочани (65.000 ЕЖ). Штип очекува изградба на пречистителна станица (53.700 ЕЖ) која што би била изградена на реката Брегалница под бањата Кежовица со што би се опфатиле сите отпадни води од градот и од индустриските зони. На овој начин ќе се обезбеди начин за заштита на водите на реката Брегалница од загадување. Исто така, и Делчево (18.300 ЕЖ) очекува изнаоѓање на финансиски средства за изградба на пречистителна станица.
- Во сливот на реката Брегалница нема природни езера. Изградени се вештачки езера – акумулации, кои што се наменети за водоснабдување на населението, за наводнување на обработливите површини, производство на енергија, за заштита од поплави и за обезбедување на биолошки минимум во водотеците.
- Систем за управување со отпад главно се заснова на собирање и отстранување на отпад. Услугите за собирање, транспорт и отстранување ги обезбедуваат единаесет јавни комунални претпријатија. Депониите работаат на контролирана основа, но тие не се во согласност со барањата на ЕУ. Исто така, според теренските истражувања, постојат седумдесет и една (71) неконтролирана депонија, особено во руралните области кои не се опфатени со системот за собирање на отпадот.
- Со Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион, предвидена е санација на постоечките диви депонии и воспоставување на интегриран систем за регионално управување со отпадот, селективно собирање на

различни типови на отпад и воспоставување на инфраструктура за управување со посебните текови на отпад.

- Источниот регион е еден од регионите кои најмногу потфрлаат во однос на урбанистичкото планирање.
- Просторниот план на Источниот плански регион е во фаза на изработка на предлог план, и најверојатно ќе биде првиот донесен просторен план за еден плански регион.

# 9. ТУРИЗАМ И КУЛТУРА

## 9.1 Туристичка понуда на регионот

Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на домашните и странските туристи и да ги презентира чистата и здрава околина со термални води и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот дел.

Источниот регион има изобилство од оригинални природни убавини коишто претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот и тоа: геолошки атрактивности, релјефни форми, клисури, мали природни и вештачки езера, термоминерални извори и бањи, планини, природни извори, и други ресурси. Во регионот постојат бројни историски и археолошки локалитети, цркви и манастири, голем број на културни манифестации и мал број на културни институции, музеи и театри, културно - историски знаменитости, и др.

Сето ова овозможува создавање на интегрирана регионална туристичка понуда која е претставена во следната табела.

*Табела бр. 57. Туристичка понуда на Источниот плански регион*

| Видови на туризам | Туристичка понуда на Источниот плански регион |
|---|---|
| **Рурален туризам** | Бањи: Истибања (Виница), Кежовица (Штип)<br>Природни резервати: Готен, Линак, Малеш, Зрновска Река, Река Ломија;<br>Споменици на природата: Звегор, Пештера Коњска Дупка, Мородвис, Мачево, Црна Топола<br>Археолошки локалитети: „Виничко Кале", „Баргала".<br>Др. атракции и искуства: голем број села (211), гастрономски специјалитети, јавање коњи и магарења |
| **Планински туризам** | 56% од површината на регионот е планински простор<br>10 планини: од кои 2 планини целосно се во регионот: Голак со Обозна и Бејаз Тепе, а 8 планини припаѓаат делумно: Осоговски Планини, Влаина, Малешевски Планини, Плачковица, Огражден, Готен, Манговица и Серта.<br>1 планина повисока од 2000 m: Осоговски планини со 5 врва се повисоки од 2000 m: Руен (2252 m), Мал Руен (2205 m), Царев Врв (2085 m) и др.<br>Планински врвови повисоки од 1500 m: Пониква (1614 m), Панаѓур (1669 m), Лисец (1754 m), Чупино (1725 m), Бел Камен (1707 m), Туртел (1689 m), Кара Тепе (1625 m), Кадин Бунар (1793 m), Буковик (1723 m) на запад, Занога (1577 m), Ченгино Кале (1748 m), Чавка (1538 m) |
| **Планинарење** | Искачување на врвови на Осоговските Планини, Плачковица, Влаина, Малешевски Планини и др. |
| **Алпинизам** | Раткова скала (Пробиштип) и локалитетите Пониква и Синковица |
| **Трекинг** | Различни природни содржини: планини, клисури, кањонски делови, водопади, густи шумски области, видиковци и сл.<br>Клисури: Истибањска Клисура (Истибањско – Очипалска), Разловечка Клисура, клисура на Злетовска Река, Зрновска Клисура, клисура на Кочанска Река, клисура на Оризарска Река, клисура на Осојница, клисура на изворишниот дел на Брегалница и многу помали клисури на Плачковица и Осоговските Планини.<br>Изворите на река Брегалница на Малешевските Планини под врвот Ченгино Кале.<br>Маркирани и потенцијални патеки за трекинг во вкупна должина од преку 600 km |
| **Зимски (зимско-спортски) туризам** | Високопланинскиот дел на Осогово над 1800 мнв, помеѓу Царев Врв (со Калин Камен и Китка) и Руен.<br>Ски центар Пониква |
| **Културен туризам** | Културни институции: Градски музеј и Музеј на дејците на ВМРО од Штип и Штипско, с. Ново Село - Штип; Етно–куќа во с. Мородвис – Зрновци; Етно куќа и градски музеј во Кочани, Музеј на Виница (Теракотни икони) - Виница, |

| | |
|---|---|
| | Музејот на град и Спомен-дом на Разловечкото востание во Разловци – Делчево, Музејот на град Берово,; Спомен костурница во с. Цера - Македонска Каменица<br>Театри: Народен театар – Штип, НУЦК Бели мугри – Кочани |
| Манастирски и верски туризам | Археолошки локалитети: Исар – Штип, Грнчарица, с. Крупиште - Карбинци, Пилаво кај Бурилчево – Чешиново Облешево, Баргала – Карбинци, Црквиште – с. Мородвис - Зрновци, Локубија – Кочани, Виничко Кале – Виница, Градиште, с. Град – Делчево, Св. Петка – Пехчево, Равен – Пехчево, Калата, Калиманци, Вршник и Кнежевска Могила, с. Таринци - Карбинци, Св Атанас/ Градиште, с. Спанчево - Чешиново - Облешево, Кале, с. Крупиште - Карбинци, Неолитска населба Вршник, с. Таринци - Карбинци и др.<br>Цркви и манастири: Црква Света Богородица (Ново Село) – Штип, Св. Никола – На пола пат Штип – Кочани, Црква Св. Никола – Штип, Црква Св. Спас — Штип, Црква Св. Архангел Михаил – Штип, Црква Св. Јован Крстител – Штип, Црква Св. Архангел Михаил – Берово, Манастир Успение на Пресвета Богородица – Берово, Црквата Рождество на Пресвета Богородица – Берово, Црквата Свети цар Константин и царица Елена во село Разловци, Манастирот „Св. Богородица - Балаклија“ во Делчево, Црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Делчево, Црквата „Св. Петка“ во село Селник, Делчево, Црква Св. Архангел Михаил село Драмче, Делчево, Црквата Свети Јоаким Осоговски село Јакимово, Лесновски манастир, Лесново, Црква Успение на Пресвета Богородица – Пирог, Женскиот манастир Св. Спиридон Чудотворец – Пробиштип, Старата црква Св. Апостоли Петар и Павле– Пехчево, Црквата Св. Димитриј е единствената црква во Зрновци, Манастирот „Свети Симеон Столпник“– Мородвис, Манастирот „Света Петка“ во с. Видовиште – Зрновци, Храмот Св Архангел Михаил во село Спанчево, Црквата Успение на Пресвета Богородица во Македонска Каменица, Манастир Св.Пантелејмон – с.Пантелеј, Манастир Св. Илија село Бели – Кочани, Црквата „Св. Ѓорѓи” во Кочани, Манастирот „Св. Спас“, Полаки – Кочани, Манастир Св. Василиј Велики – Пониква, Црквата Св. Ѓорѓи, с.Горни Козјак – Карбинци, Манастир Св. Петка во близина на село Калаузија – Карбинци, Црквата Вознесение Христово – Карбинци, Манастирот Еленец - Покров на Пресвета Богородица, Пештерска црква Св. Богородица, Лесново, Пештерска црква Св. Илија Лесново, Успение на Пресвета Богородица.<br>Градби од исламска архитектура: Мостот на султанот Емир Ќучук – Штип, Саат кула – Штип, Хусамедин Паша џамијата во Штип, Кадин Ана џамија – Штип, Безистен – Штип, Џамијата Султан Фатих Мехмед во Делчево, Мухамед Ага џамија.<br>Историски настани:<br>Споменик на депортираните Евреи, Споменик на загинатите борци во НОВ Штип, Ново Село – Штип; Спомениkот на Даме Груев, Дом на АСНОМ, Кулата – средновековен локалитет – Делчево; Дом на култура – Пробиштип, Споменик на народниот херој Вера Јоциќ, Спомен биста на народниот херој Вера Јоциќ во с. Саса, Споменик на Миле Јаневски – Џингар – Македонска Каменица; Спомен обележје на Никола Карев – Чешиново – Облешево; Последната воденица на Кочанска Река, Спомениkот на слободата, Средновековни кули – Кочани |
| Манифестациски туризам | Обичајот „Четрсе“ во Штип (нематеријално културно наследство на УНЕСКО), Штипско културно лето, Макфест, Пастрмајлијада, Денови на модата - Штип; Фестивал „Радоста на градот“, Профест, Уметничка колонија Лесново – Пробиштип; Светски ден на Ромите, Драмски аматерски фестивал, Влашки средби на Петровден, Меѓународна ликовна колонија „Св. Пантелејмон“, Кочански денови на оризот – Кочани; Пехчевски Павловден – Традиционален Етно Саем, Фестивал на дувачки оркестри, Распеано Малешевче – фестивал на детски песни – Пехчево; Павловден, Истибањско здравоживо, Тодорови трки, Ин Виница Веритас – Виница, Голачки фолклорни средби на планината Голак, Пијанечко – малешевска свадба, Гоцеви Денови, Пијанечки денови на сливата – Делчево, Велигденско јајце, Етно фестивал - Берово, Бабина Баница, Тру саунд оф Каменица - Македонска Каменица, Св. Спас - Карбинци |
| Бањски - велнес спа туризам | Бањи: Бања и Подлог (Кочани), Истибања (Виница) и Кежовица (Штип)<br>Спа и велнес содржини во хотелско-сместувачки објекти |
| Геотуризам | Мелови - маркантни и раритетни ерозивни форми: неколку огромни мела кај |

| | |
|---|---|
| | с. Црник (Пехчево), меловите кај с. Смојмирово, односно кај месноста Паркач (Берово),<br>Вулкански кратери: Лесновската купа и кратер, Плавица, вулканскиот релјеф околу с. Кундино и остатоците од вулканските кратери кај с. Рајчани – Кочанско<br>Палеонтолошки локалитет: Стамер, Делчево<br>Релјефни форми: Камени кукли и појавата Кукуље кај с. Нов Истевник (Делчево)<br>Пештери: Туртелски пештери, Коњска Дупка, Киселичка пештера. |
| **Езерски туризам** | Вештачки езера: Калиманско Езеро, Беровско Езеро и Езерото Гратче кај Кочани. |
| **Риболовен туризам** | Калиманско Езеро, Езеро Гратче, Беровско Езеро, Езеро Сандански, Езеро Лошана кај с. Тработивиште, Пишичко Езеро, река Брегалница од Калиманци до влезот во Кочанско Поле, Злетовска Река до с.Злетово, река Осојница низ клисурата и сл. |
| **Активен туризам** | Рекреативна патека езеро Гратче; Патека на железната завеса (ЕуроВело13); Пешачки, велосипедски и планински патеки во Малешевските и Осоговските планини; параглајдерство: Туртел и неговата околина кон Кочанско Поле; с. Лешки кон Кочани; Лесново кон с. Злетово; Голак кон Делчевско и други), џип сафари, сафари, оф-роуд, мото туризам |
| **Ловен туризам** | 33 ловишта („Полаки“ - Кочани и „Конечко“ - Штип (оградени ловишта), „Голак“ - Делчево и др. |

*Извор: Анализа на експертскиот тим*

## 9.2 Анализа на состојбите во туризмот и културата

За утврдување на состојбите во областа на туризмот и културата во Источниот плански регион во периодот 2015 – 2019 година, анализирани и интерпретирани се група на показатели за утврдување на бројот на сместувачкиот капацитет во регионот, трендовите во угостителскиот сектор, пристигнувања и ноќевања кај туристите, бројот на културни институции, нивната посетеност и друго.

### 9.2.1 Сместувачки капацитет

Најголем дел од леглата во регионот се лоцирани во основните сместувачки капацитети и тоа во хотели и мотели, но застапени се и легла во комплементарните сместувачки капацитети и тоа во приватни соби и одморалишта на претпријатија и деца, како и планинарски и ловни домови и куќи. Објектите за сместување во Република Северна Македонија се категоризирани според системот на ѕвезди, согласно Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност. За споменување е фактот дека на територијата на Источниот регион, според податоците на Министерството за економија[109] на Република Северна Македонија Македонија од 2020 година, е регистриран еден хотел со 5 ѕвезди (Хотел Аурора ресорт и спа, Берово).

[109] Регистар на категоризирани угостителски објекти, 20.01.2020 година, http://economy.gov.mk/doc/2737; http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Registar%20na%20kategorizirani%20hoteli%20WEB%2001.01.2020.pdf

*Табела бр. 58. Трендови во капацитет за сместување во Република Северна Македонија и Источниот регион, 2015 - 2019*

| Сместувачки капацитет | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | | | | | |
| **Број на соби** | 27.812 | 28.605 | 28.759 | 29.702 | 29.933 |
| **Број на легла** | 72.021 | 73.168 | 74.257 | 76.558 | 76.942 |
| **Источен плански регион** | | | | | |
| **Број на соби** | 641 | 669 | 718 | 735 | 734 |
| *учество на државно ниво %* | *2,30* | *2,33* | *2,49* | *2,47* | *2,45* |
| **Број на легла** | 1.894 | 1.985 | 2.075 | 2.090 | 2.088 |
| *учество на државно ниво %* | *2,62* | *2,71* | *2,79* | *2,72* | *2,71* |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Во однос на вкупниот сместувачки капацитет на Република Северна Македонија, во 2015 година Источниот плански регион учествувал со 2,30% во вкупниот број на соби, а во 2019 година учеството благо пораснало и изнесува 2,71%. Состојбата во однос на учеството на вкупниот број на легла е практички непроменета. Во 2015 како и во 2019 година, 2,62 односно 2,71% од вкупниот сместувачки капацитет по легло бил лоцирани во Источниот плански регион.

### 9.2.2 Угостителски објекти

Според националната законска легислатива угостителските објекти се поделени на 1. ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, ќебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично); 2. барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, дискоклуб, дискоклуб на отворен простор, пивница и слично); 3. кантини и 4. други угостителски објекти за исхрана.

Согласно важечката законска регулатива сите ресторани треба да бидат регистрирани и категоризирани согласно меѓународните стандарди за оценување со ѕвезди односно согласно Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност.

Во 2019 година, во Источниот плански регион функционираат 299 угостителски објекти кои имаат 6.828 места за седење. Повеќето од ресторaните се во современ амбиент и ориентирани се кон меѓународната кујна, скара и брза храна. Забележливо е дека во регионот постои недостаток на традиционални ресторани со традиционална архитектура кои во целост ќе ја негуваат традиционалната кујна и традиционална народна музика.

Анализата претставена подолу, вклучува интерпретација на индикатори за утврдување на движењето на угостителскиот сектор во периодот 2015-2019 година на ниво на држава и Источниот плански регион. Анализирани се 4 индикатори и тоа бројот на угостителски објекти, бројот на места за седење, бројот на работници и вкупниот промет.

*Табела бр. 59. Трендови кај угостителските објекти во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2015-2019*

| Угостителски објекти | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | | | | | |
| **Деловни единици** | 2.084 | 2.212 | 2.260 | 2.301 | 1.275[110] |
| **Седишта** | 131.230 | 130.069 | 136.502 | 137.749 | 105.813 |
| **Работници** | 14.874 | 15.209 | 15.665 | 16.985 | 14.381 |
| **Вкупен промет во илјада денари** | 10.338.132 | 10.836.359 | 12.190.404 | 15.167.429 | 14.294.853 |
| **Источен плански регион** | | | | | |
| **Деловни единици** | 185 | 181 | 186 | 171 | 299[111] |
| *учество на државно ниво %* | *8,87* | *8,18* | *8,23* | *7,43* | *23,45* |
| **Седишта** | 10.751 | 10.369 | 10.878 | 8.154 | 6.828 |
| *учество на државно ниво %* | *8,19* | *7,97* | *7,96* | *5,92* | *6,45* |
| **Работници** | 1.057 | 1.046 | 1.049 | 956 | 757 |
| *учество на државно ниво %* | *7,10* | *6,87* | *6,69* | *5,63* | *5,26* |
| **Вкупен промет во илјада денари** | 716.705 | 746.237 | 776.611 | 826.893 | 692.549 |
| *учество на државно ниво %* | *6,93* | *6,88* | *6,37* | *5,45* | *4,84* |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Од табеларниот приказ погоре може да се забележи дека бројот на деловни единици во секторот угостителство во Источниот плански регион во 2015 година изнесувал 185, односно 8,87% од вкупниот број во Република Северна Македонија. Бројот на седишта е 10.751 лица, односно 8,19% од вкупниот број на седишта во секторот на ниво на држава. Бројот на вработени е 1.057 лица, односно 7,10% од вкупниот број на вработени во секторот на ниво на држава. Ако се разгледа односот на број на вработени и места за седење се забележува дека на ниво на државата тој изнесува 0,11, додека во Источниот плански регион истиот е помал и изнесува 0,09. Од друга страна вкупниот промет остварен во овој сектор во Источниот плански регион изнесува 6,93% од прометот во секторот угостителство на ниво на држава.

Бидејќи за податоците за 2019 година постои одредена нелогичност, анализата на трендовите е направена за периодот 2015 - 2018 година. Од горната табела може да се идентификуваат осцилации во периодот 2015-2018 во секторот угостителство во Источниот плански регион и тоа по сите индикатори, но со различна стапка. Сите индикатори имаат најголема вредност во 2017 година и потоа се намалуваат во 2018 година, освен индикаторот за вкупен промет кој има најголема вредност во 2018 година. За споредба сите индикатори на државно ниво бележат раст во периодот 2015 - 2018 година.

Бројот на деловни единици во секторот угостителство во Источниот регион се намалил во 2018 година за 7,6% во однос на 2015 година, додека на државно ниво може да се забележи обратна тенденција, односно има зголемување од 10,4%.

Бројот на седишта во секторот угостителство во Источниот регион се намалил од 10.751 во 2015 година на 8.154 во 2018 година, што претставува значително намалување од 24,2%. За споредба на државно ниво има зголемување од приближно 5%.

Бројот на вработени во секторот угостителство се намалил од 1.057 во 2015 година на 956 во 2018 година, намалување од речиси 9,6%. Обратно, на државно ниво има зголемување од 14,2%.

110 ibid
111 ibid

Само кај вкупниот промет има тенденција на зголемување во Источниот регион. Вкупниот промет во секторот угостителство во Источниот регион се зголемил од 716.705.000 денари во 2015 година на 826.893.000 денари во 2018 година, што претставува значително зголемување од 15,4%. На државно ниво прометот се зголемил уште повеќе за 46,7%. Ова практично значи дека помалку угостителски објекти, со помалку седишта и работилници остварале поголем промет, односно го подобриле своето работење.

### 9.2.3. Пристигнувања и ноќевања на домашните и странските туристи

Вкупниот број на домашни туристи кои го посетиле Источниот плански регион во периодот 2015-2019 година изнесува 95.488 посетители. Овие посетители во разгледуваниот период реализирале 188.715 ноќевања односно просечната должина на престојот на домашните туристи во Источниот плански регион изнесувала речиси 1,98 дена. На територијата на Република Северна Македонија домашните туристи остварале вкупно 1.892.103 посети, а од нив само 5% биле во Источниот плански регион.

Во наредните табели се прикажани трендовите на пристигнувањата и ноќевањата на домашните туристи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион.

*Табела бр. 60. Трендови кај домашните туристи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2015-2019*

| Број на туристи | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на туристи во Република Северна Македонија** | 816.067 | 856.843 | 998.841 | 1.126.935 | 1.184.963 |
| **домашни туристи** | 330.537 | 346.359 | 368.247 | 419.590 | 427.370 |
| **Вкупен број на туристи во Источен регион** | 25.907 | 30.568 | 31.775 | 34.354 | 32.077 |
| **домашни туристи** | 16.751 | 20.643 | 19.947 | 20.490 | 17.657 |
| *Учество во вкупниот број на домашни туристи во Источен регион (%)* | *64,66%* | *67,53%* | *62,78%* | *59,64%* | *55,05%* |
| *Учество во вкупниот број на домашни туристи на државно ниво (%)* | *5,07%* | *5,96%* | *5,42%* | *4,88%* | *4,13%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од претходната табела може да се забележи дека најголем бројот на посети од страна на домашните туристи во регионот е остварен во 2016 година, кога го посетиле 20.643 домашни туристи. Во периодот 2015-2019 бројот на домашни туристи варира, но генералната тенденција е намалување на бројот на домашни туристи за разлика од вкупниот број на туристи кој се зголемил. Вкупниот број на туристи во периодот 2015 - 2019 изнесува 154.681 туристи. Учеството на домашните туристи во вкупниот број на туристи кои го посетуваат Источниот регион изнесува 61,7%. Бројот на домашни туристи во Источниот регион во 2019 година е зголемен за 5,4% во однос на 2015 година. На државно ниво, бројот на домашни туристи е со континуиран пораст во разгледуваниот период *2015-2019* година и тој пораст изнесува 23,8%.

Бројот на ноќевања кој е остварен од страна на домашните туристи е прикажан во наредната табела.

*Табела бр. 61. Трендови кај ноќевањата на домашните туристи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2015-2019*

| Ноќевања | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на ноќевања во Република Северна Македонија** | 2.394.205 | 2.461.160 | 2.775.152 | 3.176.808 | 3.262.398 |
| **домашни туристи** | 1.357.822 | 1.407.143 | 1.480.460 | 1.685.273 | 1.684.627 |
| **Вкупен број на ноќевања во Источен регион** | 53.357 | 66.515 | 62.957 | 69.419 | 62.878 |
| **домашни туристи** | 31.612 | 44.645 | 38.320 | 39.591 | 34.547 |
| *Учество на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања во Источен регион (%)* | *59,25%* | *67,12%* | *60,87%* | *57,03%* | *54,94%* |
| *Учество на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања на државно ниво (%)* | *2,33%* | *3,17%* | *2,59%* | *2,35%* | *2,05%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од табелата може да се забележи дека бројот на ноќевања на домашните туристи во Источниот плански регион има генерален тренд на намалување со мало варирање. Бројот на ноќевања на домашните туристи во 2019 година е зголемен за 9,3% во однос на 2015 година. Вкупниот број на ноќевања во Источен регион се зголемил за 17,8% во разгледуваниот период. Бројот на реализирани ноќевања од страна на домашните туристи е највисок во 2016 година, а во анализираниот период се движи во границите од 31.612 - 44.645 ноќевања годишно. Учеството на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања во Источен регион се намалил од 59,25% во 2015 година на речиси 55% во 2019 година. Учеството на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања на државно ниво исто така се намалило од 2,33% во 2015 година на 2% во 2019 година. Исто така се забележува дека просечниот престој на туристите во Источниот регион се зголемил, односно во 2015 година домашните туристи просечно остварале 1,89 ноќевања, за разлика од 2019 година кога се реализирани во просек 1,96 ноќевања. Вкупниот просечен престој на туристите во Источниот регион се намалил од 2,06 во 2015 година на 1,96 на 2019 година.

Вкупниот број на странски туристи кои го посетиле Источниот плански регион во периодот 2015-2019 година изнесува 59.193 посетители. Овие посетители во разгледуваниот период реализирале 126.411 ноќевања односно просечната должина на престојот на странските туристи во Источниот плански регион изнесувала 2,13 денови. На територијата на Република Северна Македонија странските туристи остварале вкупно 3.091.546 посети, а од нив само 1,91% биле во Источниот плански регион.

Во наредните табели се прикажани трендовите на пристигнувањата и ноќевањата кај странските туристи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион.

*Табела бр. 62. Трендови на странските туристи во Република Северна Македонија и Источниот плански регион, 2015 - 2019*

| Број на туристи | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на туристи во Република Северна Македонија** | 816.067 | 856.843 | 998.841 | 1.126.935 | 1.184.963 |
| **странски туристи** | 485.530 | 510.484 | 630.594 | 707.345 | 757.593 |
| **Вкупен број на туристи во Источен регион** | 25.907 | 30.568 | 31.775 | 34.354 | 32.077 |
| **странски туристи** | 9.156 | 9.925 | 11.828 | 13.864 | 14.420 |
| *Учество во вкупниот број на странски туристи во Источен регион (%)* | *35,34%* | *32,47%* | *37,22%* | *40,36%* | *44,95%* |
| *Учество во вкупниот број на странски туристи на државно ниво (%)* | *1,89%* | *1,94%* | *1,88%* | *1,96%* | *1,90%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од Табелата бр. 62 може да се забележи дека бројот на посети на странските туристи во Источниот плански регион во периодот 2015-2019 година бележи тенденција на континуиран пораст. Имено во разгледуваниот период (2015-2019) истиот е зголемен од 9.156 во 2015 година на 14.420 односно за 57,5%. За споредба, на територијата на целата држава, бројот на посети од странските туристи е зголемен за 56%.

Бројот на ноќевања кој е остварен од страна на овие туристи е прикажан во наредната табела.

*Табела бр. 63. Трендови на ноќевањата на странските туристи во Република Северна Македонија и Источниот плански регион, 2015 - 2019*

| Ноќевања | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен број на ноќевања во Република Северна Македонија** | 2.394.205 | 2.461.160 | 2.775.152 | 3.176.808 | 3.262.398 |
| **странски туристи** | 1.036.383 | 1.054.017 | 1.294.692 | 1.491.535 | 1.577.771 |
| **Вкупен број на ноќевања во Источен регион** | 53.357 | 66.515 | 62.957 | 69.419 | 62.878 |
| **странски туристи** | 21.745 | 21.870 | 24.637 | 29.828 | 28.331 |
| *Учество на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања во Источен регион (%)* | *40,75%* | *32,88%* | *39,13%* | *42,97%* | *45,06%* |
| *Учество на ноќевањата на домашни туристи во вкупниот број на ноќевања на државно ниво (%)* | *2,10%* | *2,07%* | *1,90%* | *2,00%* | *1,80%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од табелата може да се воочи дека вкупниот број на ноќевања на туристите во Источниот регион во 2019 се зголемил за 17,8% во однос на 2015 година. Исто така може да се забележи дека вкупниот бројот на ноќевања на странски туристи во Источниот плански регион во 2019 година бележи пораст од 30,3% во однос на 2015 година и тој е значително помал од порастот на вкупниот број на ноќевања на странски туристи во Република Северна Македонија (52,2%). Учеството на ноќевањата на странските туристи во Источниот регион на

државно ниво се намалило од 2,1% во 2015 година на 1,80%. Затоа пак, учеството на ноеќвања на странските туристи во вкупниот број на ноќевања во Источниот регион се зголемило од 40,8% во 2015 година на 45,1% во 2019 година. Најголем број на ноќевања на странски туристи на државно ниво се евидентирани во 2019 година, додека во Источниот регион во 2018 година. Престојот на странските туристи во регионот во континуитет се намалува и тоа од 2,37 ноќевања во 2015 година на 1,96 ноќевања во 2019 година. Значи, бројот на странски туристи во Источниот регион се зголемил, а нивниот просечен престој се намалил. За споредба просечниот престој на странските туристи во 2019 година на државно изнесува 2,08 дена.

### 9.2.4. Трендови на туризмот во Источниот плански регион

Вкупните трендови на анализираните индикатори во периодот од 2016 до 2019 во Источниот период се прикажани во следната табела.

*Табела бр. 64. Трендови во секторот туризам во Источниот плански регион, 2015 - 2019*

| Индикатори | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2019/2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на соби** | 641 | 669 | 718 | 735 | 734 | **1,15** |
| **Број на легла** | 1.894 | 1.985 | 2.075 | 2.090 | 2.088 | **1,10** |
| **Вкупно туристи** | 25.907 | 30.568 | 31.775 | 34.354 | 32.077 | **1,24** |
| Домашни туристи | 16.751 | 20.643 | 19.947 | 20.490 | 17.657 | **1,05** |
| Странски туристи | 9.156 | 9.925 | 11.828 | 13.864 | 14.420 | **1,57** |
| **Вкупно ноќевања** | 53.357 | 66.515 | 62.957 | 69.419 | 62.878 | **1,18** |
| Домашни туристи | 31.612 | 44.645 | 38.320 | 39.591 | 34.547 | **1,09** |
| Странски туристи | 21.745 | 21.870 | 24.637 | 29.828 | 28.331 | **1,30** |
| *Просечен престој на туристите* | *2,06* | *2,18* | *1,98* | *2,02* | *1,96* | ***0,95*** |
| *Просечен престој на домашните туристите* | *1,89* | *2,16* | *1,92* | *1,93* | *1,96* | ***1,04*** |
| *Просечен престој на странските туристите* | *2,37* | *2,20* | *2,08* | *2,15* | *1,96* | ***0,83*** |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Од Табелата бр. 64 може да се сумира дека туризмот во 2019 во однос на 2015 година бележи пораст по сите параметри, освен за просечен престој на туристите и просечен престој на странските туристите кои се намалиле. Имено бројот на соби во 2019 во однос на 2015 година е зголемен за 93 односно 15%. Бројот на легла во анализираниот период е зголемен за само 194 односно за 10%.

Вкупниот број на туристи кои го посетиле регионот е зголемен за 24%, и вкупниот број на ноќевања е зголемен за 18%, во 2019 во однос на 2015 година. Бројот на домашни туристи и бројот на ноќевања реализирани од страна на домашните туристи се индикатори кај кои се забележуваат одредени позитивни трендови во анализираниот период.

Бројот на домашни туристи во 2019 во однос на 2015 година се зголемил за 5%, додека бројот на ноќевања реализирани од нив е зголемен за 9%. Бројот на странски туристи во анализираниот период (2015 - 2019 година) се зголемил за 57%, а бројот на ноќевања реализиран од нивна страна се зголемил за 30%. Процентот на зголемување кај овие два индикатори е различен, што означува дека просечната должина на една посета на регионот кај странските туристи е намалена.

Просечниот престој на сите туристи, странските и домашните туристи во Источниот регион во 2019 година е идентичен и изнесува 1,96 дена. Просекот на државно ниво во 2019 година изнесува за сите туристи 2,75 дена, за странските 2,08 и домашните туристи 3,94 дена.

### 9.2.4. Трендови во културата во Источниот плански регион

Трендовите во културата во регионот се анализирани преку индикаторите достапни од Државниот завод за Статистика и тоа: број на културни институции, вкупен број на посетители и број на посетители на 1000 жители.

*Табела бр. 65. Трендови во културата во Источниот плански регион, 2015 - 2019*

| Индикатори | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Р. С. Македонија | Источен регион | Р. С. Македонија | Источен регион | Р. С. Македонија | Источен регион | Р. С. Македонија | Источен регион | Р. С. Македонија | Источен регион |
| Кина | 14 | 1 | 14 | 1 | 14 | 1 | 14 | 1 | 15 | 2 |
| Број на посетители во кината | 529. 616 | 171 | 441.017 | 206 | 471.288 | 69 | 466.926 | 500 | 539.218 | 2.180 |
| Број на посетители во кината на 1000 жители (состојба 31.12.) | 255.8 | 1,0 | 212.7 | 1,2 | 227.1 | 0,4 | 224,8 | 2,9 | 259,7 | 12,5 |
| Музеи | 28 | 2 | 28 | 2 | 28 | 2 | 26 | 4 | 26 | 4 |
| Број на посетители во музеите | 476.385 | 8.621 | 476.385 | 8.621 | 476.385 | 8.621 | 427.493 | 12.258 | 427.493 | 12.258 |
| Број на посетители во музеите на 1000 жители (состојба 31.12.) | 230,0 | 48,7 | 230,0 | 48,7 | 230,0 | 48,7 | 205,8 | 70 | 205,8 | 70 |
| Професионални театри | 19 | 1 | 19 | 1 | 17 | 1 | 19 | 1 | 19 | 1 |
| Број на посетители во театрите | 259.644 | 9.164 | 255.388 | 8.869 | 238.200 | 6.279 | 259.195 | 9.016 | 257.080 | 9.739 |
| Број на посетители во театрите на 1000 жители (состојба 31.12.) | 125,4 | 51,7 | 123,2 | 50,2 | 114,8 | 35,7 | 124,8 | 51,5 | 123,8 | 56,0 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*

Според податоците од горенаведената табела може да се забележи дека во 2019 година во Источниот регион се наоѓаат 2 од вкупно 15 кина, 4 од 26 музеи и 1 од 19 театри. Нивната посетеност во анализираниот период е мала и со осцилации. Во 2019 година вкупниот број на посетители во кината бил 2.180 односно, 12,5 посетители на 1000 жители. Бројот на посетители во 4-те анализирани музеи е значително понизок и изнесува 12.258 односно 70 посетители на 1000 жители. Државниот завод за статистика регистрирал и 9.739 посетители на театарските престави изведени во 2019 година, односно 56 на 1000 жители. Во однос на државниот просек посетеноста на културните институции е значително помала. Она што е вредно за напоменување е дека во разгледуваниот период бројот на музеи се зголемил од 2 на 4, а со тоа и бројот на посетители, како и бројот на кина од 1 на 2 и со тоа значително се зголемил бројот на посетители и тоа во 2019 година во однос на 2018 година за високи 77%.

Претходно анализираната состојба во областа на културата не е за изненадување доколку се земе во предвид дека во регионот има мал број на културни институции, а од друга страна посетите на постоечките музеи, галерии, театри, културни настани не се евидентирани бидејќи истите се во најголем дел со слободен влез, при што не може да се утврди вкупниот број на посетители.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОРОТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Од претходната анализа за секторот Туризам и угостителство може да се извлечат следните заклучоци и дадат препораки:

- Источниот регион има изобилство од оригинални природни убавини коишто претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот и тоа: геолошки атрактивности, релјефни форми, клисури, мали природни и вештачки езера, термоминерални извори и бањи, планини, природни извори, и други ресурси.
- Во регионот постојат бројни историски и археолошки локалитети, цркви и манастири, голем број на културни манифестации и мал број на културни институции, музеи и театри, културно - историски знаменитости, и др. Презентацијата на културното – историско наследство е слаба, а бројот на лиценцирани туристички водичи е многу мал. Неопходно е подобрување и унифицирање на презентацијата на културното – историско богатство за да можат туристите да добијат јасна слика за историјата на регионот која ќе ја понесат со себе.
- Туристичката инфраструктура на регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа која води до природните и културните локалитети. Туристичката сигнализација е исто така во лоша состојба и не нуди информации и знаци за сите туристичките дестинации во регионот. Изградената делница на автопатот (А1) Миладиновци – Штип ќе создаде дополнителни можности за развој на туризмот.
- Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на туристите и да ги презентира чистата и здрава околина со термални води и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот дел. Во наредниот период потребно е преземање на заеднички активности од сите заинтересирани страни за зголемување на сместувачките капацитети, подобрување на инфраструктурата во селата, развој на автентични сместувачки капацитети, презентација на традиционалните обичаи, занаети и гастрономија, создавање на нови туристички атракции, услуги и искуства за туристите.

- Регионот располага со богат фонд на автентични, културни, природни и традиционални ресурси и производи за поголем развој на активниот туризам. Во идниот период треба да се продолжи со изградбата на инфраструктура за активен туризам. Потенцијал претставуваат големиот број на маркирани планински и велосипедски патеки. Низ регионот поминува и вело Патеката на железната завеса (ЕуроВело13) која исто така претставува потенцијал.
- Источниот плански регион има потенцијали за развој на: рурален, планински, трекинг, планинарење, зимски, културен, манастирски и верски туризам, манифестациски, бањски, велнес и спа, активен, геотуризам, езерски, ловен, риболовен, гастрономски, и др. туризам.
- Скијачките терени на планината Осогово (Пониква) се потенцијал за развој на зимска туристичка понуда на регионот.
- На територијата на Источниот регион се воспоставени вкупно 33 ловишта, од кои 20 ловишта во Брегалничко и 13 ловишта во Влаинско - Малешевско ловостопанско подрачје. Големиот број на ловишта претставува можност во иднина да се развива и овој вид на туризам.
- Бројот на лиценцирани туристички, планински и велосипедски водичи во регионот е многу мал поради што се наметнува потребата од стимулирање на повеќе млади лица кои познаваат странски јазици да се занимаваат со оваа дејност.
- Во 2019 во однос на 2015 година регионот забележал мал пораст во индикаторите за сместувачки капацитети: бројот на соби е зголемен за 12,6%, а бројот на легла за 9,2%. Сепак учеството на Источниот регион во вкупните сместувачки капацитети на државно ниво е незначително: во вкупниот број на соби изнесува 2,30%, а во вкупниот број на легла 2,45% и треба да се инвестира во сместувачки капацитети.
- Во секторот угостителство постои одредена нелогичност во податоците за 2019 година, и затоа анализата на трендовите е направена за периодот 2015 - 2018 година.
- Бројот на деловни единици во секторот угостителство во Источниот регион се намалил во 2018 година за 7,6% во однос на 2015 година.
- Бројот на седишта во секторот угостителство во Источниот регион се намалил од 10.751 во 2015 година на 8.154 во 2018 година, што претставува значително намалување од 24,2%.
- Бројот на вработени во секторот угостителство се намалил од 1.057 во 2015 година на 956 во 2018 година, намалување од речиси 9,6%.
- Вкупниот промет во угостителството во Источниот регион се зголемил за 15,4% во 2018 година во споредба со 2015 година.
- Туризмот во Источниот регион во 2019 во однос на 2015 година бележи пораст по сите параметри, освен за просечен престој на туристите и просечен престој на странските туристите кои се намалиле.
- Бројот на соби во 2019 во однос на 2015 година е зголемен за 15%. Бројот на легла во анализираниот период е зголемен за 10%.
- Вкупниот број на туристи кои го посетиле регионот е зголемен за 24%, и вкупниот број на ноќевања е зголемен за 18%, во 2019 во однос на 2015 година.
- Бројот на домашни туристи во 2019 во однос на 2015 година се зголемил за 5%, додека бројот на ноќевања реализирани од нив е зголемен за 9%.
- Бројот на странски туристи во анализираниот период (2015 - 2019 година) се зголемил за 57%, а бројот на ноќевања реализиран од нивна страна се зголемил за 30%.

- Просечниот престој на сите туристи, странските и домашните туристи во Источниот регион во 2019 година е идентичен и изнесува 1,96 дена. За споредба просекот на државно ниво во 2019 година изнесува за сите туристи 2,75 дена, за странските 2,08 и домашните туристи 3,94 дена.
- Престојот на странските туристи во регионот во континуитет се намалува и тоа од 2,37 ноќевања во 2015 година на 1,96 ноќевања во 2019 година. Исто така се намалил престојот на туристите за 5%, од 2,06 на 1,96 дена во просек. Престојот на домашните туристи се зголемил за 4% од 1,89 дена на 1,96 дена. Потребно е развивање на атрактивна понуда, нејзино интегрирање и подобра промоција за да се продолжи престојот.
- Во 2019 година во Источниот регион се наоѓаат 2 од вкупно 15 кина, 4 од 26 музеи и 1 од 19 театри. Бројот на музеи се зголемил од 2 на 4 во периодот 2015 - 2019 година, како и бројот на кина од 1 на 2 и со тоа значително се зголемил бројот на посетители. Во однос на државниот просек посетеноста на културните институции е значително помала. Регионот има мал број на културни институции, а од друга страна посетите на постоечките музеи, галерии, театри, културни настани не се евидентирани бидејќи истите се во најголем дел со слободен влез, при што не може да се утврди точниот број на посетители.

# 10. ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## 10.1 Земјоделство

Источниот регион е шести регион (ранг-6) според просечната годишна додадена вредност на земјоделство во Република Северна Македонија во 2019 во износ од 4.674.000.000 денари, односно учество од 8,4%.

Вкупната земјоделска површина во Република Северна Македонија изнесува 1.264.578 ha во 2019 година и од оваа површина обработливи се 519.848 ha (41,10%), а пасишта се 743.991 ha (58,83%). Вкупната земјоделска површина во Источниот плански регион изнесува 188.992 ha во 2019 година. Од оваа површина обработливи се 78.184 ha (41,4%), а на пасишта отпаѓаат 110.765 ha (58,6%), што е речиси идентично како и национално ниво. Во структурата на обработливите површини ораниците и бавчите учествуваат со 80,97%, овоштарниците со 4,98%, лозјата со 1,94% и ливадите со 12,10%.

Во Табелата бр. 66а се дадени споредбени податоци во однос на површината по категории на користење на национално ниво и во Источниот плански регион, како и учеството во површината на ниво на држава за 2019 година.

*Табела бр. 66а. Површина по категории на користење во Република Северна Македонија и во Источен регион, во ha, 2019*

| Категории на земјоделска површина | Република Северна Македонија | Источен плански регион | Учество во однос на национално ниво (%) |
|---|---|---|---|
| **Вкупна земјоделска површина[112]** | **1.264.578** | **188.992** | **14,94** |
| **Обработлива површина - вкупно** | **519.848** | **78.184** | **15,03** |
| Ораници и бавчи | 418.823 | 63.309 | 80,97 |
| Овоштарници | 16.784 | 3.895 | 4,98 |
| Лозја | 24.468 | 1 .518 | 1,94 |
| Ливади | 59.773 | 9.462 | 12,10 |
| **Пасишта** | **743.991** | **110.765** | **14,88** |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2020*

Статистичките податоци за земјоделската површина во Република Северна Македонија, по региони, покажуваат дека во 2019 година најголем дел од земјоделската површина е концентриран во Пелагонискиот регион, кој опфаќа 20,6% од вкупната површина, а најмалку земјоделска површина, само 6,4%, има во Скопскиот регион.

[112] Разликата во земјоделската површина и збирот на обработливата површина и пасиштата претставува површина под трски, бари и рибници.

*Табела бр. 66б. Структура на земјоделска површина во Република Северна Македонија и во планските региони, во %, 2015 - 2019*

| | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Земјоделска површина | Обработлива површина-вк. | Пасишта | Земјоделска површина | Обработлива површина-вк. | Пасишта | Земјоделска површина | Обработлива површина-вк. | Пасишта | Земјоделска површина | Обработлива површина-вк. | Пасишта | Земјоделска површина | Обработлива површина-вк. | Пасишта |
| **Р.С. Македонија** | 100 | 41 | 9 | 100 | 41 | 59 | 100 | 41 | 59 | 100 | 41 | 59 | 100 | 41 | 59 |
| **Вардарски регион** | 100 | 36 | 64 | 100 | 33 | 67 | 100 | 33 | 67 | 100 | 34 | 66 | 100 | 34 | 66 |
| **Источен регион** | **100** | **43** | **57** | **100** | **41** | **59** | **100** | **41** | **59** | **100** | **41** | **59** | **100** | **41** | **59** |
| **Југозападен регион** | 100 | 37 | 63 | 100 | 37 | 63 | 100 | 38 | 65 | 100 | 37 | 63 | 100 | 37 | 63 |
| **Југоисточен регион** | 100 | 48 | 52 | 100 | 47 | 53 | 100 | 48 | 52 | 100 | 52 | 48 | 100 | 53 | 47 |
| **Пелагониски регион** | 100 | 44 | 56 | 100 | 44 | 56 | 100 | 44 | 56 | 100 | 44 | 56 | 100 | 44 | 56 |
| **Полошки регион** | 100 | 25 | 75 | 100 | 24 | 76 | 100 | 25 | 75 | 100 | 24 | 76 | 100 | 24 | 76 |
| **Североисточен регион** | 100 | 46 | 54 | 100 | 55 | 45 | 100 | 55 | 45 | 100 | 54 | 46 | 100 | 55 | 45 |
| **Скопски регион** | 100 | 49 | 51 | 100 | 50 | 50 | 100 | 49 | 51 | 100 | 50 | 50 | 100 | 49 | 51 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018 и 2020*

Од Табелата бр. 66в, каде се претставени површини на користено земјоделско земјиште по категории и по општини во Источниот плански регион, може да се заклучи дека најголема вкупна обработлива површина има во Берово каде има најголема површини на овоштарници, ливади и пасишта, додека најголема површина под оранице и бавчи во Делчево, а под лозја во Карбинци.

*Табела бр. 66в. Користено земјоделско земјиште, по категории, во Источниот плански регион, во ha, 2019*

| | Земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | Оранице и бавчи | Овоштарници | Лозја | Ливади | Пасишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р. С. М.** | **1.264.578** | **519.848** | **418.823** | **16.784** | **24.468** | **59.773** | **743.991** |
| Берово | 40.768 | 13.369 | 7.400 | 1.198 | - | 4.771 | 27.399 |
| Виница | 19.557 | 7.665 | 6.505 | 237 | 329 | 594 | 11.892 |
| Делчево | 20.827 | 10.419 | 8.687 | 941 | 8 | 783 | 10.408 |
| Зрновци | 1.754 | 1.680 | 1.611 | 33 | 29 | 7 | 73 |
| Карбинци | 7.252 | 6.659 | 6.078 | 89 | 395 | 97 | 583 |
| Кочани | 22.249 | 6.544 | 6.051 | 167 | 135 | 191 | 15.701 |
| Македонска Каменица | 5.331 | 4.155 | 3.717 | 131 | 1 | 306 | 1.176 |
| Пехчево | 11.558 | 5.100 | 2.587 | 545 | - | 1.968 | 6.457 |
| Пробиштип | 20.336 | 7.627 | 6.686 | 224 | 164 | 553 | 12.694 |
| Чешиново - Облешево | 6.949 | 6.236 | 5.919 | 159 | 84 | 74 | 707 |
| Штип | 32.411 | 8.730 | 8.068 | 171 | 373 | 118 | 23.675 |
| **Вкупно во Источен регион** | **188.992** | **78.184** | **63.309** | **3.895** | **1.518** | **9.462** | **110.765** |
| **%** | **14.94** | **15.03** | **15.11** | **23.2** | **6.2** | **15.82** | **14.88** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Површината на користеното земјоделско земјиште како и неговата структура се дадени во следната табела. Вкупниот број на земјоделски стопанства во Источниот регион во 2016 година изнесува 14,60% од вкупниот број на земјоделски стопанства во државата. Може да се забележи дека доминира индивидуалниот сектор и на државно ниво и во Источниот регион.

*Табела бр. 67. Користено земјоделско земјиште во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во ha, 2016*

| | Број на земјоделски стопанства | Земјиште со кое располагаат стопанствата | Користено земјиште | Сопствено користено земјиште | Изнајмено за користење од други | Некористено земјоделско земјиште | Друго земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **178.125** | **366.462** | **320.738** | **217.557** | **103.181** | **23.826** | **21.898** |
| Индивидуален сектор | 177.845 | 311.277 | 271.989 | 212.600 | 59.389 | 21.190 | 18.098 |
| Деловни субјекти | 280 | 55.185 | 48.749 | 4.957 | 43.792 | 2.636 | 3.799 |
| **Источен регион Вкупно** | **26.003** | **56.205** | **43.949** | **34.386** | **9.563** | **4.639** | **7.618** |
| Индивидуален сектор | 25.955 | 51.386 | 39.741 | 34.183 | 5.558 | 4.409 | 7.236 |
| Деловни субјекти | 48 | 4.819 | 4208 | 203 | 4.005 | 230 | 382 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

*Табела бр. 68. Клучни индикатори поврзани со земјоделството и руралниот развој, 2017*

| Плански региони | Просечни годишни инвестиции земјоделство (милион денари) | Просечна годишна додадена вредност земјоделство (милион денари) | Вредност на ИПАРД и Национална поддршка[113] (евра) | Застапеност I и II класа од вкупниот број стопанства | Учество на обработливата во земјоделската површина | Стопанства кои можат да вршат наводнување | Процентуално учество на жени во сезонската работна сила |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вардарски** | 309 | 6.313 | 4.560.523 | 75% | 34% | 57% | 53% |
| **Источен** | 323 | 4.259 | 3.275.749 | 72% | 41% | 48% | 36% |
| **Југозападен** | 18 | 2.378 | 3.029.198 | 84% | 37% | 83% | 29% |
| **Југоисточен** | 707 | 14.545 | 2.921.496 | 62% | 53% | 85% | 48% |
| **Пелагониски** | 853 | 9.853 | 10.672.788 | 45% | 44% | 74% | 24% |
| **Полошки** | 259 | 5.222 | 1.074.565 | 81% | 24% | 97% | 26% |
| **Североисточен** | 75 | 2.331 | 999.065 | 71% | 55% | 53% | 17% |
| **Скопски** | 390 | 4.071 | 3.351.602 | 78% | 49% | 79% | 18% |

*Извор: Стратегија за регионален развој 2021 - 2031, стр. 35*

Од табелата погоре може да се заклучи дека Источниот регион во 2017 година има мала бруто додадената вредност на земјоделството од 4.259 милиони денари (ранг-5) и соодветно на тоа мали инвестиции во земјоделството од 323 милиони денари (ранг-4). Источниот регион има релативно добро процентуално учество на жени во сезонската работна сила од 36%. Може да се забележи дека само 48% од земјоделските стопанства можат да вршат наводнување. Источниот регион има поголем број на економски мали стопанства (72% I и II

[113] Финансиска поддршка од националните програми за земјоделство и рурален развој не е вклучена поради недостаток на податоци на регионално ниво

класа) кои имаат пониска просечна вредност на производството. Исто така може да се забележи релативно добро искористување на поддршката преку ЕУ ИПАРД програмата. Со вредност од 3.275.749 евра Источниот регион е рангиран како четврти (ранг-4) според искористување на ЕУ ИПАРД во споредба со другите региони.

Во следната табела дадени се податоци за површина и производство на жита во Источниот регион, изразени по општини кои спаѓаат во регионот и се однесуваат за периодот 2015 до 2019 година.

Според податоците од Државниот завод за статистика, во периодот од 2015 до 2019 на национално ниво, може да се забележат осцилации на засеаната и ожнеаната површина како и производството на жита. Во Источниот плански регион може да се забележи зголемување на производството на одделни житни култури, како пченицата и пченката во периодот 2015 до 2019 година. Притоа може да се забележат одредени осцилации во производството на пченица. Учеството на производството на пченица во вкупното производство на државно ниво во 2015 е 10,13% а во 2019 година е 9,48%. Од друга страна производството на пченка учествува со 12,9% во 2015 година и со 13,9% во 2019 година, односно бележи раст од 16,6%.

*Табела бр. 69. Производство на одделни житни, индустриски и градинарски посеви во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во t, 2015-2019*

| | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Пченица | 201.218 | 306.433 | 200.112 | 241.106 | 239.916 | 20.403 | 28.838 | 13.998 | 20.856 | 22.753 |
| Пченка | 133.771 | 143.823 | 120.156 | 187.676 | 145.278 | 17.274 | 17.148 | 18.549 | 18.704 | 20.146 |
| Тутун | 24.237 | 25.443 | 22.885 | 25.547 | 26.234 | 457 | 566 | 362 | 382 | 427 |
| Компир | 189.408 | 197.138 | 177.721 | 180.424 | 189.023 | 26.585 | 29.822 | 31.346 | 23.945 | 34.406 |
| Кромид | 59.542 | 60.958 | 56.259 | 59.030 | 59.314 | 1.718 | 1.954 | 2.062 | 1.861 | 1.584 |
| Домати | 173.434 | 161.951 | 159.721 | 161.621 | 152.348 | 6.480 | 7.647 | 7.103 | 6.526 | 6.038 |
| Пиперки | 189.443 | 181.852 | 175.100 | 182.872 | 185.452 | 3.988 | 4.204 | 5.317 | 5.107 | 4.752 |
| Краставици | 66.830 | 53.265 | 51.532 | 54.314 | 51.019 | 1.489 | 903 | 876 | 1.345 | 1.413 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Производството на пченица и пченка доминира во општините Чешиново-Облешево, Делчево, Карбинци, Кочани и Штип. Во 2019 година, водечки општини во производството на пченица се Чешиново-Облешево, Пробиштип и Штип, а во производство на пченка Чешиново-Облешево, Кочани и Делчево.

*Табела бр. 70. Производство на пченица и пченка во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пченица | Пченка | Пченица | Пченка | Пченица | Пченка | Пченица | Пченка | Пченица | Пченка |
| Р. С. Македонија | 201.218 | 133.771 | 306.433 | 143.823 | 200.112 | 120.156 | 241.106 | 187.676 | 239.916 | 145.278 |
| ВКУПНО за Источен регион | 20.402 | 17.276 | 28.839 | 17.150 | 13.998 | 18.550 | 20.857 | 18.705 | 22.753 | 20.146 |
| *(%)* | *10,14%* | *12,91%* | *9,41%* | *11,92%* | *7,00%* | *15,44%* | *8,65%* | *9,97%* | *9,48%* | *13,87%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

*Табела бр. 71. Производство на 'рж и јачмен во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 'Рж | Јачмен | 'Рж | Јачмен | 'Рж | Јачмен | 'Рж | Јачмен | 'Рж | Јачмен |
| Р. С. Македонија | 7.747 | 101.677 | 10.210 | 144.832 | 8.416 | 93.666 | 9.379 | 130.028 | 8.628 | 138.453 |
| ВКУПНО за Источен регион | 3.485 | 15.436 | 4.804 | 21.507 | 4.380 | 10.016 | 4.021 | 21.365 | 3.097 | 24,829 |
| % | *44,99%* | *15,18%* | *47,05%* | *14,85%* | *52,04%* | *10,69%* | *42,87%* | *16,43%* | *35,89%* | *0,02%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Во табелата бр. 72 претставено е производството на овес и ориз во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година. Од самите податоци може да се констатира доминантното учество на производството на ориз во Источниот регион во однос на национално ниво од речиси 100%. Треба да се напомене дека е направена заштита на Кочанскиот ориз што претставува основа за афирмација и препознатливост на регионот.

Во 2019 година најмногу ориз произвеле општините Чешиново-Облешево и Кочани или 74,11% од вкупното производство на ориз во Источниот регион.

Може да се забележи и дека во рамки на анализираниот период во Источниот регион расте производството на ориз во континуитет и тоа во 2015 година изнесува 30.393 t, во 2016 – 24.585 t, во 2017 година – 17.081 t, во 2018 година – 19.582 t и во 2019 година - 21.076 t.

*Табела бр. 72. Производство на овес и ориз во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Овес | Ориз | Овес | Ориз | Овес | Ориз | Овес | Ориз | Овес | Ориз |
| Р. С. Македонија | 5.652 | 30.527 | 7.612 | 24.792 | 5.421 | 17.080 | 7338 | 19.732 | 6.715 | 21.278 |
| ВКУПНО за Источен регион | 1.183 | 30.393 | 1.502 | 24.585 | 919 | 17.081 | 1.343 | 19.582 | 1.507 | 21.076 |
| % | *20,93%* | *99,56%* | *19,73%* | *99,17%* | *16,95%* | *100,0%* | *18,30%* | *99,24%* | *22,44%* | *99,05%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Доколку се анализира периодот од 2015 до 2019 година се забележува осцилирање на производството на градинарските култури на целата територија на Република Северна Македонија. Постојат голем број на фактори кои имаат влијание за ваквите состојби: климатските услови, промените на температурите како резултат на климатските промени, лошиот пласман на производите на домашните и странските пазари, иселување на населението и намалување на работната сила, и др.

Ако се анализира производството на градинарските растенија во 2019 година, во Источниот плански регион, ќе се увиди дека во општините Кочани, Берово и Македонска Каменица има најголемо производство на компир, во општините Кочани, Виница и Чешиново-Облешево има најголемо производство на кромид и лук, во општините Кочани, Делчево и Чешиново-Облешево има најголемо количество на производен грав, производството на леќа е незабележително во регионот, додека во 2019 година најмногу зелка произвеле општините Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци и Делчево.

Во табелата бр. 73 претставено е производството на компири и кромид во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година. Од самите податоци може да се констатира производството на компири е во пораст, додека производството на кромид варира, со тоа што се намалува во периодот 2018 и 2019 година.

Производството на компир во 2019 година е зголемено за 29,4% во однос на 2015 година во Источниот плански регион.

Производството на компири во Источниот плански регион во 2019 година учествува со 18,20% во вкупното национално производство, а во 2019 година најмногу компири се произвеле во Берово, Кочани и Пехчево.

*Табела бр. 73. Производство на компири и кромид во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Компири | Кромид | Компири | Кромид | Компири | Кромид | Компири | Кромид | Компири | Кромид |
| Р. С. Македонија | 189.408 | 59.542 | 197.138 | 60.958 | 177.721 | 56.259 | 180.424 | 59.030 | 189.023 | 59.314 |
| ВКУПНО за Источен регион | 26.587 | 1.717 | 29.821 | 1.956 | 31.348 | 2.062 | 23.945 | 1.860 | 34.406 | 1.585 |
| % | *14,04%* | *2,88%* | *15,13%* | *3,21%* | *17,64%* | *3,67%* | *13,27%* | *3,15%* | *18,20%* | *2,67%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Во табелата бр. 74 претставено е производството на домати и пиперки во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година. Од самите податоци може да се констатира дека производството на домати варира, додека производството на пиперки е во пораст. Производството на домати во 2019 година е намалено за 6,81% во однос на 2015 година во Источниот плански регион, а производството на пиперки е зголемено за 16,07%. Источниот регион со производство на домати во 2015 година учествува во производство на државно ниво со 3,73%, а во 2019 година со 3,96%. Забележителни се осцилации во количините. Источниот регион со производство на пиперки во 2015 година учествува со само 2% во производството на државно ниво, а во 2019 година со 2,56% и бележи одреден пораст во количините. Овие градинарски култури имаат доминантно производство во општините Кочани, Чешиново-Облешево и Штип.

*Табела бр. 74. Производство на одделни градинарски посеви во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Домати | Пиперки | Домати | Пиперки | Домати | Пиперки | Домати | Пиперки | Домати | Пиперки |
| Р. С. Македонија | 173.434 | 189.443 | 161.951 | 181.852 | 159.721 | 175.100 | 161.621 | 182.872 | 152.348 | 185.452 |
| ВКУПНО за Источен регион | 6.481 | 3.989 | 7.648 | 4.205 | 7.104 | 5.319 | 6.526 | 5.106 | 6.039 | 4.753 |
| % | *3,74%* | *2,11%* | *4,72%* | *2,31%* | *4,45%* | *3,04%* | *4,04%* | *2,79%* | *3,96%* | *2,56%* |

Извор: Државен завод за статистика, макстат база

Во табелата бр. 75 претставено е производството на детелина и луцерка во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година. Од самите податоци може да се констатира дека производството на детелина и луцерка забележливо варира. Производството на детелина во 2019 година е зголемено за значителни 83,2% во однос на 2015 година во Источниот плански регион, а производството на луцерка е намалено за 13,5%. Учеството на производството на детелина во 2015 година во однос на производство на државно ниво е 1,32%, а во 2019 година е зголемено на 6,13%. Учеството на производството на детелина во 2015 година во однос на производството на државно ниво е 11,47%, а во 2019 година е 10,3%. Производството на овие култури доминира во општините Штип, Чешиново-Облешево, Кочани и Карбинци.

*Табела бр. 75. Производство на детелина и луцерка во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Детелина | Луцерка | Детелина | Луцерка | Детелина | Луцерка | Детелина | Луцерка | Детелина | Луцерка |
| Р. С. Македонија | 15.781 | 111.143 | 17.720 | 111.731 | 14.829 | 98.083 | 20.314 | 11.5975 | 20.501 | 107.048 |
| ВКУПНО за Источен регион | 209 | 12.759 | 123 | 14.782 | 87 | 11.859 | 125 | 14743 | 1.256 | 11.030 |
| % | *1,32%* | *11,48%* | *0,69%* | *13,23%* | *0,59%* | *12,09%* | *0,62%* | *12,71%* | *6,13%* | *10,30%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Од производството на овошје во Источниот плански регион во анализираниот период најголеми количини се забележани за производство на сливи, јаболка и вишни и тоа со големи осцилации во количините. Производството на сливи е најголемо во 2018 година (11.814 t или 68,67% од вкупното национално производство), додека во 2019 година производство изнесува 8.668 t и со тоа учеството во вкупното национално производство на сливи се намалува на 26,83%. Оваа година има значително намалување и на производството на државно ниво. Производството на цреши е зголемено за 21,3% кога ќе се спореди 2019 со 2015 година. Производството на вишни е зголемено за 13,8%, на кајсии е зголемено за 2,24 пати во истиот период, а производството на грозје бележи раст од 14,7%. Кај сите други видови на овошје има пад на производството, а најзначителен е кај јаболката од 42,7% во периодот 2015 - 2019 година.

*Табела бр. 76. Производство на овошје и грозје во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во t, 2015-2019*

| | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Цреши | 6.248 | 5.574 | 4.061 | 5.824 | 6.045 | 357 | 263 | 48 | 431 | 433 |
| Вишни | 8.483 | 8.072 | 4.408 | 10.538 | 8.695 | 3034 | 2.584 | 884 | 4.348 | 3.454 |
| Кајсии | 3.255 | 3.471 | 3.992 | 3.904 | 6.070 | 165 | 111 | 17 | 83 | 369 |
| Јаболка | 136.931 | 101.088 | 43.366 | 140.296 | 88.701 | 4266 | 2.069 | 294 | 4.476 | 2.445 |
| Круши | 9.016 | 7.207 | 5.052 | 8.055 | 8.048 | 1173 | 604 | 105 | 1.306 | 907 |
| Сливи | 41.477 | 33.684 | 17.880 | 37.719 | 32.303 | 9489 | 4.437 | 1.231 | 11.814 | 8.668 |
| Праски | 12.006 | 12.108 | 11.509 | 1.128 | 12.003 | 283 | 215 | 14 | 268 | 271 |
| Ореви | 5.790 | 5.147 | 2.341 | 4.826 | 5.014 | 720 | 449 | 36 | 710 | 676 |
| Грозје | 324.769 | 333.319 | 180.349 | 294.497 | 258.960 | 13117 | 14.236 | 2.750 | 15.399 | 15.048 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Од општините во Источниот плански регион најголеми количини на цреши се произведуваат во Пехчево, Делчево, Виница и Берово, додека производството на вишни доминира во Делчево, Чешиново – Облешево и Штип. При тоа ова производство забележително е зголемено кај повеќето од општините во 2018 и 2019 година.

*Табела бр. 77а. Производство на цреши и вишни во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Цреши | Вишни | Цреши | Вишни | Цреши | Вишни | Цреши | Вишни | Цреши | Вишни |
| Р. С. Македонија | 6.248 | 8.483 | 5.574 | 8.072 | 4.061 | 4.408 | 5.824 | 10.538 | 6.045 | 8.695 |
| ВКУПНО за Источен регион | 358 | 3.033 | 263 | 2.585 | 49 | 886 | 431 | 4.347 | 434 | 3.453 |
| % | *5,73%* | *35,75%* | *4,72%* | *32,02%* | *1,21%* | *20,10%* | *7,40%* | *41,25%* | *7,18%* | *39,71%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Во табелата бр. 77б претставено е производството на јаболка и сливи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година. Од самите податоци може да се констатира дека производството на јаболка и сливи забележливо варира. Производството на јаболка не е доминантно во овој регион. Сепак во 2019 година во споредба со 2015 година се забележува намалување за 42,7%. Како што е наведено и погоре, производството на сливи во анализираниот период варира, но количините во 2019 се намалени за 8,7% во однос на 2015 година.

Учеството на производството на јаболка во 2015 година во однос на производството на државно ниво е 3,11%, а во 2019 година е 2,75%. Учеството на производството на сливи во 2015 година во однос на производството на државно ниво е 22,9%, а во 2019 година е 26,8%. Општини од Источниот регион каде доминира производството на сливи и јаболка се Берово, Делчево, и Кочани.

*Табела бр. 77б. Производство на јаболка и сливи во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јаболка | Сливи | Јаболка | Сливи | Јаболка | Сливи | Јаболка | Сливи | Јаболка | Сливи |
| Р. С. Македонија | 136.931 | 41.477 | 101.088 | 33.684 | 43.366 | 17.880 | 140.296 | 37.719 | 88.701 | 32.303 |
| ВКУПНО за Источен регион | 4.267 | 9.490 | 2.069 | 4.436 | 295 | 1.230 | 4.477 | 11.815 | 2.445 | 8.668 |
| % | *3,12%* | *22,88%* | *2,05%* | *13,17%* | *0,68%* | *6,88%* | *3,19%* | *31,32%* | *2,76%* | *26,83%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

Вкупното производство на грозје во Источниот плански регион во 2019 година изнесува 5.81% во однос на државно ниво. Производството е најзастапено е во општините Штип, Карбинци и Виница. Производството на грозје во 2019 година во Источниот плански регион во однос на 2015 година е зголемено за 12,82% и генерално ова производство е во раст, со исклучок на 2017 година. Во 2015 година Источниот регион учествувал со 4% во вкупното производство на грозје на државно ниво, а во 2019 година со 5,81%.

*Табела бр. 78. Производство на* грозје *во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион по општини, во t, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Р. С. Македонија | 324.769 | 333.319 | 180.349 | 294.497 | 258.960 |
| ВКУПНО за Источен регион | 13.118 | 14.236 | 2.750 | 15.399 | 15.048 |
| % | *4,04%* | *4,27%* | *1,52%* | *5,23%* | *5,81%* |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат база*

## 10.2 Особености на земјоделскиот сектор во Источниот плански регион

### 10.2.1. Искористеност на земјиштето

Погодната земјоделска структура и специфичните климатски услови се едни од клучните фактори за успешен развој на земјоделството во Источниот регион. Во табелата подолу се дадени состојбите по категоризирано земјиште по години за периодот 2015 до 2019 година. Како што е наведено, процентот на обработлива површина е 41,1% и на пасишта е 58,9% во 2019 година. Пасиштата, ораниците и бавчите се најмногу застапени на земјоделската површина во Источниот регион. Во однос на Република Северна Македонија, во Источниот регион се наоѓаат 14,9% од вкупните 518.740 ha обработливо земјоделско земјиште.

*Табела бр. 79. Земјоделска површина по категории на користење во Република Северна Македонија и Источниот регион, во ha, 2015-2019*

| | Република Северна Македонија | Источен регион |
|---|---|---|
| | 2015 | |
| **Земјоделска површина*** | **1.264.408** | **188.387** |
| **Обработлива површина – вкупно** | **513.564** | **77.718** |
| Ораници и бавчи | 415.004 | 63.476 |
| Овоштарници | 15.856 | 3.914 |
| Лозја | 23.240 | 1.464 |
| Ливади | 59.464 | 8.864 |
| **Пасишта** | 750.359 | 110.640 |
| | 2016 | |
| **Земјоделска површина*** | **1.267.134** | **188.401** |
| **Обработлива површина – вкупно** | **516.644** | **78.078** |
| Ораници и бавчи | 417.456 | **64.521** |
| Овоштарници | 16.138 | **3.944** |
| Лозја | 23.613 | **1.571** |
| Ливади | 59.437 | **8.042** |
| **Пасишта** | 749.772 | **110.294** |
| | 2017 | |
| **Земјоделска површина*** | **1.266.008** | **188.478** |
| **Обработлива површина – вкупно** | **516.870** | **77.157** |
| Ораници и бавчи | 416.709 | **63.117** |
| Овоштарници | 16.546 | **4.036** |
| Лозја | 23.703 | **1.570** |
| Ливади | 59.912 | **8.434** |
| **Пасишта** | 748.413 | **111.281** |
| | 2018 | |
| **Земјоделска површина*** | **1.264.139** | **188.337** |
| **Обработлива површина – вкупно** | **518.740** | **77.365** |
| Ораници и бавчи | 418.140 | **62.679** |
| Овоштарници | 16.827 | **3.947** |
| Лозја | 24.088 | **1.528** |
| Ливади | 59.685 | **9.211** |
| **Пасишта** | 744.667 | **110.932** |
| | 2019 | |

| | | |
|---|---|---|
| **Земјоделска површина*** | **1.264.578** | **188.992** |
| **Обработлива површина – вкупно** | **519.848** | **78.184** |
| Ораници и бавчи | 418.823 | **63.309** |
| Овоштарници | 16.784 | **3.895** |
| Лозја | 24.468 | **1 .518** |
| Ливади | 59.773 | **9.462** |
| **Пасишта** | **743.991** | **110.765** |

* Разликата во земјоделската површина и збирот на обработливата површина и пасиштата претставува површина под трски, бари и рибници.

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2019*

Во согласност со Регулативата на ЕК број 1166/2008, во јуни 2016 година Државниот завод за статистика го спроведе Структурното истражување за земјоделските стопанства. Структурното истражување за земјоделските стопанства е едно од основните статистички истражувања во областа на земјоделството кое се спроведува на секои три години и обезбедува споредливи податоци за земјоделските стопанства.

Според податоците од истражувањето, вкупниот број на земјоделски стопанства во Република Северна Македонија изнесува 178.125. Во просек, едно земјоделско стопанство користи 1,8 ha земјоделско земјиште и има 2,1 добиточни единици. Вкупното користено земјоделско земјиште од страна на земјоделските стопанства изнесува 320.738 ha, а од вкупниот број на стопанства, 60,8% користат до 1 ha земјоделско земјиште. Земјоделските стопанства имаат вкупно 381.361 добиточна единица. Од техниките на ѓубрење, 37,9% од земјоделските стопанства користат нанесување на ѓубривото без заорување во почвата, додека од методите на наводнување, најчесто користен е методот на површинско наводнување.[114]

Конкретно, од табелата подолу може да се забележи дека 14% од вкупниот број на земјоделски стопанства во земјата се наоѓаат во Источниот регион, но и дека 15% од вкупното земјиште со кое располагаат стопанствата во Република Северна Македонија е во овој регион. Вкупно 78% од вкупното земјоделско земјиште со кое располага овој регион се користи, за разлика од 87% на национално ниво, и тоа примарно од страна на индивидуалниот сектор (77%).

*Табела бр. 80. Големина на земјиште со коешто располага стопанството во Република Северна Македонија и Источниот регион, во ha, 2016*

| | Број на земјоделски стопанства | Вкупно земјиште со кое располагаат стопанствата | Користено земјоделско земјиште | | | Не користено земјоделско земјиште | Друго земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Изнајмено | | |
| **Р.С.Македонија** | 178.125 | 366.462 | 320.738 | 217.557 | 103.181 | 23.826 | 21.898 |
| Индивидуален сектор | 177.845 | 311.277 | 271.989 | 212.600 | 59.389 | 21.190 | 18.098 |
| Деловни субјекти | 280 | 55.185 | 48.749 | 4.957 | 43.792 | 2.636 | 3.799 |
| **Источен регион** | 26.003 | 56.205 | 43.949 | 34.386 | 9.563 | 4.639 | 7.618 |
| Индивидуален сектор | 25.955 | 51.386 | 39.741 | 34.183 | 5.558 | 4.409 | 7.236 |
| Деловни субјекти | 48 | 4.819 | 4.208 | 203 | 4.005 | 230 | 382 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

[114] Државен завод за статистика, Структурно истражување за земјоделските стопанства, 2016 - претходни податоци

### 10.2.2. Ангажираност на жителите во земјоделство

Во Источниот плански регион, земјоделството е економска активност на целото семејство. Најчесто како носител на индивидуално земјоделско стопанство во Источниот регион се јавуваат мажи (90% од случаите, исто како и на национално ниво) со просечна старост од 58 години, додека пак како членови од домаќинство ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства распределбата е 66% жени со просечна возраст од 49 години и 34% мажи со просечна возраст од 36 години. Во табелата подолу детално е прикажана ангажираноста на членовите на семејствата од овој регион во одгледувањето на земјоделските култури. Значајно е да се спомене е дека 34% од членовите на домаќинства ангажирани во индивидуалните земјоделски стопанства се помлади од 35 години, за разлика од 22% на национално ниво. Ова покажува поголем тренд на вклучување на младите во земјоделски активности. Сепак доминира опфатот на членовите на домаќинства ангажирани во индивидуалните земјоделски стопанства на возраст од 45-64 години.

Прегледот на податоците во врска со ангажираноста на жителите во земјоделскиот сектор е даден за 2016 година, согласно последните достапни податоци (Попис во земјоделството).

*Табела бр. 81. Членови на домаќинства ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства, по пол и возраст во Република Северна Македонија и Источниот регион, 2016*

| | Индивидуални земјоделски стопанства | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Носител на индивидуално стопанство | | | | Членови на домаќинство | | | |
| | Број на мажи | Број на жени | Просечна возраст | | Број на мажи | Број на жени | Просечна возраст | |
| | | | Мажи | Жени | | | Мажи | Жени |
| **МК** | 159.213 | 18.632 | 58 | 61 | 92.056 | 167.417 | 36 | 48 |
| **Источен регион** | 23.585 | 2.370 | 56 | 62 | 11.216 | 21.926 | 36 | 49 |
| **Учество (%)** | 14,81% | 12,72% | / | / | 12,18% | 13,10% | / | / |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во табелите подолу е претставен бројот на лицата според образование кои што се ангажирани во индивидуални земјоделски стопанства но и споредбено во деловниот сектор. Може да се забележи дека во индивидуалниот сектор доминира бројот на лица со основно образование и друго средно образование. Може да се забележи дека е поголем бројот на лица со друго високо образование - 4.498, а исто така и бројот на лица со незавршено основно образование - 3.219. Генерално доминира учеството на лица без образование во индивидуалниот сектор.

*Табела бр. 82а. Број на лица според образованието, ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства, и вработени во деловниот сектор во Република Северна Македонија и Источниот регион, 2016*

| | Без образование | Незавршено основно образование | Основно образование | Средно земјоделско образование | Друго средно образование |
|---|---|---|---|---|---|
| **МК Вкупно** | **10.389** | **35.735** | **152.093** | **17.549** | **187.636** |
| Индивидуален сектор | 10.212 | 35.607 | 150.781 | 16.846 | 186.156 |
| Деловни субјекти | 177 | 128 | 1.312 | 703 | 1.480 |
| **Источен регион Вкупно** | **1.385** | **3.242** | **17.181** | **1.915** | **28.354** |
| **Учество (%)** | **13,3%** | **9,1%** | **11,3%** | **10,9%** | **15,1%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Индивидуален сектор | 1.372 | 3.219 | 17.054 | 1.847 | 28.143 |
| Деловни субјекти | 13 | 23 | 127 | 68 | 211 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 82б. Број на лица според образованието, ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства, и вработени во деловниот сектор во Република Северна Македонија и Источниот регион, 2016*

| | Друго вишо образование | Високо земјоделско образование | Друго високо образование | Магистратура, докторат (земјоделски) | Магистратура, докторат (друго) |
|---|---|---|---|---|---|
| **МК Вкупно** | **7.531** | **2.770** | **23.659** | **715** | **627** |
| Индивидуален сектор | 7.458 | 2.500 | 23.411 | 689 | 616 |
| Деловни субјекти | 73 | 270 | 248 | 26 | 11 |
| **Источен регион Вкупно** | **1.661** | **615** | **4.522** | **284** | **89** |
| **Учество (%)** | **22,06%** | **22,20%** | **19,11%** | **39,72%** | **14,19%** |
| Индивидуален сектор | 1.660 | 582 | 4.498 | 281 | 89 |
| Деловни субјекти | 1 | 33 | 24 | 3 | - |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од табелата може да се заклучи дека учеството на лица со вишо, високо и повисоко образование кои се ангажирани на земјоделските стопанства е мошне високо. Највисоко учество имаат лицата со магистратура и докторат (земјоделски), што е потенцијал кој треба да се искористи за модернизација на земјоделското производство.

## 10.3 Сточарство

Во Источниот плански регион е значително застапено одгледувањето на кози, свињи и овци во однос на национално ниво, со соодветно учество од 30%, 25% и 21%. Податоците за вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства на државно ниво и во Источниот плански регион за периодот од 2015 до 2019 година се дадени во табелата што следи.

*Табела бр. 83а. Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства, 2019*

| | Коњи | Говеда | Свињи | Овци | Кози | Живина | Пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 8.952 | 217.790 | 135.770 | 684.558 | 87.581 | 1.562.089 | 96.143 |
| **Источен регион** | **911** | **21.364** | **34.452** | **142.691** | **25.970** | **189.197** | **6.564** |
| **Учество (%)** | **10%** | **10%** | **25%** | **21%** | **30%** | **12%** | **7%** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

*Табела бр. 83б. Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2015-2019*

| | Република Северна Македонија | | | | | Источен плански регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Коњи** | 18.784 | 19.263 | 17.951 | 10.041 | 8.952 | 2.145 | 6127 | 1.732 | 827 | 911 |
| **Говеда** | 253.442 | 254.768 | 255.036 | 256.181 | 217.790 | 23.368 | 23.402 | 24.123 | 25.555 | 21.364 |
| **Свињи** | 195.443 | 202.758 | 202.197 | 195.538 | 135.770 | 51.146 | 43.001 | 43.827 | 45.298 | 34.452 |
| **Овци** | 733.510 | 723.295 | 724.555 | 726.990 | 684.558 | 126.363 | 126.603 | 126.873 | 142.832 | 142.691 |
| **Кози** | 88.064 | 101.669 | 107.466 | 117.447 | 87.581 | 20.316 | 22.914 | 30.334 | 29.698 | 25.970 |
| **Живина** | 1.761.145 | 1.865.769 | 1.840.173 | 1.828.287 | 1.562.089 | 151.144 | 154.736 | 208.696 | 217.143 | 189.197 |
| **Пчелни семејства** | 73.960 | 81.476 | 75.406 | 81.197 | 96.143 | 17.441 | 11.222 | 16.614 | 14.695 | 6.564 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Од табелата погоре може да се забележи дека во 2019 година бројот на свињи се намалил за 32,6% во однос на 2015 година, бројот на коњи за 57,5%, говеда за 8,6% а пчелни семејства за 62,4%. Кај следниот добиток и живина се забележува зголемување и тоа: кози 27,8%, живина 25,2%, овци 12,9%.

Според податоците на Државниот завод за статистика, може да се забележи дека во Источниот плански регион, индивидуалниот сектор е значително повеќе вклучен во одгледување на добиток, живина и пчелни семејства. Деловните субјекти највеќе се вклучени во одгледување на свињи, овци и говеда.

*Табела бр. 84. Број на земјоделски стопанства со добиток, живина, зајаци и пчелни семејства во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2016*

| | говеда | коњи | овци | кози | свињи | живина | зајаци (женски грла) | пчелни семејства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МК Вкупно** | **38.131** | **17.152** | **5.405** | **18.307** | **45.265** | **63.503** | **2.828** | **4.916** |
| Индивидуален сектор | 38.056 | 17.146 | 5.377 | 18.291 | 45.222 | 63.478 | 2.828 | 4.913 |
| Деловни субјекти | 75 | 6 | 28 | 16 | 43 | 25 | - | 3 |
| **Источен регион Вкупно** | **3.871** | **1.505** | **846** | **5.138** | **10.523** | **8.106** | **475** | **906** |
| Индивидуален сектор | 3.866 | 1.504 | 840 | 5.135 | 10.516 | 8.102 | 475 | 906 |
| Деловни субјекти | 5 | 1 | 6 | 3 | 7 | 4 | - | - |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

Следната табела ја прикажува состојбата со бројот на добиток, живина и пчелни семејства на национално ниво и во Источниот регион за периодот од 2015 до 2019 година. Статистиката укажува на тоа дека во Источниот плански регион се одгледуваат сите видови на добиток, живина и пчелни семејства со тоа што бројот на овците континуирано се намалува во анализираниот период од 126.363 во 2015 година на 142.691 во 2019 година, што претставува раст од приближно 13%. Кај живината се забележува значителен раст од 151.144 единици во 2015 година до 217.143 во 2018 година и потоа бројот опаѓа до 189.197 во 2019 година, но сепак има апсолутен раст од 25,2% во однос на 2015 година. Загрижува фактот што во овој период бројот на свињи континуирано се намалува па така од 51.146 во 2015 година бројот е намален на 34.452 во 2019 година што изнесува намалување од околу 32,6%. Бројот на кози осцилира, со тоа што се забележува раст до 2017 година, а потоа нивниот број се намалува во 2018 и 2019 година, но сепак има апсолутен раст во однос на 2019 година во износ од 27,8%. Кај бројот на говеда има

континуиран раст до 2018 година, но потоа следува пад во 2019 година и има апсолутно намалување на бројот во однос на 2015 година за 8,6%. Бројот на кози во 2019 година е зголемен за значителни 27,8 во однос на 2015 година.

Кај пчелните семејства има големи осцилации, но сепак има драстичен апсолутен пад во 2019 година во однос на 2015 година од 62,4%. Драстичен пад има исто така кај бројот на коњи од 57,5%.

Генерално, може да се констатира дека регионот користи далеку под капацитетите на природните ресурси кои ги поседува за развој на сточарството.

*Табела бр. 85. Вкупен број на добиток, живина и пчелни семејства на државно ниво и во Источниот плански регион, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | | | | | |
| **Коњи** | 18.784 | 19.263 | 17.951 | 10.041 | 8.952 |
| **Говеда** | 253.442 | 254.768 | 255.036 | 256.181 | 217.790 |
| **Свињи** | 195.443 | 202.758 | 202.197 | 195.538 | 135.770 |
| **Овци** | 733.510 | 723.295 | 724.555 | 726.990 | 684.558 |
| **Кози** | 88.064 | 101.669 | 107.466 | 117.447 | 87.581 |
| **Живина** | 1.761.145 | 1.865.769 | 1.840.173 | 1.828.287 | 1.562.089 |
| **Пчелни семејства** | 73.960 | 81.476 | 75.406 | 81.197 | 96.143 |
| **Источен регион** | | | | | |
| **Коњи** | 2.145 | 6.127 | 1.732 | 827 | 911 |
| **Говеда** | 23.368 | 23.402 | 24.123 | 25.555 | 21.364 |
| **Свињи** | 51.146 | 43.001 | 43.827 | 45.298 | 34.452 |
| **Овци** | 126.363 | 126.603 | 126.873 | 142.832 | 142.691 |
| **Кози** | 20.316 | 22.914 | 30.334 | 29.698 | 25.970 |
| **Живина** | 151.144 | 154.736 | 208.696 | 217.143 | 189.197 |
| **Пчелни семејства** | 17.441 | 11.222 | 16.614 | 14.695 | 6.564 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

Во табелите подолу е наведено производството на млеко и производството на волна во Источниот плански регион во периодот 2016 до 2019 година (Забелешка: за 2015 година не се достапни податоци). Може да се забележи дека бројот на молзни крави и на молзни кози се намалува во анализираниот период и паралелно со тоа и производството на млеко. Посебно е изразено намалувањето кај бројот на молзни крави. Од друга страна, може да се забележи дека бројот на молзни овци е во пораст, и соодветно на тоа се констатира зголемување на производството на овчо млеко.

*Табела бр. 86. Производство на млеко во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, 2016-2019*

| | Република Северна Македонија | | | | Источен регион | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| **Производство на кравјо млеко, '000 l** | 403.044 | 394.140 | 404.230 | 390.903 | 31.916 | 51.620 | 29.666 | 29.480 |
| **Производство на овчо млеко, '000 l** | 41.065 | 35.364 | 36.559 | 35.088 | 5.577 | 5.207 | 5.618 | 6.095 |
| **Производство на козјо млеко, '000 l** | 19.336 | 19.250 | 22.846 | 16.865 | 4.583 | 5.667 | 5.472 | 5.005 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

Според табелата подолу, Источниот регион се наоѓа на второ место во однос на производството на волна, веднаш после Југозападниот регион. Во Источниот плански регион во анализираниот период од 2016 до 2019 година може да се забележи зголемување на производството на волна (Забелешка: за 2015 година не се достапни податоци).

*Табела бр. 87. Производство на волна во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во t, 2016-2019*

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **850.966** | **1.359.184** | **990.476** | **843.637** |
| **Источен регион** | **132.931** | **152.646** | **184.055** | **194.274** |
| **Учество (%)** | **15,6** | **11,2** | **18,6** | **23** |
| **Вардарски регион** | 122.359 | 81.419 | 70.881 | 61.394 |
| **Југозападен регион** | 151.334 | 725.766 | 322.486 | 209.924 |
| **Југоисточен регион** | 87.469 | 86.517 | 71.433 | 73.065 |
| **Пелагониски регион** | 162.835 | 134.343 | 129.292 | 138.804 |
| **Полошки регион** | 96.628 | 94.783 | 111.915 | 79.972 |
| **Североисточен регион** | 54.179 | 47.392 | 52.736 | 64.983 |
| **Скопски регион** | 43.231 | 36.318 | 47.678 | 21.221 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат дата база*

## 10.4 Рурален развој

Согласно пропишаните критериуми за рурални населени места и рурални територии кои се дефинирани во соодветните законски рамки, пред сè со Законот за земјоделство и рурален развој и релевантните подзаконски акти, територијата на Источниот плански регион е доминантно рурална територија. Законските критериуми што го дефинираат руралното подрачје и руралните населени места се усогласени со критериумите на ОЕЦД и ЕУ и тие го дефинираат руралното подрачје како територија со густина на населеност под 150 жители на $km^2$, додека за населено место со рурален карактер се зема критериумот за населено место кое има под 30.000 жители. Ваквите критериуми ја дефинираат целата територија на регионот како рурална територија доколку се земе во предвид фактот дека просечната густина на населението изнесува 49,1 жител на $km^2$. Источниот плански регион е еден од најретко населените. Регионот има и втора најниска негативна стапка на промена на популацијата во државата од -4,2% во 2019 година. Сите општини бележат опаѓање на бројот на населението, освен општина Штип која е со минимален пораст.

Во Источниот плански регион има доминантно голем број на села, и тоа вкупно 211 села, и развиена мрежа од 8 градови, и тоа: Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Каменица, Делчево, Пехчево и Берово. Вкупниот број населени места во Источниот регион е 219. Бидејќи регионот бележи долгогодишно и во континуитет намалување на бројот на население, може да се забележи дека доминира бројот на малите села (со вкупно население до 100 жители), бројот на раселени села, како и села со изразито висок индекс на стареење.

Само 56.893 (32,7%) од вкупното население од регионот (173.804) живее во 211 рурални населби[115] – села. Следната табела дава приказ на бројот на населените места за секоја општина одделно, како и бројот на населението кое што живее во град или село. Во

[115] Вкупниот број на рурални населби – села во Источниот плански регион изнесува 211

Источниот регион најбројно население според местото на живеење град/село е во општината Штип. Во периодот 2015-2019 бројот на население се зголемил единствено во Општина Штип.

Од табелата може да се заклучи дека учеството на градското во вкупното население изнесува речиси 67,3%, што е познато како ниво на урбанизираност според кој Источниот регион е рангиран како 4 во однос на другите региони. Ова значи дека Источниот плански регион нема значителни разлики, бидејќи според нивото на економски развој (БДП по жител) се наоѓа на 5, а според степенот на урбанизација на 4 место во споредба со другите региони.

*Табела бр. 88а. Вкупно населени места (град/село) Источен плански регион - број на население во регионот со дистрибуција на живеење град - село, 2019*

| Општина | Вкупно населени места град/село | Население | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Град | Село | Вкупно |
| Берово | 1/8 | 7.002 | 5.491 | 12.493 |
| Виница | 1/16 | 10.863 | 8.344 | 19.207 |
| Делчево | 1/21 | 11.500 | 4.222 | 15.722 |
| Зрновци - рурална општина | 0/3 | / | 2.920 | 2.920 |
| Карбинци - рурална општина | 0/29 | / | 3.904 | 3.904 |
| Кочани | 1/27 | 28.330 | 9.059 | 37.389 |
| Македонска Каменца | 1/8 | 5.147 | 2.188 | 7.335 |
| Пехчево | 1/6 | 3.237 | 1.485 | 4.722 |
| Пробиштип | 1/35 | 10.816 | 3.955 | 14.771 |
| Чешиново - Облешево - рурална општина | 0/14 | / | 6.651 | 6.651 |
| Штип | 1/43 | 40.016 | 8.674 | 48.690 |
| **Вкупно:** | **219** | **116.911** | **56.893** | **173.804** |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза, Попис 2002, различни извори*

Во следната табела е дадена Листата на рурални подрачја (населени места определени како рурални области (ЛАЕ2), во општината со помалку од 30.000 жители) врз основа на одлуката во Службен весник на РМ бр. 177 од 22.09.2016 година.

*Табела бр. 88б. Листа на рурални подрачја (населени места определени како рурални области (ЛАЕ2), населено место во општините од Источен регион со помалку од 30.000 жители), 2016*

| Општина | Рурални подрачја |
|---|---|
| Берово | Град Берово и селата: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово |
| Виница | Град Виница и селата: Блатец, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино, Трстија и Црн Камен |
| Делчево | Град Делчево и селата: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Свегор, Илиово, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Очипала, Полето, Разловци, Селник, Стамер, Стар Истевник, Тработивиште, Турија и Чифлик |

| | |
|---|---|
| Зрновци | Селата: Видовиште, Зрновци и Мородвис |
| Карбинци | Селата: Аргулица, Батање, Вртешка, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Нов Караорман, Оџалија, Припечани, Прналија, Радање, Руљак, Таринци и Црвулево |
| Кочани | Град Кочани и селата: Безиково, Бели, Вранинци, Горни Подлог, Горно Градче, Главовица, Грдовци, Долни Подлог, Долно Градче, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Мојанци, Небојани, Нивичани, Ново Село, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Тркање и Црвена Нива |
| Македонска Каменца | Градот Македонска Каменица и селата: Дулица, Косевица, Костин Дол, Луковица, Моштица, Саса, Тодоровци и Цера |
| Пехчево | Градот Пехчево и селата: Негрево, Панчарево, Робово, Спиково, Умлена, Црник и Чифлик |
| Пробиштип | Градот Пробиштип и селата: Бунеш, Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гујновци, Добрево, Долни Стубол, Долно Барбарево, Древено, Дренак, Зарепинци, Зеленград, Злетово, Јамиште, Калниште, Куково, Кундино, Лезово, Лесново, Марчино, Неокази, Пестришино, Петршино, Пишица, Плешенци, Пуздерци, Ратавица, Стрисовци, Стрмош, Трипатанци, Трооло, Турско Рудари и Шталковица |
| Чешиново - Облешево | Селата: Бања, Бурилчево, Врбица, Жиганце, Кучичино, Лепопелци, Ново Селани, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Уларци, Чешиново и Чифлик |
| Штип | Селата: Балталија, Брест, Врсаково, Горачино, Доброшани, Долани, Драгоево, Едеклерци, Јамуларци, Калапетровци, Кошево, Криви Дол, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Никоман, Ново Село (населба), Ново Село (село), Пенуш, Пиперово, Почивало, Пухче, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судик, Сушево, Танатарци, Тестемелци, Топлик, Хаџи-Рецепли, Хаџи-Сејдели, Хаџи-Хамзали, Црешка, Чардаклија, Чифлик, Шашаварлија и Шопур. |

*Извор: Службен весник на РМ бр. 177 од 22.09.2016 година*

На територијата на Источниот регион делуваат 3 Локални Акциони Групи согласно ЕУ ЛЕАДЕР пристапот:

- ЛАГ „Брегалница“ с. Зрновци, кој ги опфаќа територииte на 6 општини: Виница, Зрновци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип, и Чешиново-Облешево,
- ЛАГ „Малеш – Пијанец“ од с. Негрево кој ги опфаќа територииte на 3 општини: Берово, Делчево и Пехчево, и
- ЛАГ Плачковица од с. Конче кој опфаќа територииte на општините Штип и Карбинци, како општините Конче и Радовиш кои се наоѓаат на територијата на Југоисточниот плански регион.

ЛАГ-овите од Источниот регион се впишани во регистарот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Само ЛАГ-овите впишани во регистарот можат да

бидат корисник на средствата од ЕУ и на државната помош. Трите ЛАГ го завршија процесот на ревизија на стратегиите за локален развој на руралната средина за следниот плански период на ЕУ 2021 - 2027.

### 10.4.1. Рурална економија

Во Источниот регион бројот на активни деловни субјекти во 2019 година изнесува 5.799 деловни субјекти. Според големината, најзастапени се малите и средните претпријатија и тие најмногу се занимаваат со производство во областа на земјоделството, конзерво-преработувачката индустрија, шумарството и рибарството. Многу мал дел од овие претпријатија функционираат на руралната територија на регионот. Така на пр., во трите општини со седиште во село, Зрновци, Карбинци и Чешиново и Облешево регистрирани се 4,26% од вкупниот број на активни деловни субјекти во Источниот регион. Најголем број од овие претпријатија, односно 25,9% се во секторот Земјоделство, додека дополнителни 15,8% се во преработувачката индустрија. Најголем дел од активните деловни субјекти во Источниот плански регион во 2019 година работат во секторот на Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (1.793 или 30,9% од вкупниот број претпријатија во Источниот регион), потоа следуваат претпријатијата од Преработувачката индустрија (899 или 15,5%) и претпријатијата од секторот Транспорт и складирање (467 или 8,1%).

### 10.4.2. Патна мрежа

Во Источниот плански регион се забележува задоволителна локална патна мрежа кои ги поврзува населените места во регионот и истата учествува со 12,4% во вкупната локална патна мрежа. Сепак мора да се наведе дека е потребна реконструкција на дел од локалната патна мрежа и изградба на нова, бидејќи значителен дел од локалните патишта (54,1%) се земјени или непробиени. Магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ територијата на овој регион овозможуваат релативно добро поврзување на руралната средина и регионот со другите региони и со соседна Бугарија.

### 10.4.3. Водоводна и одводна инфраструктура

Индикаторите за покриеноста на населението со комунална инфраструктура во Источниот регион изнесуваат:

- Јавен водовод - 82%
- Јавна канализација - 88%
- Третман на отпадните води - 9%

Руралните населени места во регионот се снабдуваат со вода за пиење преку локални неформални водоснабдителни системи кои се напојуваат од изворска и бунарска вода. Инсталираниот водоводен систем во регионот го снабдува со вода поголемиот дел од домаќинствата во руралните населби. Населението кое нема пристап до водоводниот систем, ваквиот проблем го решава индивидуално, со поставување пумпи за користење на подземна вода. Водоводните системи во селата се релативно стари и потребна е нивна реконструкција. Поради дотраеноста на дел од водоводната мрежа населените места се соочуваат со намалување на квалитетот на водата и губење на големи количини питка вода.

Руралните населени места немаат канализациски системи за одвод на атмосферска канализација, а поголемиот дел од селата немаат ни канализација за одвод на фекалните води. Домаќинствата и деловните субјекти во овие населби прашањето со отпадните води го решаваат со градење на септички јами.

Во Источниот регион, само 48% од стопанствата можат да вршат наводнување.

### 10.4.3. Комунален и цврст отпад

Просечното производство на отпад по жител во Источниот регион изнесува 0,254 t/жител/година, кое во урбаните делови изнесува 0,244 t/жител/година, додека во руралните е поголема и изнесува 0,272 t/жител/година. Биоразградливиот отпад учествува со голем процент во вкупната количина на отпад, па така учеството на отпадот од градините изнесува 17%, додека другиот биоразградлив отпад е најголема фракција и учествува со 36,6%. Во најголемиот дел од руралните населени места не се врши собирање и депонирање на цврстиот комунален отпад. Општинските јавни комунални претпријатија имаат воспоставено систем на собирање, транспорт и депонирање на комунален и цврст отпад за центрите на општините и во некои случаи за поголемите рурални населби.

Според Регионалниот план за управување со отпад од април 2014, проценката за руралното население кое добива услуга изнесува 66%, односно 37.500 жители. Процентот на рурално население кое е покриено со услуга на собирање на отпад по општини изнесува: Берово 30%, Виница 17%, Делчево 14%, Зрновци 90%, Карбинци 79%, Кочани 21%, Македонска Каменица 28%, Пехчево 100%, Пробиштип 23%, Чешиново - Облешево 38% и Штип 9%. Поради ваквата ситуација, како и поради ниската свест и лошата економска состојба на руралното население, овој отпад се третира со палење или се депонира на диви депонии чија бројка во регионот изнесува околу 71. Во најголем број тие се лоцирани во непосредна близина на селата, во близина на речните корита или на земјоделските површини и како такви претставуваат сериозна опасност од загадување на почвата, подземните и површинските води и здравјето на луѓето.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОРОТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Од претходната анализа за секторот Земјоделство и рурален развој може да се извлечат следните заклучоци и дадат препораки:

- Источниот регион е шести регион според просечната годишна додадена вредност на земјоделство во државата, кој располага со вкупна земјоделска површина од 188.992 ha (2019) што претставува 14.94% од вкупната земјоделска површина во земјата. Вкупното користено земјиште односно вкупната обработлива површина изнесува 78.174 ha (2019), што процентуално изразено е 15,03% од вкупното користено земјиште во Република Северна Македонија.
- Според структурата на вкупната земјоделска површина во Источниот плански регион 41% е обработлива површина, додека 59% се пасишта.
- Вкупната обработлива површина во Источниот регион изнесува 41,3%, а во структурата на обработливите површини ораниците и бавчите учествуваат со 80,84%, овоштарниците со 4,98%, лозјата со 1,94% и ливадите со 12,10%.
- Во Источниот плански регион може да се забележи зголемување на производството на одделни житни култури, како пченицата и пченката во периодот 2015 до 2019 година. Учеството на производството на пченица во вкупното производство на државно ниво во

2015 е 10,13% а во 2019 година е 9,48%. Од друга страна производството на пченка учествува со 12,9% во 2015 година и со 13,9% во 2019 година, односно бележи раст од 16,6%.

- Доминантно е учество на производството на ориз во Источниот регион во однос на национално ниво од речиси 100%. Во 2019 година најмногу ориз произвеле општините Чешиново-Облешево и Кочани или 74,11% од вкупното производство на ориз во Источниот регион. Може да се забележи и дека во рамки на анализираниот период во Источниот регион расте производството на ориз во континуитет, и тоа во 2017 година – 17.081 t, во 2018 година – 19.582 t и во 2019 година - 21.076 t.
- Доколку се анализира периодот од 2015 до 2019 година се забележува осцилирање на производството на градинарските култури на целата територија на Република Северна Македонија. Во Источниот плански регион, ќе се увиди дека во општините Кочани, Берово и Македонска Каменица има најголемо производство на компир, во општините Кочани, Виница и Чешиново-Облешево има најголемо производство на кромид и лук, во општините Кочани, Делчево и Чешиново-Облешево има најголемо количество на производен грав, производството на леќа е незабележително во регионот, додека во 2019 година најмногу зелка произвеле општините Кочани, Чешиново-Облешево, Зрновци и Делчево.
- Производството на компири во Источниот плански регион во 2019 година учествува со 18,20% во вкупното национално производство, а во 2019 година најмногу компири се произвеле во Берово, Кочани и Пехчево.
- Производството на домати варира, додека производството на пиперки е во пораст. Производството на домати во 2019 година е намалено за 6,81% во однос на 2015 година во Источниот плански регион, а производството на пиперки е зголемено за 16,07%. Источниот регион со производство на домати во 2015 година учествува во производство на државно ниво со 3,73%, а во 2019 година со 3,96%. Забележителни се осцилации во количините.
- Производството на детелина во 2019 година е зголемено за значителни 83,2% во однос на 2015 година во Источниот плански регион, а производството на луцерка е намалено за 13,5%. Учеството на производството на детелина во 2015 година во однос на производство на државно ниво е 1,32%, а во 2019 година е зголемено на 6,13%.
- Од производството на овошје во Источниот плански регион најмногу е забележано производството сливи, јаболка и вишни и тоа со големи осцилации во количините. Производството на сливи во 2019 година е најголемо во 2018 година (11.814 t или 68,67% од вкупното национално производство), додека во 2019 година производство изнесува 8.668 t и со тоа учеството во вкупното национално производство на сливи се намалува на 26,83%.
- Производството на цреши е зголемено за 21,3% кога ќе се спореди 2019 со 2015 година.
- Производството на вишни е зголемено за 13,8%, на кајсии е зголемено за 2,24 пати во истиот период, а производството на грозје бележи раст од 14,7%. Кај сите други видови на овошје има пад на производството, а најзначителен е кај јаболката од 42,7% во периодот 2015 - 2019 година.
- Вкупното производство на лозја во Источниот плански регион во 2019 година изнесува 5,8% во однос на национално ниво. Производство на грозје е најзастапено во општините Штип, Карбинци и Виница.

- 14% од вкупниот број на земјоделски стопанства во земјата се наоѓаат во Источниот регион, кои располагаат со 15% од вкупното земјиште. Вкупно 78% од вкупното земјоделско земјиште со кое располага овој регион се користи, за разлика од 87% на национално ниво, и тоа примарно од страна на индивидуалниот сектор (77%). Само 48% од земјоделските стопанства користат наводнување. (2016 година)
- Во Источниот плански регион, земјоделството е економска активност на целото семејство. Најчесто како носител на индивидуално земјоделско стопанство во Источниот регион се јавуваат мажи (90% од случаите, исто како и на национално ниво) со просечна старост од 58 години, додека пак како членови од домаќинство ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства распределбата е 66% жени со просечна возраст од 49 години и 34% мажи со просечна возраст од 36 години. (2016 година)
- Во индивидуалниот земјоделски сектор доминира бројот на лица со основно образование (17.181) и друго средно образование (28.354). Бројот на лица со високо земјоделско образование е мал (615), а со друго високо образование изнесува 4.498. Бројот на лица со незавршено основно образование е исто значителен и изнесува 3.219. (2016 година)
- Во Источниот плански регион е значително застапено одгледувањето на
    - кози - 30%
    - свињи - 25%
    - овци - 21%.
- Бројот на овците континуирано расте во анализираниот период од 126.363 во 2015 година на 142.691 во 2019 година, што претставува раст од приближно 13%. Кај живината се забележува значителен раст од 151.144 единици во 2015 година до 217.143 во 2018 година и потоа бројот опаѓа до 189.197 во 2019 година, но сепак има апсолутен раст од 25,2% во однос на 2015 година. Загрижува фактот што во овој период бројот на свињи континуирано се намалува па од 51.146 во 2015 година бројот е намален на 34.452 во 2019 година што изнесува намалување од околу 20%. Бројот на кози осцилира, со тоа што се забележува раст до 2017 година, а потоа нивниот број се намалува во 2018 и 2019 година, но сепак има апсолутен раст во однос на 2019 година.
- Бројот на кози во 2019 година е зголемен за значителни 27,8 во однос на 2015 година, додека бројот на говеда е намален за 8,6%.
- Кај пчелните семејства има големи осцилации, но сепак има драстичен апсолутен пад во 2019 година во однос на 2015 година од 62,4%. Драстичен пад има кај бројот на коњи од 57,5%.
- Генерално, може да се констатира дека регионот користи далеку под капацитетите на природните ресурси кои ги поседува за развој на сточарството.
- Може да се забележи дека бројот на молзни крави и на молзни кози се намалува и паралелно со тоа и производството на млеко. Додека, може да се забележи дека бројот на молзни овци е во пораст, и соодветно на тоа се констатира зголемување на производството на овчо млеко. Соодветно на ова, Источниот регион се наоѓа на второ место во однос на производството на волна, веднаш после Југозападниот регион. Во Источниот плански регион во анализираниот период може да се забележи зголемување на производството на волна.
- Во Источниот плански регион има доминантно голем број на села, и тоа 211 села, и развиена мрежа од 8 градови, и тоа: Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово. Вкупниот број населени места во Источниот регион е 219. Бидејќи регионот бележи долгогодишно и во континуитет намалување на бројот на население, може да се забележи дека доминира бројот на малите села (со

вкупно население до 100 жители), бројот на раселени села, како и села со изразито висок индекс на стареење.

- Само 56.893 (32,7%) од вкупното население од регионот (173.804) живее во 211 рурални населби – села. Во Источниот регион најбројно население според местото на живеење град/село е во општината Штип. Во периодот 2010 - 2019 бројот на население се зголемил единствено во Општина Штип.
- На територијата на Источниот регион делуваат 3 Локални Акциони Групи согласно ЕУ ЛЕАДЕР: ЛАГ „Брегалница“ с. Зрновци, ЛАГ „Малеш – Пијанец“ од с. Негрево и ЛАГ Плачковица од с. Конче (ги опфаќа и општините Конче и Радовиш во Југоисточниот регион). ЛАГ-овите од Источниот регион се впишани во регистарот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Само ЛАГ-овите впишани во регистарот можат да бидат корисник на средствата од ЕУ и на државната помош. Трите ЛАГ го завршија процесот на ревизија на стратегиите за локален развој на руралната средина за следниот плански период на ЕУ 2021 - 2027.

# 11. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Управувањето и заштитата на животната средина е суштински сегмент во политиката на регионалниот развој. Состојба со квалитетот на животната средина во Источниот плански регион не се разликува премногу од другите региони во Република Северна Македонија.

## 11.1 Природни ресурси и значење на животната средина

Чистата животна средина и заштитата на природните ресурси се од исклучителна важност и еден од клучните предуслови за понатамошен развој на Источниот плански регион.

Како што е констатирано и во Просторниот план на Источниот плански регион 2013 – 2020 година (нацрт, 2016 година), Источниот плански регион се карактеризира со исклучително вредни природни ресурси, пејзажни и амбиентални вредности, кои во комбинација со разновидните културно-историски споменици придонесуваат овој регион да биде и туристички атрактивен. Понатаму, големиот потенцијал на природни ресурси (водотеци, геотермални води, биомаса), дава можност за поголемо учество на обновливите извори на енергија. Значи, и во следниот програмски период, кога ќе се подготвуваат и реализираат проекти од оваа област, користењето на природните ресурси треба да биде долгорочно и еколошки одржливо со усогласени политики за да се спречи дополнително деградација на природата.

Чистата животна средина влијае кон подобрување на квалитетот на животот и здравјето на луѓето, така што населението и општините од овој регион своите активности треба да ги насочуваат кон заштита и унапредување на животната средина.

Во Националниот план за управување со отпад на Република Северна Македонија идентификувани се 16 индустриски контаминирани локации - „жешки точки“ со утврдени влијанија врз животната средина, од кои 2 се наоѓаат во Источниот плански регион кои што се идентификувани со среден еколошки ризик, и тоа Саса - Македонска Каменица (рудник за олово и цинк) и Злетово – Пробиштип (рудник за олово и цинк). Двете локации зафаќаат значителна површина од по 280.000 $m^2$.

Затоа, разумното користење на ресурсите и одржување на националните богатства како, неодамна прогласеното заштитено подрачје на Осоговските Планини, природни резервати Готен, Линак, Малешево, Зрновска Река, Река Ломија, но и спомениците на природата Звегор, Пештера, Коњска Дупка, Мородвис, Мачево, Црна Топола, како и голем број села со исклучително убави предели, треба да бидат клучни сегменти за здрава животна средина.

## 11.2 Шуми

Шумите во Источниот плански регион спаѓаат во групата средно отворени шуми со сообраќајници. Во регионот има присуство на листопадни и делумно на иглолисни шуми, мешовити шуми, но присутни се и деградираните шуми (може да се забележи дека во Источниот регион истите во 2019 година во однос на 2012 година се скоро за половина намалени). Од листопадните шуми најзастапени се буковата и дабовата шума, а од четинарите црниот и белиот бор и елата. Според формата има високостеблени разновозрасни насади, високостеблени едновозрасни насади, нискостеблени насади и шумски култури. Во следната табела е претставена информацијата за површината под шума според видовите дрвја во регионот.

*Табела бр. 89. Површина под шума според видови насади и дрвја во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во ha, 2019*

| | Република Северна Македонија | Источен регион |
|---|---|---|
| **Вкупна површина под шума** | **1.019.253** | **142.215** |
| **Листопадни насади** | 596.715 | 81.136 |
| Шума под бука | 242.817 | 39.687 |
| Шума под даб | 292.269 | 34.824 |
| Шума под костен | 5.267 | 2.888 |
| Шума под други тврди листопадни видови | 52.943 | 3.731 |
| Шума под други меки листопадни видови | 3.419 | 6 |
| **Иглолисни насади** | 63.884 | 12.574 |
| Шума под смрча | 2.277 | - |
| Шума под ела | 5.724 | - |
| Шума под црн бор | 40.001 | 11.151 |
| Шума под бел бор | 6.275 | 1.278 |
| Шума под молика | 3.397 | - |
| Шума под други иглолисни видови | 6.210 | 145 |
| **Мешовити насади** | 314.278 | 45.533 |
| **Деградирани шуми** | 44.376 | 2.972 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Стопанисувањето со шумскиот фонд во регионот се управува преку подружниците на ЈП „Национални шуми“ кои се лоцирани во Штип, Кочани, Виница, Делчево, Берово и Пехчево. Вкупниот шумски фонд во Источниот плански регион е претставен во следните табели.

*Табела бр. 90. Вкупен шумски фонд во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во ha, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 994.403 | 1.001.665 | 1.001.489 | 1.007.095 | 1.019.253 |
| **Источен регион** | 139.608 | 152.908 | 153.688 | 156.453 | 142.215 |
| **Учество (%)** | 14% | 15% | 15% | 15% | 14% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Може да се забележи дека во периодот од 2015 до 2018 година, во Источниот плански регион има во континуитет зголемување на вкупниот шумски фонд. При тоа во 2019 година се забележува намалување за приближно 10% во однос на 2018 година. На национално ниво, може да се констатира постојано, но мало зголемување на вкупниот шумски фонд. Учеството на шумскиот фонд во Источниот плански регион во однос на национално ниво е во рангот 14% - 15%.

*Табела бр. 91. Површина под шума според видови насади и дрвја во Источниот плански регион, во ha, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупна површина под шума** | 139.608 | 152.908 | 153.688 | 156.453 | 142.215 |
| **Листопадни насади** | 86.170 | 86.026 | 89.646 | 91.844 | 81.136 |
| Шума под бука | 32.233 | 32.882 | 33.455 | 35.478 | 39.687 |
| Шума под даб | 49.770 | 49.116 | 52.467 | 52.636 | 34.824 |
| Шума под костен | - | - | - | - | 2.888 |
| Шума под други тврди листопадни видови | 4.164 | 4.028 | 3.724 | 3.724 | 3.731 |
| Шума под други меки листопадни видови | 3 | - | - | 6 | 6 |
| **Иглолисни насади** | 11.036 | 13.457 | 14.113 | 14.343 | 12.574 |
| **Шума под смрча** | - | - | - | - | - |
| **Шума под ела** | - | - | - | - | - |
| **Шума под црн бор** | 9.410 | 11.554 | 12.102 | 12.337 | 11.151 |
| **Шума под бел бор** | 1.491 | 1.762 | 1.870 | 1.865 | 1.278 |
| **Шума под молика** | - | - | - | - | - |
| **Шума под други иглолисни видови** | 135 | 141 | 141 | 141 | 145 |
| **Мешовити насади** | 39.430 | 49.234 | 45.738 | 46.075 | 45.533 |
| **Деградирани шуми** | 2.972 | 4.191 | 4.191 | 4.191 | 2.972 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 92. Пошумување во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во ha, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | 1.211 | 1.044 | 553 | 959 | 965 |
| **Источен регион** | 129 | 107 | 61 | 64 | 103 |
| **Учество (%)** | 11% | 10% | 11% | 7% | 11% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 93. Производи во шумарството и сеча во државни шуми во Источниот плански регион, во ha, 2015-2019*

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Грубо обработено дрво | 77.573 | 79.454 | 74.480 | 80.931 | 76.997 |
| Трупци од иглолисни | 4.835 | 5.537 | 4.115 | 4.146 | 5.831 |
| Рудничко дрво од иглолисни | 895 | 838 | 698 | 1.477 | 1.169 |
| Друго долго дрво од иглолисни | 961 | 1.628 | 1.006 | 1.139 | 703 |
| Просторно дрво од иглолисни | 1.799 | 2.238 | 337 | 1.739 | 3.214 |
| Огревно дрво од иглолисни | 3.237 | 914 | 902 | 2.993 | 2.360 |
| Трупци од листопадни | 18.897 | 18.655 | 17.882 | 18.909 | 17.988 |
| Рудничко дрво од листопадни | 419 | 139 | 342 | 28 | 3 |
| Друго долго дрво од листопадни | - | - | - | 6 | 2 |
| Просторно дрво од листопадни | - | - | 148 | 42 | - |
| Огревно дрво од листопадни | 45.611 | 49.505 | 48.553 | 50.452 | 45.727 |
| Друго грубо обработено дрво, цепеници, дрвени мотки и колци | 919 | - | 497 | - | - |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

*Табела бр. 94. Штети во шумите во Република Северна Македонија и во Источниот плански регион, во ha, 2015-2019*

| | Република Северна Македонија | | | | | Источен регион | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
| Шумски пожари (ха) | 3.455 | 2.166 | 8.115 | 6.094 | 10.661 | 612 | 159 | 342 | 1.171 | 1.533 |
| Штети од инсекти (м3) | 1.274 | 549 | 1.576 | 6.775 | 303 | 879 | 283 | 1.334 | 693 | 3 |
| Елементарни непогоди (м3) | 506 | 88 | 90 | 1.299 | 8.008 | 413 | - | - | 1.224 | 760 |
| Бесправна сеча (м3) | 22.054 | 18.662 | 20.128 | 24.322 | 45.795 | 2.493 | 1.175 | 1.244 | 2.715 | 3.444 |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Источниот регион е еден од регионите во кои има најголемо негативно влијание врз шумите, како од аспект на оштетени површини од пожари, но и значителен интензитет на бесправна сеча на дрвна маса. Од табелата може да се забележи дека има зголемување на површините оштетени од пожари, како и зголемување на бесправната сеча. Што се однесува до заштита на шумите, постигнат е значен напредок. Постои редовен преглед на шумите, културите и расаданиците. Во изминатиот период се изведувани и авиозапрашувања со цел сузбивање на боровиот четник. Се преземат и мерки за заштитата од шумски пожари, посебно легислативни.

Регистрирани се 37 позначајни капацитети за примарна преработка на дрвото кои имаат капацитет за преработка од 500 - 20.000 m³, од кои најмногу во Берово и Пехчево. Треба да се истакне и тоа дека во регионот има уште дваесетина мини пилани и банзици, кои работат само повремено или се во фаза на затворање.

Собирањето на другите шумски плодови главно го вршат индивидуални лица кои не се вработени во секторот шумарство, а плодовите ги предаваат на откупни пунктови, или ги користат за сопствени потреби. Недостаток на овој начин на собирање е немањето точна евиденција на собраните количини по региони, видови и локалитети. Тоа го отежнува и идното планирање на активностите со собирање и користење на другите шумски производи. Активностите во ловиштата се одвиваат согласно ловностопанските планови.[116]

Развојот и одржливото управување со шумите, освен за збогатување на шумскиот фонд, има цел и заштита на шумското и на земјоделското земјиште од ерозивните процеси. Освен дрвната маса, од шумата се искористуваат и други (второстепени) шумски производи како што се печурки и лековити треви.

## 11.3 Заштитени подрачја

Согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13 и 41/14), заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја, како и заштитата на природни реткости.

Во подрачјето на сливот на реката Брегалница се наоѓаат 6 заштитени подрачја (според Просторниот план на Република Северна Македонија спаѓаат во категоризацијата споменик на природата):

[116] Просторен план на Источен плански регион 2013 – 2030 година, Нацрт, стр. 127

1) Даб, година на прогласување 1983, општина Кочани,

2) Звегор, година на прогласување 1986, површина 75 ha, општина Делчево,

3) Мородвис, година на прогласување 1984, површина 0,5 ha, општина Зрновци,

4) Мурите, година на прогласување 1987, површина 10 ha, општина Берово,

5) Црна Дудинка, година на прогласување 1962, општина Пробиштип,

6) Црна Топола, година на прогласување 1999, општина Берово.

Површината на заштитените подрачја, согласно податоците од Просторниот план на РСМ (Службен весник на РМ, бр.39/04) изнесува 86,16 ha. Заштитените споменици на природата Даб, Црна Дудинка и Црна Топола претставуваат поединечни стебла за коишто нема податок за површина.

Според дефиницијата наведена во Законот за заштита на природата, природни реткости (како нова форма на заштита надвор од категориите на заштитени подрачја) вклучуваат делови од живата природа (ретки, ендемични растителни и животински видови и нивните делови и заедници) и неживата природа (рељефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти, доколку нивната површина е помала од 100 ha) кои како објекти во природата и благодарение на нивните научни, естетски, здравствени и други значења, како и на нивните културни, рекреативни, едукативни и туристички функции имаат посебен тип заштита на национално ниво.

На национално ниво, постојат вкупно 91 подрачје, идентификувани и предложени за назначување како природни реткости, а тринаесет од нив припаѓаат на Источниот регион.

Во Источниот регион има идентификувано седум значајни подрачја за птици: Осоговски Планини, Преод - Ѓуѓанце, Долина на Злетовска река, кочански оризови полиња, Овче Поле, Тополка - Бабуна - Брегалница и акумулација Мантово - Лакавица. Дополнително, има идентификувано пет значајни растителни подрачја: Осогово, Овче Поле - Богословец, Јудови Ливади, Криволак – Серта и Плачковица.

Со одлука на Владата на Република Северна Македонија од 17.11.2020 година, Осоговските Планини се прогласени за првиот заштитен предел (заштитено подрачје од категорија V) и прво поголемо заштитено подрачје во Република Северна Македонија, прогласено после Националниот парк „Галичица“ во 1958 година. Во подрачјето се присутни бројни меѓународно и национално значајни видови и живеалишта, специфичните геоморфолошки појави, културното наследство како и вековната интеракција помеѓу човекот и природата. Согласно одлуката на Владата, ЈП „Национални Шуми“ интегрирано ќе управува со заштитеното подрачје Осоговски Планини, а Програмата за зачувување на природата ќе обезбеди дополнителна поддршка при изработката на Планот за управување и зајакнување на капацитетите на телото.

Целиот процес за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје е во рамки на Програмата за зачувување на природата, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка, координиран од Фармахем-Скопје. Стратешки партнер на програмата е Центарот за развој на Источен плански регион, а локален партнер е Македонското Еколошко Друштво - МЕД, со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во тек е постапка за прогласување на Малешево за заштитено подрачје.

## 11.4 Цврст отпад

### 11.4.1. Собирање и депонирање на цврст отпад и диви депонии

Управувањето со комуналниот и цврст отпад е во надлежност на општините. Тие оваа надлежност ја спроведуваат преку јавните комунални претпријатија. Овие претпријатија имаат воспоставено систем на собирање, транспорт и депонирање на отпадот на депонии кои не ги задоволуваат основните стандарди и нивното постоење и функционирање не е во согласност со релевантната законска рамка. Собирањето, транспортот и депонирањето на отпадот не го покрива целиот регион, т.е. од овој систем се изземени поголемиот број на села што резултира со постоење и постојано создавање на нови диви депонии.

*Табела бр. 95. Активни депонии, број и површина по региони, 2018*

| | Депонии | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Вкупна површина (илјада m²) | Активна површина (илјада m²) |
| Република Северна Македонија | 45 | 3.090 | 1.971 |
| Источен регион | 9 | 1.206 | 733 |
| Вардарски регион | 8 | 636 | 264 |
| Југозападен регион | 6 | 169 | 200 |
| Југоисточен регион | 8 | 538 | 328 |
| Пелагониски регион | 7 | 170 | 102 |
| Полошки регион | 1 | 24 | 24 |
| Североисточен регион | 5 | 271 | 265 |
| Скопски регион | 1 | 76 | 76 |

*Извор: Државен завод за статистика, Статистика на животна средина, 2019*

Според податоците од Државниот завод за статистика (Статистика на животна средина, 2019), во Република Северна Македонија, само скопската депонија „Дрисла“ исполнува минимум критериуми од стандардите на ЕУ пропишани во Директивата за депонии. Речиси секоја општина има своја депонија за отпад, односно има 45 општински депонии вкупно, од кои најголем број (14) се во првата група со површина од 0 до 5000 m². Вкупното количество депониран отпад, на сите депонии, во 2018 година изнесува 625.386 t, а вкупната површина што ја зафаќаат депониите изнесува околу 3.090 илјади m². Особено е важно да се нагласи дека има околу 1000 општински „диви“ депонии, особено во руралните области што не се опфатени со овој преглед.

Преглед на количини на собран и создаден отпад во Источниот плански регион, и споредено со останатите региони и во однос на државно ниво е даден во продолжение.

*Табела бр. 96. Собран и создаден комунален отпад во Источниот плански регион, по региони и во Р. С. Македонија, во илјади t, 2015-2019*

| | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собран комунален отпад | Создаден комунален отпад | Собран комунален отпад | Создаден комунален отпад | Собран комунален отпад | Создаден комунален отпад | Собран комунален отпад | Создаден комунален отпад | Собран комунален отпад | Создаден комунален отпад |
| Р. С. Македонија | 620 | 786 | 610 | 796 | 635 | 787 | 625 | 855 | 632 | 916 |
| Источен регион | 52 | 72 | 57 | 66 | 50 | 56 | 50 | 62 | 77 | 100 |
| Вардарски регион | 76 | 93 | 63 | 77 | 63 | 84 | 61 | 112 | 59 | 90 |
| Југозападен регион | 47 | 94 | 53 | 110 | 50 | 96 | 55 | 113 | 43 | 162 |
| Југоисточен регион | 34 | 47 | 42 | 60 | 43 | 59 | 45 | 61 | 47 | 60 |
| Пелагониски регион | 69 | 81 | 71 | 80 | 77 | 87 | 84 | 107 | 112 | 139 |
| Полошки регион | 118 | 151 | 92 | 128 | 108 | 139 | 100 | 131 | 89 | 135 |
| Североисточен регион | 72 | 83 | 72 | 93 | 80 | 91 | 64 | 99 | 39 | 62 |
| Скопски регион | 152 | 165 | 160 | 182 | 164 | 175 | 166 | 170 | 165 | 168 |

*Извор: Државен завод за статистика, Регионите во Република Северна Македонија, 2018, 2019 и 2020*


Најголемо количество собран комунален отпад во 2019 година е забележано во Скопскиот регион - 165 илјади t или 26,1%, а најмало количество собран комунален отпад во истиот период, 39 илјади t или 6,2%, е забележано во Североисточниот регион. Речиси целокупното количество собран комунален отпад во Република Северна Македонија во 2019 година (632 илјади t) е одложено на депонии. Во Република Северна Македонија, во 2019 година, активно работеле 44 депонии.

Целокупното количество создаден комунален отпад во Република Северна Македонија, во 2019 година, изнесува 916 илјади t. Најголемо количество создаден комунален отпад во 2019 година е забележано во Скопскиот регион - 168 илјади t или 18,3%, а најмало количество создаден комунален отпад во истиот период - 60 илјада t или 6,6%, е забележано во Југоисточниот регион.

Учеството на собран комунален отпад во Источниот плански регион во 2019 година во однос на национално ниво изнесува 12%, додека кај создадениот комунален отпад учеството изнесува 11%. Може да се забележи дека после Североисточниот, Југоисточниот регион и Вардарскиот регион, Источниот плански регион собира и создава најмали количини на комунален отпад споредбено со другите региони.

На графиконот подолу е претставен соодносот на собран и создаден комунален отпад на национално ниво и по регион во 2019 година, според податоците од Државниот завод за статистика.

*Графикон бр. 6. Собран и создаден комунален отпад , по региони, 2019*[117]




*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Во следнава табела се претставени количините на собран и создаден комунален отпад во Источниот плански регион во периодот од 2015 – 2019 година, каде може да се забележат осцилации во однос на количините.

*Табела бр. 97. Собран и создаден комунален отпад во Источниот плански регион, во t, 2015-2019*

| Година | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Собран комунален отпад** | 52.580 | 56.614 | 50.016 | 50.478 | 77.391 |
| **Создаден комунален отпад** | 72.303 | 65.995 | 55.828 | 61.902 | 99.776 |
| **Собран/ Создаден (%)** | 72,7% | 85,8% | 89,6% | 81,5% | 77,6% |

*Извор: Државен завод за статистика, макстат датабаза*

Најголемите количини на создаден отпад во регионот доаѓа како отпад од рударството, отпад од пакување, апсорбенти, крпи за бришење, материјали за филтрирање и заштитна облека, отпад од термички процеси, шут од градење и рушење, отпад од земјоделството, шумарството, и преработувачката индустрија и комуналниот отпад.

Според податоците од Регионалниот план за управување со отпад за Источниот регион (Проект „Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратешка оцена на животната средина за источниот и североисточниот регион“, EuropeAid/130400/D/SER/MK) системот за управување со отпад се состои, главно, од собирање и отстранување на отпадот. Услугата за собирање, транспорт и отстранување на отпадот ја обезбедуваат јавните комунални претпријатија на 11 општински депонии. Сепак, нивната недоволната ликвидност не дозволува инвестиции во соодветна инфраструктура за селектирање и третман на отпадот, па затоа главно се собира мешан отпад и тој се депонира на општинските депонии, кои не ги задоволуваат стандардите на ЕУ.

Според истражувањата при изработката на регионалниот план, процентот на населението кое добива редовни услуги се движи од 38% (Чешиново-Облешево) до 100% (Штип и Пехчево). Поголемиот дел од населението, кое воопшто не добива услуга за собирање на отпадот, живее во руралните подрачја. Ова доведува до зголемување на бројот на диви депонии кои

117 Графикон преземен од Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/pdf/2020/9.1.20.02_mk.pdf

се наоѓаат на периферииите на населените места. Честотата на собирање на отпадот варира во зависност од општината.
На општинско и микро регионално ниво постојат примери за собирање на ПЕТ отпад и хартија.

Според Националниот план за управување со отпад, предвидено е една заедничка депонија за Североисточен и Источен плански регион која би се наоѓала на територијата на Вардарскиот регион (Свети Николе). Во Источниот регион е изработен десет годишен Регионален план за управување со отпадот. Подготовката на техничката документација за изградба на санитарна депонија се финансира со поддршка на ЕУ. На територијата на Источниот регион се предвидени 2 претоварни станици за отпад.

Во однос на собирањето на индустриски отпад, јавните комунални претпријатија имаат договори за вршење услуги со субјектите, на редовна основа, во согласност со динамиката на создавањето на отпад. Создадениот отпад обично се собира во метални контејнери и без претходно одделување.
Како една од нерешените проблематики е поделбата на отпад од домаќинства и индустриски отпад т.е. отпад при производствени активности за комерцијални цели. Оваа проблематика е од посебно значење во регионите со доминантно земјоделско производство. Во моментов, јавните комунални претпријатија наплатуваат паушал кои е повисок за комерцијалните производители, но истиот не е сразмерен со отпадот кој се генерира. Промената во плаќањето на паушали во воведена практика комуналната такса да се наплаќа врз основа на количеството и типот на производниот отпад ќе придонесе не само за намалување на количествата туку и ќе поттикне преземање на мерки за поекономично работење на самите производители при што крајниот резултат би бил зачувување на животната средина.

Според постоечките податоци на национално ниво, несоодветното депонирање на комуналниот отпад и создавање на емисии на стаклснички гасови – метан, диоксини и фурани и тешки метали учествуваат со околу 5,5 –7% во вкупните емисии на стаклснички гасови во државава. На споредбена основа, истото важи и за регионот.

### 11.4.2. Пречистителни станици

Подетален опис на состојбите со опфатот на отпадните води и инфраструктурата за третман и одведување на отпадните води е даден во делот 8.2 Анализа на состојбите во комуналната инфраструктура.

## 11.5 Водни ресурси

Според податоци од Просторниот план на Источниот плански регион – Нацрт, во сливот на реката Брегалница поставени се хидролошките станици „Берово“, „Будинарци“, „Очи Пале“ и „Штип“.

Покрај површинските водотеци во овој регион регистрирани се и појави на подземни води во алувиумите на реките Брегалница, Лакавица, Отиња, Оризарска, Градечка, Злетовска и др. Овие води се користат најчесто за водоснабдување и за наводнување на обработливите површини.

Како посебен вид на води се издвојуваат термоминерални води кои се најзастапени во Кочанскиот регион во селата Бања, Долни Подлог (познати под името Кочанска Бања) и

Истибања и во околината на Штип (локалитетите Кежовица и Л"џи). Се користат за бањско лекување, а само мал дел се користи за затоплување.

Во Источниот плански регион нема природни езера, но изградени се вештачки езера-акумулации, чии води се наменети за водоснабдување на населението, за наводнување на земјоделските површини, производство на енергија, за заштита од поплави и за обезбедување на биолошки минимум во водотеците. Покрај големите акумулации во Источниот плански регион изградени се и мали акумулации кои се наменети за наводнување на обработливите површини.

Во однос на водоснабдувањето, градовите и мал број на околните села имаат организирано водоснабдување преку заеднички водоснабдителни системи, каде водата пред употреба се подложува на третман во фабрика за вода (филтерна станица). Поголемиот број на селата се водоснабдуват со зафаќање на вода од локални извори-површински водотеци и бунари, каде не се дефинирани заштитни зони.

Процентуално по општини во Берово 58% од населените места имаат организирано водоснабдување, во Виница 24%, Делчево 24%, Зрновци 33%, Карбинци 14%, Кочани 36%, Македонска Каменица 10%, Пехчево 62%, Пробиштип 30%. Најлоша е состојбата во општина Штип каде само градот има обезбедено квалитетно водоснабдување преку филтерна станица, останатите 43 села се водоснабдуват од локални извори.

Состојбата со отпадните води, нивното зафаќање и соодветниот третман, во сите населени места во Источниот плански регион не е на задоволително ниво. Мал е бројот на населени места кои имаат изградено канализациски системи и каде се врши третман на отпадните води. Во најголем број од селата отпадните води се испуштаат во септички јами. Голем број на индустриски капацитети отпадните води ги испуштаат во реципиентите без претходен третман.

Повеќе информации за состојбите со отпадните води се дадени во делот 8.2 *Анализа на состојбите во комуналната инфраструктура* во поглавјето *Транспорт и инфраструктура*.

Во Источниот плански регион за искористување на енергетскиот потенцијал на водотеците покрај акумулацијата Калиманци, изградени се и мали хидроелектрани во општините Виница, Македонска Каменица и Зрновци.

Во Источниот плански регион изградени се следниве системи за наводнување:

(а) Во горниот слив на реката Брегалница:

- ХС „Малешевско (Беровско)“ кој го сочинуваат ХМС „Малешевско (Беровско) Поле“ и систем за наводнување „Црн Дол“ - Пехчево,
- Систем за наводнување Делчевско (Пијанечко) кој го сочинуваат системите за наводнување Сандански“, „Милково Брдо“, и „Југотутун“.

(б) Во средниот слив на реката Брегалница:

- ХС „Брегалница“ и неколку помали системи надвор од „Брегалница“, како најголем систем за наводнување.

## 11.6 Квалитет на воздух

Законот за квалитет на амбиенталниот воздух е донесен во 2004 година и истиот претставува основа за мониторирање, валоризација и известување со цел да се овозможи избегнување, спречување или намалување на негативните последици по човековото здравје и животната средина како целина. Во него се дефинирани максималните и минималните граници за негативни емисии во воздухот, а воедно дава информации и за директното влијание на физичките и правните лица врз квалитетот на воздухот т.е. животната средина.

Управувањето со квалитетот на воздухот се врши преку оценка на квалитетот и со донесување и спроведување на плански документи. Оценката за квалитетот се дава преку податоците собрани преку редовни мерења на државната мрежа како и преку локални мрежи. Локалните мрежи се посебно фокусирани за мерења во близина на стационарни и подвижни извори на загадувачи како на пример рудниците и индустриски зони. Меѓутоа, исти такви не се поставени во регионите со доминантно земјоделско производство. Мерните станици во земјата мерат количества на сулфур диоксид, азот диоксид, јаглерод моноксид, озон, цврсти честички со големина до 10 μm (PM10), цврсти честички со големина до 2,5 μm (PM2.5), бензен, толуен, етил-бензен, орто и пара ксилен (BTX).

Министерството за животна средина и просторно планирање управува со Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, кој се состои од 17 фиксни и една мобилна мониторинг станица и тоа: 5 мерни станици во Скопје, 2 мерни станици во Битола, и по една мерна станица во Велес, Илинден, Кичево, Куманово, Кочани, Тетово, Кавадарци, Гостивар, Струмица и с. Лазарополе.

Согласно ова единствена мерна мониторинг станица во Источниот плански регион се наоѓа во Кочани. Дополнително мерни станици има инсталирано во Штип[118] и во Пробиштип[119].

Според Годишниот извештај за 2018 година за квалитетот на животната средина во Република Северна Македонија на Министерството за животна средина и просторно планирање, во однос на присуството на одредени гранични вредности, пример во однос на $NO_2$, поради покриеност со податоци пониска од 50% при анализирање на достапните податоци не се земени податоците од мерните места Лазарополе, Гази Баба, Центар, Кичево и Кочани. Истото може да се констатира и во однос на анализата на концентрациите на $O_3$ во воздухот, или поради покриеност со податоци за $O_3$ пониска од 50% не се земени во предвид при анализата, податоците од мерните места Кочани и Центар.

Според истиот Извештај, во однос на граничните вредности за заштита на здравјето на луѓето за цврсти честички со големина до 10 μm, PM10 честички, констатирано е дека просечната годишна концентрација во однос на годишната гранична вредност за заштита на човековото здравје не е надмината само во мерното место Лазарополе, додека на мерното место Кочани е близу до граничната вредност и изнесува 40.09 μg/m³ (граничната вредност на годишно ниво изнесува 40 μg/m³.

## 11.7 Климатски промени

На национално ниво, започната е изработка Долгорочна Стратегија и Законот за климатска акција, со поддршка на ИПА II средствата. Долгорочната Стратегија и Законот за климатска акција ќе ја постават стратешката и правна рамка за интегрирање на енергетските и

[118] http://ambisite.ugd.edu.mk/Station.aspx?Station=4
[119] http://probistip.gov.mk/category/vozduh/

климатските политики кои ќе бидат усогласени со климатските и енергетските политики на ЕУ до 2030 година со перспективи до 2050 година.

Значен е Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Просторен план на Источниот плански регион за периодот 2013-2030 година и Нацрт Просторниот план на Источниот плански регион за периодот 2013-2030 година, кој што најверојатно ќе биде првиот просторен план за плански регион во Република Северна Македонија.

Во рамки на проектот за општински стратегии за климатски промени, поддржан од УСАИД, изработени се општински Стратегии за климатски промени. Од 10 општини во Република Северна Македонија каде се подготвени вакви документи, три се во Источниот плански регион за општините Делчево, Пехчево и Виница.

Во Источниот плански регион најранливи во однос на климатските промени се сливот на реката Брегалница и Осоговските Планини каде има честа појава на ерозија на почвата, ризик од поплави, недоволни количини на вода, намалување на земјоделското производство, како и нарушување на биолошката разновидност и слично. За Осоговските Планини завршен е процесот на нивно признавање како заштитено подрачје од категорија V - Заштитен пејзаж.

## 11.8 Минерални суровини

Источниот плански регион е богат со минерални суровини. Минералните суровини се експлоатираат на површина од околу 5.000 ha, што претставува 1,4% од вкупната површина на овој регион.

Како минерални суровини од приоритет за експлоатација во Источниот плански регион се металичните минерални суровини, а тука спаѓаат активните рудници „Саса“ и „Злетово“, но и наоѓалиштата „Кадица“, „Боров Дол“ и „Плавица“. Од аспект на животната средина, во општините Македонска Каменица и Пробиштип се создаваат енормни количини разновиден мешан опасен и неопасен отпад со работата на рудниците „Саса“ и „Злетово“.

Исто така, значајни се и неметаличните минерални суровини како кварц, градежно-технички камен, глина и туф, што се карактеризираат како исклучиво перспективни за користење во следниот период. Во оваа смисла, перспективни се и наоѓалиштата на јаглен во Делчевско-Беровскиот плиоценски басен, и посебно наоѓалиштето Звегор - Стамер. Ова наоѓалиште како и наоѓалиштето Стар Истевник - Панчарево потребни се дополнителни истражувања.

Во Источниот плански регион од посебно значење се термалните води во Кочанско Поле (Истибања),со издашност 2-10 l/s и температура на водата 60-70 C°; и Штипско (Кежовица и Л`џи). Термалната вода од Кочанската котлина, конкретно во близина на Долни Подлог - Бања, како и Виничка Вада кај с. Крупиште и с. Истибања генерално може да се користат за затоплување на постојните но и нови стаклености. Дополнително, како перспективна е можноста за користење на овие води за затоплување на Кочани и Виница, за што се потребни дополнителни испитувања и инвестиции.

Наоѓалиштата за варовник од „Видовиште“, Кара Тарла“, с. Чардаклија и локалитетот „Варена Глава“ имаат потенцијал, но потребни се дополнителни испитувања.

Можноста за експлоатацијата на глина е значајна пред сé за керамичката индустрија. Наоѓалишта на глина има кај селата Жиганци, Пишица и Уларци, а висококвалитетна глина се наоѓа на рудникот „Брик“ во Берово.

Минералната суровина кварц е предвидено да се користи во металургијата за добивање на силициум метал, и има повеќе концесии за негова експлоатација.

Во однос на енергетските минерални суровини како позначителни локации се Пробиштипскиот басен и Берово-Пехчево-Делчевскиот басен (наоѓалишта „Звегор-Стамер“, „Стар Истевник-Панчарево“ и рудник „ Брик Берово“).

Исто така од важност се и термоминералните извори во с. Долни Подлог – Кочанско, геотермалниот систем „Геотерма“ – Кочани со резерви од 57.000.000 $m^3$ вода со температура од 70 C°.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА СЕКТОРОТ ЖИВОТНА СРЕДИНА

Од претходната анализа за секторот Животна средина може да се извлечат следните заклучоци и дадат препораки:

- Чистата животна средина и заштитата на природните ресурси се од исклучителна важност и еден од клучните предуслови за понатамошен развој на Источниот плански регион.
- Источниот плански регион се карактеризира со исклучително вредни природни ресурси, пејзажни и амбиентални вредности, кои во комбинација со разновидните културно-историски споменици допринесуваат овој регион да биде и туристички атрактивен. Понатаму, големиот потенцијал на природни ресурси (водотеци, геотермални води, биомаса), дава можност за поголемо учество на обновливите извори на енергија, со напомена да се имаат во предвид опасностите за загрозување на животната средина. Значи, и во следниот програмски период, кога ќе се подготвуваат и реализираат проекти од оваа област, користењето на природните ресурси треба да биде долгорочно и еколошки одржливо со усогласени политики за да се спречи дополнително деградација на природата.
- Во периодот од 2015 до 2018 година, во Источниот плански регион има во континуитет зголемување на вкупниот шумски фонд. При тоа во 2019 година се забележува намалување за приближно 10% во однос на 2018 година. Учеството на шумскиот фонд во Источниот плански регион во однос на национално ниво е во рангот 14% - 15%.
- Регистрирани се 37 позначајни капацитети за примарна преработка на дрвото кои имаат капацитет за преработка од 500 - 20.000 $m^3$, од кои најмногу во Берово и Пехчево.
- Собирањето на другите шумски плодови главно го вршат индивидуални лица кои не се вработени во секторот шумарство, а плодовите ги предаваат на откупни пунктови, или ги користат за сопствени потреби. Недостаток на овој начин на собирање е немањето точна евиденција на собраните количини по региони, видови и локалитети.
- Развојот и одржливото управување со шумите, освен за збогатување на шумскиот фонд, има цел и заштита на шумското и на земјоделското земјиште од ерозивните процеси. Освен дрвната маса, од шумата се искористуваат и други (второстепени) шумски производи како што се печурки и лековити треви.
- Површината на заштитените подрачја, согласно податоците од Просторниот план на РМ (Службен весник на РМ, бр.39/04) изнесува 86,16 ha. На национално ниво, постојат вкупно 91 подрачје, идентификувани и предложени за назначување како природни реткости, а тринаесет од нив припаѓаат на Источниот регион

- Осоговските Планини се прогласени за првиот заштитен предел (заштитено подрачје од категорија V) и прво поголемо заштитено подрачје во Република Северна Македонија.
- Учеството на собран комунален отпад во Источниот плански регион во однос на национално ниво изнесува 8%, додека кај создадениот комунален отпад учеството изнесува 7%. Може да се забележи дека после Југоисточниот регион, Источниот плански регион собира и создава најмали количини на комунален отпад споредбено со другите региони.
- Како една од нерешените проблематики е поделбата на отпад од домаќинства и индустриски отпад т.е. отпад при производствени активности за комерцијални цели. Оваа проблематика е од посебно значење во регионите со доминантно земјоделско производство.
- Мрежата на отпадни води е претежно лоцирана во урбаните центри на општините. Опфатеноста на населението се движи од 80% до 100%, додека во руралните области, таа се движи од 0% (септички јами) до 80%. Некои рурални области немаат ниту соодветни системи ниту септички јами за отпадни води. Општата состојба на системите за одведување на отпадни води е релативно лоша, бидејќи системите се карактеризираат со истекување на отпадните води за време на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води.
- Во сливот на реката Брегалница поставени се хидролошките станици „Берово“, „Будинарци“, „Очи Пале“ и „Штип“. Покрај површинските водотеци во овој регион регистрирани се и појави на подземни води во алувиумите на реките Брегалница, Лакавица, Отиња, Оризарска, Градечка, Злетовска и др. Овие води се користат најчесто за водоснабдување и за наводнување на обработливите површини.
- Како посебен вид на води се издвојуваат термоминерални води кои се најзастапени во Кочанскиот регион во селата Бања, Долни Подлог (познати под името Кочанска Бања) и Истибања и во околината на Штип (локалитетите Кежовица и Л"џи). Се користат за бањско лекување, а само мал дел се користи за затоплување.
- Во Источниот плански регион нема природни езера, но изградени се вештачки езера-акумулации, чии води се наменети за водоснабдување на населението, за наводнување на земјоделските површини, производство на енергија, за заштита од поплави и за обезбедување на биолошки минимум во водотеците. Покрај големите акумулации во Источниот плански регион изградени се и мали акумулации кои се наменети за наводнување на обработливите површини.
- Во однос на водоснабдувањето, градовите и мал број на околните села имаат организирано водоснабдување преку заеднички водоснабдителни системи, каде водата пред употреба се подложува на третман во фабрика за вода (филтерна станица).
- Процентуално по општини во Берово 58% од населените места имаат организирано водоснабдување, во Виница 24%, Делчево 24%, Зрновци 33%, Карбинци 14%, Кочани 36%, Македонска Каменица 10%, Пехчево 62%, Пробиштип 30%. Најлоша е состојбата во општина Штип каде само градот има обезбедено квалитетно водоснабдување преку филтерна станица, останатите 43 села се водоснабдуваат од локални извори.

- Состојбата со отпадните води, нивното зафаќање и соодветниот третман, во сите населени места во Источниот плански регион не е на задоволително ниво. Мал е бројот на населени места кои имаат изградено канализациски системи и каде се врши третман на отпадните води. Во најголем број од селата отпадните води се испуштаат во септички јами. Голем број на индустриски капацитети отпадните води ги испуштаат во реципиентите без претходен третман.
- Во Источниот плански регион за искористување на енергетскиот потенцијал на водотеците покрај акумулацијата Калиманци, изградени се и мали хидроелектрани во општините Виница, Македонска Каменица и Зрновци.
- Источниот плански регион е богат со минерални суровини. Минералните суровини се експлоатираат на површина од околу 5.000 ha, што претставува 1,4% од вкупната површина на овој регион.
- Како минерални суровини од приоритет за експлоатација во Источниот плански регион се металичните минерални суровини, а тука спаѓаат активните рудници „Саса“ и „Злетово“, но и наоѓалиштата „Кадиица“, „Боров Дол“ и „Плавица“. Од аспект на животната средина, во општините Македонска Каменица и Пробиштип се создаваат енормни количини разновиден мешан опасен и неопасен отпад со работата на рудниците „Саса“ и „Злетово“.
- Исто така, значајни се и неметаличните минерални суровини како кварц, градежно-технички камен, глина и туф, што се карактеризираат како исклучиво перспективни за користење во следниот период.
- Во Источниот плански регион од посебно значење се термалните води во Кочанско Поле (Истибања),со издашност 2-10 l/s и температура на водата 60-70 C°; и Штипско (Кежовица и Л`џи). Термалната вода од Кочанската котлина, конкретно во близина на Долни Подлог-Бања, како и Виничка Вада кај с. Крупиште и с. Истибања генерално може да се користат за затоплување на постојните но и нови стакленици.
- Наоѓалиштата за варовник од „Видовиште“, Кара Тарла“, с. Чардаклија и локалитетот „Варена Глава“ имаат потенцијал, но потребни се дополнителни испитувања.
- Можноста за експлоатацијата на глина е значајна пред сé за керамичката индустрија. Наоѓалишта на глина има кај селата Жиганци, Пишица и Уларци, а висококвалитетна глина се наоѓа на рудникот „Брик“ во Берово.
- Минералната суровина кварц е предвидено да се користи во металургијата за добивање на силициум метал, и има повеќе концесии за негова експлоатација.
- Во однос на енергетските минерални суровини како позначителни локации се Пробиштипскиот басен и Берово - Пехчево - Делчевскиот басен (наоѓалишта „Звегор - Стамер“, „Стар Истевник - Панчарево“ и рудник „ Брик Берово“).
- Исто така од важност се и термоминералните извори во с. Долни Подлог – Кочанско, геотермалниот систем „Геотерма“ – Кочани со резерви од 57.000.000 $m^3$ вода со температура од 70 C°.
- Во Источниот плански регион најранливи во однос на климатските промени се сливот на реката Брегалница и Осоговските Планини каде има честа појава на ерозија на почвата, ризик од поплави, недоволни количини на вода, намалување на земјоделското производство, како и нарушување на биолошката разновидност и слично.

# 12.ПОДРАЧЈА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ

Подрачјата со специфични развојни потреби се определуваат со одлука на Владата на Република Северна Македонија (член 6 (став 4 и 5), Закон за рамномерен регионален развој). Критериумите за определување на подрачјата со специфични развојни потреби се дефинирани во член 7 (став 1) од Законот за рамномерен регионален развој и тие се: степенот на економската развиеност, демографскиот индекс, географската положба, степенот на изграденост на техничката и социјалната инфраструктура и вредноста на природното богатство и културното наследство. Поблиските критериуми и индикатори за определување на подрачјата со специфични развојни потреби ги пропишува Владата на Република Северна Македонија (член 7 (став 2) од Законот за рамномерен регионален развој). Последната Одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во државата е донесена од страна на Владата на 10.02.2014 година и таа се однесува на периодот 2014 -2018 година.

Според оваа одлука во член (2) наведени се подрачјата со специфични развојни потреби во Република Северна Македонија:

- пограничні, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот;
- подрачјата со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и
- други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Во Источниот плански регион не се утврдени подрачја според категоризацијата: подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон како и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон.

Населените места кои се наоѓаат во пограничните, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот наведени се во Листата бр. 1 како составен дел на одлуката и тие се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 33/2014.

*Табела бр. 98. Подрачја со специфични развојни потреби според категоризација: подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон како и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон*

| **ОПШТИНА БЕРОВО** | | |
|---|---|---|
| **Ридско-планински** | **Пограничні** | **Рурални подрачја** |
| Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово | Двориште | / |
| **ОПШТИНА ВИНИЦА** | | |
| **Ридско-планински** | **Пограничні** | **Рурални подрачја** |
| Калиманци, Лаки, Трсино, Блатец, Грљани | / | / |
| **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** | | |
| **Ридско-планински** | **Пограничні** | **Рурални подрачја** |
| Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Драмче, Киселица, Косово Дабје, Нов Истевник, Селник, Стамер, Стар Истевник, Турија | Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Драмче, Свегор, Киселица, Селник, Стамер, Стар Истевник | / |
| **ОПШТИНА ЗРНОВЦИ** | | |
| **Ридско-планински** | **Пограничні** | **Рурални подрачја** |

| | | |
|---|---|---|
| / | / | Видовиште, Зрновци и Мородвис |
| **ОПШТИНА КАРБИНЦИ** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Вртешка, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Кепекчелија, Курфалија, Кучица, Муратлија, Припечани, Прналија | / | Аргулица, Батање, Вртешка, Голем Габер, Горни Балван, Горно Трогерци, Долни Балван, Долно Трогерци, Ебеплија, Јунузлија, Калаузлија, Карбинци, Кепекчелија, Козјак, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Нов Караорман, Оџалија, Припечани, Прналија, Радање, Руљак, Таринци и Црвулево |
| **ОПШТИНА КОЧАНИ** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Безиково, Вранинци, Горно Градче, Главовица, Јастребник, Костин Дол, Лешки,Небојани, Нивичани, Ново Село, Полаки, Пресека, Припор, Пантелеј, Рајчани | / | / |
| **ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Дулица, Косевица, Костин Дол, Луковица, Моштица, Саса, Тодоровци и Цера | Саса, Моштица, Косевица, Костин Дол | / |
| **ОПШТИНА ПЕХЧЕВО** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Негрево, Панчарево, Робово, Умлена, Црник | Негрево, Панчарево, Црник | / |
| **ОПШТИНА ПРОБИШТИП** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Гризилевци, Зеленград, Јамиште, Кундино, лесново, Марчино | / | / |
| **ОПШТИНА ЧЕШИНОВО – ОБЛЕШЕВО** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| / | / | Бања, Бурилчево, Врбица, Жиганце, Кучичино, Лепопелци, Ново Селани, Облешево, Соколарци, Спанчево, Теранци, Уларци, Чешиново и Чифлик |
| **ОПШТИНА ШТИП** | | |
| **Ридско-планински** | **Погранични** | **Рурални подрачја** |
| Калапетровци, Кошево, Никоман, Почивало, Шашаварлија | / | / |

*Извор: Листа бр.1 - Одлука на од Влада на Р.Македонија за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Р.Македонија за период 2012 - 2014 (Службен весник на Република Македонија бр. 33/2014)*

Според Одлуката за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Источниот плански регион се класифицирани 77 ридско-планински, 19 погранични и 46 рурални подрачја со специфични развојни потреби.

Малешевијата е подрачје во фаза на сериозна депопулација, кое е значително по територија и за него е неопходно носење на посебен сет од политики и мерки засновани на студии со сеопфатни економско-социјални анализи за потенцијалите за развој.

# 13. PESTLE АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

При изработката на стратешки документи една од анализите која треба да даде целосна слика за опкружувањето на одредена институција, организација или територија е PESTLE анализата.

Таа претставува збир од надворешни фактори кои позитивно или негативно влијаат врз работата, вклучувајќи и реализацијата на одредена стратегија и акциски план, но поради интензитетот и влијанието врз кои не може да влијаеме. Затоа е направена проценка на оправдувањето за релевантноста и соодветноста.

Сетот од фактори врз кои се направи анализата на проценетата ситуација треба да даде проценката и основа на оправдувањето за релевантноста и соодветноста на Програмата. Истиот се состоеше од анализа на:

- P - политички фактори,
- E - економски фактори,
- S - социјални фактори,
- T - технолошки фактори.
- L - фактори на правната рамка
- E - Фактори на животната средина.

Политичките фактори ги даваат показателите за промените, трендовите во политичките односи кои влијаат врз субјектот или територијата која се анализира (политичка стабилност, пристапување во ЕУ, локални и парламентарни избори, владеење на правото и сл.)

Економските фактори кои при анализата ги дефинираат економските аспекти кои можат да влијаат врз субјектот или територијата (економска стабилност во државата, поддршка на ММСП и поддршка за туризмот, глобализацијата, рецесија, редовни дотации од централниот буџет, итн.).

Социјалните фактори кои влијаат на развојот, стабилноста и благосостојбата преку невработеноста како последица на затворање на претпријатија, намалена куповна моќ на населението, демографски трендови на пораст или намалување на бројот на население (природен прираст, миграции и сл.), заштита на ранливи групи на население, обезбедување на поголемо ниво на социјална сигурност, детски развој, итн.

Технолошките фактори кои се анализираа се надворешните елементи поврзани со трансфер и воведување на иновации, поттикнување на креативност, пристап до нови технологии, привлекување на странски инвеститори, поддршка на старт-ап и спин-оф компании, информациски и комуникациски технологии, развој на оптичка мрежа за интернет, воведување на нови технологии во образованието, замирање на традиционалните техники на производство на локални производи, функционирање на ТИРЗ, Образовни и научно-истражувачки институции, искористување на обновливи извори на енергија, итн.

Факторите на правната рамка ги опфаќаат надворешните фактори што се однесуваат на релевантните закони (Закон за ЛС, Закон за буџет, Закон за ППР), правна сигурност на инвестициите, договорите за слободна трговија, недостапноста на веќе планирани фондови, нерасчистени имотно правни односи, сложени управни постапки, корупција итн.

Фактори на животната средина ги земаат во предвид надворешните фактори што се однесуваат на заштита на биодиверзитетот, заштита на шумите, недостапност на податоци за

степенот на загадување, зајакнат инспекциски надзор, ублажување на последиците од климатските промени, спроведување на принципот загадувачот плаќа, итн.

Направената анализа во наредните чекори треба да овозможи искористување на можностите и дефинирање стратегија и оперативни планови за намалување на ефектот од заканите и ризиците, земајќи ги во предвид реалните претпоставки на ниво на територијата која беше предмет на анализа.

За јасно дефинирање на целите, приоритетите и мерките, за Источниот регион беа анализирани и оценети:

- Моќта на влијанието на горенаведените фактори во позитивна или негативна смисла (+/-)
- Рангирање на степенот на влијание (од 1 до 5)
- Оценка на значењето и важноста на влијанието на секој од (од 1 до 10).

## 13.1 PESTLE анализа на надворешно опкружување во Источниот плански регион

*Табела бр. 99. PESTLE анализа на Источниот плански регион*

| НАДВОРЕШЕН ФАКТОР | МОЌ НА ВЛИЈАНИЕ | СТЕПЕН НА ВЛИЈАНИЕ | ВАЖНОСТ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1. Политички фактори** | | | | |
| Стабилна влада и институции | + | 4 | 10 | 40 |
| Одолжување на преговорите со ЕУ | - | 3 | 9 | -27 |
| Блокада на Собранието | - | 3 | 7 | -21 |
| Чести избори/ локални избори 2021 | - | 1 | 7 | -7 |
| Промена на власта | - | 1 | 7 | -7 |
| Владеење на правото | + | 4 | 8 | 32 |
| **Вкупно** | | | | **+10** |
| **2. Економски фактори** | | | | |
| Поддршка за ММСП | + | 5 | 10 | 50 |
| Поддршка за развој на туризмот | + | 5 | 10 | 50 |
| Колапс на национална економија | - | 5 | 10 | -50 |
| Преструктурирање на стопанство | + | 2 | 9 | 18 |
| Глобализацијата | - | 4 | 6 | -24 |
| Рецесија | - | 3 | 4 | -12 |
| Редовни дотации од централниот буџет | + | 5 | 10 | 50 |
| **Вкупно** | | | | **+82** |
| **3. Социјални фактори** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Невработеност како последица на затворање на претпријатија | - | 3 | 8 | -24 |
| Намалена куповна моќ на населението | - | 3 | 8 | -24 |
| Демографски промени | - | 5 | 9 | -45 |
| Социјална сигурност | + | 1 | 4 | 4 |
| Заштита на ранливите групи на граѓани | + | 1 | 4 | 4 |
| Сиромаштија | - | 5 | 8 | -40 |
| Детски развој | + | 4 | 8 | 32 |
| **Вкупно** | | | | **-93** |
| **4. Технолошки фактори** | | | | |
| Воведување на иновации | + | 5 | 9 | 45 |
| Поттикнување на креативност | + | 5 | 10 | 50 |
| Привлекување на странски инвеститори | + | 1 | 9 | 9 |
| Поддршка на старт-ап и спин-оф компании | + | 3 | 7 | 21 |
| Информациски и комуникациски технологии | + | 5 | 9 | 45 |
| Транспорт | + | 4 | 7 | 28 |
| Развој на оптичка мрежа за интернет | + | 1 | 5 | 5 |
| Воведување на нови технологии во образованието | + | 5 | 5 | 25 |
| Замирање на традиционалните техники на производство на локални производи | - | 3 | 9 | -27 |
| Функционирање на ТИРЗ | + | 5 | 5 | 25 |
| Образовни и научно-истражувачки институции | + | 5 | 4 | 20 |
| Пристап до нови технологии | + | 4 | 7 | 28 |
| Искористување на обновливи извори на енергија | + | 5 | 8 | 40 |
| **Вкупно** | | | | **+314** |
| **5. Фактори на правна рамка** | | | | |
| Закон за локална самоуправа | + | 4 | 10 | 40 |
| Закон за буџетирање и извршување на буџет | + | 5 | 10 | 50 |
| Закон за PPP | + | 5 | 9 | 45 |
| Правна сигурност на инвестициите и инвеститорите | + | 5 | 9 | 45 |
| Договори за слободна трговија | + | 3 | 7 | 21 |
| Недостапност на веќе планирани ЕУ фондови | - | 4 | 8 | -32 |
| Зголемување на зафаќањето од ДДВ | + | 1 | 6 | 6 |
| Поделба на урбани и рурални | + | 1 | 6 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| општини | | | | |
| Нерасчистени имотно правни односи | - | 5 | 10 | -50 |
| Сложени управни постапки | - | 4 | 7 | -28 |
| Корупција | - | 4 | 10 | -40 |
| **Вкупно** | | | | **+63** |
| **6. Фактори на животна средина** | | | | |
| Заштита на биодиверзитетот | + | 5 | 10 | 50 |
| Заштита на шумите | + | 5 | 8 | 40 |
| Недостапност на податоци за степенот на загадување | - | 4 | 10 | -40 |
| Зајакнат инспекциски надзор | + | 4 | 9 | 36 |
| Ублажување на последиците од климатските промени | + | 2 | 6 | 12 |
| Спроведување на принципот загадувачот плаќа | + | 5 | 5 | 25 |
| **Вкупно** | | | | **+123** |

*Извор: Онлајн прашалник*

Од анализата се гледа дека надворешните социјални фактори имаат вкупен негативен збир и потребни се мерки за намалување на влијанието. Кај другите фактори треба да се предвидат мерки за намалување на влијанието кај оние поединечни фактори кои имаат негативна оценка (како на пр. Недостапност на податоци за степенот на загадување, итн.).

# 14.SWOT АНАЛИЗА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

За изработка на релевантна и сеопфатна стратегија потребна е сеопфатна SWOT анализа. Истата на систематски и организиран начин помага во идентификување и анализа на надворешните и внатрешните фактори и нивно меѓусебно поврзување.
Правилното и детално поставување на релациите и поврзувањето со PESTLE анализата дава сеопфатна слика на опкружувањето во кое ќе биде реализирана Програмата.
Првичната селекција на факторите беше нивно дефинирање на:

- Важни,
- Неважни,
- Позитивни, и
- Негативни.

Како продолжение на PESTLE анализата, беше направена проценка на ситуацијата која ја постави основата на оправдувањето за релевантноста и соодветноста на Програмата. Користејќи ја SWOT матрицата, беа анализирани и дефинирани:

Силните и слабите страни дефинирани како внатрешни карактеристики на регионот

- Силните страни на регионот како внатрешни карактеристики на регионот кој ќе придонесат кон реализацијата на Програмата и искористување на можностите и елиминирање на заканите.
- Слабите страни на регионот како внатрешни услови кои негативно ќе влијаат на реализацијата на Програмата, ќе го зголемат влијанието на заканите и ќе го намалат потенцијалот на можностите.
- Можностите дефинирани како надворешен фактор кои ако се искористат, користејќи ги силните страни можат да придонесат кон успешната реализација на Програмата.
- Заканите дефинирани како надворешен фактор кои ако не се елиминираат со силните страни и искористувањето на можностите ќе придонесат кон неуспех во реализација на Програмата.

За да биде корисна направената SWOT анализа по дадените сектори, таа во себе ги содржи последиците на идентификуваните фактори релевантни за територијата и населението за Источниот плански регион.
За да се постигне посакуваниот ефект беа приоретизирани и беше направена синтеза на најважните фактори врз анализираните сектори и теми поврзани со истите.
При реализацијата на SWOT анализата беше направена проценка за ресурсите со кои се планира реализацијата на Програмата.
SWOT анализата ги илустрира потенцијалните врски помеѓу различните аспекти/ теми и треба да идентификува можности за решавање на истите.
Следејќи ги принципите на транспарентност, партиципативност, а во исто време и придржувањето кон законската рамка, при изработката на анализата се внимаваше на квалитетот и изворот на внесените информации со претходна анализа и верификација на истите.
Крајниот продукт од оваа анализа беше добиената реална проценка на потребите на регионот.

## 14.1 Генерална SWOT анализа на Источниот регион

Во следната табела е претставена општа SWOT анализа на Источниот регион.

*Табела бр. 100. Општа SWOT анализа на Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Местоположба на регионот и неговата динамична рељефна структура;<br>• Близината на регионот до ЕУ;<br>• Близината до аеродром и релативна близина до Скопје;<br>• Голем број на атрактивности на мал простор;<br>• Искуство во производство на здрава храна;<br>• Прифатливите цени;<br>• Гостољубивоста на луѓето од регионот;<br>• Универзитет Гоце Делчев - Штип;<br>• Квалификувана работна сила;<br>• Високообразован кадар со практични знаења;<br>• Извори на термални води;<br>• Обновена и подигнат квалитет на магистралната патна инфраструктура. | • Ниската акумулација на сопствен капитал и ниската профитабилност;<br>• Ефикасноста на менаџментот е на многу ниско ниво;<br>• Ниски плати и несоодветните услови за работа во споредба со ниво на економски развој;<br>• Не постои соработка со соседните региони за заеднички развој;<br>• Малиот број средни стручни училишта;<br>• Јавната туристичка инфраструктура не е во добра состојба;<br>• Невработеното население не е заинтересирано за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации);<br>• Изумирање на стари занаети;<br>• Руралната архитектура не е зачувана;<br>• Природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени;<br>• Лоша комунална инфраструктура во руралните средини;<br>• Третманот на отпадот е несоодветен;<br>• Низок степен на искористување на ОИЕ;<br>• Отсуство на образовни програми за градење човечки капацитети (од секаков вид);<br>• Мал број проекти од вистинско регионално значење;<br>• Преголема зависност од домашни извори на финансирање (Биро за регионален развој);<br>• Доминантно користење на ИПА Програмата за прекугранична соработка за проекти од локално значење (има и други програми);<br>• Задоцнето следење на финансиски обврски на општините кон ЦРИПР;<br>• Отсуство на критериуми за избор на проекти кои ќе бидат предмет на работа на ЦРИПР;<br>• Мал број вработени во ЦРИПР кои работат на изработка, спроведување и контрола на проекти;<br>• Целосно отсуство на меѓурегионално поврзување за изработка на проект(и) од меѓурегионално значење;<br>• Отсуство на Програма и финансиски |

| | |
|---|---|
| | средства за поддршка на НВО во спроведување проекти од регионално значење;<br>• Мал број вистински активни граѓански здруженија;<br>• Неразвиено делување на граѓанските здруженија (голем број, а многу слаба активност);<br>• Неподготвеност за спроведување стандарди за заштита на животна средина и третман на отпад и отпадни води;<br>• Нема Студија за квалитетот на животната средина во населените места во регионот;<br>• Непочитување на одредби од Добра земјоделска практика од страна на земјоделците, особено во дел за соодветно одложување и третман на пакување од пестициди и количества употребени вештачки ѓубрива;<br>• Ниско ниво на свест кај ЈКП и населението за потребата од почеток со одделување на отпад на местото каде се создава и компостирање на органски остатоци од исхраната на луѓето;<br>• Не се користат доволно капацитетите на универзитетот и се бара идентичен вид услуги во други региони. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги;<br>• Зголемена побарувачка за спа и велнес услуги;<br>• Постојна регулатива за заштита на локални и регионални брендови;<br>• Магистралниот гасовод поминува низ регионот;<br>• Пристап до ЕУ програми за финансирање на проекти;<br>• Отворање нов граничен премин кај Берово и проширување на капацитетот на постојниот кај Делчево;<br>• Изработка на меѓурегионални проекти со партнери надвор од границите на државата. | • Поголеми СДИ со ориентирање на земјата кон ЕУ;<br>• Силната конкуренција која доаѓа од странство и од соседните региони;<br>• Загадувањето на животната средина и девастацијата на културното богатство;<br>• Намалување, одложување или целосен прекин на финансирање на започнатите проекти финансирани од државата (гасификација, регионална депонија);<br>• Намалување на средства за финансирање проекти преку Биро за регионален развој<br>• Доцнење на Програмата за прекугранична соработка БГ-МК за новиот програмски период;<br>• Прекин во процес на прилагодување кон стандардите на ЕУ;<br>• Вонредна состојба поради непредвидени околности;<br>• Влијание на кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19. |

*Извор: онлајн прашалник*

## 14.2 SWOT Анализа на секторот Економија и инфраструктура во Источниот плански регион

SWOT анализата за секторот економија, туризам и пазар на труд во Источниот плански регион е претставена во следниот табеларен преглед.

*Табела бр. 101. SWOT анализа за секторот економија и инфраструктура во Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Близината на регионот до ЕУ;<br>• Близината до аеродром и релативна близина до Скопје;<br>• Добра квалификувана работна сила на пониски нивоа;<br>• Ниска цена на работната сила (+/-);<br>• Ниски даночни стапки;<br>• 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница и Делчево);<br>• Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;<br>• Висок степен на професионалност;<br>• Ниска стапка на невработеност;<br>• Високо ниво на извоз од регионот (метална и текстилна индустрија);<br>• Висока додадена вредност на индустријата и рударството;<br>• Релативно голема стапка на слободни работни места во приватниот сектор;<br>• Најголем број на објекти на територијалните противпожарни единици од сите региони. | • Слаби извори на финансирање<br>• Застарена технологија;<br>• Недостаток на квалитетни високообразовани кадри;<br>• Слаб капацитет за воведување иновации;<br>• Недоволен трансфер на знаење од бизнис секторот спрема образованието;<br>• Недоволна поврзаност помеѓу претпријатијата;<br>• Високи стапки на невработеност на лица со незавршено основно и основно образование;<br>• Невработеното население не е заинтересирано за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации);<br>• Мал број на организации за поддршка на претпријатијата или претприемништвото;<br>• Ниска продуктивност на вработените;<br>• Ниско ниво на урбанизирана површина и потфрлање во обемот на просторното и урбанистичкото планирање;<br>• Комуналната и локалната патна инфраструктура е во незадоволителна состојба;<br>• Ромската заедница е ранлива во однос на пристап на услуги за водоснабдување и санитарни услуги;<br>• Голема потреба за санација на објектите на територијалните противпожарни единици. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Финансиска поддршка на извозно ориентирани компании;<br>• Програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места;<br>• Достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво;<br>• Повици преку ФИТР;<br>• Достапни ЕУ Фондови;<br>• Желба и можност за финансирање од домашни и странски фондации;<br>• Пристап до транспортните Коридори; | • Пропаѓање на бизниси заради пандемијата Ковид-19;<br>• Затворање на постојни работни места со тренд на зголемена стапка на невработеност;<br>• Иселување на населението;<br>• Зголемена конкурентна предност на земји членки на ЕУ;<br>• Неспроведување на закони (недореченост и неусогласеност);<br>• Блокада или пречки во користењето на |

| | |
|---|---|
| • Достапност за ново дефинирани парцели од ДУП-ови за потенцијално нови или заинтересирани инвеститори. | веќе одобрени финансиски фондови;<br>• Блокади од надворешни фактори за претходно добиени пазари. |

## 14.3 SWOT Анализа на секторот Социјала, образование и здравство во Источниот плански регион

SWOT анализата за секторот социјала, образование и здравство во Источниот плански регион е претставена во следниот табеларен преглед.

*Табела бр. 102. SWOT анализа за секторот социјала, образование и здравство во Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Зголемен број на дневни центри за деца со посебни потреби;<br>• Зголемена парична помош за социјалните случаи;<br>• Општинска корисна работа за стари и изнемоштени лица;<br>• Зголемени капацитетите на детските градинки;<br>• Најголем опфат на деца во детски градинки од сите региони;<br>• Зголемен број на вработувања на лица со посебни потреби;<br>• Зголемена покриеност на регионот со здравствени институции;<br>• Зголемени бенефиции за лекарите<br>• Најниска стапки на сиромашни лица од сите региони;<br>• Најниска стапка на социјална исклученост на младите (NEET) од сите региони;<br>• Релативно добар број на спортски објекти. | • Несоодветни наставни програми;<br>• Неинформираност за достапни мерки/ програми;<br>• Недоволен број на старечки домови;<br>• Недоволен број на асистенти и негователи;<br>• Недостаток на специјализирани возила за деца;<br>• Недоволен број на народни кујни и прифатилишта за бездомници;<br>• Несоодветен пристап до јавните институции на лица со попреченост;<br>• Нема иновативни софтверски решенија за пристап на лица со попреченост до општинските услуги и здравство;<br>• Недостаток на интернати за престој на лица со попреченост;<br>• Недоволна заинтересираност кај населението за специјализирање за лица со посебни потреби;<br>• Недостаток на техничка документација за инфраструктурни проекти;<br>• Недоволни наставни помагала и опрема;<br>• Слаб капацитет на човечките капацитети во општините за развој на образованието и социјална заштита;<br>• Застарена опрема и слабо опремени здравствени објекти;<br>• Недостаток од е-здравство;<br>• Иселување на лекари;<br>• Лоша институционална покриеност во руралните средини;<br>• Недостаток на практична настава во основните и средните училишта;<br>• Недостаток на регионални средни стручни училишта;<br>• Неразвиеност на пост-средното образование (образованието на возрасни);<br>• Недоволни капацитети за искористување на програми од донаторските средства;<br>• Ниски плати во споредба со економскиот развој;<br>• Нема доволна понуда за формално |

| | |
|---|---|
| | образование преку доквалификација и преквалификација;<br>• Намалување на бројот на население во регионот;<br>• Стареење на населението во регионот<br>• Раст на корисниците на социјална помош;<br>• Силен и континуиран пад на корисниците на детски додаток. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги;<br>• Зголемен број на фондови и донаторски средства за реализација на проекти;<br>• Зголемување на бенефициите на просветните работници;<br>• Искористување на програмите за финансиска поддршка. | • Општествени предрасуди и стигматизам;<br>• Зголемување на девијантни појави;<br>• Недоволно внимание на менталното здравје;<br>• Мали средства се одвојуваат за наука, истражување и развој на национално ниво. |

## 14.4 SWOT Анализа на секторот Земјоделство и рурален развој во Источниот плански регион

SWOT анализата за секторот Земјоделство и рурален развој во Источниот плански регион е претставена во следниот табеларен преглед.

*Табела бр. 103. SWOT анализа за секторот Земјоделство и рурален развој во Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Близината на регионот до ЕУ;<br>• Близината до аеродром и релативна близина до Скопје;<br>• Добра квалификувана работна сила на пониски нивоа;<br>• Ниска цена на работната сила (+/-);<br>• Ниски даночни стапки;<br>• 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип/ Берово/ Виница/ Делчево);<br>• Универзитет Гоце Делчев – Штип;<br>• Ниска стапка на невработеност;<br>• Искуство во производство на здрава храна;<br>• Развиено сточарство (свињи и овци);<br>• Направена заштита на Кочанскиот ориз. | • Мала просечна годишна додадена вредност на секторот земјоделство;<br>• Слаби извори на финансирање;<br>• Застарена технологија и практики во земјоделското производство;<br>• Слаб капацитет да се преориентира земјоделското производството;<br>• Слаб капацитет за воведување иновации во земјоделството и преработувачката индустрија;<br>• Земјоделските производители не се организирани на ниво на кооперативи;<br>• Недостаток од ефективни системи за наводнување;<br>• Земјоделското производство и преработувачката индустрија произведуваат финални производи со мала додадена вредност;<br>• Непочитување на одредби од Добра земјоделска практика од страна на земјоделци, особено во дел за соодветно одложување и третман на пакување од пестициди и количества употребени вештачки ѓубрива;<br>• Недостаток на квалитетни високообразовани кадри;<br>• Изумирање на стари занаети;<br>• Руралната архитектура не е зачувана;<br>• Лоша комунална инфраструктура во руралните средини;<br>• Мал процент од земјоделските стопанства можат да вршат наводнување;<br>• Низок процент на учество на жените како носителите на индивидуалните земјоделски стопанства;<br>• Висок процент на мали стопанства со ниска просечна вредност на производството;<br>• Сериозна депопулација на региони со голема површина како Малешевијата. |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| • Финансиска поддршка на извозно ориентирани претпријатија;<br>• Програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места;<br>• Финансиска поддршка на земјоделството за единица произведена култура или нов посев (субвенции);<br>• Достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво;<br>• Достапни ЕУ Фондови;<br>• Зголемена побарувачка за производи произведени во чиста животна средина (органски);<br>• Постојна регулатива за заштита на локални и регионални брендови;<br>• Пристап до транспортните Коридори. | • Пропаѓање на бизниси заради пандемијата Ковид-19;<br>• Затворање на постојни работни места со тренд на зголемена стапка на невработеност;<br>• Иселување на населението;<br>• Зголемена конкурентна предност на земјите членки на ЕУ;<br>• Неспроведување на закони (недореченост и неусогласеност);<br>• Блокада или пречки во користењето на веќе одобрени финансиски фондови;<br>• Блокади од надворешни фактори за претходно добиени пазари. |

## 14.5 SWOT Анализа на секторот Животна средина во Источниот плански регион

SWOT анализата за секторот животна средина во Источниот плански регион е претставена во следниот табеларен преглед.

*Табела бр. 104. SWOT анализа за секторот животна средина во Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Отпочнат процес за регионална депонија/ регионално управување со отпадот;<br>• Воспоставено регионално општинско тело за управување со отпадот;<br>• Зачувани подрачја со големи природни вредности;<br>• Осогово е прогласено за заштитено подрачје;<br>• Во тек е процес за заштита на Малешево;<br>• Поголем дел од регионот е покриен со системи за водоснабдување;<br>• Направена е Анализа на недостатоци во еколошки податоци и карта на еколошка сензитивност;<br>• Поставени агро-метеоролошки мерни станици за мониторинг на квалитет на воздухот и почвата;<br>• Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. | • Постоење на диви депонии со висок ризик;<br>• Не се прави примарна селекција на отпад;<br>• Мали количини на отпад се селектираат и рециклираат, отпадот не се употребува повторно;<br>• Дотраени возила/недостиг на возила и соодветни садови за собирање на отпад;<br>• Мал број на пречистителни станици за отпадни води;<br>• Поголем дел од инфраструктурата за отпадни води е во урбаните средини;<br>• Мал процент на канализациски системи во руралните средини;<br>• Загадување на површински и подземни води;<br>• Дотраеност на системите за водоснабдување и големи губитоци на вода;<br>• Недостаток на вода за пиење;<br>• Несоодветни третмани на прочистување на вода за пиење (претежно во некои од селските населби);<br>• Недоволна регулација на текови и одводни канали/ предизвикуваат поплави;<br>• Загадување од тешка индустрија и рударство на медиуите (пр. јаловишта, се испуштаат води во реципиентите без претходен третман);<br>• Не постои мониторинг на инсталации на загадувачи;<br>• Уништување на реки со изградба на мали хидроцентрали (без биолошки минимум, руинирање на околината, намален водостој на Беровско езеро);<br>• Недостиг на мониторинг станици за мерење на загадувањето на воздухот;<br>• Недостиг на континуиран мониторинг на квалитетот на водата на Брегалница;<br>• Недоволна ажурност на инспекциски служби;<br>• Загадување на воздухот со ПМ10 честички;<br>• Опустошување на шуми поради пожари, болести и бесправна сеча;<br>• Загадување на воздух и почва од палење на стрништа/опасност од поголеми пожари;<br>• Ниска јавна свест на населението за заштита на животната средина; |

| | |
|---|---|
| | • Отпор кај дел од населението за решавање на проблемите со отпадот/отпадните води;<br>• Нема студија за квалитетот на животната средина во населените места во регионот;<br>• Ниско ниво на свест кај ЈКП и населението за потребата од почеток со одделување на отпад на местото каде се создава и компостирање на органски остатоци од исхраната на луѓето;<br>• Неефикасност на потрошувачката на финална енергија во домаќинствата. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • ЕУ поддршка за изградба на регионална фабрика за отпад за ИПР и СИПР со опрема и соодветна инфраструктура;<br>• Можности за ЕУ ИПА и други меѓународни фондови за инвестиции за подобрување на состојбата со ЖС;<br>• Поддршка од национални и меѓународни фондови за подобрување на состојбата со вода за пиење и третман на отпадни води;<br>• Користење на сончева енергија како ОИЕ;<br>• Користење на био маса од шумарството и земјоделството за енергенс и био маса од пречистителните станици за производство на хумус;<br>• Прекугранична соработка во областа на Натура 2000 подрачја;<br>• Заеднички проекти за зачувување на природата и заштита на ЖС со партнери од Бугарија и други земји од регионот;<br>• Можност за користење на фондови за Заштита на Природата. | • Забавен процес за реализација на активностите поради пандемијата Ковид-19;<br>• Неспроведување на законите;<br>• Последици од климатски промени во шумарство, намалување на количина на вода, емисии на $CO_2$, итн.;<br>• Изумирање на ендемични видови на растенија и животни (како последица на надворешни влијанија);<br>• Нерешени имотно-правни односи. |

## 14.6 SWOT Анализа на секторот Туризам во Источниот плански регион

SWOT анализата за секторот Туризам во Источниот плански регион е претставена во следниот табеларен преглед.

*Табела бр. 105. SWOT анализа за секторот Туризам во Источниот плански регион*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Близината на регионот до ЕУ;<br>• Близината до аеродром и релативна близина до Скопје;<br>• Голем број на атрактивности на мал простор;<br>• Гостољубивоста на луѓето од регионот;<br>• Постои координативно тело за развој на туризмот во Источен плански регион;<br>• Регионот располага со голем број на природни убавини;<br>• Постојат планинарски и велосипедски друштва;<br>• Заштитени подрачја (Осогово, Малешево (во процес));<br>• Постојни велосипедски и пешачки патеки;<br>• Производство на домашни органски производи;<br>• Извори на термални води;<br>• Потенцијал за развој на разни форми на туризам (ски, спа, гео, итн.);<br>• 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница и Делчево). | • Комуналната и локалната патна инфраструктура е во незадоволителна состојба;<br>• Јавната туристичка инфраструктура не е во добра состојба;<br>• Несоодветно управување со отпадот;<br>• Содржини и информации во туристичката понуда;<br>• Нема доволно смарт апликации во туризмот;<br>• Недостаток на техничка и урбанистичко планска документација;<br>• Слаби капацитети на човечките ресурси во туризмот;<br>• Незаинтересираност и слаба мотивираност на туристичките работници;<br>• Изумирање на стари занаети;<br>• Руралната архитектура не е зачувана;<br>• Природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени;<br>• Низок процент на ноќевања на странски туристи во регионот. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| • Поддршка преку Агенција за промоција на туризмот (програма, видеа, саеми, итн.);<br>• Вклучување на регионот во регионалните балкански тури на тур-операторите;<br>• Пристап до фондови (Прекугранична соработка, ЕУ, Светска банка, итн.);<br>• Отворање нов граничен премин кај Берово и проширување на капацитетот на постојниот кај Делчево. | • Влошени временски услови како последица на климатските промени;<br>• Лош имиџ поради транзит на мигранти (лоши слики за регионот);<br>• Миграција на населението;<br>• Не се води доволно грижа за заштита на животната средина;<br>• Конкуренција од други земји во регионот на ЈИЕ;<br>• Влијание на кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19. |

# 15.ВИЗИЈА НА ИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## ВИЗИЈА

Источен плански регион е конкурента и динамична средина во која се искористуваат потенцијалите, развиваат квалитетни човечки ресурси, се води грижа за одржливиот развој со задоволни и среќни луѓе.

# 16. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ – ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ

## 16.1 Стратешка Цел 1 - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот

Како прва стратешка цел (СЦ) во Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021 – 2026 година е дефинирана СЦ 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот. Истата е во согласност со споредбените предности на регионот, и се заснова на резултатите од извршените секторски анализи, SWOT анализата, предлозите на засегнатите страни на работилниците за стратешко планирање и севкупните потреби на регионот.

Според економско-социјалниот индекс Источниот регион со индекс 136,4 е рангиран како втор после Скопскиот регион со 147,7. Главните предности на Источниот регион се близината на регионот до ЕУ (Р. Бугарија), близината до аеродром и релативна близина до главниот град Скопје што е уште повеќе олеснето со изградбата на автопатот Миладиновци - Штип, добра квалификувана работна сила, постојат четири ТИРЗ зони (Штип, Берово, Виница и Делчево), од која ТИРЗ Штип во последните неколку години остварува позасилен развој, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, и релативно голема стапка на слободни работни места во приватниот сектор, и има релативно добра искористеност на средства од ФИТР воглавно од ИТ и текстилниот сектор. Од друга страна регионот е рангиран како петти според според продуктивноста (БДП по вработен), постојат релативно малку функционални организации за поддршка на претпријатијата и претприемништвото, деловните субјекти имаат недостаток од финансирање, застарена технологија, слаб капацитет за воведување иновации, нивната поврзаност и соработка е незадоволителна, итн.

Од макроекономски аспект, стапката на БДП на регионот бележи континуиран раст, извозот и увозот се зголемуваат, има значителна БДВ на индустријата и градежништвото, средно ниво на инвестиции во основни средства, значително учество на инвестициите во основни средства во секторите услуги и индустрија, значителен раст на инвестициите во градежништвото, бруто додадената вредност на земјоделскиот сектор има тенденција на намалување, како и инвестициите во тој сектор. Според бројот на претпријатијата на 1000 жители регионот е рангиран како шести, и при тоа бројот на микро и мали претпријатија бележи континуиран раст, каде микро претпријатијата имаат доминантно учество. Регионот има втора најмала стапка на невработеност од сите региони, која сигурно ќе се зголеми како последица од пандемијата Ковид-19.

Согласно секторските анализи регионот има предност што има изработено нацрт просторен план, но е еден од регионите кој најмногу потфрла во однос на урбанистичка документација и потребно е подобрување во овој дел. Регионот има добра патна поврзаност, но според состојбата на локалната патна инфраструктура исто така потребно е подобрување, посебно ако се има во предвид дека поголем дел од локалните патишта се неасфалтирани или непробиени. Исто така, состојбата со комуналната инфраструктура треба да се подобри, и посебно во руралните делови. Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води 87,6%, Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни

води е многу низок и изнесува 9%. Во изминатиот период направен е исчекор со изградба на пречистителната станица за отпадни води во Кочани, покрај постојната во Берово. Потребно е да се инвестира во системи за собирање на отпадните води во руралните средини. Регионот не е богат со водни ресурси, целосно енергетски зависен и покрај тоа има лоши перформанси во делот на електричната потрошувачка на домаќинствата и индустријата. Идентификувани се одреден број на инвестиции во обновливи извори на енергија (сонце и вода) и тој тренд треба да продолжи. Пратејќи ги трендовите треба дополнително да се инвестира во дигитално поврзување и паметни решенија во општините. Регионот има најголем број на објекти на територијалните противпожарни единици, но исто така има и најголема потреба за нивна санација.

Неопходно е преземање на мерки за искористување на споредбените предности на регионот, справување со последиците од пандемијата, поттикнување на конкурентноста, инвестициите, развивање на инфраструктурата и задржување на економскиот раст.

**Остварувањето на оваа клучна цел во Програмата ќе се постигне преку следните приоритети:**

**Приоритет 1.1: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност;**
**Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија;**
**Приоритет 1.3: Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето;**
**Приоритет 1.4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата;**
**Приоритет 1.5: Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции.**

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1 | Структура на бруто домашен производ по глава жител (%) | 13,1% (2017) | 13,3% |
| 2. | Структура на бруто додадена вредност (%) | 8,3% (2017) | 8,8% |
| 3. | Структура на инвестиции во основни средства (%) | 7,0% (2017) | 7,3% |
| 4. | Број на активни деловни субјекти по региони | 5.799 (2019) | 6.000 |
| 5. | Процент од вкупно одобрените проекти на ФИТР по плански региони (%) | 9,2% (2019) | 10% |
| 6. | Стапка на слободни работни места (%) | 1,92% (2019) | 2,00 |
| 7. | Густина на регионалната патна инфраструктура (km'/1000 km²) | 170 (2019) | 177 |
| 8. | Локална патна инфраструктура (km') | 533 (2019) | 621 |
| 9. | Стапка на активност млади (%) | 40,6% (2019) | 42% |
| 10. | Процент од населението покриено со јавен водовод (%) | 82,3% (2016) | 91,2% |
| 11. | Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води (%) | 87,6% (2016) | 91,3% |
| 12. | Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни води | 9% (2016) | 52% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (%) | | |
| 13. | Вкупна должина на водоводна мрежа која треба да биде обновена (km) | 797 (2016) | 850 |
| 14. | Население поврзано со систем за одведување на урбани отпадни води | 114.573 (2016) | 120.471 |
| 15. | Популација поврзана со систем за пречистување отпадни урбани води (еквивалент жители) | 14.000 (2016) | 119.015 |
| 16. | Број на усвоени просторни планови на регион/год. | 0 (2020) | 1 (2031) |
| 17. | Број на усвоени просторни планови на општина/год. | 0 (2020) | 1 |
| 18. | Број на усвоени урбанистички планови/год. | 17 (2020) | 57 |

### Приоритет 1.1: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност

Овој приоритет се базира на следните силни страни идентификувани во SWOT анализата: близина на регионот до ЕУ, до аеродром и главниот град Скопје, обновена и подигнат квалитет на магистралната патна инфраструктура, ниски даночни стапки, добра квалификувана работна сила со пониско ниво на образование, 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница и Делчево), од кои ТИРЗ ШТИП бележи подобри економски резултати во споредба со другите зони, универзитет, висока додадена вредност на индустријата и рударството, инвестиции во основни средства во услугите, итн. Овој приоритет треба да ги искористи можностите како што се: магистралниот гасовод поминува низ регионот, отворање на граничниот премин кај Берово и проширување на капацитетот на постојниот кај Делчево, искористување на различни програми за финансирање на проекти, програмата на Владата за стратешки инвеститори, итн. Како закана се јавува кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19 која најверојатно ќе влијае врз деловните одлуки на инвеститорите. Приоритетот ќе се постигне преку спроведување на следните индикативни активности: изготвување на студии и анализи за идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот, изработка на стратегија за паметна специјализација во идентификуваните индустрии со потенцијал; подготовка на датабаза на понуда на слободни парцели и неискористени индустриски објекти во регионот; подготовка на дата база од постојни плански стратешки документи на сите релевантни институции; настани за промоција на инвестициските потенцијали и привлекување инвеститори учесници на настаните; подготовка на печатени и аудио/видео промотивни материјали; изработка на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција; овозможување на погодности за домашните инвеститори; поттикнување на инвестиции во основни средства во индустријата; поддршка на нови претпријатија што инвестираат во ТИРЗ и општинските зони; спроведување на инфраструктурни инвестиции во ТИРЗ и општинските зони - изградба на канализација и асфалтирање на патишта; вмрежување на институциите за привлекување на домашни и странски инвестиции; спроведување на заеднички иницијативи од состаноците; формирање на регионално тело „Инфо берза“, итн.

Овој приоритет ги содржи следните мерки:

1.1.1. Идентификување на сектори со конкурентска предност и спроведување на процес за паметна специјализација
1.1.2. Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности
1.1.3. Подобрување на инвестициската клима и овозможување на погодности за домашни инвеститори
1.1.4. Вмрежување на релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на домашни и странски инвестиции во ТИРЗ и општинските зони

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Изготвени студии и анализи за идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот;<br>• Спроведен процес за паметна специјализација во идентификуваните индустрии со потенцијал;<br>• Подобрена промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности;<br>• Презентирани планираните просторни услови за развој на заинтересирани инвеститори за инфраструктурни проекти, станбен и деловен простор;<br>• Подобрена инвестициската клима и овозможување на погодности за домашни инвеститори;<br>• Зголемени инвестиции од страна на домашни и странски инвеститори во индустрии што имаат најголема продуктивност и создаваат додадена вредност;<br>• Вмрежени релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на домашни и странски инвестиции во ТИРЗ и општинските зони;<br>• Подобрена соработка помеѓу институциите. | • Број на изготвени студии и анализи за идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот;<br>• Изработена стратегија за паметна специјализација во идентификуваните индустрии со потенцијал;<br>• Датабаза на понуда на слободни парцели и неискористени индустриски објекти во регионот;<br>• Дата база од постојни плански стратешки документи на сите релевантни институции;<br>• Број на настани за промоција;<br>• Број на потенцијални инвеститори учесници на настаните;<br>• Тираж на печатени промотивни материјали;<br>• Број на аудио/видео промотивни материјали;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција;<br>• Број на овозможени погодности и стимулации за домашните инвеститори;<br>• Обем на инвестиции во основни средства во индустријата;<br>• Број на нови претпријатија што инвестираат во ТИРЗ и општинските зони;<br>• Обем на нови инвестиции во ТИРЗ и општинските зони;<br>• Должина на изградена канализација во ТИРЗ и општинските зони (во km);<br>• Должина на асфалтирани патишта во ТИРЗ и општинските зони (km);<br>• Број на состаноци за вмрежување (% на учеснички);<br>• Број на заеднички иницијативи од состаноците (% на иницијативи од учеснички);<br>• Формирано регионално тело „Инфо берза“. |

## Приоритет 1.2: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија

Приоритетот 1.2 треба да ги искористи силните страни како што се: високо ниво на извоз од регионот (метална и текстилна индустрија), во регионот е активна текстилно трговска асоцијација - текстилен кластер; искуство стекнато во заштита на потеклото на производите и брендирање преку заштита на кочанскиот ориз; добро искористување на ФИТР каде најмногу корисници се од ИКТ и текстилниот сектор, итн. Приоритетот треба да помогне да се

надминат идентификуваните слаби страни: слаб пристап до извори на финансирање; застарена технологија; слаб пристап до извори на финансирање; застарена технологија, слаб капацитет за воведување иновации, недоволна поврзаност помеѓу претпријатијата; мал број на организации за поддршка на претпријатијата; ниска продуктивност на вработените, итн. Приоритетот треба да помогне да се искористат идентификуваните можности како на пр.: финансиска поддршка на извозно ориентирани претпријатија; искористување на ФИТР и други достапни меѓународни и национални фондови, постојна регулатива за заштита на локални и регионални брендови, итн. Притоа треба да се намалат ефектите од заканите како што се пандемијата Ковид-19 поради која се евидентира пропаѓање на бизнисите и блокирање или пречки во користењето на веќе одобрени финансиски фондови.

**Во рамките на овој приоритет се подвлекува важноста од спроведување на активности во следните мерки:**

1.2.1. Воведување на нови технологии и иновации во претпријатијата;
1.2.2. Зајакнување на капацитетот на претпријатијата за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал;
1.2.3. Поттикнување на деловна соработка на истражувачките центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни преку формирање на кластери;
1.2.4. Заштита и брендирање на производи препознатливи за регионот;
1.2.5. Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија;
1.2.6. Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата Ковид-19.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Воведена нова технологија во претпријатијата;<br>• Спроведени проекти за воведување на стандарди;<br>• Воведени стандарди во претпријатијата;<br>• Мобилизирани средства од страна на претпријатијата во регионот за аплицирање на повиците на ФИТР;<br>• Вмрежени истражувачки центри, деловни субјекти, организации за поддршка и други засегнати страни;<br>• Подобрена заштита и брендирање на производи од регионот;<br>• Обезбедена поддршка за извозна промоција на претпријатијата;<br>• Промовирани извозните потенцијали на претпријатијата;<br>• Идентификувани сектори кои се најмногу погодени од пандемијата Ковид-19 и нивните потреби;<br>• Идентификувани потреби на бизнис заедницата;<br>• Обезбедени средства за поддршка на бизнис секторот и дефинирани критериуми за поддршка;<br>• Обезбедена поддршка на секторите кои се најмногу погодени од пандемијата | • Број на претпријатија што вовеле нова технологија (% на претпријатијата во сопственост на жени);<br>• Број на спроведени проекти за воведување на стандарди;<br>• Број на претпријатија со воведени стандарди (% од тие сопственост на жени);<br>• Број на подготвени апликации за повиците на ФИТР (% од тие сопственост на жени);<br>• Одобрени проекти на претпријатијата од регионот на повиците на ФИТР (% од тие сопственост на жени);<br>• Обем на инвестиции во основни средства во индустријата;<br>• Број на воведени иновации во претпријатијата (% од тие сопственост на жени);<br>• Број на претпријатија што вовеле иновации (% од тие сопственост на жени);<br>• Број на едукативни настани за иновативност (% од на учеснички);<br>• Број на учесници на настаните (% на учеснички);<br>• Број на состаноци за вмрежување (% на учеснички);<br>• Број на заеднички иницијативи од состаноците (% од на иницијативи од учеснички);<br>• Број на формирани кластери;<br>• Број на заштитени производи од регионот; |

| | |
|---|---|
| Ковид-19. | • Број на брендирани производи од регионот;<br>• Обем на извозот во регионот;<br>• Број на извозно ориентирани субјекти;<br>• Број на онлајн алатки за извозна промоција на претпријатијата;<br>• Број на настани за извозна промоција на претпријатијата;<br>• Број на учесници на настаните (% на учеснички);<br>• Број на изготвени анализи за влијанието на пандемијата Ковид-19 врз секторите;<br>• Број на изготвени анализи за состојбите и потребите на бизнис заедницата (со вклучени потреби на жените претприемнички);<br>• Висина на средства за поддршка на бизнис секторот и дефинирани критериуми за поддршка (% на средства за поддршка на жени);<br>• Број на поддржани претпријатија (% од тие сопственост на жени). |

### Приоритет 1.3: Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето

Овој приоритет се заснова на предностите на регионот како што се: едноцифрена стапка на невработеност, најниска стапка на социјална исклученост на младите (NEET); високообразован кадар со практични знаења; итн. Приоритетот треба да се искористи да се надминат слабите страни: иселување на населението поради недостаток на можности за квалитетно вработување; високи стапки на невработеност на лица без завршено основно и со завршено основно образование; слаба претприемничка активност кај младите и жените; недоволна искористеност на природните и културно историските знаменитости за услужни деловни активности; мал број на организации за поддршка на претпријатијата или претприемништвото; итн. Идентификувани можности кои можат да помогнат за спроведување на овој приоритет се: Програми за поддршка на вработувањето и отворање на нови работни места; достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво; итн. Исто така треба да се спроведат мерки за намалување на ефектите на пандемијата Ковид-19 која предизвикува затворање на постојни работни места и тренд на зголемена стапка на невработеност.

**Реализацијата на овој приоритет подразбира преземање на низа мерки и активности за развој на претприемништвото и самовработувањето како што се:**

1.3.1. Подобрување на деловното опкружување за старт-апи и претприемништво;
1.3.2. Поддршка за претприемнички активности и самовработување на млади, жени и ранливи групи;
1.3.3. Поттикнување на вработување на лица со низок степен на образование;
1.3.4. Подобрување на искористеноста на природните и културно историските знаменитости за нови услужни бизниси;
1.3.5. Формирање, зајакнување и вмрежување на организации за поддршка и поттикнување на претприемништвото и самовработувањето;
1.3.6. Стимулирање на социјално претприемништво;
1.3.7. Промовирање на родова еднаквост и следење на претприемничката активност според пол.

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрено деловно опкружување за старт-апи и претприемништво;<br>• Зајакнати капацитети на млади, жени и ранливи групи за претприемништво и формирање сопствен бизнис;<br>• Развиени и реализирани советодавни услуги за старт-апи и претпријемачи;<br>• Зголемено вработување на лица со низок степен на образование;<br>• Подобрено искористување на природните и културно историските знаменитости за нови услужни бизниси;<br>• Дадени услуги од Каталогот на услуги на Бизнис центарот при ЦРИПР;<br>• Формирани нови организации за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото;<br>• Одржани средби со потенцијални старт-апи и претпријемачи;<br>• Одржани настани за вмрежување на организациите за поддршка;<br>• Формирани социјални претпријатија со цел вработување на жени (со фокус на жени Ромки и жени од рурални средини)<br>• Изработени анализи за претприемничката активност во регионот со посебен фокус на жените и младите. | • Број на променети административни процедури на локално ниво;<br>• Број на овозможени погодности за старт-апи и претпријемачи;<br>• Зголемен обем на средства за поддршка на старт-апи и претприемништво;<br>• Број на информативни и промотивни настани:<br>• Број на учесници на настаните (% по пол);<br>• Тираж на печатени промотивни материјали;<br>• Број на аудио/видео промотивни материјали;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција;<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци;<br>• Број на регистрирани нови претпријатија (сопственост по пол);<br>• Број на регистрирани нови претпријатија основани од жени, млади и луѓе од ранливи категории;<br>• Број на поднесени и одобрени апликации од старт-апи и претпријемачи спрема меѓународни и национални фондови;<br>• Вредност на одобрени средства по апликациите;<br>• Датабаза на лица со низок степен на образование (разделени по пол);<br>• Број на спроведени обуки/обучени лица со низок степен на образование (разделени по пол);<br>• Број на иницијативи на општините за вработување на лица со низок степен на образование во општо корисна работа;<br>• Број на настани за вмрежување на лицата со низок степен на образование со претпријатија кои бараат работна сила;<br>• Број на учесници на настаните (разделени по пол);<br>• Број на претпријатија што вработуваат лица со низок степен на образование;<br>• Број на лица со низок степен на образование што се вработиле (по пол);<br>• Број на настани за вмрежување на услужни бизниси за искористување на природните и културно историските знаменитости;<br>• Формиран кластер од услужни бизниси кои подржуваат промоција на културни и историски знаменитости (отворање на сувенирници на локалитети, поддршка за туристички водичи и сл.);<br>• Број на нови организации за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото;<br>• Број на барани и број на реализирани советодавни услуги за старт-апи и претпријемачи;<br>• Број на старт-апи и претпријемачи корисници на услугите на регионалниот бизнис центарот при ЦРИПР (разделени по пол);<br>• Број на корисници на услугите на организации за поддршка на старт-апи и поттикнување на |

| | |
|---|---|
| | претприемништвото (разделени по пол);<br>• Број на настани и учесници (по пол) за вмрежување на организациите за поддршка;<br>• Број на заеднички иницијативи на организациите за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото;<br>• Број на поддржани старт-апи и претпријатија (% во сопственост на жени);<br>• Број на формирани социјални претпријатија со посебен фокус на жени Ромки и жени од рурални средини;<br>• Број на спроведени анализи за следење на претприемничката активност во регионот со посебен фокус на мерките за жените и младите;<br>• Број на поддржани млади и жени претприемачи. |

### Приоритет 1.4: Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата

Овој приоритет се базира на силните страни како што се: просторниот план на Источниот плански регион е во фаза на изработка на предлог план; добра локација и патна поврзаност на регионот; Обновена и подигнат квалитет на магистралната патна инфраструктура; најголем број на објекти на територијалните противпожарни единици од сите региони; итн.
Дел од слабите страни кои треба да се зајакнат со овој приоритет се: ниско ниво на урбанизирана површина и потфрлање во обемот на просторното и урбанистичкото планирање; комуналната и локалната патна инфраструктура е во незадоволителна состојба ранливите групи (на пр. Роми) имаат отежнат пристап на услуги за водоснабдување и санитарни услуги; има голема потреба за санација на објектите на територијалните противпожарни единици од сите региони; итн. Потребно е да се искористат можностите како што се: поврзување на магистралниот гасовод кој поминува низ регионот; искористување на достапни фондови за инфраструктура.

Во делот на експресни и регионални патишта приоритет на национално ниво е изградбата на следните патишта: експресен пат Штип – Кочани (делницата Крупиште – Кочани е во изградба), и Делчево – Кочани; потоа изградба на локални патишта во вкупна должина од 950 km и рехабилитација на патишта во вкупна должина од 1.500 km за сите региони.

### Реализацијата на овој приоритет подразбира преземање на низа мерки и активности за осовременување на инфраструктурата како што се:

1.4.1. Изработка на студии, просторно - урбанистичка и техничка документација;
1.4.2. Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова сообраќајна инфраструктура;
1.4.3. Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура;
1.4.4. Гасификација и подобрување на енергетската инфраструктура;
1.4.5. Подобрување на транспортните услуги
1.4.6. Промовирање на „паметни“ смарт општини и подобра дигитална поврзаност
1.4.7. Заштита од елементарни непогоди.

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Воведен ГИС во регионот;<br>• Изработен просторен план на Источен регион;<br>• Изработени просторни планови за општини во Источниот регион;<br>• Изработени ГУП, ДУП и друга урбанистичка документација;<br>• Изготвени физибилити студии, анализи и други студии за просторно и урбанистичко планирање;<br>• Изработени технички документации за локални и регионални инфраструктурни проекти;<br>• Воведени и изработени подземен катастар за постоечка патна, комунална и енергетска инфраструктура;<br>• Изработени родово-сензитивни анализи на локално и регионално ниво;<br>• Осовремената постоечка локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;<br>• Изградена нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;<br>• Заменета и поставена нова сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална);<br>• Подобрена безбедност на патиштата;<br>• Зголемена заштита на пешаците и другите ранливи категории како учесници во сообраќајот;<br>• Зголемени капацитети на учесниците за безбедност во сообраќајот;<br>• Функционален и одржлив систем за одржување на патната инфраструктура;<br>• Изготвени физибилити студии, анализи и други студии;<br>• Изготвени технички документации (водоснабдителни системи, системи за собирање на отпадни води, пречистителни станици за отпадни води, системи за наводнување);<br>• Подобрено водоснабдување и одведување и третман на отпадните води;<br>• Изработена техничка документација за изградба на систем за гасификација на Источен регион;<br>• Изработена техничка документација и приклучени примарни и секундарни енергетски водови;<br>• Воведени паметни (смарт) решенија во општините;<br>• Подобрена дигиталната поврзаност во регионот;<br>• Подобрен автобуски превоз помеѓу општините во рамки на регионот;<br>• Подобрена заштитата од пожари. | • ГИС систем во регионот;<br>• Број на изготвена урбанистичка документација (ГУП, ДУП и др.);<br>• Број на изработени просторни планови за општини во Источниот регион;<br>• Број на изготвени физибилити студии, анализи и други студии за просторно и урбанистичко планирање;<br>• Број на изработени технички документации за локални и регионални инфраструктурни проекти;<br>• Подземен катастар за постоечка патна, комунална и енергетска инфраструктура;<br>• Број на изработени родово-сензитивни анализи на локално и регионално ниво;<br>• Број на идентификувани лица (разделени по пол) кои немаат пристап до квалитетна патна инфраструктура;<br>• Број на проекти/апликации за осовременување на постоечката локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;<br>• Број на проекти/апликации за изградба на нова локална, регионална и магистрална патна инфраструктура;<br>• Должина на новоизградена и реконструирана локална, регионална и магистрална патна инфраструктура (km);<br>• Број на заменета и нова сообраќајна сигнализација (хоризонтална и вертикална);<br>• Број на сообраќајни незгоди;<br>• Број на одржани обуки/ обучени учесници (разделени по пол) за безбедност во сообраќајот;<br>• Број на проекти за осветлување и обележување опасни, значајни точки и објекти на патиштата (% од нив кои директно упатуваат на потребите на жените);<br>• Број на стојалишта, паркинзи и др. опрема;<br>• Должина на одржувана патна инфраструктура (km);<br>• Број на физибилити студии, анализи и др. студии;<br>• Број на технички документации (водоснабдителни системи, системи за собирање на отпадни води, пречистителни станици, системи за наводнување);<br>• Должина на реконструирани/ новоизградени водоснабдителни системи, системи за одведување на отпадни води, пречистителни станици, системи за наводнување (km);<br>• Број на нови приклучоци на системи за водоснабдување и канализација;<br>• Зголемена наплата од корисници (водоснабдување и канализација);<br>• Број на изработена техничка документација за изградба на систем за гасификација на Источен регион;<br>• Должина на примарни и секундарни водови за гас (km);<br>• Број на изработена техничка документација и |

| | |
|---|---|
| | приклучување на примарни и секундарни енергетски водови;<br>• Број на воведени паметни (смарт) решенија во општините;<br>• Број на нови линии во автобускиот превоз помеѓу општините во рамки на регионот (број од нив кои директно упатуваат на потребите на жените);<br>• Број на проекти за дигитална поврзаност во регионот;<br>• Број на корисници на алатки за дигитално поврзување (разделени по пол);<br>• Реновирани објекти за противпожарна заштита;<br>• Број на набавена опрема за противпожарна заштита. |

### Приоритет 1.5: Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции

Приоритетот 1.5 се однесува воглавно на надминување на слабите страни што се идентификувани во SWOT анализата: недоволен трансфер на знаење од бизнис секторот спрема образованието; постои слаба поврзаност на образованието со пазарот на труд; невработеното население не е заинтересирано за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации); отсуство на образовни програми за градење човечки капацитети; ниска продуктивност на вработените; итн. Притоа треба да се искористи релативно големата стапка на слободни работни места во приватниот сектор.

### Реализацијата на овој приоритет подразбира преземање на низа мерки и активности за постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила како што се:

1.5.1. Анализирање и прилагодување на потребите на деловните субјекти за работна сила;
1.5.2. Формирање на економско-социјални совети во општините и на ниво на регион;
1.5.3. Унапредување на родовата еднаквост при вработувањето преку стимулативни практики и можности за вклучување на пазарот на трудот на млади, жени, лица со ниско образование или долгорочно невработени
1.5.4. Намалување на работната сила во неформалниот сектор и поттикнување на самовработувањето;
1.5.5. Поврзување на потребите на бизнисите и понудата на заинтересирани ученици од средното и високото образование;
1.5.6. Развивање иновативни програми за преквалификација и доквалификација на вработените со практична работа на воведените нови технологии во деловните субјекти;
1.5.7. Промовирање на практична работа и волонтирање во претпријатијата;
1.5.8. Зголемување на продуктивноста на работната сила.

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрено знаење за потребите на деловните субјекти за работна сила;<br>• Заеднички иницијативи на образовните институции и бизнис секторот (промоции, предавања, споделување практични искуства);<br>• Воспоставени и функционални економско-социјални совети во општините и на ниво на регион;<br>• Зголемено вработување на млад стручен кадар;<br>• Унапредена родова еднаквост при вработувањето и обезбедување еднакви можности за вклучување на пазарот на трудот на граѓаните од ранливите категории;<br>• Намалено вработување во неформалниот сектор;<br>• Подобра усогласеност на побарувачката на бизнисите и понудата на заинтересирани ученици од средното и високото образование;<br>• Подобрена преквалификација и доквалификација на вработените со практична работа на воведените нови технологии во деловните субјекти;<br>• Зголемена свесност за практична работа и волонтирање во претпријатијата;<br>• Зголемена продуктивноста на работната сила. | • Број на изработени анализи за потребите на деловните субјекти за работна сила;<br>• Број на заеднички програми во кои учествува бизнис секторот;<br>• Број на воспоставени и функционални економски-социјални совети во општините;<br>• Воспоставен и функционален економско-социјален регионален совет;<br>• Број на активни мерки за вработување;<br>• Број на поволности за претпријатијата што вработуваат лица од ранливи категории (жени, млади и др. ранливи категории);<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци (разделени по пол);<br>• Број на регистрирани нови претпријатија;<br>• Број на регистрирани нови претпријатија основани од жени, млади и луѓе од ранливи категории;<br>• Број на вработени лица од ранливи категории (жени, млади и др. ранливи категории);<br>• Датабаза на лица кои работаат во неформалниот сектор ( по пол, возраст и сектор на дејност);<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци (по пол);<br>• Број на регистрирани нови претпријатија основани од лица што работаат во неформалниот сектор (сопственост по пол);<br>• Број на поволности за регистрација на бизнисот;<br>• Број на настани за вмрежување на заинтересирани ученици од средното и високото образование со претпријатија кои бараат работна сила;<br>• Број на учесници на настаните (разделени по пол);<br>• Број на претпријатија што вработуваат ученици од средното и високото образование;<br>• Број на завршени ученици од средното и високото образование што се вработиле (разделени по пол);<br>• Број на развиени иновативни програми за преквалификација и доквалификација на вработените со практична работа на воведените нови технологии во деловните субјекти;<br>• Број на вклучени ученици во граѓанскиот и бизнис секторот каде остваруваат практична работа (разделени по пол);<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци (разделени по пол);<br>• Број на алатки и практики што се користат за зголемување на продуктивноста;<br>• Број на проекти за воведување дигитална алатки во претпријатијата. |

## 16.2 Стратешка цел 2 – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги

Како втора стратешка цел (СЦ) во Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021 – 2026 година е дефинирана СЦ 2: Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги. Истата е во согласност со споредбените предности на регионот, и се заснова на резултатите од извршените секторски анализи, SWOT анализата, предлозите на засегнатите страни на работилниците за стратешко планирање и севкупните потреби на регионот.

Следните индикатори од Стратегијата за регионален развој на РСМ 2021 - 2031 ја отсликуваат состојбата во Источниот регион во оваа област:

- Стапка на сиромашни лица од 13,3% (ранг - 3);
- AROPE стапка на сиромашни или социјално исклучени лица од 32,6% (ранг - 4);
- Социјалната исклученост на младите лица (NEET стапка, 15-29) од 10,7% (ранг - 1);
- Корисници на СПП над 18 години на 1.000 население изнесува 9,3 (ранг - 1);
- Деца на возраст 0-5 во детски градинки е 42,1% (ранг - 1);
- Вкупен број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници изнесува 0,70 (ранг - 8);
- Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници изнесува 0,19 (ранг - 2);
- Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници изнесува 0,59 (ранг - 5).

Во делот на демографските карактеристики регионот има загрижувачки тренд. Демографскиот индекс од 65,5 според кој Источниот регион се наоѓа на последно место од сите региони. Вкупното население во Источниот регион во 2019 година бележи намалување од 4,4% во однос на пописот од 2002 година, при што пораст на населението има само во Општина Штип. Вкупната ставка на фертилитет е значително помала од онаа на национално ниво, изнесува само 1.1 и едвај обезбедува проста репродукција, додека стапката на природен прираст е негативна и значително неповолна -4,2‰ (2019). Коефициентот на старост е највисок од сите региони и изнесува 24,1 (2019). Источниот плански регион има висока просечна старост на населението од 41,9 години (2019). Регионот се соочува со стареење и намалување на популацијата, Од друга страна регистрираниот број на доселено население е континуирано поголемо од бројот на отселено население. Сепак генерална констатација е дека достапните податоци не ја одразуваат реалната слика на доселени и отселени лица во/од Источниот регион.

На територијата на регионот постојат доволен број образовни институции (основни и средни училишта, како и универзитет), но сепак трендовите во образованието се негативни: според бројот на основни училишта Источниот регион е претпоследен во однос на другите региони; има ниска стапка на запишани ученици во основно и средно образование; бројот на основни училишта и бројот на наставници во основно образование исто така се намалил во периодот 2015 - 2019 година; според број на ученици по средно училиште регионот е последен; бројот на запишани ученици во основно и средно образование континуирано се намалува; бројот на дипломирани студенти на 1000 жители е низок; итн. Во Штип е лоцирано единствено специјализирано училиште за средно образование надвор од Скопскиот регион. Потребно е да се подобри инфраструктурата во училиштата и опременоста со училишни помагала (нагледни средства и инвентар) и да се воведат посовремени наставни форми и методи.

Постои слаба поврзаност на образованието со пазарот на труд, каде постои несоодветен баланс помеѓу понудата и побарувачка на работна сила од бизнис секторот за што зборува и релативно високиот број на слободни работни места кај деловните субјекти. Образованието

не ги прати трендовите во бизнис секторот и недостасува применето образование за нови струки и профили. Постои недостаток на практична настава во основните и средните училишта. Потребно е да се формираат дополнителни училишни паралелки/ училишта за средно стручно образование. Исто така е потребна поголема соработка и синергија со бизнис секторот и создавање на нови наставни програми согласно на потребите на бизнис секторот и побарувачката на работна сила. Потребно е реално спроведување на концептот за доживотно учење преку институционално и вон - институционално образование на возрасни (преквалификација и доквалификација). Треба да се зајакнат капацитетите на засегнатите страни и посебно во општините за да се искористат можностите за соработка на регионално и меѓународно ниво за трансфер на знаења, користење добри практики како и ЕУ програмите и фондови за образование (ЕУ програми за прекугранична соработка, Еразмус, итн.).

Во делот на социјалните политики и здравството може да се констатира подобрување на состојбата што може да се забележи и од индикаторите претставени погоре. Регионот има најниска стапки на сиромашни лица и најниска стапка на социјална исклученост на младите (NEET) и најголем опфат на деца во детски градинки од сите региони, зголемен е бројот на дневни центри за деца со посебни потреби, зголемени се капацитетите на детските градинки; зголемена е паричната помош за социјалните случаи; зголемен е бројот на вработувања на лица со посебни потреби; воведена е општинска корисна работа за стари и изнемоштени лица зголемена е покриеноста на регионот со здравствени институции од примарната заштита и зголемени се бенефициите за лекарите; има релативно добар број на спортски објекти, итн. Потребно е подобрување на информираноста на ранливите групи за достапните мерки/ програми за социјална заштита; зголемување на капацитетите за згрижување на сите ранливи групи; подобрување на бројот на асистенти и негователи, воведување на мобилни услуги; подобрување на пристапот до јавните институции на лица со попреченост; воведување на иновативни софтверски решенија за пристап на ранливите групи до услуги, но и зголемување на свесноста на населението и отстранување на предрасудите. Со оглед дека регионот „старее“ постоечките капацитети за згрижување на стари лица воопшто не ги задоволуваат потребите. Во регионот постои само една јавна институција со мал капацитет од 15 лица во Берово. Во овој дел треба да се искористат можностите за децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги преку вклучување на други субјекти како граѓански организации и деловни субјекти како и да се искористат фондовите и донаторските средства за реализација на проекти.

Во однос на параметрите од пазарот на труд позитивниот тренд на зголемување на вработеност и втора најмала невработеност во однос на другите региони, треба да се задржат, а при тоа да се предвидат соодветни мерки за зголемување на активното население кое континуирано се намалува. При тоа треба да се води сметка за инклузија на ранливите групи на пазарот на труд.

Стратешката цел ќе се реализира преку следните приоритети:

Приоритет 2.1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита Приоритет 2.2: Создавање услови за квалитетно образование
Приоритет 2.3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории
Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот

Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) | 19.426 (2018) | 23.311 |
| 2. | БДП по вработен (во милиони денари) | 0,69 (2017) | 0,74 |
| 3. | Стапка на активност (%) | 58,9% (2019) | 59,5% |
| 4. | Стапка на вработеност (%) | 54,3% (2019) | 55% |
| 5. | Стапка на невработеност (%) | 7,8% (2019) | 7% |
| 6. | Стапка на сиромашни лица, % од населението, по плански региони | 13 (2018) | <11 |
| 7. | Комбиниран индикатор (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица, %, по плански региони | 33 (2018) | <25 |
| 8. | Стапка на млади лица (15-29 години) кои не се вработени ниту се вклучени во процесот на образование или обука (NEET), %, по плански региони | 11 (2019) | <9 |
| 9. | Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки, (%), по плански региони | 42 (2018) | 56 |
| 10. | Корисници на гарантирана минимална помош над 18 години, на 000 население, по плански региони | 9 (2018) | <7 |
| 11. | Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници, по плански региони | 0,70 (2019) | 0,90 |
| 12. | Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници, по плански региони | 0,19 (2019) | 0,20 |
| 13. | Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници, по плански региони | 0,59 (2019) | 0,70 |
| 14. | Број на засолништа за жртви на родово засновано насилство | 1 (2020) | 2 |
| 15. | Формирани регионални центри за стручно образование и обука | 0 (2020) | 1 |

### Приоритет 2.1: Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита

Овој приоритет се базира на силните страни идентификувани во SWOT анализата: најниска стапки на сиромашни лица од сите региони; најниска стапка на социјална исклученост на младите (NEET) од сите региони; зголемена парична помош за социјалните случаи; итн.

Во најголем дел овој приоритет ќе ги адресира идентификуваните слаби страни: слаб капацитет на човечките капацитети во општините за развој на образованието и социјална заштита; Недоволен број на асистенти и негователи; лоша институционална покриеност во руралните средини; стареење на населението во регионот; раст на корисниците на социјална помош; силен и континуиран пад на корисниците на детски додаток; недоволни капацитети за искористување на програми од донаторските средства; итн. При тоа ќе треба да се искористат идентификуваните можности како што се: зголемен број на фондови и донаторски средства за реализација на проекти; децентрализација и деинституционализација на

социјалните услуги, итн. Приоритетот се базира на искористување на конкурентните предности на регионот и градење партнерства.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

2.1.1. Креирање на регионални и локални партнерства за социјална заштита;
2.1.2. Подготовка на регионален и општински социјални планови;
2.1.3. Зајакнување на капацитетите на вработените во општините за развој на образованието и социјалната заштита;
2.1.4. Унапредување на капацитетите на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории;
2.1.5. Зајакнување на човечки ресурси за образовни и лични асистенти за ранливи групи;
2.1.6. Подобро искористување на домашни и меѓународни фондови за образование и социјална заштита.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Развиени и зајакнати вон институционалните форми на грижа за ранливите категории;<br>• Подобрена рамка за планирање на социјални услуги на регионално и општинско ниво;<br>• Зајакнати капацитети на вработените во општините за развој на образованието и социјална заштита;<br>• Унапредени капацитети на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории;<br>• Зголемен број и зајакнати човечки ресурси за образовни и лични асистенти за ранливи групи;<br>• Подобрено искористување на домашни и меѓународни фондови за образование и социјална заштита. | • Број на настани за вмрежување;<br>• Број на организации (општини, НВО, итн.) вклучени во давање на услуги за грижа за ранливите категории;<br>• Регионален социјален план;<br>• Број на подготвени општински социјални планови;<br>• Број на обуки/ учесници од општините на обуките за развој на образованието и социјална заштита;<br>• Број на учесници од општините на обуките (разделени по пол);<br>• Регионален совет за социјална заштита;<br>• Број на изработени анализи и студии за потребите на социјално ранливите категории;<br>• Број на адаптирани/нови услуги за социјално ранливите категории;<br>• Број на реновирани социјални установи;<br>• Број на опремени социјални установи (кабинети, работни простории, количина на набавени нагледни средства и опрема, итн.);<br>• Број на обуки/ учесници (негователи и асистенти разделени по пол);<br>• Број на одржани обуки/ настани;<br>• Број на учесници на обуките/ настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за едукација;<br>• Број на подготвени/ одобрени апликации за домашни и меѓународни фондови за образование и социјална заштита;<br>• Вредност на одобрени апликации за на домашни и меѓународни фондови за образование и социјална заштита. |

### Приоритет 2.2: Создавање услови за квалитетно образование

Во рамки на овој приоритет силните страни ќе претставуваат добра основа за негово спроведување: зголемени капацитетите на детските градинки; најголем опфат на деца во детски градинки од сите региони; Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; итн. Во поголема мера ќе се однесува на надоградување на слабите страни како што се: недостаток на техничка документација за инфраструктурни проекти; недоволни наставни помагала и опрема; мал број средни стручни училишта; недостаток на регионални средни стручни училишта; недостаток на практична настава во основните и средните училишта; неразвиеност на пост-средното образование (образованието на возрасни); нема доволна понуда за формално образование преку доквалификација и преквалификација; невработеното население не е заинтересирано за преквалификација и доквалификација (посебно оние со послаби квалификации); недоволни капацитети за искористување на програми од донаторските средства; итн. Потребно е зголемување на бенефициите на просветните работници и нивна подобра мотивација. Треба да се води сметка за заканата која се однесува на алокација на незначителни средства што се одвојуваат за наука, истражување и развој на национално ниво.

### Овој приоритет ги содржи следните мерки:

2.1.1. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во предучилишното образование;
2.1.2. Зголемување на опфатот на деца во предучилишно образование;
2.2.3. Подобрување на условите и квалитетот на образованието;
2.2.4. Воведување на нови стручни профили во средните училишта согласно потребите на локалната бизнис заедница и зајакнување на капацитетите на вработените во училиштата;
2.2.5. Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби;
2.2.6. Формирање на регионални центри за стручно образование и обука
2.2.7. Промовирање образованието на возрасни;
2.2.8. Подобрување на дигитални вештини и употреба на е-алатки во образованието;
2.2.9. Поддршка за апликативните научно-истражувачки активности во високото образование.
2.2.10 Создавање услови за отстранување на сите форми на дискриминација кон женските деца и преференции на машките деца, кои резултираат со штетни и неетички практики во однос на пренаталната селекција на полот, вклучително и на дискриминацијата кон децата од ромската заедница.

### Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Реновирани / Нови капацитети за згрижување на деца на предучилишна возраст;<br>• Опремени кабинети, простори за практична настава, количина на набавени нагледни средства и опрема<br>• Изградени и реновирани; училници/кабинети, набавени нагледни средства и опрема);<br>• Креирани наставни програми и паралелки според потребите на реалниот сектор (стручна и професионална | • Број на деца згрижени во градинки во урбаните/ руралните средини;<br>• Број на градинки кои ги задоволуваат условите/ стандардите за згрижување на деца на предучилишна возраст (изградени и реновирани занимални/простории, набавени нагледни средства и опрема);<br>• Број на училишта кои ги задоволуваат условите/ стандардите за следење настава (изградени и реновирани училници/кабинети, набавени нагледни средства и опрема);<br>• Обем на инвестиции за изградба и реновирање |

| | |
|---|---|
| ориентација);<br>• Подобрено згрижување и образование на деца со попреченост;<br>• Отворени и функционални регионални центри за средно стручно образование;<br>• Прилагодено образование на возрасни според барањата и потребите на бизнис секторот;<br>• Зголемена дигитална писменост кај целните групи;<br>• Подобрена соработка помеѓу научно-истражувачките активности во високото образование и приватниот сектор;<br>• Намалена дискриминација кон женските деца и децата од ромската заедница. | на училишта;<br>• Број на нови паралелки (според потребите и барањата на бизнис секторот);<br>• Број на ученици запишани и завршени во паралелки од средно стручно образование (по пол);<br>• Број на училишта кои ги задоволуваат условите/ стандардите за згрижување на деца со посебни образовни потреби (изградени и реновирани пристапи, училници/кабинети, набавени соодветни нагледни средства и опрема);<br>• Број на ученици кои се осипале/го напуштиле образованието (по пол);<br>• Број на дневни центри за згрижување на деца со посебни потреби (деца и младинци со пречки во говорот, аутизам и даунов синдром);<br>• Број на формирани регионални центри за стручно образование и обука;<br>• Број на акредитирани програми и установи за континуирано образование на возрасни според барањата и потребите на бизнис секторот;<br>• Број на учесници во програмите за возрасни (по пол);<br>• Број на дигитални технологии/ алатки што се користат во образованието;<br>• Број на деца/возрасни лица кои користат дигитални технологии и алатки (по пол);<br>• Број на поддржани проекти во научно-истражувачки активности во високото образование за примена во приватниот сектор;<br>• Број на воведени иновации;<br>• Број на воведени технологии;<br>• Број на случаи на пријавена дискриминација кон женски деца и деца од ромската заедница. |

### Приоритет 2.3: Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории

Приоритетот 2.2. се базира на силните страни, односно на активностите што се веќе иницирани во регионот за социјална инклузија на ранливи категории како што се: зголемен број на дневни центри за деца со посебни потреби; општинска корисна работа за стари и изнемоштени лица; зголемен број на вработувања на лица со посебни потреби, итн. Во најголема мера, овој приоритет ќе се употреби за да ги зајакне идентификуваните слаби страни: недоволна информираност на ранливите лица за достапни мерки/ програми; стареење на населението; недоволен број на старечки домови; недостаток на специјализирани возила за деца; недоволен број на народни кујни и прифатилишта за бездомници; несоодветен пристап до јавните институции на лица со попреченост; нема иновативни софтверски решенија за пристап на лица со попреченост до општинските услуги; недостаток на интернати за престој на лица со попреченост; недоволна заинтересираност кај населението за специјализирање за лица со посебни потреби, недоволни капацитети за искористување на програми од донаторските средства; итн. Приоритетот ќе ги искористи следните можности: децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги и зголемен број на фондови и донаторски средства за реализација на проекти. При треба да се работи на надминување на општествени предрасуди и стигматизам кај населението и елиминирање на зголемениот број на девијантни појави.

Овој приоритет ги содржи следните мерки:

2.3.1. Подобрување на сместувањето и грижата за стари лица;
2.3.2. Подобрување на покриеноста со установи и услуги за социјална заштита;
2.3.3. Воспоставување на мобилни социјални услуги;
2.3.4. Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги за ранливи категории;
2.3.5. Подобрување на пристапот за сите во јавните установи во регионот;
2.3.6. Формирање на дневни центри за ранливи групи;
2.3.7. Формирање на шелтер центри за жртви на родово засновано насилство.
2.3.8. Поттикнување на социјална инклузија на лица со атипичен развој и попреченост

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрено сместување и грижа за стари лица;<br>• Подобрена покриеноста со установи и услуги за социјална заштита;<br>• Воспоставени мобилни социјални услуги;<br>• Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги за ранливи категории;<br>• Подобрен пристапот за сите во јавните установи во регионот;<br>• Подобрена заштита за ранливи групи;<br>• Подобрена заштита на жртви на родово засновано насилство. | • Креирана датабаза за стари лица (по пол и возраст);<br>• Број на лица во датабазата за стари лица (по пол);<br>• Број/капацитет на домови за стари лица;<br>• Број/капацитет на дневни центри за стари лица;<br>• Број на стари лица кои побарале и добиле соодветна услуга (по пол и возраст);<br>• Број на стари лица згрижени во установи за згрижување (по пол и возраст);<br>• Број на изградени социјални установи;<br>• Обем на инвестиции за изградба на социјални установи;<br>• Подобрени услови за домашна нега на лица од ранливи категории;<br>• Подобрена помош и нега на стари лица, лица со попреченост и грижа за деца со посебни потреби;<br>• Набавени возила / опрема за домашна нега на лица од ранливи категории;<br>• Број на лица кои побарале и добиле соодветна мобилна услуга (по пол и возраст);<br>• Број на стари лица, лица со попреченост и грижа за деца со посебни потреби кои побарале и добиле соодветна мобилна услуга (по пол и возраст);<br>• Број на организации (општини, НВО, итн.) вклучени во давање на услуги за грижа за ранливите категории;<br>• Број на нови услуги за грижа за ранливи категории;<br>• Број на корисници што побарале/ добиле такви услуги (разделени по пол и возраст);<br>• Број на рампи/ лифтови во јавните објекти и јавниот транспорт за лица со попреченост во развојот;<br>• Број на формирани дневни центри за ранливите категории (лица со попреченост, лица зависници од психоактивни супстанци);<br>• Број на формирани шелтер центри за жртви на родово засновано насилство;<br>• Број на пријавени/ решени случаи на родово засновано насилство. |

### Приоритет 2.4: Подобрување на условите во здравствените установи во регионот

Овој приоритет се засновува на силните страни како што се: зголемена покриеност на регионот со здравствени институции; зголемени бенефиции за лекарите; релативно добар број на спортски објекти, итн. Истиот треба да ги зајакне слабите страни: Недостаток на техничка документација за инфраструктурни проекти застарена опрема и слабо опремени здравствени објекти; недостаток од е-здравство; иселување на лекари; нема иновативни софтверски решенија за пристап на лица со попреченост до здравство; итн. При тоа треба да се ублажат ефектите од недоволното внимание на менталното здравје.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

2.4.1. Подобрување на условите во здравствените објекти;
2.4.2. Подобрување на здравствените услуги;
2.4.3. Подобрување на пристапот до здравствена заштита на ранливите групи со фокус на жени и деца од руралните средини;
2.4.4. Здравствени и социјални придобивки од спортски активности;
2.4.5. Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Очекувани резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрени услови за примарна здравствена заштита;<br>• Подобрена здравствена заштита на населението;<br>• Подобрена здравствена заштита на ранливите категории;<br>• Зголемени здравствени и социјални придобивки за населението од спортски активности;<br>• Подобрени услови за згрижување на кучиња скитници. | • Број на технички документации за реконструкција и изградба на нови објекти во примарната здравствена заштита;<br>• Број на опремени објекти за примарна здравствена заштита;<br>• Количина на набавена опрема;<br>• Изградени и реновирани амбуланти;<br>• Обем на инвестиции за изградба и реновирање на амбуланти;<br>• Број на обуки/ обучени лица во здравството;<br>• Број на матични гинеколози по општини<br>• Број на лица кои побарале и добиле соодветна<br>• здравствена заштита (разделени по пол и возраст);<br>• Број на е-здравствени услуги;<br>• Број на лица од ранливите категории кои побарале и добиле соодветна здравствена заштита (разделени по пол и возраст) ;<br>• Број на мобилни здравствени услуги за ранливи категории (по пол);<br>• Број на здравствени пунктови (за обезбедување вакцинација и здравствени услуги за педијатрија и гинекологија)<br>• Број на едукативни настани за информирање за репродуктивно здравје и заштита од несакана бременост<br>• Број на спортски настани;<br>• Број на учесници на спортски настани (разделени по пол);<br>• Број на изградени / реновирани спортски објекти;<br>• Број на изградени стационарни за згрижување на кучиња скитници;<br>• Број на заловени и третирани кучиња скитници. |

## 16.3 Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси

Како трета стратешка цел (СЦ) во Програмата за развој на Источниот регион за периодот 2021 – 2026 година е дефинирана СЦ 3: Одржливо управување со животната средина и природните ресурси. Истата е во согласност со споредбените предности на регионот, и се заснова на резултатите од извршените секторски анализи, SWOT анализата, предлозите на засегнатите страни на работилниците за стратешко планирање и севкупните потреби на регионот.

Источниот плански регион е препознаен по зачувани подрачја со големи природни вредности. Направена е анализа на недостатоци во еколошки податоци и карта на еколошка сензитивност. Животната средина е во релативно добра состојба и на регионот му дава силен предзнак за еколошки чист предел. Како предности на Источниот регион може да се наведе фактот што е отпочнат процес за регионално интегрирано управување со отпадот и изградба на заедничка регионална депонија со Североисточниот регион која треба да биде лоцирана во Вардарскиот регион (Свети Николе). Воспоставено е регионално општинско тело за управување со отпадот. Овој процес е поддржан преку фондовите на ЕУ. Дел од Осоговските Планини неодамна е прогласен за првиот заштитен предел (заштитено подрачје од категорија V), а во тек е процес за заштита на Малешево. Овие процеси се поддржани преку Програмата за зачувување на природата, финансирани од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC). Поголем дел од регионот е покриен со системи за водоснабдување, а поставени се и агро-метеоролошки мерни станици за мониторинг на воздухот и почвата. Како силен центар на знаење во регионот се наоѓа Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Потребно е подобрување во делот на селекција на отпадот, негово рециклирање и повторна употреба, но исто така и зголемување на покриеноста на населението во руралните средини со услуга на собирање на отпад. Потребно е воведување на концептите на циркуларна економија и „зелена“ индустрија како дел од Зелената Агенда на Западен Балкан имајќи во предвид дека ова се високи приоритети на ЕУ. Во регионот постојат несоодветни општински депонии како и диви депонии со висок ризик за кои треба да се направи затворање и ремедијација. Во регионот има и 2 индустриски жешки точки на кои треба да се изврши ремедијација. Има загадување од тешка индустрија и рударство (пр. јаловишта) каде се испуштаат индустриски води во реципиентите без претходен третман.

Во делот на водоснабдувањето има големи губитоци како последица на дотраеноста на системите за водоснабдување; постои недостаток на вода за пиење; во некои од селските населби се врши несоодветен третман на прочистување на вода за пиење, итн. Потребно е исто така инвестирање во континуиран мониторинг на квалитетот на водата на река Брегалница и уредување на водните текови и одводни канали за да се обезбеди заштита од поплави.

Потребно е намалување на загадувањето на воздухот со ПМ10 честички, а исто така намалување на загадување на воздухот и почвата од палење на стрништа кои претставуваат опасност за поголеми пожари. Во регионот мерни станици за мерење на загадувањето на воздухот се наоѓаат во Кочани, Штип и во Пробиштип. Потребно е зголемување на бројот на мониторинг станици и поголема активност и ажурност на инспекциски служби. Источниот регион е еден од регионите во кои има најголемо негативно влијание врз шумите, како од аспект на оштетени површини од пожари, така и од аспект на негативен биланс во нивно обновување, но и значителен интензитет на сеча на дрвна маса.

Источниот плански регион има стекнато позиција на еколошки свесен и чист предел која треба и понатаму да се поддржува и надградува. Ова треба да обезбеди основа за понатамошен одржлив економски развој, пред сé во туризмот, искористување на обновливите извори на енергија, како и во земјоделскиот сектор и преработките на храна.

**Оваа стратешка цел ќе биде постигната преку следните приоритети:**

**Приоритет 3.1: Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија;**
**Приоритет 3.2: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот;**
**Приоритет 3.3: Заштита на воздухот, водата и почвата;**
**Приоритет 3.4: Справување со последиците од климатските промени;**
**Приоритет 3.5: Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ).**

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ (MW) | 0 (2018) | 50 (2031) |
| 2. | Потрошувачка на енергија во домаќинствата по жител (kWh/жител) | 2.854,8 (2018) | 3.537.9 |
| 3. | Број на изградени регионални депонии и нивни составни делови за управување со отпад | 0 | 0,5 (2031) |
| 4. | Процент (%) на рециклиран отпад (кг) од вкупниот комунален отпад (кг) | 0,7% (2020) | 25% |
| 5. | Број на нови заштитени подрачја | 9 (2018) | 10 |
| 6. | Број на подготвени општински стратегии за климатски промени | 3 | 11 |

**Приоритет 3.1: Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија**

Овој приоритет се базира на следните силни страни: отпочнат процес за регионална депонија/ регионално управување со отпадот; воспоставено регионално општинско тело за управување со отпадот; итн. Приоритетот ќе се искористи за надминување на идентификуваните слаби страни: постоење на диви депонии со висок ризик; во регионот не се прави примарна селекција на отпад; третманот на отпадот е несоодветен; мали количини на отпад се селектираат и рециклираат; отпадот не се употребува повторно; дотраени возила и недостиг на возила и соодветни садови за собирање на отпад; ниско ниво на свест кај ЈКП и населението за потребата од одделување на отпад на местото каде се создава и компостирање на биоразградлив отпад; отпор кај дел од населението за решавање на проблемите со отпадните води; итн. При тоа треба да се искористат следните можности: поддршка од страна на ЕУ за изградба на регионална фабрика за отпад за ИПР и СИПР со опрема и соодветна инфраструктура; користење на био маса од шумарството и земјоделството како енергенс и био маса од пречистителни станици за производство на хумус; итн. Треба да се предвидат мерки за ублажување на заканите како што се: забавен процес за реализација на активностите поради пандемијата односно намалување, одложување или целосен прекин на финансирање на започнатите проекти (ко)финансирани од страна на државата (на пр. регионална депонија); итн. Потребна е дополнителна поддршка

за зајакнување на свеста и капацитетите за правилно управување со отпадот. Исто така треба да се земат во предвид приоритетите на Зелената агенда на Западен Балкан која е поддржана од страна на ЕУ, а која се однесува на циркуларна и зелена економија.

Во приоритетите на државно ниво се предвидува санација на 18 нестандардни општински депонии во Источниот регион и одредување на локации за претоварни станици. Како таргет до 2026 година се предвидува зголемување на рециклирање на комунален отпад до 25% во регионот и искористување на фракциите на градежен шут до 70%.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

3.1.1. Воспоставување на регионално управување со отпадот;
3.1.2. Затворање на диви депонии;
3.1.3. Селектирање, рециклирање и повторна употреба на отпадот;
3.1.4. Преработка на отпад;
3.1.5. Подигнување на свеста и обука за правилно управување со отпадот;
3.1.6. Поддршка за пилот проекти за циркуларна и зелена економија.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрено управување со отпадот;<br>• Изградена регионална депонија;<br>• Подобрена и воведена услуга за редовно собирање на отпадот во руралните населби;<br>• Извршена ремедијација на нестандардни и диви депонии;<br>• Намалена количина на отпад која се депонира;<br>• Воведена примарна и секундарна селекција на отпадот;<br>• Подигната свеста и зајакнати капацитети за правилно управување со отпадот;<br>• Зајакнети капацитети на сите чинители за циркуларна економија и отворање на зелени работни места;<br>• Подобрено знаење и зголемена свесност за зелена економија. | • Количина на создаден/ собран отпад (во t);<br>• Број на набавени опрема и возила за отпад;<br>• Број на изградени претоварни станици;<br>• Обем на инвестиции за набавка на опрема и механизација за управување со отпадот;<br>• Број на население кое добива услуга за собирање на отпад по типови домаќинства (семејни, несемејни-самечки, водени од жена/маж);<br>• Број на население во руралните средини кое добива услуга за собирање на отпад (семејни, несемејни-самечки, водени од жена/маж);<br>• Број на нови рути за собирање на отпадот;<br>• Број на санирани и уредени нестандардни и диви депонии;<br>• Површина на санирани и уредени нестандардни и диви депонии (во ha);<br>• Количина на рециклиран отпад (во t);<br>• Количина на отпад која се депонира (во t);<br>• Број на фабрики за преработка на отпад;<br>• Количина на преработен отпад (во t);<br>• Број на одржани кампањи/обуки;<br>• Број на одржани настани;<br>• Број на учесници на кампањите/ обуките/ настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни/ едукативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео информативни/ едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција;<br>• Број на проекти за циркуларна економија и отворање на зелени работни места;<br>• Број на деловни субјекти што спровеле проекти за циркуларна економија и отворање на зелени работни места. |

### Приоритет 3.2: Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот

Приоритетот 3.2 се однесува на силните страни кои се идентификувани во SWOT анализата: во регионот постојат зачувани подрачја со големи природни вредности; дел од Осоговските Планини се прогласени за заштитено подрачје (заштитен предел); во тек е процес за заштита на Малешево; итн. При тоа треба да се искористат следните можности: прекугранична соработка во областа на Натура 2000 подрачја; заеднички проекти за зачувување на природата и заштита на животната средина со партнери од Бугарија и други земји од регионот; користење на фондови за заштита на природата; итн.

За следните подрачја предложени за заштита според просторниот план во Источниот плански регион потребни се проекти за ревалоризација и приоритизација на активностите за прогласување на заштитени подрачја: Локалитет Долна Злетовица - опфаќа поголем дел од ЗОЛ Долина на реката Злетовица; Овче Поле - ботаничка вредност; Кукуљето - ботаничка и геоморфолошка вредност; Подрачје на долна Брегалница - споменик на природата со геоморфолошка и палеонтолошка вредност; Малешевски Планини - значајно подрачје со големи природни дендролошки, геоморфолошки или растителни вредности; Јудови Ливади; Картал; Беровско Езеро; Мачево; Река Ломија; Зрновска Река и Темниот Андак. При тоа се потенцира можноста за развој на еко и алтернативен туризам користејќи ги придобивките од природните богатства и специфичниот биодиверзитет во заштитените подрачја.

### Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.2.1. Воспоставување на мрежа на заштитено подрачје;
3.2.2. Донесување и спроведување на планови за управување со заштитени подрачја;
3.2.3. Прогласување на Малешево за заштитени подрачја;
3.2.4. Подготовка на локални планови за биолошка разновидност;
3.2.5. Подигнување на свеста и обука за вредноста на заштитени подрачја и биодиверзитетот.

### Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Валоризирани заштитени подрачја;<br>• Ефективно управување со заштитени подрачја;<br>• Подобрено вмрежување на заштитени подрачја;<br>• Малешево прогласено за заштитено подрачје;<br>• Подобрена рамка за планирање за биолошка разновидност;<br>• Идентификуван и валоризиран растителен свет;<br>• Идентификуван и валоризиран животински свет;<br>• Подигната свест и зајакнати капацитети за вредноста на заштитени подрачја и биодиверзитетот. | • Број на изработени елаборати за постојни заштитени подрачја;<br>• Број на изработени елаборати за потенцијални заштитени подрачја;<br>• Број на започнати постапки за заштита на подрачја;<br>• Број на реализирани проекти за заштита и промоција на заштитените подрачја;<br>• Процент на вклучено население во процесот (разделени податоци по пол);<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на заштитените подрачја;<br>• Број/ Површина на заштитени подрачја;<br>• Број на реализирани проекти за заштита и промоција на заштитените подрачја;<br>• Број на настани за вмрежување со други значајни подрачја од другите региони/ ЕУ;<br>• Број на донесени планови за управување со заштитени подрачја;<br>• Степен на спроведување на донесени планови за управување со заштитени подрачја;<br>• Број на пилот активности за проценка и |

| | |
|---|---|
| | воведување на екосистемски услови во регионот;<br>• Партиципативно подготвени локални планови за биолошка разновидност за 11 општини (со подеднакво учество на жени и мажи);<br>• Инвентар со идентификуван и валоризиран растителен свет;<br>• Инвентар со идентификуван и валоризиран животински свет;<br>• Инвентар со идентификувани и валоризирани ендемични видови;<br>• Обем на инвестиции во заштита и промоција на биодиверзитетот;<br>• Број на одржани кампањи;<br>• Број на одржани настани;<br>• Број на учесници на кампањите/настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни/ едукативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео информативни/ едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција. |

### Приоритет 3.3: Заштита на воздухот, водата и почвата

Приоритетот треба да се искористи да се надминат голем број на слаби страни што се идентификувани во секторската и SWOT анализата како што се: нема Студија за квалитетот на животната средина во населените места во регионот; мал број на пречистителни станици за отпадни води; поголем дел на инфраструктура за отпадни води е во урбаните средини; мал процент на канализациски системи во руралните средини; загадување на површински и подземни води; отпор кај дел од населението за решавање на проблемите со отпадните води; нема континуиран мониторинг на квалитетот на водата на Брегалница; дотраеност на системите за водоснабдување и големи губитоци на вода; недостаток на вода за пиење; несоодветен третман на прочистување на вода за пиење воглавно во некои од селските населби; недоволна регулација на текови и одводни канали што предизвикуваат поплави; загадување од тешка индустрија и рударство (пр. јаловишта, се испуштаат води во реципиентите без претходен третман); не постои мониторинг на инсталации на загадувачи; уништување на реки со изградба на мали хидроцентрали (без биолошки минимум, руинирање на околината, намален водостој на Беровско езеро); недостиг на мониторинг станици за мерење на загадувањето на воздухот; недоволна ажурност на инспекциски служби; загадување на воздухот со ПМ10 честички; загадување на воздухот и почвата од палење на стрништа кои претставуваат опасност за поголеми пожари; итн. При тоа добра основа претставуваат направената анализа на недостатоци во еколошки податоци и карта на еколошка сензитивност; поголем дел од регионот е покриен со системи за водоснабдување; поставени се агро-метеоролошки мерни станици за мониторинг на квалитет на воздухот и почвата. Потребно е да се искористат можностите и поддршката од националните и меѓународните фондови за подобрување на состојбата со вода за пиење и третман на отпадни води. Најголеми извори на ПМ10 честички претставуваат системите за греење на домаќинствата (горење на дрва).

Во приоритетите на државно ниво е предвидено рехабилитација и реконструкција на постоечките станици за пречистување на вода за пиење како и изградба на нови станици за

пречистување на вода за пиење во: Берово; Виница; Делчево; Зрновци; Кочани; Пробиштип и Штип.

Исто така е предвидено е редовно одржување на постоечката стационарни мониторинг станица за квалитет на воздух во Кочани, потоа воведување на јавен транспорт во поголемите урбани центри во регионот како Штип и Кочани. Исто така во подготовка е техничка документација и спроведување на плановите за ремедијација во Злетово како приоритетно индустриско жариште.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

3.3.1. Воспоставување на регионален систем за мониторинг на воздух;
3.3.2. Регулација на речни корита;
3.3.3. Заштита на површински и подземни води;
3.3.4. Рационално искористување на водните ресурси;
3.3.5. Санирање на жешки еколошки и индустриски точки;
3.3.6 Подигнување на свеста и обука за заштита на воздухот, водата и почвата;
3.3.7 Обезбедување еднакво учество на жените и мажите во процесите на креирање политики и носење на одлуки во општинските, меѓуопштинските и регионалните тела за прашања поврзани со заштитата на животната средина

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрен квалитет на воздухот;<br>• Подобрена регулација на речни корита;<br>• Подобрена заштита на површински и подземни води;<br>• Подобрено искористување на водните ресурси;<br>• Извршена ремедијација на индустриски жешки точки;<br>• Подобрен квалитет на почвата;<br>• Подигната свест и зајакнати капацитети за заштита на воздухот, водата и почвата;<br>• Еднакво учество на жените и мажите во процесите на креирање политики и носење на одлуки во општинските, меѓуопштинските и регионалните тела за прашања поврзани со заштитата на животната средина. | • Број на мониторинг станици за квалитетот на воздухот;<br>• Број на извештаи за квалитет на воздухот;<br>• Обем на инвестиции за подобрување на квалитетот на воздухот;<br>• Број на онлајн алатки за мониторинг на квалитетот на воздухот;<br>• Број на проекти за уредување и регулација на речни корита;<br>• Број на проекти за заштита на речни корита со проучување и обновување на рипариска вегетација;<br>• Обем на инвестиции за уредување и регулација на речни корита;<br>• Број на заштитени извори на вода;<br>• Број на мерења на квалитетот на подземните води;<br>• Број на извештаи за квалитет на подземните води;<br>• Стапка на губитоци на вода;<br>• Должина на рехабилитирани и нови водоснабдителни системи;<br>• Обем на инвестиции за рехабилитирање и изградба на нови водоснабдителни системи;<br>• Број на мерења на квалитетот на подземните води;<br>• Број на извештаи за квалитет на подземните води;<br>• План за ремедијација на индустриски жешки точки;<br>• Површина на која е извршена ремедијација;<br>• Површина на почва која има подобар квалитет; |

| | |
|---|---|
| | • Број на мерења на квалитетот на почвата;<br>• Број на извештаи за квалитет на почвата;<br>• Број на нови практики во земјоделството за заштита на почвата;<br>• Број на одржани кампањи;<br>• Број на одржани настани;<br>• Број на учесници на кампањите/настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни/ едукативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео информативни/ едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за едукација. |

### Приоритет 3.4: Справување со последиците од климатските промени

Овој приоритет се однесува на заканата од климатски промени и последиците во шумарство, намалување на количина на вода, емисии на $CO_2$, итн. Во Источниот плански регион најранливи во однос на климатските промени се сливот на реката Брегалница и Осоговските Планини каде има честа појава на ерозија на почвата, ризик од поплави, недоволни количини на вода, намалување на земјоделското производство, како и нарушување на биолошката разновидност и слично. Потребно е да се надмине слабоста во однос на опустошување на шуми поради пожари, болести и бесправна сеча. Ова е идентификувано и во Стратегијата за регионален развој 2021 - 2031 каде се потенцира дека Источниот регион е еден од регионите во кои има најголемо негативно влијание врз шумите, како од аспект на оштетени површини од пожари, така и од аспект на негативен биланс во нивно обновување, но и значителен интензитет на сеча на дрвна маса.

Во приоритетите на државно ниво е предвидена изработка на Стратегија за климатски промени во сите плански региони и општински стратегии за климатски промени, како и спроведување на мерки предвидени со веќе изработените општински стратегии за климатски промени. Од 10 општини во државата кои имаат подготвено општински стратегии за климатски промени, три се во Источниот плански регион: Делчево, Пехчево и Виница. Исто така е предвидено мапирање на најранливите категории од населението, жени, мажи и деца кои би биле најмногу погодени од климатските промени и нивна поддршка во плановите за справување со ризици (од поплави, шумски пожари и други последици на климатските промени) како и воспоставување систем за собирање и анализирање на родово-разделени податоци за животна средина и климатските промени и развивање родови индикатори.

### Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

3.4.1. Подготовка на регионална стратегија за климатски промени
3.4.2. Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени
3.4.3. Воведување на формално и неформално образование за климатските промени
3.4.4. Интегрирано управување со шумите
3.4.5. Одржливо управување со жетвени остатоци.

Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрена рамка за планирање за справување со последиците од климатските промени;<br>• Ублажени ефекти од климатските промени;<br>• Зголемено знаење за климатските промени;<br>• Подобрена заштита и обновување на шумите;<br>• Намалено загадување на воздух и почва поради одржливо управување со жетвени остатоци;<br>• Мапирани најранливите жени, мажи и деца кои би биле најмногу погодени од климатските промени и вклучување на пристапи за нивна поддршка во плановите за справување со ризици;<br>• Воведени родови мерки во локалните планови за справување со непогоди и климатски промени како и во буџетските рамки на клучните сектори (вода, земјоделство, здравство, образование, туризам, транспорт). | • Регионална стратегија за климатски промени;<br>• Регионални и локални планови за ублажување на последиците од климатските промени со вклучени родово-сензитивни мерки;<br>• Инвентар на загадувачи;<br>• Биланс на емисија на стакленички гасови;<br>• Број на проекти за ублажување на ефектите од климатските промени;<br>• Број на проекти за ублажување на ефектите од климатските промени во земјоделството;<br>• Број на нови практики во земјоделството во однос на климатските промени;<br>• Број на едуцирани земјоделци за климатски промени (разделени по пол);<br>• Број на отпечатени и дистрибуирани промотивни материјали за ублажување на ефектите од климатските промени;<br>• Број на реализирани едукативни активности за ублажување на ефектите од климатските промени;<br>• Број на предмети/ теми воведени во формалното образование;<br>• Број на одржани обуки/ настани;<br>• Број на учесници на обуките/ настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за едукација;<br>• Површина под шуми;<br>• Површини со нови шуми;<br>• Површини зафатени со шумски пожари;<br>• Количина на илегална сеча на дрвна маса;<br>• Број на извршен мониторинг на палење на стрништа за спречување на поголеми пожари;<br>• Број на казни за палење на стрништа;<br>• Број на пилот проекти за одржливо управување со жетвени остатоци. |

### Приоритет 3.5: Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ)

Во однос на овој приоритет силна страна претставуваат изворите на геотермални води во регионот. Слаби страни се нискиот степен на искористување на ОИЕ и уништување на реките со изградба на мали хидроцентрали (без биолошки минимум, руинирање на околината, намален водостој на Беровско езеро, итн.). Како можности се идентификувани користењето на сончева енергија како ОИЕ и користење на био маса од шумарството и земјоделство како енергенс.

Вкупната инсталирана моќност за производство на електрична енергија од ОИЕ во Источниот регион според регистарот на државната Агенција за енергетика изнесува 11,81 MW. Според тип на ОИЕ поделбата е: хидро енергија - 6,2 MW и остатокот од 5,61 MW отпаѓа на енергија на сонцето.

Подрачјето на Источниот регион има големи потенцијали за искористување на ОИЕ, како што се водата и сонцето, како и биомасата за производството на биогас и биогориво. Одредени мапирања покажуваат потенцијал на ветровита енергија во пределот на с. Шашаварлија, Штип. Последните години е евидентен интересот за изградба на фотоволтаични централи и мали хидроцентрали, но евидентен е недостатокот на планирање на вакви централи во урбанистичко планските документации на општините и покрај пројавениот интерес од инвеститорите.

Според потрошувачката на финална енергија во домаќинствата најнеефикасни се жителите на Источниот регион со потрошувачка по жител од 3.289 kWh. Источниот регион е рангиран како шести по однос на четири индикатори кои се однесуваат на потрошувачката на енергија и учество на ОИЕ. Како приоритет на државно ниво е предвидено зголемување на учеството на Источниот плански регион во производството на електрична енергија од обновливи извори, и дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ од 50 (MW) до 2029 година, итн. Исто така се предвидени стимулации за изолирање на домовите (со што ќе се намалат потребите од енергија за греење и ладење) и воведување на поефикасни технологии за загревање на домаќинствата како топлотни пумпи (инвертер клима уреди) приоритетно во Источниот плански регион како еден од регионите со најголема потрошувачка на енергија по жител во домаќинствата.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

3.5.1. Подготовка на студии за искористување на потенцијалите на ЕЕ и ОИЕ;
3.5.2. Регионална програма за искористување на ЕЕ и ОИЕ;
3.5.3. Подигнување на свеста и обука за ЕЕ и ОИЕ;
3.5.4. Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Создадени услови за изведба на системи за производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса);<br>• Подобрена енергетска ефикасност во јавни и приватни објекти;<br>• Обезбедена поддршка за искористување на ОИЕ;<br>• Подигната свест и зајакнати капацитети за ЕЕ и користење на ОИЕ;<br>• Идентификувани најранливите категории на граѓани кои немаат пристап до електрична енергија и нивна поддршка;<br>• Обезбедени субвенции за пристап до почиста енергија од страна на жените земјоделки/фармери, главите на домаќинствата, и сопствениците на бизниси. | • Број на изработени студии, технички документации за изведба на системи за производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса);<br>• Број на изведени системи за производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса);<br>• Воспоставена регионална програма за искористување на ОИЕ;<br>• Број на жени вклучени во програми и активности за ОИЕ;<br>• Број на домаќинства и лица кои немаат соодветен пристап до електрична енергија (по пол);<br>• Број на поддржани проекти за користење на ОИЕ ( по пол);<br>• Нова инсталирана моќност од обновливи извори;<br>• Број на планови за ЕЕ во општините со вклучени родови мерки;<br>• Број на јавни објекти со подобрена ЕЕ;<br>• Број на приватни објекти со подобрена ЕЕ;<br>• Површина на објектите со подобрена ЕЕ;<br>• Број на одржани обуки/ настани;<br>• Број на учесници на обуките/ настаните |

| | |
|---|---|
| | (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за едукација;<br>• Број на проекти за користење на ОИЕ;<br>• Број на деловни субјекти што спровеле иновативни проекти за користење на ОИЕ (% на жени сопственици). |

## 16.4 Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини

Како четврта стратешка цел (СЦ) во Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021 – 2026 година е дефинирана СЦ 4: Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини. Истата е во согласност со споредбените предности на регионот, и се заснова на резултатите од извршените секторски анализи, SWOT анализата, предлозите на засегнатите страни на работилниците за стратешко планирање и севкупните потреби на регионот.

Источниот регион има добри предуслови за развој на земјоделството (почвени и климатски) услови. Сепак потенцијалите сé уште не се доволно искористени, иако регионот располага со значителна вкупна земјоделска површина која претставува речиси 15% од вкупната земјоделска површина во државата, од кои обработливи се 41%, а пасишта 59%. Сепак секторот има мала БДВ на земјоделството (ранг 5) и соодветно на тоа мали инвестиции во земјоделството (ранг 4). Ограничувачки фактор е што само 48% од земјоделските стопанства можат да вршат наводнување. Источниот регион има поголем број на економски мали стопанства (72% од I и II класа) кои имаат пониска просечна вредност на производството. Источниот регион има релативно добро процентуално учество на жени во сезонската работна сила (36%). Исто така може да се забележи релативно добро искористување на поддршката преку ЕУ ИПАРД програмата и според овој индикатор регионот е рангиран како четврти според искористувањето.

Во однос на земјоделското производство регионот е препознатлив по Кочанскиот ориз за кој е направена заштита како производ, потоа житните растенија (‘рж, овес, јачмен), градинарски растенија (компир, лук, грав) и овошни растенија (вишни и сливи). Поради големите површини со пасишта, регионот има добро развиено сточарство (кози, свињи и овци).

Регионот има добра географска позиција поради близината со земја членка на ЕУ (Р. Бугарија), близината до аеродром и главниот град како најголем пазар во земјата до кој уште повеќе е олеснет пристапот со автопатот Миладиновци - Штип. Предност на регионот се и ниската (едноцифрена) стапка на невработеност, искуството во производството на здрава храна и присуството на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како центар на знаење.

Потребно е подобрување и воведување на нови технологии и добри практики во земјоделското производство, зајакнување на капацитетот за да се преориентира земјоделското производството и за воведување иновации во земјоделството и преработувачката индустрија, организирање на земјоделските производители во задруги, производство на финални производи со поголема додадена вредност, подобрување на системите за наводнување, консолидација на земјиштето, итн. Исто така потребно е да се поддржи диверзифицирање на земјоделските активности, зачувување на традиционалните вредности и архитектура во руралните средини, да се подобри квалитетот на живот преку подобрување на комуналната инфраструктура во руралните средини, да се поттикнат претприемнички активностите на младите и жените и зголеми нивното учество како носителите на индивидуалните земјоделски стопанства. Дополнително треба да се предвидат мерки за развој на подрачјата со сериозна депопулација кои имаат голема површина како Малешевијата. Исто така потребно е да се искористат заштитените подрачја и биодиверзитетот за поттикнување на руралниот туризам.

Сето ова ќе придонесе за подобрување на конкурентноста на земјоделскиот сектор и повисок квалитет на живот во руралните подрачја и тоа е во согласност со Зелената агенда

за Западен Балкан која е поддржана од ЕУ и која помеѓу другото опфаќа одржлив систем за снабдување со храна.

**Ова ќе се постигне преку исполнување на следните четири приоритети:**

**Приоритет 4.1: Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство;**
**Приоритет 4.2: Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион;**
**Приоритет 4.3: Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини;**
**Приоритет 4.4: Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација.**

**Показатели за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество на обработливата во земјоделската површина | 41% (2019) | 42% |
| 2. | Застапеност I и II класа од вкупниот број стопанства | 72% (2019) | 71% |
| 3. | Степен инвестирање од бруто додадена вредност = Просечни годишни инвестиции земјоделство/Просечна годишна бруто додадена вредност земјоделство | 7,57% (просек 2010 - 2017) | 7,68% |
| 4. | Учество на земјоделски стопанства кои можат да вршат наводнување = Број на земјоделски стопанства што можат да вршат наводнување/Вкупен број на земјоделски стопанства | 48% (2016) | 57% |
| 5. | Процентуално учество на жени носители на индивидуални стопанства = Број на индивидуални стопанства носител жена/Вкупен број на носители на индивидуални стопанства | 9% (2016) | 12% |
| 6. | Процентуално учество на жени во сезонската работна сила = Број жени сезонска работна сила/вкупен број на сезонска работна сила | 36% | 38% |
| 7. | Учество на населението од регионот во вкупното население во државата (%) | 8,4% (2019) | 8,6% |
| 8. | Густината на населеност го означува бројот на населението кое живее на одредена територија (жит./km²) | 49,3 (2019) | 50,5 |
| 9. | Стапка на природен прираст = разликата од наталитетот и морталитетот во однос со вкупниот број на населението (‰) | -4,2 (2019) | -4,0 |
| 10. | Тоталната стапка на фертилитет | 1,1 (2019) | 1,2 |
| 11. | Учество на млада популација до 14 години во вкупното население (%) | 13,60 (2019) | 13,80 |

### Приоритет 4.1: Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство

Приоритетот 4.1. се однесува воглавно на надминување на следните слаби страни: мала просечна годишна додадена вредност на секторот земјоделство; недоволни извори на финансирање; застарена технологија и практики во земјоделското производство; слаб капацитет да се преориентира земјоделското производството; слаб капацитет за воведување иновации во земјоделството и преработувачката индустрија; непочитување на одредби од добра земјоделска практика од страна на земјоделците, особено во дел за соодветно одложување и третман на пакување од пестициди и количества употребени вештачки ѓубрива; недостаток на квалитетни високообразовани кадри; висок процент на мали стопанства со ниска просечна вредност на производството; итн. Притоа треба да се искористат силните страни како што се: добра квалификувана работна сила со пониско образование; искуство во производство на здрава храна и развиено сточарство (свињи и овци), направена заштита на Кочанскиот ориз; и др..

Во рамки на приоритетот треба да се искористат следните можности: зголемена побарувачка за органски производи произведени во чиста животна средина; финансиска поддршка на земјоделството за единица произведена култура или нов посев (субвенции); достапни фондови (ИПАРД и националната програма за рурален развој); постојна регулатива за заштита на локални и регионални брендови; итн.

Како приоритет на државно ниво е предвидено зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во земјоделството.

### Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

4.1.1. Подготовка на студии и анализи за модернизација на земјоделското производство;
4.1.2. Воведување на иновативни и добри земјоделски практики;
4.1.3. Воведување на стандарди во земјоделското производство и преработките;
4.1.3. Поттикнување на алтернативно земјоделско производство;
4.1.5. Зголемување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за земјоделство и рурален развој;
4.1.6. Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во земјоделството;
4.1.7. Поддршка за консолидација на земјоделското земјиште во регионот.

### Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Идентификувани потреби за модернизација на земјоделското производство;<br>• Воведени нови технологии во земјоделското производство;<br>• Воведени иновативни практики во земјоделското производство;<br>• Зголемен принос и квалитет на земјоделски производи;<br>• Зголемен извоз на земјоделски производи;<br>• Зголемени инвестиции во земјоделско производство;<br>• Подобрено брендирање на производи;<br>• Заштитени земјоделски производи и | • Број на подготвени студии и анализи за модернизација на земјоделското производство;<br>• Број на воведени нови технологии во земјоделското производство;<br>• Број на воведени иновативни практики во земјоделското производство;<br>• Обем на произведени земјоделски производи;<br>• Број на нови заштитни мерки во земјоделството;<br>• Број на брендирани производи;<br>• Број на сертификати за заштитени земјоделски производи;<br>• Број на земјоделски стопанства што имаат воведено стандарди;<br>• Број на деловни субјекти што имаат воведено |

| | |
|---|---|
| преработки со географско потекло;<br>• Стандардизирано земјоделско производство и преработки на храна;<br>• Зголемено алтернативно земјоделско производство;<br>• Подобрено искористување на ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој;<br>• Зајакнати капацитети на човечки ресурси (особено жените) во земјоделството;<br>• Зголемена економска активност во руралните средини;<br>• Консолидирано земјоделско земјиште. | стандарди;<br>• Количина на органски земјоделски производи (t);<br>• Број на земјоделски стопанства што вовеле органско производство;<br>• Број на сертифицирани органски производи;<br>• Број на проекти за алтернативно земјоделско производство (печурки, хортикултура, птици, дивеч, семенски и саден материјал, рибници, пчеларство итн.);<br>• Број на земјоделски стопанства што спровеле проекти за алтернативно земјоделско производство;<br>• Количина на извезени земјоделски производи (t);<br>• Обем на инвестиции во земјоделско производство;<br>• Број на активни деловни субјекти во областа примарно производство и преработка на земјоделски производи;<br>• Број на новоформирани претпријатија во руралните средини;<br>• Број на подготвени/ одобрени апликации за ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој (број поднесени од жени);<br>• Вредност на одобрени апликации за ИПАРД и националната програма за поддршка на земјоделството и рурален развој;<br>• Број на одржани обуки/ настани;<br>• Број на земјоделци на обуките/ настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени информативни материјали;<br>• Број на аудио/ видео едукативни содржини;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за едукација;<br>• Просечна површина на земјоделските стопанства (во ha). |

### Приоритет 4.2: Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион

Приоритетот ќе се базира на следните силни страни: близината на регионот до ЕУ; близината до аеродром и релативна близина до Скопје; ниски даночни стапки; постојни 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница, Делчево); Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; и др. Тој треба да се искористи за да се надминат слабите страни како што се: земјоделските производители не се организирани на ниво на задруги; земјоделското производство и преработувачката индустрија произведуваат финални производи со мала додадена вредност; низок процент на учество на жените како носителите на индивидуалните земјоделски стопанства; итн. При тоа треба да се искористат можностите кои се однесуваат на финансиска поддршка на извозно ориентирани претпријатија; програми за поддршка на вработувањето и отворање на нови работни места; итн.

Како приоритет на државно ниво е предвидена формирање на заедничка агро-индустриска зона за Североисточниот, Источниот и Југоисточниот плански регион. Исто така како приоритети се дефинирани: зајакнување на положбата на жените во руралните подрачја преку промовирање на правото на сопственост на имот и правото да располагаат со ресурси

(финансиски и нефинансиски) и поттикнување и приоритизација на учеството на жените како носители на земјоделски стопанства.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

4.2.1 Поддршка за изградба на откупно дистрибутивни центри преку ЈПП;
4.2.2. Поттикнување на инвестициите во земјоделството и преработувачки капацитети;
4.2.3. Поддршка за формирање на задруги и кооперативи;
4.2.4. Вмрежување на земјоделските производители и преработувачките капацитети;
4.2.5. Поттикнување на земјоделски стопанства управувани од жени и млади.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Зголемен извоз на земјоделски производи;<br>• Подобрена инвестициска клима и овозможување на погодности за инвеститори;<br>• Зголемени инвестиции во земјоделско производство;<br>• Подобрена соработка помеѓу земјоделските производители;<br>• Подобрена соработка помеѓу земјоделските производители и преработувачките капацитети;<br>• Зголемена економска активност на млади и жени во руралните средини. | • Број на изработена техничка документација за изградба на откупно дистрибутивни центри преку ЈПП;<br>• Број на изградени откупно дистрибутивни центри преку ЈПП;<br>• Број на зелени и сточни пазари;<br>• Обем на произведени земјоделски производи;<br>• Обем на откупени земјоделски производи;<br>• Просечна откупна цена на различни видови на земјоделски производи;<br>• Количина на извезени земјоделски производи (t);<br>• Број на овозможени погодности за инвеститори во земјоделството и преработувачки капацитети;<br>• Број на настани за промоција;<br>• Број на потенцијални инвеститори/учесници на настаните;<br>• Тираж на печатени промотивни материјали;<br>• Електронски материјали за промоција;<br>• Број на аудио/видео промотивни материјали;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција;<br>• Обем на инвестиции во земјоделско производство;<br>• Број на активни деловни субјекти во областа примарно производство и преработка на земјоделски производи;<br>• Број на новоформирани претпријатија во руралните средини;<br>• Број на формирани задруги;<br>• Број на земјоделски стопанства што се членови на задругите;<br>• Број на настани за вмрежување на земјоделските производители;<br>• Број на настани за вмрежување на земјоделските производители и преработувачките капацитети<br>• Број на иницијативи договорени на настаните;<br>• Број на преработувачки капацитети на мали и средни селски стопанства чии сопственици се млади, жени и лица од ранливи групи;<br>• Инвестиции во преработувачки капацитети на мали и средни селски стопанства чии сопственици се млади, жени и лица од ранливи групи. |

### Приоритет 4.3: Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини

Приоритетот ќе се искористи за зајакнување на слабите страни: мали претприемнички активности на жени, млади и ранливи групи во руралните средини; изумирање на стари занаети; руралната архитектура не е зачувана; итн. При тоа ќе се искористат можностите како што се: програми за поддршка на вработувањето за отворање на нови работни места и достапни програми за едукација на жените и младите за претприемништво. Како силна страна е идентификувано постоењето на 3 ЛАГ-ови кои делуваат согласно ЕУ ЛЕАДЕР пристапот и кои имаат стратегии за локален развој на руралните средини. Потребно е поддршка и зајакнување на нивните капацитети.

**Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:**

4.3.1. Промоција и информирање за програмите за поддршка на млади, жени и ранливи групи во руралните средини;
4.3.2. Зајакнување на капацитети и поддршка на претприемништвото на млади, жени и ранливи групи во руралните средини;
4.3.3. Зачувување и развивање на традициите, културата и занаетчиството во руралните средини;
4.3.4. Изградба на репроцентри за одгледување на автохтони раси на добиток;
4.3.5. Развивање и промоција на руралниот туризам;
4.3.6. Зајакнување и вмрежување на ЛАГ-овите.

**Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Очекувани резултати | Показатели |
|---|---|
| • Достапна финансиска и не финансиска поддршка за млади, жени и ранливи групи во руралните средини;<br>• Зголемена претприемничка активност на младите, жените и ранливите групи во руралните средини;<br>• Подобрена заштита и управување со традиционалните, културните и природните вредности во руралните подрачја;<br>• Подобрена заштита на автохтони раси на добиток;<br>• Новоформирани и подобрени сместувачки капацитети во селата;<br>• Зголемен број на туристи во руралните средини;<br>• Подобрена промоција на туристичките потенцијали за рурален туризам;<br>• Зајакнати капацитети и вмрежување на ЛАГ-овите. | • Број на програми финансиска и не финансиска поддршка за млади, жени и ранливи групи во руралните средини;<br>• Број на одржани кампањи и обуки/ обучени млади, жени и лица од ранливи групи;<br>• Број на корисници на програмите;<br>• Број на новоформирани претпријатија во руралните средини;<br>• Број на новоформирани претпријатија од страна на младите, жените и ранливите групи во руралните средини;<br>• Број на проекти за подобрување на заштитата и управувањето со традиционалните, културните и природните вредности во руралните подрачја;<br>• Број и вид на сместувачки капацитети во руралните подрачја;<br>• Број на стандардизирани и категоризирани објекти и услуги;<br>• Број на нови туристички производи;<br>• Број на лиценцирани туристички и планински водичи;<br>• Број на ноќевања во сместувачките капацитетите во селата;<br>• Тираж на изработени туристички промотивни материјали;<br>• Број на саеми на кои е презентирана туристичката понуда на руралните средини;<br>• Вредност на доделени субвенции и грантови на вршители на туристичка дејност во рурални средини; |

| | |
|---|---|
| | • Број на спроведени проекти за развој на руралниот туризам;<br>• Број на изградени репроцентри за одгледување на автохтони раси на добиток;<br>• Број на заштитени автохтони раси на добиток<br>• Број на проекти што ги спроведуваат ЛАГ-овите;<br>• Број на членови во ЛАГ-овите;<br>• Вкупен буџет што го менаџираат ЛАГ-овите. |

### Приоритет 4.4: Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација

Овој приоритет се користи за надминување на идентификуваните слаби страни во SWOT анализата: недостаток од ефективни системи за наводнување; мал процент од земјоделските стопанства можат да вршат наводнување; лоша комунална инфраструктура во руралните средини; сериозна депопулација на региони со голема површина како Малешевијата; итн.

Овој приоритет е во согласност со иницијативите на ЕУ за обновување и развој на т.н. смарт (паметни) села во кои има полесен пристап до дигиталните алатки и инфраструктура.

### Во рамките на приоритетот се предвидени следните мерки:

4.4.1. Ревитализација и проширување на мрежата за наводнување;
4.4.2. Ревитализација и проширување на локалните патишта и пристапот до земјоделските површини;
4.4.3. Обновување и развој на „паметни“ (смарт) села;
4.4.4. Спроведување на социјални и културни активности во селата;
4.4.5. Изработка на студии за потенцијалите за развој на подрачја во фаза на сериозна депопулација.

### Излезни резултати и показатели за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Зголемена површина на земјиште што се наводнува со системи за наводнување;<br>• Функционални и одржливи водни заедници;<br>• Подобрена патна инфраструктура во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација;<br>• Подобрен пристап до земјоделските површини;<br>• Подобрено урбанистичко планирање во селата;<br>• Подобрен урбанистичко – просторен изглед на селата и квалитет на живот;<br>• Подобрен социјален и културен живот во селата;<br>• Подготвени студии за развој на подрачјата со значителна депопулација. | • Површина на земјиште што се наводнува со системи за наводнување;<br>• Зголемена наплата од корисниците на вода за наводнување (водни заедници);<br>• Број на приклучоци за наводнување (водни заедници);<br>• Број на изработена техничка документација за локална патна мрежа;<br>• Должина на ревитализирани и ново пробиени полски патишта до земјоделските површини (km);<br>• Обем на директни инвестиции во локална патна мрежа;<br>• Број на изработена урбанистичка планска документација за селата;<br>• Обем на инвестиции во обнова и развој на селата;<br>• Број на реализирани проекти за обнова и развој на селата;<br>• Број на спроведени социјални и културни активности во селата;<br>• Број на подготвени студии за развој на подрачјата со значителна депопулација. |

## 16.5 Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација

Како петта стратешка цел (СЦ) во Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021 – 2026 година е дефинирана СЦ 5: Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација. Истата е во согласност со споредбените предности на регионот, и се заснова на резултатите од извршените секторски анализи, SWOT анализата, предлозите на засегнатите страни на работилниците за стратешко планирање и севкупните потреби на регионот.

Во изминатиот период регионот успеа да го привлече вниманието на туристите и да ја презентира својата туристичка понуда на чиста и здрава околина со термални води и бањи, планини, цркви и манастири, но и локалните манифестации, здравата и традиционална храна и гостопримството на жителите од источниот дел. Туризмот во регионот бележи пораст во вкупниот број на туристи, бројот на странски туристи и бројот на ноќевања на странски туристи, додека бележи намалување во бројот на домашни туристи, вкупниот број на ноќевања на туристите и бројот на ноќевања на домашните туристи. Трендот на намалување на домашните туристи и бројот на нивните ноќевања има за последица намалување на бројот на вкупни ноќевања и покрај исклучително позитивните тенденции кај странските туристи.

Источниот плански регион има потенцијали за развој на: рурален, планински, трекинг, планинарење, зимски, културен, манастирски и верски туризам, манифестациски, бањски, велнес и спа, активен, геотуризам, езерски, ловен, риболовен, гастрономски, и др. туризам. Скијачките терени на планината Осогово (Пониква) се потенцијал за развој на зимска туристичка понуда на регионот.

Источниот регион има изобилство од оригинални природни убавини коишто претставуваат основен потенцијал за развој на туризмот и тоа: геолошки атрактивности, релјефни форми, клисури, вештачки езера, термоминерални извори и бањи, планини, природни извори, и други ресурси. Во регионот постојат бројни историски и археолошки локалитети но нивната презентација е слаба. Неопходно е подобрување, интегрирање и унифицирање на презентацијата на целокупната туристичка понуда за да можат туристите да добијат јасна слика за историјата на регионот која ќе ја понесат со себе.

Туристичката инфраструктура на регионот е на многу пониско ниво во однос на европските стандарди. Неопходни се инвестиции за подобрување на патната мрежа која води до природните и културните локалитети како и уредување на околниот простор. Туристичката сигнализација е исто така во лоша состојба и не нуди информации и знаци за сите туристичките дестинации во регионот. Изградената делница на автопатот Миладиновци – Штип (А1) ќе создаде дополнителни можности за развој на туризмот.

Во наредниот период потребно е преземање на заеднички активности од сите заинтересирани страни за зголемување на сместувачките капацитети, подобрување на инфраструктурата во селата, развој на автентични сместувачки капацитети, презентација на традиционалните обичаи, занаети и гастрономија, создавање на нови туристички атракции, услуги и искуства за туристите.

Потребно е подобрување на промоцијата на регионот како туристичка дестинација. Глобализација на туристичката понуда треба да се смета повеќе како можност отколку закана преку искористување на новите технологии и дигитализацијата за промоција и привлекување на туристи.

Потребно е зајакнување на капацитетите на човечките ресурси во туризмот и поголема мотивираност на туристичките работници. Потребно е стимулирање на повеќе млади лица кои познаваат странски јазици да се лиценцираат како туристички, планински и велосипедски водичи во регионот. Како добра институционална основа треба да се искористи Координативното тело за развој на туризмот во Источниот плански регион.

Потребно е да се искористат идентификуваните можности како што се: поддршката преку Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот; вклучување на регионот во регионалните балкански тури на тур-операторите; и искористување на расположливите фондови (Прекугранична соработка, ЕУ, Светска банка, итн.). Поттик за развој на туризмот и посебно на Малешевијата, како подрачје во фаза на сериозна депопулација кое се наоѓа во тековна фаза на заштита на подрачјето, би претставувало отворање на граничниот премин Клепало кај Берово и проширување на капацитетот на постојниот кај Делчево. Туристичкиот сектор е еден од најпогодените од глобалната пандемија со Ковид-19 вирусот и потребни се мерки за ублажување на последиците.

Ова треба да придонесе за зацврстување на Источниот плански регион како атрактивна туристичка дестинација.

**Остварувањето на целта е планирано да се постигне следните три приоритети:**

**Приоритет 5.1: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот;**
**Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот;**
**Приоритет 5.3: Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда.**

**Индикатори за следење на остварувањето на стратешка цел:**

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни деловни субјекти по региони | 5.799 (2019) | 6.000 |
| 2. | Број на легла | 2.088 (2019) | 2.300 |
| 3. | Број на соби | 734 (2019) | 840 |
| 4. | Туристи по плански региони (домашни/странски); | 17.657/14.420 (2019) | 23.000/18.000 |
| 5. | Ноќевање на туристи, по плански региони (домашни/странски); | 34.547/ 28.331 (2019) | 50.000/35.000 |

**Приоритет 5.1: Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот**

Овој приоритет се базира на следните силни страни: гостољубивоста на луѓето од регионот; постои координативно тело за развој на туризмот во Источен плански регион; постојат планинарски и велосипедски друштва; Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип; изработена студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источен плански регион и Стратегија за развој на туризмот во Источниот плански регион со Акционен план 2016 – 2025, итн. Истиот треба да ги надмине следните слаби страни: слаби капацитети на човечките ресурси во туризмот; незаинтересираност и слаба мотивираност на туристичките работници; мал број на лиценцирани туристички, планински и велосипедски водичи во регионот, итн. Како можности треба да се искористат различните фондови која стојат на располагање (ИПА прекугранична соработка, ЕУ, Светска банка, итн.).

Овој приоритет ги содржи следните мерки:

5.1.1. Изработка на стратешки документи за развој на туризмот;
5.1.2. Едукација, обука и квалификација на човечките ресурси во туристичко - угостителскиот сектор;
5.1.3. Поттикнување на вработување на жените и младите во туристичко - угостителскиот сектор;
5.1.4. Воведување на систем за евиденција на туристи;
5.1.5. Зајакнување на Координативното тело за развој на туризмот во Источен плански регион;
5.1.6. Формирање и зајакнување на Тело за управување со туристичката дестинација;
5.1.7. Категоризација и стандардизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти.

Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобра стратешка рамка за развој на туризмот;<br>• Зајакнати капацитети на човечките ресурси во туристичко - угостителскиот сектор;<br>• Зголемено вработување на жените и младите во туристичко - угостителскиот сектор;<br>• Подобра евиденција на туристите;<br>• Подобрена координација на развојот на туризмот во Источен плански регион;<br>• Подобрено управување со туристичката дестинација;<br>• Подобрени стандарди во сместувачки капацитети и угостителски објекти. | • Број на изработени стратешки документи за развој на туризмот;<br>• Број на вклучени засегнати страни;<br>• Број на изработена планска и техничка документација (урбанистички планови, физибилити студии, технички проекти, итн.);<br>• Број на изработени студии за потребите од вештини и знаења за работа во туристичко - угостителскиот сектор;<br>• Број на спроведени обуки/ обучени поединци;<br>• Број на спроведени обуки/ обучени туристички водичи;<br>• Број на информативни/ едукативни настани:<br>• Број на учесници на настаните;<br>• Тираж на печатени инфо/едукативни материјали;<br>• Број на аудио/видео инфо/едукативни материјали;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за информација/едукација;<br>• Број на активни мерки за вработување на жените и младите во туристичко - угостителскиот сектор;<br>• Број на поволности за претпријатијата од туристичко - угостителскиот сектор што вработуваат жени и млади;<br>• Број на спроведени промотивни настани и настани за поврзување со претпријатијата;<br>• Број на учесници на настаните;<br>• Број на вработени жени и млади во туристичко - угостителскиот сектор;<br>• Анализа на тековните практики за евиденција на туристите и дефинирање на јазовите и потребите;<br>• Систем за евиденција на туристи;<br>• Број на обуки/ обучени поединци за користење на системот;<br>• Број на извештаи од системот;<br>• Број на обуки за членовите на координативното тело за развој на туризмот во Источен плански регион; |

| | |
|---|---|
| | • Број на часови на советодавни услуги за членовите на координативното тело за развој на туризмот во Источен плански регион;<br>• Број на донесени/ спроведени одлуки на координативното тело;<br>• Тело за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на процедури за работа на Тело за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на обуки за вработените во Телото за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на услуги на Телото за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на засегнати страни кои соработуваат со Телото за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на иницијативи на Телото за управување со туристичката дестинација;<br>• Број на категоризирани и стандардизирани сместувачки капацитети и угостителски објекти<br>• Број на спроведени обуки/обучени поединци за воведување на стандарди;<br>• Тираж на печатени инфо/едукативни материјали;<br>• Број на аудио/видео инфо/едукативни материјали;<br>• Број на веб страни / профили на социјални медиуми за информација/едукација. |

### Приоритет 5.2: Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот

Овој приоритет треба да ги искористи силните страни како што се: близината на регионот до ЕУ (Бугарија); близината до аеродром и релативна близина до главниот град Скопје; обновена и подигнат квалитет на магистралната патна инфраструктура (пред сé изградената делница на автопатот Миладиновци – Штип); постојни велосипедски и пешачки патеки; голем број на историски и археолошки локалитети, цркви и манастири; 4 ТИРЗ зони во регионот (Штип, Берово, Виница и Делчево), итн. Мерките треба воглавно да се насочат кон надминување на слабите страни: недостаток на техничка и урбанистичко планска документација; комуналната и локалната патна инфраструктура се во незадоволителна состојба; јавната туристичка инфраструктура не е во добра состојба; несоодветно управување со отпадот; мал број на сместувачки капацитети; старите занаети се во изумирање; руралната архитектура не е соодветно зачувана; природниот и културно-историскиот потенцијал не се доволно искористени; итн. Како можности треба да се искористат пристапот до фондови (ИПА прекугранична соработка, ЕУ, Светска банка, итн.); отворање на граничниот премин Клепало кај Берово и проширување на капацитетот на постојниот кај Делчево.

### Овој приоритет ги содржи следните мерки:

5.2.1. Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура;
5.2.2. Изградба на нова туристичка инфраструктура;
5.2.3. Изградба на комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети;
5.2.4. Подобрување на туристичката сигнализација;
5.2.5. Зголемување и осовременување на сместувачките капацитети;
5.2.6. Мапирање, заштита и валоризација на природното и културното наследство.

Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Подобрен квалитетот на постојната туристичка инфраструктура;<br>• Изградена нова туристичка инфраструктура;<br>• Изградена комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети;<br>• Подобрена туристичката сигнализација;<br>• Зголемени и осовременети сместувачки капацитети;<br>• Мапирано, заштитено и валоризирано природно и културно наследство. | • Должина на реконструирана локална патна мрежа до туристичките локалитети (во km);<br>• Број на реконструирана придружна туристичка инфраструктура (санитарни јазли, паркинзи, видиковци, платформи, осветлување, партерно и хортикултурно уредување, урбана опрема и сл.);<br>• Број на реконструирани паркови, фонтани, игралишта за деца, спортско - рекреативни објекти и сл.;<br>• Обем на инвестиции за реконструирање на постојната туристичка инфраструктура;<br>• Должина на мапирани пешачки, трекинг, планинарски и велосипедски патеки (во km);<br>• Должина на изградени пешачки, трекинг, планинарски и велосипедски патеки (во km);<br>• Број на изградени жичари и ски патеки (во km);<br>• Број на изградени туристичко информативни центри со сувенирници;<br>• Број на изградени спортски - рекреативни објекти;<br>• Должина на изградени пристапни патишта до туристичките локалитети (во km);<br>• Должина на нова комунална инфраструктура на туристичките локалитети (во km);<br>• Број на уредени туристички локалитети;<br>• Обем на инвестиции за изградба на нова комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети;<br>• Број на нова придружна туристичка инфраструктура (санитарни јазли, паркинзи, видиковци, платформи, осветлување, партерно и хортикултурно уредување, урбана опрема и сл.);<br>• Број на нови паркови, фонтани, игралишта за деца, спортски игралишта, и сл.;<br>• Број на поставени знаци и инфо табли;<br>• Број на осветлени локалитети;<br>• Вредност на инвестираните средства во проекти за изградба на нова туристичка инфраструктура;<br>• Број на изградени и реновирани планинарски домови;<br>• Број и капацитет на новоотворените сместувачки капацитети во приватното сместување;<br>• Број и капацитет на реновирани сместувачки капацитети во приватното сместување;<br>• Број на мерки за поддршка за изградба и реконструкција на сместувачки капацитети;<br>• Број на уредени и заштитени културно историски знаменитости;<br>• Број на изработени планови за управување за културното и природното и културното наследство; и<br>• Број на обуки/ обучени лица од администрацијата и персоналот во културните институции за зголемување на ефикасноста во управувањето. |

### Приоритет 5.3: Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда

Приоритетот се заснова на следните силни страни: голем број на оригинални природни убавини; голем број на историски и археолошки локалитети, цркви и манастири, и културни манифестации; значителен број на атрактивности на мал простор; десет планини на територијата на регионот од кои некои имаат врвови повисоки од 2000 мнв; заштитени подрачја (Осогово, Малешево (во процес) и др.); производство на домашни органски производи; извори на геотермални води; позитивни трендови кај пристигнувањата и ноќевањата на странски туристи; итн. Треба да се работи на надминување на слабите страни како што се: неатрактивни содржини и информации во туристичката понуда; нема доволно смарт апликации и др. дигитални алатки во туризмот; низок процент на ноќевања на странски туристи во регионот во однос на вкупниот број на ноќевања на странски туристи во земјата; негативни трендови кај пристигнувањата и ноќевањата на домашните туристи; итн. Треба да се искористи поддршката преку Агенција за промоција и поддршка на туризмот (Програма, видеа, саеми, итн.) и да се испитаат можностите за вклучување на регионот во регионалните балкански тури на тур-операторите. Притоа треба да се намалат ефектите од заканите како што се конкуренција од други земји во регионот на ЈИЕ и пред сé влијание на кризата предизвикана од пандемијата Ковид-19 од која туристичкиот сектор е еден од најпогодените сектори.

**Овој приоритет ги содржи следните мерки:**

5.3.1. Создавање на регионален бренд;
5.3.2. Создавање на интегрирана регионална туристичка понуда;
5.3.3. Развивање на нови туристички атракции и искуства;
5.3.4. Промоција на регионот како туристичка дестинација.

**Излезни резултати и индикатори за следење на реализацијата на овој приоритет се:**

| Излезни резултати | Показатели |
|---|---|
| • Создаден препознатлив бренд за регионот;<br>• Создадена интегрирана регионална туристичка понуда;<br>• Создадени туристички атракции и услуги;<br>• Збогатена регионална туристичка понуда;<br>• Обезбедена поддршка на различни видови на туризам;<br>• Подобрена промоција на регионот како туристичка дестинација. | • Број на изработени студии за заштита на производи и брендирање на регионот;<br>• Број на заштитени производи;<br>• Број на брендирани производи;<br>• Бренд на регионот;<br>• Број на создадени туристички атракции и услуги;<br>• Број на настани за вмрежување на засегнатите страни од туризмот;<br>• Број на вклучени засегнати страни од туризмот;<br>• Број на изработени туристички пакети;<br>• Број на услуги вклучени во регионални програми;<br>• Број на создадени туристички атракции, услуги и искуства;<br>• Број на проекти за поддршка на различни видови на туризам;<br>• Обем на поддршка на различни видови на туризам;<br>• Број на настани за промоција на туристичка понуда на регионот;<br>• Број на учесници на настаните (разделени по пол);<br>• Тираж на печатени промотивни материјали;<br>• Број на сувенири и др. промотивен материјал;<br>• Број на аудио/видео материјали за промоција; |

| | |
|---|---|
| | • Број на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција;<br>• Број на онлајн алатки (на пр. мобилни апликации) за промоција туристичка понуда на регионот;<br>• Број на функционални туристички инфо центри;<br>• Број на мултимедијални центри за промоција на туризмот. |

# 17.ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Поради задржување на принципот на „сеопфатна“, односно флексибилна Програма, но воедно и доволно фокусирана, стратешките цели, приоритети и мерките предвидени по истите не се вреднувани со финансиските параметри. Според предложената методологија истите можат да бидат вреднувани финансиски преку годишните акциони планови каде ќе бидат дефинирани и поединечните активности.

Согласно Законот за рамномерен регионален развој како извори на финансирање за реализација на стратешките цели дефинирани во овој програмски документ се наведени:

- Буџетот на Република Северна Македонија,
- Буџетите на единиците на локална самоуправа,
- Фондовите на Европската Унија (алоцирани преку инструменти за Република Северна Македонија или од централизирани до кои државата има пристап),
- Други меѓународни фондови и извори (билатерални фондови, кредити заеми и сл.),
- Донации, спонзорства од физички и правни лица (вклучувајќи и јавни приватни партнерства),
- Други средства утврдени со закон.

Со законот е утврдена обврска од Буџетот на Република Северна Македонија годишно да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП со намена за поттикнување на рамномерниот регионален развој.

Според Законот за рамномерен регионален развој, дефинирани се инструментите за поттикнување на регионалниот развој и тоа:

- капитални влогови,
- неповратни средства (грантови),
- финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи и акциони планови,
- финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој на Република Северна Македонија.

За поттикнување рамномерен регионален развој може да се доделува и државна помош во вид на заеми под поволни услови, гаранции за заеми, осигурување на кредити, даночни олеснувања, субвенции и други инструменти, согласно со закон. Еден од инструментите утврдени со законот е кофинансирањето на мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на единиците на локалната самоуправа, фондовите на ЕУ и други меѓународни извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица.

Според Законот финансиските средства од Буџетот на Република Северна Македонија ги распределува Владата со одлука. Процентуалниот износ при распределувањето се реализира на следниот начин:

- 55% за финансирање проекти за развој на планските региони;
- 15% за финансирање проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој;
- 15% за финансирање проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби;

- 15% за финансирање проекти за развој на села.

Распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони се врши согласно со акт - Одлука на Владата на Република Северна Македонија за класификацијата на планските региони според степенот на развиеност. Основа за определување на степенот на развиеност на планските региони е т.н. композитен Индекс за степенот на развиеност на планските региони сочинет од индекс на економска развиеност и демографски индекс. Поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на единиците на локалната самоуправа и на планските региони се утврдуваат со засебен акт на Владата.

Средствата за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби се доделуваат на единиците на локалната самоуправа и Центрите за развој на планските региони во кои се определени подрачја со специфични развојни потреби, додека средствата за финансирање на проекти за развој на селата и средствата за финансирање проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој се распределуваат по региони, при што секој плански регион добива поедначков дел. Одлуката за распределба на овие средства ја спроведува Бирото за регионален развој.

Реализацијата на Програмата за развој на Источниот плански регион според пристапот и методологијата ќе се обезбеди преку финансирање од Министерството за локална самоуправа, Бирото за регионален развој како и од буџетски ставки на другите министерства кои учествуваат во Советот за рамномерен регионален развој на државата. Условот е задржување на регионалната компонента и усогласеноста на Програмите за развој на планските региони со Програмите предвидени за финансирање на министерствата. Како дополнителен инструмент е можноста за користење финансиски средства од Македонската развојна банка на база на банкарско кредитирање со поволни кредитни стапки.

Од изворите за финансирање на Програмите, може да се набројат:

- Фондовите на Европската Унија – ИПА, прекуграничните и транснационалните програми, Хоризонт 2020, ЕИДХР и др.;
- Швајцарската агенција за соработка и развој (SDC);
- Развојните програми на Обединетите Нации (UNDP);
- Меѓународната помош на Соединетите Американски Држави (USAID);
- Светска Банка;
- Германската развојна помош (BMZ) која ја спроведува Германската Агенција за меѓународна соработка (GIZ);
- Програми дефинирани со билатерални договори помеѓу Република Северна Македонија и развојни агенции, институции и држави.

Следењето на реализацијата на Програмата исто така е дефинирана со Законот за рамномерен регионален развој, како и искористувањето на финансиските средства од Буџетот на државата за реализација на стратешките цели и приоритети. Набљудувањето и оценувањето на финансираните проекти од други извори се врши со посебни документи, договори и инструменти.

За ефикасно и ефективно искористување на посочените извори за финансирање и инструментите за спроведување на Програмата се развиваат зрели регионални (меѓуопштински) проекти, и тоа преку учество на засегнатите страни (партиципативен пристап) на регионални консултативни форуми, а со цел да се задоволат приоритетните потреби на населението вклучувајќи ги најранливите групи, жените и младите лица. За

проектите се прави анализа на трошоците и придобивките и на тој начин се овозможува аргументирана приоретизација.

Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, секоја година доделуваат средства за проекти што се спроведуваат од Центрите за развој на планските региони, согласно претходно подготвена методологија и временска рамка. Програмите за развој на планските региони се изработени на партиципативен начин, со учество на сите чинители и така е овозможено и учеството на граѓаните во носењето на одлуки. Сепак, не секогаш, сé она што е предвидено со Програмите за развој се реализира и се остава можност на Советите за развој на планските региони составени од Градоначалниците, да ги носат одлуките кои проекти ќе се финансираат. Со ова се остава и можност за политички договарања во рамки на регионите, без да се земат во предвид моменталните и најважни потреби на граѓаните. Иако Градоначалниците се трудат да ги задоволат потребите на своите граѓани, недостатокот на директно учество на граѓаните во носењето на одлуки придонесува да се фаворизираат проекти кои не секогаш се најважни за граѓаните во планскиот регион.

Затоа со програмата Форуми на заедницата, Швајцарската агенција за развој и соработка нуди инструмент за зголемено граѓанско учество, во исто време фокусирајќи се на тешко достапните и маргинализирани групи, давајќи им можност да ги адресираат своите проблеми и потреби. Покрај главната цел - граѓанското учество, програмата ги зајакнува принципите на добро управување кои се значајни за демократизацијата на државата во целост. Родовата рамноправност е еден од најголемите предизвици во рамки на процесот на децентрализација, поради што програмата предвидува учество на најмалку 40% жени на секоја од форумските сесии. Паралелно со ова, оди и барањето за рамномерно учество и на немнозинските етнички заедници во Република Северна Македонија, со цел да се рефлектира локалниот контекст и да се зголеми меѓуетничкиот дијалог. Форумите на заедниците играат една позитивна улога во зголемувањето на транспарентноста и отчетноста на општинските администрации кон граѓаните.

Министерството за локална самоуправа, со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, во 2018 започна да ги користи регионалните форуми како алатка за вклучување во процесот на донесување одлуки при избор на проекти од регионален карактер. Секој од планските региони, претставени од Центрите за развој на планските региони, организираше 4 форумски сесии на кои се избираше најмалку по еден проект кој се финансираше во рамките на грантовата шема за инвестициски проекти од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – I фаза“. Во втората година од реализација на програмата се разгледуваа проекти што се однесуваат на социјалната инклузија. Врз основа на позитивното искуство од двегодишното успешно спроведување на програмата, Министерството за локална самоуправа ја воведе оваа алатка за носење на одлуки, за средствата што МЛС ги планира на годишно ниво за рамномерен развој на планските региони. Предвидено е програмата да се спроведува секоја година, со однапред определен фонд на располагање на секој од Центрите за развој на планските региони одделно, следејќи ги целите кои треба да се постигнат, дадени во стратешките документи за регионален развој.

Додека пак Регионалните форуми на заедницата за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС и БРР се состојат од две форумски сесии и настан за промоција, вклучувајќи и работа помеѓу сесиите, поврзана со анализа на состојбата и подготовка на концепт решенијата. Користејќи го форумскиот пристап, форумот започнува со детектирање на клучните проблеми и решенија и приоретизирање на проекти што ќе бидат предложени за финансирање пред Комисијата во Министерство за локална самоуправа и ќе заврши со реализирани проекти и прифатени препораки. Засегнати страни

на овие регионални форуми се: Членови на Советите на Центрите за развој на планските региони; Претседателите на Советите и советници од општините во планскиот регион; Бизнис заедницата во регионот, претставена преку стопанските комори; Здруженијата на граѓани; Претставници на урбани/месни заедници по општина и други заинтересирани граѓани.

Областите на кои ќе работи форумот е дефинирана во стратешките документи на Центрите за развој на планските региони (Стратегии, Акциски планови и сл.). Зависно од ова областите кои ќе бидат понудени за избор можат да бидат различни: туризам, бизнис инфраструктура, земјоделство, социјална заштита и сл. Пред изборот на области на првата форумска сесија, модераторот јасно ги информира учесниците за важноста од избор на тема која е најрелевантна за планскиот регион. Без разлика на тоа која област ќе биде избрана за дискусија, проектите кои се дискутираат на форумот мора да ги исполнуваат следниве општи критериуми:

1. Да се важни за целиот регион, вклучувајќи ги различните етнички заедници и мажите и жените;
2. Да се дефинирани со конкретни проблеми и да можат да се решат на регионално ниво;
3. Да генерираат различни мислења за нивно решавање;
4. Да бидат избрани од интересните групи преку партиципативен процес.

# 18. ПРИЛОЗИ

**Забелешка:**

Прилозите како резултат од работните групи, како и од деталните секторски анализи подготвени од експертскиот тим можат да се добијат на барање од Центарот за развој на Источниот плански регион.

## ПРИЛОГ 1- СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ, ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

**Визија 2026:** Источен плански регион е конкурента и динамична средина во која се искористуваат потенцијалите, развиваат квалитетни човечки ресурси, се води грижа за одржливиот развој со задоволни и среќни луѓе.

### СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: 1: ЕКОНОМИЈА, ИНВЕСТИЦИИ, ПАЗАР НА ТРУД. ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА

*Стратешка Цел:* 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот

*Показатели на успешност (индикатори):*

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1 | Структура на бруто домашен производ по глава жител (%) | 13,1% (2017) | 13,3% |
| 2. | Структура на бруто додадена вредност (%) | 8,3% (2017) | 8,8% |
| 3. | Структура на инвестиции во основни средства (%) | 7,0% (2017) | 7,3% |
| 4. | Број на активни деловни субјекти по региони | 5.799 (2019) | 6.000 |
| 5. | Процент од вкупно одобрените проекти на ФИТР по плански региони (%) | 9,2% (2019) | 10% |
| 6. | Стапка на слободни работни места (%) | 1,92% (2019) | 2,00 |
| 7. | Густина на регионалната патна инфраструктура (km'/1000 km²) | 170 (2019) | 177 |
| 8. | Локална патна инфраструктура (km') | 533 (2019) | 621 |
| 9. | Стапка на активност млади (%) | 40,6% (2019) | 42% |
| 10. | Процент од населението покриено со јавен водовод (%) | 82,3% (2016) | 91,2% |
| 11. | Процент од населението покриено со систем за собирање на отпадни води (%) | 87,6% (2016) | 91,3% |
| 12. | Процент од населението покриено со систем за третман на отпадни води (%) | 9% (2016) | 52% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 13. | **Вкупна должина на водоводна мрежа која треба да биде обновена (km)** | 797 (2016) | 850 | |
| | 14. | **Население поврзано со систем за одведување на урбани отпадни води** | 114.573 (2016) | 120.471 | |
| | 15. | **Популација поврзана со систем за пречистување отпадни урбани води (еквивалент жители)** | 14.000 (2016) | 119.015 | |
| | 16. | **Број на усвоени просторни планови на регион/год.** | 0 (2020) | 1 (2031) | |
| | 17. | **Број на усвоени просторни планови на општина/год.** | 0 (2020) | 1 | |
| | 18. | **Број на усвоени урбанистички планови/год.** | 17 (2020) | 57 | |

| *Приоритет 1.1:* Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност | *Приоритет 1.2:* Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија | *Приоритет 1.3:* Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | *Приоритет 1.4:* Подобрување на просторното и урбанистичко планирање и осовременување на инфраструктурата | *Приоритет 1.5:* Постигнување на поголема продуктивност и конкурентност на работната сила преку унапредување на нејзините вештини и компетенции |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** |
| 1.1.1. Идентификување на сектори со конкурентска предност и спроведување на процес за паметна специјализација | 1.2.1. Воведување на нови технологии и иновации во претпријатијата | 1.3.1. Подобрување на деловното опкружување за старт-апи и претприемништво | 1.4.1. Изработка на просторно - урбанистичка и техничка документација | 1.5.1. Анализирање и прилагодување на потребите на деловните субјекти за работна сила |
| 1.1.2. Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности | 1.2.2. Зајакнување на капацитетот на претпријатијата за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал | 1.3.2. Поддршка за претприемнички активности и самовработување на млади, жени и ранливи групи | 1.4.2. Подобрување и осовременување на постојната и изградба на нова сообраќајна инфраструктура | 1.5.2. Формирање на економско-социјални совети во општините и на ниво на регион |
| 1.1.3. Подобрување на инвестициската клима и | 1.2.3. Поттикнување на деловна соработка на | 1.3.3. Поттикнување на вработување на лица со | 1.4.3. Подобрување и осовременување на | 1.5.3. Унапредување на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| овозможување на погодности за домашни инвеститори | истражувачките центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни преку формирање на кластери | низок степен на образование | постојната и изградба на нова комунална инфраструктура | родовата еднаквост при вработувањето преку стимулативни практики и можности за вклучување на пазарот на трудот на млади, жени, лица со ниско образование или долгорочно невработени |
| 1.1.4. Вмрежување на релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на домашни и странски инвестиции во ТИРЗ и општинските зони | 1.2.4. Заштита и брендирање на производи препознатливи за регионот | 1.3.4. Подобрување на искористеноста на природните и културно историските знаменитости за нови услужни бизниси | 1.4.4. Гасификација и подобрување на енергетската инфраструктура | 1.5.4. Намалување на работната сила во неформалниот сектор и поттикнување на самовработувањето |
| | 1.2.5. Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија | 1.3.5. Формирање, зајакнување и вмрежување на организации за поддршка на поттикнување на претприемништвото и самовработувањето | 1.4.5. Подобрување на транспортните услуги | 1.5.5. Поврзување на потребите на бизнисите и понудата на заинтересирани ученици од средното и високото образование |
| | 1.2.6. Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата Ковид-19 | 1.3.6. Стимулирање на социјално претприемништво | 1.4.6. Промовирање на „паметни“ смарт општини и подобра дигитална поврзаност | 1.5.6. Развивање иновативни програми за преквалификација и доквалификација на вработените со практична работа на воведените нови технологии во деловните субјекти |
| | | 1.3.7. Промовирање на родова еднаквост и следење на претприемничката | 1.4.7. Заштита од елементарни непогоди. | 1.5.7. Промовирање на практична работа и волонтирање во претпријатијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | активност според пол. | | |
| | | | | 1.5.8. Зголемување на продуктивноста на работната сила |

СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОБРАЗОВАНИЕ И ЗДРАВСТВО

*Стратешка Цел 2: Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги*

*Показатели на успешност (индикатори):*

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) | 19.426 (2018) | 23.311 |
| 2. | БДП по вработен (во милиони денари) | 0,69 (2017) | 0,74 |
| 3. | Стапка на активност (%) | 58,9% (2019) | 59,5% |
| 4. | Стапка на вработеност (%) | 54,3% (2019) | 55% |
| 5. | Стапка на невработеност (%) | 7,8% (2019) | 7% |
| 6. | Стапка на сиромашни лица, % од населението, по плански региони | 13 (2018) | <11 |
| 7. | Комбиниран индикатор (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица, %, по плански региони | 33 (2018) | <25 |
| 8. | Стапка на млади лица (15-29 години) кои не се вработени ниту се вклучени во процесот на образование или обука (NEET), %, по плански региони | 11 (2019) | <9 |
| 9. | Деца на возраст од 0 до 5 години во детски градинки, (%), по плански региони | 42 (2018) | 56 |
| 10. | Корисници на гарантирана минимална помош над 18 години, на 000 население, по плански региони | 9 (2018) | <7 |
| 11. | Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници, по плански региони | 0,70 (2019) | 0,90 |
| 12. | Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници, по плански региони | 0,19 (2019) | 0,20 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **13.** | **Број на матични стоматолози на 1.000 осигуреници, по плански региони** | 0,59 (2019) | 0,70 | |
| | **14.** | **Број на засолништа за жртви на родово засновано насилство** | 1 (2020) | 2 | |
| | **15.** | **Формирани регионални центри за стручно образование и обука** | 0 (2020) | 1 | |

| *Приоритет 2.1:* *Зајакнување на капацитетите за образование и социјална заштита* | *Приоритет 2.2:* Создавање услови за квалитетно образование | *Приоритет 2.3:* Зголемување на социјалната инклузија на сите ранливи категории | *Приоритет 2.4:* Подобрување на условите во здравствените установи во регионот |
|---|---|---|---|
| ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** |
| 2.1.1. Креирање на регионални и локални партнерства за социјална заштита | 2.1.1. Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во предучилишното образование | 2.3.1. Подобрување на сместувањето и грижата за стари лица | 2.4.1. Подобрување на условите во здравствените објекти |
| 2.1.2. Подготовка на регионален и општински социјални планови | 2.1.2. Зголемување на опфатот на деца во предучилишно образование | 2.3.2. Подобрување на покриеноста со установи и услуги за социјална заштита | 2.4.2. Подобрување на здравствените услуги |
| 2.1.3. Зајакнување на капацитетите на вработените во општините за развој на образованието и социјалната заштита | 2.2.3. Подобрување на условите и квалитетот на образованието; | 2.3.3. Воспоставување на мобилни социјални услуги | 2.4.3. Здравствена заштита на ранливите категории |
| 2.1.4. Унапредување на капацитетите на социјалните установи и подобро таргетирање на социјално ранливите категории | 2.2.4. Воведување на нови стручни профили во средните училишта согласно потребите на локалната бизнис заедница и зајакнување на капацитетите на вработените во училиштата; | 2.3.4. Децентрализација и деинституционализација на социјалните услуги за ранливи категории | 2.4.4. Здравствени и социјални придобивки од спортски активности |
| 2.1.5. Зајакнување на човечки ресурси за образовни и лични асистенти за ранливи групи | 2.2.5. Подобрување на условите и капацитетите на училиштата за инклузивно образование за децата со посебни образовни потреби | 2.3.5. Подобрување на пристапот за сите во јавните установи во регионот | 2.4.5. Воспоставување на инфраструктура и услуги за згрижување на кучиња скитници |
| 2.1.6. Подобро | 2.2.6. Формирање на | 2.3.6. Формирање на дневни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| искористување на домашни и меѓународни фондови за образование и социјална заштита | регионални центри за стручно образование и обука | центри за ранливи групи | |
| | 2.2.7. Промовирање образованието на возрасни | 2.3.7. Формирање на шелтер центри за жртви на родово засновано насилство | |
| | 2.2.8. Подобрување на дигитални вештини и употреба на е-алатки во образованието | 2.3.8. Поттикнување на социјална инклузија на лица со атипичен развој и попреченост | |
| | 2.2.9. Поддршка за апликативните научно-истражувачки активности во високото образование | | |
| | 2.2.10 Создавање услови за отстранување на сите форми на дискриминација кон женските деца и преференции на машките деца, кои резултираат со штетни и неетички практики во однос на пренаталната селекција на полот, вклучително и на дискриминацијата кон децата од ромската заедница. | | |

СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ЖИВОТНА СРЕДИНА

*Стратешка Цел 3:* Одржливо управување со животната средина и природните ресурси

*Показатели на успешност (индикатори):*

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Дополнителен инсталиран капацитет од ОИЕ (MW) | 0 (2018) | 50 (2031) |
| 2. | Потрошувачка на енергија во домаќинствата по жител (kWh/жител) | 2.854,8 (2018) | 3.537,9 |
| 3. | Број на изградени регионални депонии и нивни составни делови за управување со отпад | 0 | 0,5 (2031) |
| 4. | Процент (%) на рециклиран отпад (кг) од вкупниот комунален отпад (кг) | 0,7% (2020) | 25% |
| 5. | Број на нови заштитени подрачја | 9 (2018) | 10 |
| 6. | Број на подготвени општински стратегии за климатски промени | 3 | 11 |

| *Приоритет 3.1:* Интегриран систем за управување со отпадот и промоција на циркуларна економија | *Приоритет 3.2:* Управување со заштитени подрачја и заштита на биодиверзитетот | *Приоритет 3.3:* Заштита на воздухот, водата и почвата | *Приоритет 3.4:* Справување со последиците од климатските промени | *Приоритет 3.5:* Промоција на енергетска ефикасност (ЕЕ) и искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) |
|---|---|---|---|---|
| ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** |
| 3.1.1. Воспоставување на регионално управување со отпадот | 3.2.1. Воспоставување на мрежа на заштитени подрачја | 3.3.1. Воспоставување на регионален систем за мониторинг на воздух | 3.4.1. Подготовка на регионална стратегија за климатски промени | 3.5.1. Подготовка на студии за искористување на потенцијалите на ЕЕ и ОИЕ |
| 3.1.2. Затворање на диви депонии | 3.2.2. Донесување и спроведување на планови за управување со заштитени подрачја | 3.3.2. Регулација на речни корита | 3.4.2. Подготовка на регионален и локални планови за ублажување на последиците од | 3.5.2. Регионална програма за искористување на ЕЕ и ОИЕ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | климатските промени | |
| 3.1.3. Селектирање, рециклирање и повторна употреба на отпадот | 3.2.3. Прогласување на Малешево за заштитени подрачја | 3.3.3. Заштита на површински и подземни води | 3.4.3. Воведување на формално и неформално образование за климатските промени | 3.5.3. Подигнување на свеста и обука за ЕЕ и ОИЕ |
| 3.1.4. Преработка на отпад | 3.2.4. Подготовка на локални планови за биолошка разновидност | 3.3.4. Рационално искористување на водните ресурси | 3.4.4. Интегрирано управување со шумите | 3.5.4. Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ |
| 3.1.5. Подигнување на свеста и обука за правилно управување со отпадот | 3.2.5. Подигнување на свеста и обука за вредноста на заштитени подрачја и биодиверзитетот | 3.3.5. Санирање на жешки еколошки и индустриски точки | 3.4.5. Одржливо управување со жетвени остатоци | |
| 3.1.6. Поддршка за пилот проекти за циркуларна / зелена економија | | 3.3.6 Подигнување на свеста и обука за заштита на воздухот, водата и почвата | | |
| | | 3.3.7 Обезбедување еднакво учество на жените и мажите во процесите на креирање политики и носење на одлуки во општинските, меѓуопштинските и регионалните тела за прашања поврзани со заштитата на животната средина | | |

СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

*Стратешка Цел: 4: Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини*

*Показатели на успешност (индикатори):*

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Учество на обработливата во земјоделската површина | 41% (2019) | 42% |
| 2. | Застапеност I и II класа од вкупниот број стопанства | 72% (2019) | 71% |
| 3. | Степен инвестирање од бруто додадена вредност = Просечни годишни инвестиции земјоделство/Просечна годишна бруто додадена вредност земјоделство | 7,57% (просек 2010 - 2017) | 7,68% |
| 4. | Учество на земјоделски стопанства кои можат да вршат наводнување = Број на земјоделски стопанства што можат да вршат наводнување/Вкупен број на земјоделски стопанства | 48% (2016) | 57% |
| 5. | Процентуално учество на жени носители на индивидуални стопанства = Број на индивидуални стопанства носител жена/Вкупен број на носители на индивидуални стопанства | 9% (2016) | 12% |
| 6. | Процентуално учество на жени во сезонската работна сила = Број жени сезонска работна сила/вкупен број на сезонска работна сила | 36% | 38% |
| 7. | Учество на населението од регионот во вкупното население во државата (%) | 8,4% (2019) | 8,6% |
| 8. | Густината на населеност го означува бројот на населението кое живее на одредена територија (жит./km²) | 49,3 (2019) | 50,5 |
| 9. | Стапка на природен прираст = разликата од наталитетот и | -4,2 (2019) | -4,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **морталитетот во однос со вкупниот број на населението (‰)** | | | |
| | **10.** | **Тоталната стапка на фертилитет** | 1,1 (2019) | 1,2 | |
| | **11.** | **Учество на млада популација до 14 години во вкупното население (%)** | 13,60 (2019) | 13,80 | |

| *Приоритет 4.1:* Зголемување на производствени капацитети преку воведување на нови технологии и практики за подобрување на конкурентноста на земјоделското производство | *Приоритет 4.2:* Воспоставување на агро-индустриска зона за Источниот регион | *Приоритет 4.3:* Промоција на родова еднаквост и диверзифицирање на економските активности во руралните средини | *Приоритет 4.4:* Подобрување на квалитетот на живот во селата, подрачјата со специфични развојни потреби и подрачја во фаза на сериозна депопулација |
|---|---|---|---|
| ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** |
| 4.1.1. Подготовка на студии и анализи за модернизација на земјоделското производство | 4.2.1 Поддршка за изградба на откупно дистрибутивни центри преку ЈПП | 4.3.1. Промоција и информирање за програмите за поддршка на млади, жени и ранливи групи во руралните средини | 4.4.1. Ревитализација и проширување на мрежата за наводнување |
| 4.1.2. Воведување на иновативни и добри земјоделски практики | 4.2.2. Поттикнување на инвестициите во земјоделството и преработувачки капацитети | 4.3.2. Зајакнување на капацитети и поддршка на претприемништвото на млади, жени и ранливи групи во руралните средини | 4.4.2. Ревитализација и проширување на локалните патишта и пристапот до земјоделските површини |
| 4.1.3. Воведување на стандарди во земјоделското производство и преработките | 4.2.3. Поддршка за формирање на задруги и кооперативи | 4.3.3. Зачувување и развивање на традициите, културата и занаетчиството во руралните средини | 4.4.3. Обновување и развој на „паметни“ (смарт) села |
| 4.1.3. Поттикнување на алтернативно земјоделско производство | 4.2.4. Вмрежување на земјоделските производители и преработувачките капацитети | 4.3.4. Изградба на репроцентри за одгледување на автохтони раси на добиток | 4.4.4. Спроведување на социјални и културни активности во селата |
| 4.1.5. Зголемување на капацитетите за искористување на ИПАРД и националната програма за земјоделство и рурален развој | 4.2.5. Поттикнување на земјоделски стопанства управувани од жени и млади | 4.3.5. Развивање и промоција на руралниот туризам | 4.4.5. Изработка на студии за потенцијалите за развој на подрачја во фаза на сериозна депопулација |
| 4.1.6. Подобрување на | | 4.3.6. Зајакнување и вмрежување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| капацитетите на човечките ресурси во земјоделството | | на ЛАГ-овите | |
| 4.1.7. Поддршка за консолидација на земјоделското земјиште во регионот. | | | |

СТРАТЕШКА ОБЛАСТ: ТУРИЗАМ

*Стратешка Цел 5:* Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација

*Показатели на успешност (индикатори):*

| Р.бр. | Индикатори | Индикатор Базна година | Индикатор 2026 |
|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни деловни субјекти по региони | 5.799 (2019) | 6.000 |
| 2. | Број на легла | 2.088 (2019) | 2.300 |
| 3. | Број на соба | 734 (2019) | 840 |
| 4. | Туристи по плански региони (домашни/странски); | 96.678/14.420 (2019) | 23.000/18.000 |
| 5. | Ноќевање на туристи, по плански региони (домашни/странски); | 429.062/ 28.331 (2019) | 50.000/35.000 |

| ***Приоритет 5.1:*** Зајакнување на капацитетите за развој на туризмот | ***Приоритет 5.2:*** Подобрување на туристичката инфраструктура во регионот | ***Приоритет 5.3:*** Создавање и промоција на интегрирана регионална туристичка понуда |
|---|---|---|
| ***Мерки:*** | ***Мерки:*** | ***Мерки:*** |
| 5.1.1. Изработка на стратешки документи за развој на туризмот | 5.2.1. Подобрување на квалитетот на постојната туристичка инфраструктура | 5.3.1. Создавање на регионален бренд |
| 5.1.2. Едукација, обука и квалификација на човечките ресурси во туристичко - угостителскиот сектор | 5.2.2. Изградба на нова туристичка инфраструктура | 5.3.2. Создавање на интегрирана регионална туристичка понуда |
| 5.1.3. Поттикнување на вработување на жените и младите во туристичко - угостителскиот сектор | 5.2.3. Изградба на комунална и патна инфраструктура до и околу туристички локалитети | 5.3.3. Развивање на нови туристички атракции и искуства |
| 5.1.4. Воведување на систем за евиденција на туристи | 5.2.4 Подобрување на туристичката сигнализација | 5.3.4. Промоција на регионот како туристичка дестинација |

| | | |
|---|---|---|
| 5.1.5. Зајакнување на Координативното тело за развој на туризмот во Источен плански регион | 5.2.5. Зголемување и осовременување на сместувачките капацитети | |
| 5.1.6. Формирање и зајакнување на Тело за управување со туристичката дестинација | 5.2.6. Мапирање, заштита и валоризација на природното и културното наследство | |
| 5.1.7. Категоризација и стандардизација на сместувачки капацитети и угостителски објекти | | |

## ПРИЛОГ 2 - ПЛАН НА АКТИВНОСТИ 2021 - 2026

| Стратешка Цел 1: Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1.: Поттикнување на домашните инвестиции и привлекување на странски инвестиции во сектори со конкурентска предност** | | | | |
| ***Мерка*** | ***Активност/ проект*** | ***Буџет (МКД)*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорна институција*** |
| **1.1.1. Идентификување на сектори со конкурентска предност и спроведување на процес за паметна специјализација** | | | | |
| | Подготовка на студии и анализи за идентификување на индустриите со потенцијал за развој на регионот | - | 2022-2023 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; Организации за поддршка на претпријатија |
| | Спроведување на процес за паметна специјализација во идентификуваните индустрии со потенцијал | - | 2022-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; ТИРЗ; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија |
| | Подготовка на стратегија за паметна специјализација во идентификуваните индустрии со потенцијал | - | 2022-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; ТИРЗ; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија |
| **1.1.2. Промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности** | | | | |
| | Подготовка на датабаза на понуда на слободни парцели и неискористени индустриски објекти во регионот | - | 2021-2023 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Влада; Invest Северна Македонија; |
| | Подготовка на датабаза од постојни плански стратешки документи на сите релевантни институции | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Влада; Invest Северна Македонија; |
| | Мапирање на потенцијалите за привлекување на домашни и странски инвестиции | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Влада; Invest Северна Македонија; |
| | Печатење на промотивни материјали | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; |
| | Подготовка на аудио/видео промотивни материјали | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Изработка на веб страни / профили на социјални медиуми за промоција | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; |
| | Организирање на настани за промоција на регионот, неговите конкурентски предности и инвестициски можности потенцијални инвеститори | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Влада; Invest Северна Македонија; |
| **1.1.3. Подобрување на инвестициската клима и овозможување на погодности за домашни инвеститори** | | | | |
| | Овозможување на погодности и стимулации за домашните инвеститори | - | 2021-2023 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Влада |
| | Креирање упатство-информирање за можности за воведување на постојни и нови технологии/сервиси за домашните претпријатија | - | 2021-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; |
| | Презентирање на планираните просторни услови на заинтересирани инвеститори за инфраструктурни проекти, станбен и деловен простор | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; Invest Северна Македонија; |
| | Презентирање на дополнувања, промени, новитети во ДУП и предфинални планови за усвојување | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; |
| | Поддршка на инвеститорите во процесот на спроведување на инвестицијата | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; Invest Северна Македонија; |
| | Изградба на водоснабдување и канализација во ТИРЗ и општинските зони | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; |
| | Водоснабдување во индустриска зона Чуката | 13.249.170,00 | 2021-2026 | ЦРИПР, Општина Пехчево |
| | Изградба на систем за одведување на фекални и индустриски отпадни води од лесна и незагадувачка индустрија во опфат на индустриска зона | 6.425.182,00 | 2021-2026 | ЦРИПР, Општина Македонска Каменица |
| | Асфалтирани патишта во ТИРЗ и општинските зони | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; |
| | Изградена енергетска инфраструктура во ТИРЗ и општинските зони | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; |
| **1.1.4. Вмрежување на релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на домашни и странски инвестиции во ТИРЗ и општинските зони** | | | | |
| | Организација на состаноци за вмрежување на релевантните регионални, локални и национални институции за привлекување на | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | домашни и странски инвестиции | | | институции; ТИРЗ; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија |
| | Идентификување на заеднички иницијативи од состаноците | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Високообразовни институции; ТИРЗ; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија |
| | Формирање на регионално тело „Инфо берза“ за побарување на работна сила, стоки и услуги | - | 2023-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; ТИРЗ; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија |
| **Приоритет 1.2.: Подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал на постојните претпријатија** | | | | |
| ***Мерка*** | ***Активност/ проект*** | ***Буџет (МКД)*** | ***Временска рамка*** | ***Одговорна институција*** |
| **1.2.1. Воведување на нови технологии и иновации во претпријатијата** | | | | |
| | Подготовка на анализи за идентификување на потребите на домашните претприемачи со посебен фокус на жени и млади | - | 2021-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Приватни претпријатија; Министерство за економија; АППРСМ; АВРСМ; |
| | Поддршка за спроведување на проекти за воведување на стандарди | - | 2022-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Организации за поддршка на претпријатија; Граѓански организации; Претпријатија |
| | Поддршка за претпријатија што воведуваат стандарди со посебен фокус на жени и млади | - | 2022-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Организации за поддршка на претпријатија; Граѓански организации; Претпријатија |
| | Поврзување и соработка на претпријатијата и центрите на знаење (универзитети, научно-истражувачки центри и сл.) за развој и комерцијализација на иновации | - | 2022-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Високообразовни институции; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија; Претпријатија |
| **1.2.2. Зајакнување на капацитетот на претпријатијата за пристап до фондовите за подобрување на конкурентноста и иновацискиот потенцијал** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Информативни обуки и споделени позитивни примери за пристап и користење на развојни фондови | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија; ФИТР; АППРСМ; АФПЗРР; граѓански организации |
| | Подготовка на анализи на проектите аплицирани на претходните повици на ФИТР (сектори, тип на иновации и сл.) | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Претпријатија; Организации за поддршка на претпријатија; ФИТР; АППРСМ; АФПЗРР; граѓански организации |
| | Организирање на едукативни настани за иновативност за претпријатијата | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; ФИТР, Високообразовни институции; Министерство за економија; Претпријатија |
| | Подготовка на апликации за повиците на ФИТР, и др. извори на финансирање (АППРСМ, АФПЗРР, итн.) | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; Претпријатија |
| **1.2.3. Поттикнување на деловна соработка на истражувачките центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни преку формирање на кластери** | | | | |
| | Организирање на информативни средби за презентација на иновации, знаење и трендови во идентификуваните сектори со потенцијал од домашни и меѓународни истражувачки центри | - | 2021-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; ФИТР, Високообразовни институции; Министерство за економија; МОН; Претпријатија |
| | Организација на настани за вмрежување на истражувачки центри, деловните субјекти, организациите за поддршка и други засегнати страни | - | 2022-2026 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | на претпријатија; ФИТР, Високообразовни институции; МОН |
| | Формирање на кластери во секторите што се одредени врз основа на анализите | - | 2023-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; Високообразовни институции; Претпријатија |
| | Зајакнување на капацитетите на кластерите | - | 2023-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Поддршка за спроведување на проекти и иницијативи на кластерите | - | 2023-2024 | Министерство за економија; МОН; ФИТР |
| | Вмрежување на кластерите со други кластери и размена на искуства | - | 2024-2026 | Кластери; ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Основање на Центар за трансфер на технологија | | 2022 | ЦРИПР; УГД; ФИТР; Општини во ИПР; |
| **1.2.4. Заштита и брендирање на производи препознатливи за регионот** | | | | |
| | Презентирање на постапка за брендирање и заштита на потеклото на производите на потенцијални корисници во регионот | - | 2021-2023 | ЦРИПР; ЛАГ-ови; |
| | Спроведување на постапки за заштита на производите од регионот (на пр. Беровско сирење) | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ЛАГ-ови; Министертсво за економија; АППРСМ; МЗШВ; АФПЗРР; |
| | Спроведување на постапки за брендирање на производи од регионот | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; ЛАГ-ови; Министертсво за економија; АППРСМ; МЗШВ; АФПЗРР; |
| **1.2.5. Зголемување на извозот и подобрување на конкурентноста на извозно ориентираните претпријатија** | | | | |
| | Организирање на обуки за извозно ориентирани претпријатија | - | 2022-2023 | ЦРИПР; Invest Северна Македонија; БЦ при |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Советување на извозно ориентирани претпријатија | - | 2022-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Развивање на онлајн алатки за извозна промоција на претпријатијата | - | 2022-2023 | ЦРИПР; Invest Северна Македонија; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Организирање на настани за извозна промоција на претпријатијата | - | 2023-2024 | ЦРИПР; Invest Северна Македонија; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Учество на настани (саеми, деловни мисии, и сл.) за извозна промоција на претпријатијата | - | 2023-2026 | ЦРИПР; Invest Северна Македонија; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| **1.2.6 Поддршка на бизнис секторот за справување со последиците од пандемијата Ковид-19** | | | | |
| | Изготвување на анализи за состојбите и потребите на бизнис заедницата | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; Високообразовни институции; Претпријатија |
| | Обезбедување на информации за Програми за поддршка на бизнис секторот на национално и локално ниво и дефинираните критериуми за поддршка | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Обезбедување на поддршка на претпријатија за подготовка на апликација | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претпријатија; |
| **Приоритет 1.3: Поттикнување на претприемништвото и самовработувањето** | | | | |

| Мерка | Активност/ проект | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорна институција |
|---|---|---|---|---|
| **1.3.1. Подобрување на деловното опкружување за старт-апи и претприемништво** | | | | |
| | Иницијативи за промена на административни процедури на локално ниво | - | 2021-2022 | Општини во ИПР; Организации за поддршка на претпријатија; |
| | Иницијативи за овозможување на погодности и стимулации за старт-апи и претприемачи на локално ниво | - | 2021-2024 | Општини во ИПР; Организации за поддршка на претприемништво; |
| **1.3.2. Поддршка за претприемнички активности и самовработување на млади, жени и ранливи групи** | | | | |
| | Зајакнување на капацитетите на млади, жени и ранливи групи за претприемништво и формирање сопствен бизнис | - | 2021-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Давање на обуки преку воспоставување соработка со провајдери на образование и обука и поддршка на жените, младите и другите ранливи групи кои сакаат да основаат свое претпријатие | - | 2021-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Развивање и реализирање на советодавни услуги за старт-апи и претприемачи - млади, жени и ранливи групи | - | 2021-2024 | БЦ при ЦРИПР; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Стекнување на нови работни вештини преку преквалификација и доквалификација | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; АВРСМ; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Активни мерки за самовработување на млади, жени и ранливи групи | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; АВРСМ; |
| | Поддршка за регистрирање на нови претпријатија основани од жени, млади и луѓе од ранливи категории | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Министерство за економија; АППРСМ; |
| | Подготовка и поднесување на апликации од старт-апи и претприемачи спрема меѓународни и национални фондови | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Стопански комори; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Организации за поддршка на претприемништво; |
| **1.3.3. Поттикнување на вработување на лица со низок степен на образование** | | | | |
| | Изработка на датабаза со невработени лица со низок степен на образование | - | 2021-2022 | ЦРИПР; Општини во ИПР; АВРСМ; Граѓански организации; |
| | Стекнување на нови работни вештини преку преквалификација и доквалификација | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; АВРСМ; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Организација на настани за вмрежување на лицата со низок степен на образование со претпријатија кои бараат работна сила со низок степен на образование | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; АВРСМ; |
| | Стимулации за претпријатија што вработуваат лица со низок степен на образование | - | 2021-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Министерство за економија; АППРСМ; |
| | Развивање на општински програми за општо корисна работа за вработување на лица со низок степен на образование | - | 2023-2024 | Општини во ИПР; ЦРИПР; МТСП; Граѓански организации; |
| **1.3.4. Подобрување на искористеноста на природните и културно историските знаменитости за нови услужни бизниси** | | | | |
| | Мапирање на природните и културно историските знаменитости каде постои можност/ инфраструктура за нови услужни бизниси | - | 2021-2024 | Општини во ИПР; ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Мапирање на заинтересираните лица | - | 2021-2023 | Организации за поддршка на претприемништво; Граѓански организации; |
| | Дефинирање на потребните активности за да се овозможи развивање на нови услужни бизниси | - | 2021-2022 | Организации за поддршка на претприемништво; Граѓански организации; |
| | Организација на настани за вмрежување | - | 2022-2024 | Општини во ИПР; ЦРИПР; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; Граѓански организации; |
| | Формирање на кластер од услужни бизниси кои подржуваат промоција на културни и | - | 2023-2024 | Општини во ИПР; ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Стопански |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | историски знаменитости (отворање на сувенирници на локалитетите, поддршка за туристички водичи) | | | комори; Организации за поддршка на претприемништво; Граѓански организации; |
| **1.3.5. Формирање, зајакнување и вмрежување на организации за поддршка и поттикнување на претприемништвото и самовработувањето** | | | | |
| | Поддршка за формирање на нови организации за поддршка на претприемништвото и самовработувањето | - | 2021-2022 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Воведување на интерни процедури во организации за поддршка на претприемништвото и самовработувањето | - | 2022-2024 | Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Каталог на советодавни услуги претприемачи млади и жени | - | 2022-2024 | Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Давање на советодавни услуги на претприемачи млади и жени | - | 2023-2024 | Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Организација на настани за вмрежување на организациите за поддршка | - | 2023-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; |
| | Идентификување и спроведување на заеднички иницијативи на организациите за поддршка на старт-апи и поттикнување на претприемништвото | - | 2021-2024 | ЦРИПР; БЦ при ЦРИПР; Општини во ИПР; Граѓански организации; Стопански комори; Организации за поддршка на претприемништво; |
| | Организирање на регионални форуми на заедницата | - | 2021-2016 | ЦРИПР; МЛС; СДЦ; |
| **1.3.6. Стимулирање на социјално претприемништво** | | | | |
| | Организирање на настани за промоција на социјалното претприемништво | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; МТСП; Граѓански организации; |
| | Развивање на онлајн алатки за промоција на социјалното претприемништво | - | 2021-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; МТСП; Граѓански организации; |
| | Организирање на обуки за социјално претприемништво | - | 2022-2026 | ЦРИПР; Општини во ИПР; МТСП; Граѓански организации; |
| | Спроведување на пилот проект за социјално претприемништво и јакнење на | 6.150.000,00 | 2021-2023 | ЦРИПР; МТСП; ЕУ; Општините во ИПР; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | капацитетите на општините | | | |
| | Поддршка за формирање на социјални претпријатија со посебен фокус на жени од ранливи категории (жените Ромки и жените од руралните средини) | - | 2022-2024 | ЦРИПР; Општини во ИПР; МТСП; Граѓански организации; |
| **1.3.7. Промовирање на родова еднаквост и следење на претприемничката активност според пол** | | | | |
| | Креирање на датабаза на претприемничката активност во регионот со посебен фокус на жени и млади | - | 2021-2022 | ЦРИПР; Општини во ИПР; Министерство за економија; АППРСМ; |
